Цадик Данон
Врховен рабин на Југославија

# ОСНОВНИ ПОИМИ НА ЈУДАИЗМОТ

## קבץ של משגי היהדות

הקדש
דיל סינייור שבתי
אי סו מוז׳יר מרים
אל׳עזר פור נדר אה
איל ק׳ק׳ קי איל
סאנטו דייו מיל׳זני
אה סוס איז׳ה ירשי׳ל
באיסקופייא ב׳ כמל״ב
התרצ״ח
5698

Цадик Данон Врховен рабин на Југославија

ОСНОВНИ ПОИМИ НА ЈУДАИЗМОТ

# ОСНОВНИ ПОИМИ НА ЈУДАИЗМОТ

**Цадик Данон**

katalogizacija

**Чувствувам обврска да ѝ се заблагодарам на Ротшилдовата фондација за финансиската и моралната поддршка, која ми ја пружи во текот на моето 25-годишно работење во Еврејската заедница на Југославија.**

Авторот

**I would like to express my gratitude the Rothschild Foundaditon for the financial and moral support which I have enjoyed during the past 25 years of my work in the Jewish Community of Yugoslavia.**

Author

**Наслов**
Основни поими на јудаизмот

**Наслов на оригиналот**
Основни поими Јудаизма

**Автор**
Цадик Данон

**Издавач**
Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)
во соработка со Еврејска заедница во Република Македонија (ЕЗРМ)

**Издавачки совет**
Ѓоко Ѓорѓевски (МПЦ)
Метин Изети (ИЗ)
Дон Мато Јаковиќ (КЦ)
Милица Попризова (ЕМЦ)
Виктор Мизрахи (ЕЗРМ)
Александар Кржаловски (МЦМС)

**Извршен директор**
Сашо Клековски

**Одговорен уредник**
Хазан Ави М. Козма

**Превод**
Марија Алексиќ

**Лектор и коректор**
Магдица Шамбевска

**Дизајн и подготовка**
Зип Зап, Скопје

**Печати**
Борографика, Скопје

**Тираж**
250 примероци

**Адреса на издавачот**
Македонски центар за меѓународна соработка
“Никола Парапунов” б.б., п. фах 55
1060 Скопје, Република Македонија
e-mail: mcms@mcms.org.mk

Преводот на изданието на македонски јазик е овозможен со дозвола на издавачот.

Издавањето е овозможено со финансиска поддршка од данската и од норвешката влада, во соработка со Данската црковна помош (ДЦА) и Норвешката црковна помош (НЦА).




# Содржина


**1. ЕВРЕЈСКИОТ КАЛЕНДАР** 7
- 1.1. Молад . . . 10
- 1.2. Текуфа . . . 10

**ГОЛЕМИТЕ ПРАЗНИЦИ**

**2. ШАБАТ (сабота)** 12
- 2.1 Нерот Шабат . . . 14
- 2.2 Кабалат Шабат . . . 15
- 2.3 Леха доди . . . 15
- 2.4 Кидуш . . . 17
- 2.5 Онег Шабат . . . 18
- 2.6 Шалош сеудот . . . 19
- 2.7 Моцае Шабат . . . 19
- 2.8 Мелаве малка . . . 19
- 2.9 Авдала . . . 20
- 2.10 Авот мелахот и толадот . . . 21
- 2.11 Хала . . . 21
- 2.12 Мана . . . 22
- 2.13 Шамаш . . . 22
- 2.14 Дефикот ашамаш . . . 22
- 2.15 Јадења за Шабат . . . 23

**3. РОШ-ХОДЕШ** 24

**4. РОШ АШАНА** 25
- 4.1 Историјата на Новата година . . . 26
- 4.2 Обичаи на Рош–ашана . . . 25
- 4.3 Обреди . . . 27
- 4.4 Јом тов шени шел галујот . . . 27
- 4.5 Шофар . . . 28
- 4.6 Селихот . . . 28
- 4.7 Амнон од Мајнц . . . 29
- 4.8 Унтане токеф . . . 29
- 4.8 Ташлих . . . 30

**5. ЈОМ АКИПУРИМ ИЛИ ЈОМ КИПУР** 31
- 5.1 Јом акипурим во старо време . . . 32
- 5.2 Јом акипурим во времето на Вториот храм . . . 33
- 5.3 Обредот во храмот . . . 34
- 5.4 Жртвен јарец (азазел) . . . 34
- 5.5 Јом кипур по разорувањето на Храмот . . . 35
- 5.6 Некои обичаи на Јом кипур . . . 35
  - 5.6.1 Капара . . . 36
  - 5.6.2 Кал нидре . . . 36

5.6.3 Асерет јеме тешува . . . 37
5.6.4 Шабат шува . . . 37
5.6.5 Малхут . . . 37
5.6.6 Палење свеќи . . . 38
5.6.7 Благослов. . . . 38
5.6.8 Бела облека . . . 38
5.6.9 Помирување . . . 38
5.6.10 Неила . . . 38
5.6.11 Видуј . . . 39

**6. ШАЛОШ РЕГАЛИМ (три празници за поклонение)** 40

**7. СУКОТ** 41
7.1 Сука . . . 42
7.2 Симхат бет ашоева . . . 43
7.3 Арбаа миним . . . 44
7.4 Ушпизин . . . 44
7.5 Ошана раба . . . 45
7.6 Шемини ацерет . . . 45
7.7 Симхат тора . . . 46
7.8 Хатан Тора вехатан Берешит . . . 46
7.9 Акафот . . . 47
7.10 Ошанот . . . 47
7.11 Хол амоед . . . 48

**8. ПЕСАХ - ПРАЗНИК НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО** 49
8.1 Седер Песах и Агада . . . 49
8.2 Маца . . . 51
8.3 Кеарат Седер . . . 51
8.4 Косо шел Елијау Анави . . . 52
8.5 Афикоман . . . 52
8.6 Хад гадја . . . 53

**9. НАСПРОТИ ПЕСАХ И ПОДГОТОВКИ ЗА ПЕСАХ** 54
9.1 Хамец . . . 54
9.2 Бедикат хамец . . . 54
9.3 Мехират хамец . . . 55
9.4 Песах шени . . . 55
9.5 Шабат агадол . . . 55
9.6 Омер . . . 55
9.7 Сефират аомер . . . 55

**10. ШАВУОТ** 57
10.1 Обичаи . . . 58
10.2 Акдамут . . . 59
10.3 Мегилат Рут – свитокот за Рут . . . 59
10.4 Исру хаг . . . 60

## ДРУГИ ПРАЗНИЦИ

**11. ЛАГ БАОМЕР** 62

**12. ХАНУКА** 63
12.1 Потекло на празникот . . . 63
12.2 Како се слави Ханука . . . 64
12.3 Верски обреди и молитви на празникот Ханука . . . 64
12.4 Назив (име) на празникот . . . 65
12.5 Обичаи . . . 65

**13. ХАМИША АСАР БИШВАТ** 67

**14. ПУРИМ** 69
14.1 Шушан–Пурим . . . 72
14.2 Мегилат Естер – книга за Естера . . . 72
14.3 Цом Естер . . . 73
14.4 Хамеш Мегилот . . . 73
14.5 Хаг аасирим . . . 73

## ПОСТИ

**15. ПОСТИ** 76
15.1 Постот Тиша–Беав . . . 76
15.2 Постот Шива асар бетамуз . . . 76
15.3 Цом Гедаља . . . 76
15.4 Пост Асара бетевет . . . 77

## СПОМЕН-ДЕНОВИ

**16. ЈОМ АШОА ВЕАГЕВУРА - ДЕН НА СТРАДАЊЕ И НА ЈУНАШТВО (Ден на сеќавање)** 80
16.1 Што е шоа–холокауст? . . . 81
16.2 Востанието во Варшавското гето . . . 81

**17. ЈОМ ААЦМАУТ** 82

**18. БИБЛИЈА** 83
18.1 Танах (Библија – Стар завет) . . . 83
18.2 Книгите на Танах . . . 84
18.2.1 I Тора . . . 84
18.2.2 II Невиим (пророци) . . . 85
18.2.3 Афтара . . . 85
18.2.4 III Кетувим (списи) . . . 86
18.3 Содржина на Тората . . . 81
18.3.1 Тора . . . 87
18.4 Берешит (во почетокот) – Генесис . . . 88
18.5 Шемот (имиња) – Егзодус (Exodus) (излегување) . . . 89

**18.6** Вајикра (и повика) – Левитикус (Leviticus) . . . . . . . . . . **90**
**18.7** Бемидбар – Бамидбар (во пустината) – Нумери (Numeri) (броеви) . . . . **92**
**18.7.1** Од содржината на книгата “Бемидбар” . . . . . . . . . . **92**
**18.8** Деварим (зборови) – Девтерономиум (Deuteronomium) . . . . . . . **94**
**18.8.1** Некои прописи од книгата “Деварим” . . . . . . . . . . **95**

**19.** **МИШНА** 96

**20.** **НЕВИИМ (хебр. пророци)** 98
**20.1** Невиим ришоним . . . . . . . . . . **99**
**20.2** Сефер Јеошуа (Книга за Јеошуа) . . . . . . . . . . **99**
**20.2.1** Од содржината на Книгата Јеошуа . . . . . . . . . . **100**
**20.2.1.1** Извидници . . . . . . . . . . **101**
**20.2.1.2** Преминување преку реката Јордан . . . . . . . . . . **101**
**20.2.1.3** Заземањето на Јерихо. . . . . . . . . . **101**
**20.2.1.4** Заземањето на Ај . . . . . . . . . . **102**
**20.2.1.5** Лукавството на Гивоњаните . . . . . . . . . . **102**
**20.3** Шофетим . . . . . . . . . . **102**
**20.3.1** Од содржината на книгата “Шофетим” . . . . . . . . . . **104**
**20.3.1.1** Еуд . . . . . . . . . . **104**
**20.3.1.2** Девора и Барак . . . . . . . . . . **105**
**20.3.1.3** Гидеон . . . . . . . . . . **105**
**20.3.1.4** Јифтах . . . . . . . . . . **106**
**20.3.1.5** Шимшон (Самсон) . . . . . . . . . . **107**
**20.3.1.6** Магарешката челуст . . . . . . . . . . **107**
**20.3.1.7** Шимшон во Газа . . . . . . . . . . **107**
**20.3.1.8** Шимшон и Далила . . . . . . . . . . **107**
**20.3.1.9** Шимшоновата смрт . . . . . . . . . . **108**

**21.** **Шемуел I-II (Самуел)** 109
**21.1** Важни личности во книгите Шемуел . . . . . . . . . . **110**
**21.1.1** Ели . . . . . . . . . . **110**
**21.1.2** Шемуел (Самуел) . . . . . . . . . . **111**
**21.1.3** Шаул . . . . . . . . . . **112**
**21.1.4** Шаул и Давид . . . . . . . . . . **113**
**21.1.5** Давид . . . . . . . . . . **114**
**21.1.6** Монархија . . . . . . . . . . **115**
**21.2** Од содржината на Шемуеловите книги . . . . . . . . . . **116**
**21.2.1** Шемуеловото пророштво . . . . . . . . . . **116**
**21.2.2** Давид и Голијат . . . . . . . . . . **117**
**21.2.3** Давидовата тажачка песна . . . . . . . . . . **118**
**21.2.4** Давидовата прељуба . . . . . . . . . . **118**
**21.2.5** Натан го укорува Давид . . . . . . . . . . **118**
**21.2.6** Како бил освоен Ерусалим . . . . . . . . . . **119**
**21.2.7** Херем . . . . . . . . . . **120**

**22.** **ЦАРЕВИ I-II (Мелахим I-II)** 122
**22.1** Шеломо Амелех (Царот Соломон) . . . . . . . . . . **122**
**22.1.1** Јакнење на централната власт . . . . . . . . . . **122**
**22.1.2** Надворешна трговија . . . . . . . . . . **123**
**22.1.3** Последните денови на царот Шеломо . . . . . . . . . . **124**
**22.1.4** Градењето на Храмот во Ерусалим . . . . . . . . . . **125**
**22.2** Израел по Шеломо . . . . . . . . . . **125**
**22.2.1** Рехавам. . . . . . . . . . . **125**
**22.3** По расцепот на Ерусалим . . . . . . . . . . **126**
**22.4** Од книгата за царевите . . . . . . . . . . **127**
**22.4.1** Краток преглед на некои настани во Израел и во Јудеја . . . . . . . . . . **127**
**22.5** Од содржината на книгата за царевите . . . . . . . . . . **128**
**22.5.1** Навотовото лозје и царот Ахав . . . . . . . . . . **128**
**22.6** Зошто израелските племиња се асимилирале, а јудејските се одржале . . . . . . . . . . **129**
**22.6.1** Пророците и новите сфаќања на религијата . . . . . . . . . . **130**
**22.6.2** Мудроста на Шеломо (Соломон) и неговата пресуда . . . . . . . . . . **131**
**22.7** Хронолошка табела на еврејските цареви . . . . . . . . . . **132**
**22.7.1** Кон табелата за царевите . . . . . . . . . . **132**

**23.** **ДЕЈСТВУВАЊЕТО НА ПРОРОЦИТЕ** 134
**23.1** Поимите за доброто и злото . . . . . . . . . . **135**
**23.2** Почеток на пророчкиот универзализам . . . . . . . . . . **136**
**23.3** Општествена правда и политика . . . . . . . . . . **136**
**23.4** Пророштвото како инструмент за политичка критика . . . . . . . . . . **137**
**23.5** Визија за далечната иднина . . . . . . . . . . **137**

**24.** **НЕВИИМ АХАРОНИМ (Последните или подоцнежните пророци)** 139
**24.1** Јешајау (Јешаја, Исаија). . . . . . . . . . . **139**
**24.1.1** Сефер Јешајау (Книгата на Јешаја) . . . . . . . . . . **140**
**24.2** Јирмејау Бен Хилкијау (Јеремија, синот на Хилкија) . . . . . . . . . . **141**
**24.2.1** Подемот на Вавилон и пропаѓањето на Јудеја . . . . . . . . . . **142**
**24.2.2** Сефер Јирмејау (Книгата на Јеремија) . . . . . . . . . . **143**
**24.2.3** Колебањата на Јеремија и визијата за иднината . . . . . . . . . . **144**
**24.3** Јехезкел (Језекил) . . . . . . . . . . **145**
**24.3.1** Језекиловото “вјерују” (credo) . . . . . . . . . . **146**
**24.3.2** Трите визии . . . . . . . . . . **147**
**24.3.2.1** Визијата на Божјето возило . . . . . . . . . . **147**
**24.3.2.2** Идолопоклонството во храмот и казната . . . . . . . . . . **147**
**24.3.2.3** Оживувањето на сувите коски . . . . . . . . . . **147**
**24.4** Ошеа . . . . . . . . . . **148**
**24.4.1** Од книгата на пророкот Ошеа . . . . . . . . . . **148**
**24.5** Јоел . . . . . . . . . . **149**
**24.5.1** Од книгата на пророкот Јоел . . . . . . . . . . **150**
**24.6** Амос . . . . . . . . . . **151**
**24.6.1** Од книгата на пророкот Амос . . . . . . . . . . **152**
**24.7** Овадја (Овадија, Авдиј) . . . . . . . . . . **153**
**24.8** Од книгата на пророкот Овадија . . . . . . . . . . **153**
**24.9** Јона . . . . . . . . . . **154**
**24.9.1** Содржина на книгата . . . . . . . . . . **154**
**24.10** Миха . . . . . . . . . . **155**
**24.10.1** Од книгата на пророкот Миха . . . . . . . . . . **156**

24.11 Нахум . . . 157
24.11.1 Од книгата на пророкот Нахум . . . 157
24.12 Хавакук . . . 158
24.12.1 Од книгата на пророкот Хавакук . . . 159
24.13 Цефанија . . . 160
24.13.1 Од книгата на пророкот Цефанија . . . 161
24.14 Хагај . . . 161
24.14.1 Од книгата на пророкот Хагај . . . 162
24.15 Зехарја (Захарија) . . . 163
24.15.1 Од книгата на пророкот Захарија . . . 164
24.16 Малахи (Малахија) . . . 165
24.16.1 Од книгата на пророкот Малахија . . . 166

25. ТАЛМУД (хебр. учење, подучување, наука) 134
25.1 Барајта . . . 168
25.2 Тосефта . . . 169
25.3 Танаим . . . 169
25.4 Амораим . . . 169
25.5 Савораим (Саворејци) . . . 170

## ЖИВОТЕН ЦИКЛУС

26. БЕРИТ МИЛА 171

27. БАР МИЦВА 173

28. БАТ МИЦВА 174

29. БРАК 175
29.1 Библиското сфаќање за бракот . . . 175
29.2 Поглед на бракот во рабинската литература . . . 176
29.3 Венчавање . . . 177
29.4 Забрана за брак . . . 179
29.5 Развод . . . 179

30. ЖАЛОБНИ ОБИЧАИ 181
30.1 Хевра кадиша или хевра кедоша . . . 181
30.2 Бикур холим . . . 182
30.3 Рофе (хебр. лекар) . . . 182
30.4 Шинуј ашем . . . 183
30.5 Госес . . . 183
30.6 Мет мицва . . . 183
30.7 Анинут . . . 183
30.8 Кевод амет . . . 184
30.9 Таора или рехица . . . 184
30.10 Тахрихим . . . 185
30.11 Арон метим . . . 185
30.12 Леваја . . . 186
30.13 Кевура . . . 186
30.14 Кадиш . . . 187
30.15 Ел мале рахамим . . . 189
30.16 Азкарат нешамот . . . 189
30.17 Кериа . . . 190
30.18 Авелут . . . 190
30.19 Сеудат авраа . . . 191
30.20 Шива . . . 191
30.21 Шелошим . . . 192
30.22 Годишнина од смртта . . . 192
30.23 Мацева . . . 193
30.24 Бет кеварот . . . 194
30.25 Самоубиство . . . 195
30.26 Спалување . . . 196

31. АЛЕФБЕТ 198

## СИМБОЛИ

32. СИМБОЛИ 202
32.1 Мезуза . . . 202
32.2 Менора . . . 203
32.3 Маген Давид . . . 204

33. ДРУГИ ПОИМИ 206
33.1 Сенхедрин . . . 206
33.2 Мињан . . . 207
33.3 Шема . . . 207
33.4 Шемита . . . 208
33.5 Јовел . . . 209
33.6 Лекет – Шихҗха – Пеа . . . 209
33.6.1 Лекет . . . 210
33.6.2 Шихҗха . . . 210
33.6.3 Пеа . . . 210
33.7 Корбанот . . . 210
33.8 Шахарит – Шахрит . . . 213
33.9 Минха . . . 213
33.10 Арвит – Маарив . . . 214
33.11 Мусаф . . . 215
33.12 Амен . . . 215
33.13 Аава вереут . . . 216
33.14 Ааава раба . . . 217
33.15 Љубов кон човекот (човекољубие) . . . 217
33.16 Цедака . . . 220
33.17 Сидур атефила (Молитвеник) – скратено Сидур . . . 222
33.18 Махазор – Махзор . . . 223
33.19 Хедер . . . 224
33.20 Јешива . . . 225
33.21 Кисуј Рош – Покривање на главата и Гилуј Рош – Откривање на главата . . . 227

**33.22** Минаг . . . . . . . . . . 228

**34. ПИРКЕ АВОТ - УВОД** 229
**34.1** Авот . . . . . . . . . . 230
**34.1.1** Некои изреки од Пирке Авот . . . . . . . . . . 230

**35. ПОЗДРАВУВАЊЕ, ЧЕСТИТАЊЕ И ИСКАЖУВАЊЕ ПОЧИТ КАЈ ЕВРЕИТЕ** 235
**35.1** Начини на поздравување . . . . . . . . . . 235
**35.2** Благослов. . . . . . . . . . . 236
**35.3** Поздрави . . . . . . . . . . 236
**35.4** Начини и форми на поздравување . . . . . . . . . . 237
**35.5** Поздрави и честитање . . . . . . . . . . 238
**35.6** Поздрави на Шабат и на празници . . . . . . . . . . 239
**35.7** Поздрави за Рош–ашана и Јом акипурим . . . . . . . . . . 239
**35.7.1** Ашкенази . . . . . . . . . . 239
**35.7.2** Сефарди . . . . . . . . . . 239
**35.7.3** Заеднички поздрави на сефардите и на ашкеназите денес . . . . . . . . . . 239
**35.8** За време на жалост . . . . . . . . . . 240

**МОЛИТВЕН ДОДАТОК**

**36. ДОДАТОК СО МОЛИТВИ** 244
**36.1** Шема Јисраел . . . . . . . . . . 244
**36.2** Молитви за помен . . . . . . . . . . 245
**36.2.1** Ашкава за маж (според сефардските обичаи) . . . . . . . . . . 245
**36.22** Ашкава за жена (според сефардските обичаи) . . . . . . . . . . 245
**36.2.3** За татко . . . . . . . . . . 245
**36.2.4** За мајка . . . . . . . . . . 246
**36.2.5** За жртвите на фашистичкиот терор . . . . . . . . . . 246
**36.2.6** За татко (скратена верзија) . . . . . . . . . . 247
**36.2.7** За мајка (скратена верзија) . . . . . . . . . . 248
**36.2.8** За жртвите на фашистичкиот терор (скратена верзија). . . . . . . . . . . 248
**36.2.9** Ел мале рахамим (според ашкенашкиот обичај) . . . . . . . . . . 240
**36.2.10** Молитва при посета на гробот на покојниот . . . . . . . . . . 248
**36.2.11** Кадиш . . . . . . . . . . 249

# ВОВЕДНИ ИЗЛАГАЊА

Рабин Цадик Данон е роден во 1918 година во едно рабинско семејство во Сараево. Неговиот татко, Даниел Данон, и неговиот дедо, Исак Данон, исто така биле рабини. Рабинот Даниел Данон од четирите сина го избрал Цадик да ја продолжи семејната традиција. Воспитуван во средина, која му овозможила длабоко верско образование и духовно воздигнување, Цадик Данон го завршил теолошкиот семинар во родниот град од каде во 1937 година отишол во Косово и Метохија и повеќе години ја вршел рабинската служба во Приштина и во Косовска Митровица.

Војната го затекнала во Сплит. Рабинот се приклучил на народноослободителното движење и бил еден од организаторите на востанието во тој предел. По апсењето и приведувањето во затвор, бил префрлен во логор во Италија од каде што избегал и се приклучил на италијанското движење на отпорот, војувајќи во бригадата Гарибалди.

По војната, до 1950 година работел во Белград како рабин, по што заминал во Израел. По враќањето од Израел во 1953 година работел во Министерството за надворешни работи каде што бил назначуван на повеќе одговорни позиции во дипломатските служби. Од 1970 година до својата смрт, март 2005 година, ја извршувал функцијата Рабин при Сојузот на еврејските заедници на Југославија.

Дејствувањето на Цадик Данон во еврејската заедница на нашата замја, и онаа досегашната и оваа сегашната, не било само редовно вршење на верската службата. Рабинот Цадик Данон најголемиот дел од својата работа го посветил на образованието и подучувањето на нашите членови од сите возрасти. На негов својствен и дискретен начин го покренал учењето на хебрејскиот јазик, учењето за верата, традицијата и историјата. Тој е автор на бројни текстови, објавувани во еврејските календари, кои ги составувал повеќе од три децении. Текстовите имале за цел да ги запознаат малубројните евреи од нашата земја со учењата и сознанијата кои, да не бил неговиот напор, би останале во заборав.

Во тешките години на распадот на поранешната татковина бројните пребегани евреи од другите републики ја барале недежта во неговите зборови и совети. Тој беше човек околу кој се множеле прашањата, човек од кој се барани одговорите, оној на кого му се верувало. Поседувал исклучителна духовна сила, оплеменета со необична смиреност и ведрина, од кого поткрепа добивал секој оној кој ќе му пристапел. Знаел да советува и да упатува, се чинеше како да е од втор план, но така што над кажаното да запреме и да се замислиме, за да го запомниме тоа засекогаш.

Ако целиот живот е учење, тогаш светот може да се подели на оние кои подучуваат и

оние кои учат од нив. Ако смислата на учењето е пат кон добросостојбата, тогаш постојат оние кои се во средиштето на добросостојбата и оние кои чекорат кон тоа средиште.

Животот на Цадик Данон беше постојано подучување на другите, постојано подучување за добрината...

Цадиковата книга „Збирка поими од јудаизмот„ претставува всушност плод на неговите напори насочени кон образованието на повоените генерации. Тоа бил прв чекор и скалило на патот на сознавањето на основните поими на еврејските празници, Библијата, животниот цилкус, симболите и другите теми кои рабинот Данон ги обработил во својата книга.

Збирката поими од јудаизмот е одличен прирачник како за членовите на нашата малубројна еврејска заедница, така и за пошироката читателска јавност која по прв пат ќе има можност на македонски јазик да се запознае со основите на јудаизмот.

**Рабин Исак Асиел**
Данијела Данон

Кон преводот на книгата “ Збирка поими од јудаизмот” од Цадик Данон на македонски јазик

Имам посебна чест и задоволство да го претставам преводот на македонски јазик на книгата “ Збирка поими од јудаизмот” од Цадик Данон, врховниот рабин на поранешна Југославија, издадена во 1996 година. Ова е една од книгите во циклусот преводи на текстови во рамките на програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија, во издание на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС).

Книгата претставува прекрасен вовед во светот на јудаизмот. Дадени се описи не само на верските празници и обичаи, туку и на сите основни поими со кои се дефинира јудаизмот и животот на Евреите.

Текстот со својот комплетен преглед е многу интересен за Евреите од Република Македонија, како документ за животот и обичаите во овие краишта. Во холокаустот исчезна 98% од еврејското население на овие територии, со што во голема мерка се загубија и обичаите и традициите. Со изградбата на синагогата “Бет Јаков” во 2000 година се возобнови и организираниот верски живот на Евреите во Македонија и почна редовно да се одржува служба за Шабат и за сите верски празници.

Текстот е исто така интересен за претставниците на другите вери, кои на овој начин ќе можат да се запознаат со богатиот духовен живот и традицијата на Евреите.

Му честитам на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) што ја одбра токму оваа книга во циклусот преводи, а на читателите им пожелувам пријатно читање.

**Здравко Шами**
Претседател на
Еврејската верска заедница
во Република Македонија

Почитувани читатели, пред Вас се наоѓа првиот превод на македонски јазик на книгата “Основни појмови јудаизма“ (оригинален наслов) од покојниот врховен рабин на Југославија, рабин Цадик Данон (зжжл), која претставува едно од најубавите и најконцентрираните дела за читање и запознавање на читателите евреи или неевреи кои сакаат да се запознаат со традицијата, обичаите, историјата и религијата на еврејскиот народ.

Книгата која ги опфаќа не само основните термини и поими од јудаизмот, туку и на секој читател му дава нешто повеќе е одлика само на големите мислители и учители како што беше и рабинот Цадик Данон. Во оваа збирка поими ќе наидете на одлично селектирани и разработени делови од еврејскиот животен циклус, потоа еврејскиот календар, запознавање со еврејските празници, дел од еврејската рабинска литература, делови од Мишна, Талмуд...

Особено интересно е тоа што оваа книга плени со својот стил на пишување, со својата интересна содржина, со начин на кој самиот автор се труди да го привлече вниманието на читателот без да знае за неговите претходни познавања и сознанија од областа на јудаизмот.

Особено ме радува фактот тоа што можев да работам на еден ваков проект, проект којшто пред с□ ја продолжува традицијата и поменот на рабинот Данон, потоа дело коешто ќе ги им ја приближи на читателите од македонско говорно подрачје традицијата и религијата на мојот народ и на моите прататковци, дело кое претставува продолжување на запознавање со основните поими на јудаизмот.

Оваа збирка е оној тип на книги и дела кои успеваат, како што милувале да кажат старите рабини, да го вратат човекот кон одговорот, а не да го однесат во другиот правец, кон прашањето. Едноставно, ова е книга којашто дава одговори на сите оние прашања кои сте сакале да ги знаете и на работите за кои сте сакале да научите нешто повеќе.

Му се заблагодарувам на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) кој го поддржа овој проект и кој имаше желба и разбирање да помогне во преводот на една ваква книга, за која ќе се согласите дека е направена за добробит и корист на сите нас.

Се надевам дека оваа книга ќе им послужи на денешните генерации и на генерациите кои доаѓаат во Македонија, книга која ќе одбележи едно време, животот и работата на денешната Еврејска заедница во Македонија и нејзината успешна и силна соработка со МЦМС.

**Ави М. Козма Хазан**
Еврејска заедница во
Република Македони

Почитувани читатели,

“Збирка поими од јудаизмот” од Цадик Данон, врховниот рабин на поранешна Југославија, е издание овозможено во рамките на програмата Меѓурелигиска соработка во Македонија, во делот за компаративни студии и публикации, со цел да ја подобри информираноста за црквите, верските заедници и религиозните групи во Македонија, како меѓу нив самите, така и кај пошироката јавност.

Самата програма, а и конкретното издание, е резултат на интензивната и добра соработка помеѓу црквите и верските заедници во Македонија, особено членките на Управувачката група и Издавачкиот совет на програмата: Македонската православна црква, Исламската верска заедница, Католичката црква, Евангелско-методистичката црква и Еврејската заедница. Тие го истакнаа ова дело на Цадик Данон, врховниот рабин на поранешна Југославија, како значајно за теологијата, но и како чекор кон подобро меѓусебно запознавање, соработка и почитување.

Како што говори и самиот наслов, Збирка поими од јудаизмот е издание што ги опфаќа основните карактеристики на еврејското учење, верување и историја. Преку ова издание авторот успеал да ги пренесе значењето на обичаите и верувањата, ритуалите на поважните животни случувања, молитвите, верските симболи и сметањето на времето на еврејскиот народ. Изданието е интересно не само за теолошката јавност, туку и за секој читател кој има желба да се запознае со културата и начинот на живеење на евреите.

Издавањето е овозможено со финансиска поддршка од данската и од норвешката влада, во соработка со Данската црковна помош (ДЦА) и Норвешката црковна помош (НЦА).

На крајот би сакал да им се заблагодарам на сите учесници во подготовката на ова издание, кои со својот придонес го овозможија неговото публикување.

**Сашо Клековски**
Извршен директор



**Забелешка:** Поимите и имињата на хебрејски се транскрибирани според сефадските сараевски традиционални правила на изговор.

# 1

## ЕВРЕЈСКИОТ КАЛЕНДАР

За првобитниот еврејски календар се знае многу малку. Дури ни во Библијата не се спомнува како се делела годината во прастаро време. Древните Евреи не се занимавале со земјоделство; тие биле номади–сточари и, како и бедуините, скитале низ пустината и немале потреба да се усогласуваат според сонцето. За нив месечината имала поголемо значење: таа се менувала рамномерно и често им служела како природен показател на времето. Според нивниот календар, новиот месец започнувал со појавувањето на младата месечина, а денот непосредно по заоѓањето на сонцето.

Подоцна, кога престанале да скитаат, кога се населиле во својата земја, Евреите започнале да се занимаваат со земјоделство, да се населуваат во градови, а нивниот календар почнал да се менува и да се прилагодува според условите што им ги наметнувало земјоделското производство. (На почетокот на дваесеттиот век во Палестина е откопан еден запис, кој потекнува од X век пр.н.е., а бил наречен “селски календар”. Во тој календар годината се делела според сезоните на извршувањето на земјоделските работи. Во него се спомнуваат месеци на берењето на маслинките, на сеењето жито, на гроздоберот итн.).

Грегоријанскиот календар, кој и ден–денес е во општа употреба во светот е соларен (сончев) календар, составен според движењето на Земјата околу Сонцето: четирите годишни времиња се последица на променетата положба на земјата во текот на тоа движење и затоа годишните времиња започнуваат секоја година во исто време.

Муслиманите, пак се придржуваат кон лунарниот (месечевиот) календар, кој се темели врз движењето на Месечината околу Земјата. Лунарната година има 11 дена помалку од соларната, поради што се предизвикува поместување на годишните времиња.

Еврејскиот календар, за разлика од грегоријанскиот и од муслиманскиот, е комбинација од лунарниот и од соларниот календар. Месеците се пресметуваат според движењето на Месечината околу Земјата, а деновите и годините според движењето на Земјата околу Сонцето. Кога би се придржувале Евреите само кон лунарниот календар, тогаш, заради онаа разлика од 11 дена, еврејските празници би требало да се поместуваат од едно годишно време во друго. Па така и Песах, празникот на пролетта, со текот на времето

би се поместил во зима, па потоа во есен итн. и дури по триесет години повторно би се совпаднал со пролетта. За да се спречи таквото поместување и за да се овозможи празникот Песах секогаш да се слави напролет, во календарот била воведена престапна година (шана меуберет) во која се додавал еден месец од триесет дена.

Во времето кога календарот сѐ уште не бил усовршен и не се базирал на математички пресметки, не било воопшто едноставно да се утврди која година треба да биде престапна. Тоа претставувало сериозен проблем, кој рабините морале да го решаваат за секоја година посебно.

Како што е познато, Библијата налага празникот Песах да се празнува во пролетен месец (нисан), кога зрее јачменот. Се поставувало основното прашање: кога започнува пролетта? Тоа било од голема важност не само заради празникот Песах, туку и заради останатите празници чиишто денови се пресметувале според Песахот. Затоа рабините секоја година, пред објавувањето на пролетниот месец нисан, испраќале гласници ширум земјата за да ги испитаат состојбите околу посевите и временските услови. Ако јавеле гласниците дека се нормални земјоделските и временските услови, тогаш празникот Песах се објавувал во вообичаеното време. Меѓутоа, ако донеселе гласниците известување дека дождовите сѐ уште траат, дека се патиштата непроодни, дека јачменот не е дозреан, а стоката не е порасната и сѐ уште е слаба, тогаш се наметнувал проблемот како ќе може илјадници поклоници да се пробијат до Ерусалим по таквите патишта, како ќе се принесуваат жртви кога е стоката сѐ уште слаба, како ќе се започне со собирањето "омер" (омер –јачмен) на вториот ден од празникот Песах, кога тој сѐ уште не е созреан итн. Во таквите случаи Санхедринот донесувал одлука дека пролетта сѐ уште не настапила и дека годината треба да се продолжи за уште еден месец. Санхедринот веднаш ги известувал Евреите во Палестина и еврејските заедници надвор од Палестина дека е престапна таа година.

Рабините ревносно го чувале своето право за составување на календарот. Тие постапувале многу совесно при одредувањето на новиот месец, кое се извршувало врз основа на исказите на очевидци, кои сведочеле пред Санхедринот дека виделе млада месечина. Меѓутоа, од време на време и помеѓу рабините имало остри несогласувања во поглед на пресметувањето на одделни важни датуми. Затоа утврдувањето на почетокот на новиот месец имало многу голема важност за еврејството и тоа не само од аспект на востановување на празниците, туку и заради зачувувањето на неговото единство.

А тоа единство било особено загрозено по пропаѓањето на втората еврејска држава и распрснувањето на Евреите по светот. Римјаните забраниле секакви контакти помеѓу Евреите во Палестина и оние во галутот. Тие, исто така, им забраниле и на палестинските рабини да даваат какви било известувања за престапната година, за новиот месец и за календарот. Проблемот околу еврејскиот календар бил конечно решен дури во средината на четвртиот век. Тогаш Хилел II изработил прецизен систем за пресметување на календарот за многу години однапред, па така престанала и потребата од испитување сведоци. Хилеловиот систем имал огромно значење за сочувувањето на единството на Евреите, особено во оние мрачни периоди во кои, заради разни антиеврејски појави биле оневозможени контактите помеѓу еврејските заедници и вавилонските општини, со што се заканувала опасноста од различно пресметување и одредување на празничните термини.

Еврејскиот календар има 12 месеци со 353, 354 или со 355 дена во обичната година, или 383, 384 или 385 дена во престапната година. Еден месец од триесет дена се додава на секоја трета, шеста, осма, единаесетта, четиринаесетта, седумнаесетта и деветнаесетта година. Тоа е лунарниот циклус (махазор алевана) од 19 години, кој уште се нарекува и махазор катан (мал циклус). Има уште и циклус од 28 години, кој се нарекува махазор гадол (голем циклус ) или махазор ахама (сончев циклус).



Календарските месеци можат да бидат и полни (мале) од 30 дена или неполни (хасер) од 29 дена. Нисан, сиван, ав, тишри и шеват се секогаш полни месеци. Ијар, тамуз, елул, тевет и адар се секогаш неполни месеци. Ако е годината престапна, тогаш првиот адар има 30, а вториот адар (веадар) 29 дена. Хешван и кислев имаат 29 или 30 дена.

Разликата во бројот на деновите во годината се јавува секогаш во првите шест месеци, односно од Рош–ашана до Јом кипур. Од првиот ден на нисан, до новата година има секогаш 177 дена.

Броењето на месеците започнува од месецот нисан во пролет, а пак на годините од месецот тишри во есен. Нисан е месец со големо значење затоа што во тој месец Евреите се ослободиле од египетското ропство, а со тоа фактички започнува и историјата на Евреите и затоа во Библијата стои: "Овој месец нека ви биде почеток на месеците и нека ви биде прв месец во годината" (II кн. Мојс. 12,2). Меѓутоа уште од древни дни граѓанската година започнувала во есен, во време на орање, сеење и завршување на жетвата и таа не се променила. Според усното предание, годините се бројат од настанувањето на светот, а светот бил создаден во седмиот месец (тишри).

Календарскиот месец започнува со појавувањето на младата месечина која е видлива околу 6 часа по раѓањето (молад). Како и другите древни народи што живееле во пустина, така и древните Евреи деновите ги пресметувале од една вечер до друга. Најверојатно тоа било така затоа што поради големите горештини главните активности се одвивале во текот на ноќта. "И би ноќ и би утро, ден први" (I Мојс. 1,5). Според тој принцип, денот започнува по заоѓањето на сонцето кога трите ѕвезди со средна големина стануваат видливи. Меѓутоа, календарскиот ден од 24 часа започнува секогаш во 18 часот.

Некои празници од религиозни, хигиенски и практични причини не смее да се празнуваат на одредени денови од седмицата: Јом кипур не може да биде во петок или во недела, Рош–ашана во недела, среда или во петок, Ошана раба во сабота. Тоа се регулира на тој начин што одредени месеци по потреба имаат 29 или 30 дена.

Во почетокот Евреите немале единствен систем на броење на годините. Тие се пресметувале според некој важен историски настан, според некоја посебна природна појава, некој катастрофален земјотрес или исклучително успешна жетва и сл.

Еврејскиот календар според традицијата започнува во 3760 година пр.н.е., односно од настанувањето на светот. Таа година е добиена врз основа на усното предание, според собирањето на годините на старост на одредени временски периоди и на поединечни личности, кои се спомнуваат во Библијата (на пр. Адам имал 130 години кога му се родил синот Сет, Сет пак имал 105 години кога му се родил синот Енох итн.). Според тоа, ако додадеме кон грегоријанската календарска година 3760, ќе ја добиеме еврејската календарска година. На пр. 2004 + 3760 = 5764.

Старите народи ги именувале своите месеци според имињата на боговите: јануари го добил името според двоглавиот бог Јанус, март, според богот на војната Марс итн. Пред вавилонското ропство, еврејските месеци немале одредени имиња, туку се означувале само со редни броеви: прв месец, втор месец итн. Во Библијата само четири месеци имаат посебни имиња. Тие настанале со набљудувањето на промените во природата. Така првиот месец (нисан) се нарекува "авив" (пролет), затоа што во тој месец созрева првото класје на јачменот; вториот месец (сиван) се нарекува "зив" (сјај), затоа што во тој месец има многу светлост; седмиот месец (тишри) се нарекува "етаним" (џинови), затоа што во тој месец надоаѓаат водите; осмиот месец (мархешван, а подоцна само хешван) се нарекува "бул" (производ), затоа што во тој месец дождовите влијаат врз растењето на зе–

мјоделските производи.

За време на вавилонското ропство (586–553 пр.н.е.), прифатени се вавилонските имиња на месеците: тишри, мархешван, кислев, тевет, шеват, адар, нисан, ијар, сиван, тамуз, ав и елул.

Деновите во седмицата исто така се именуваат со редни броеви: јом ришон (првиот ден) – недела, јом шени (вториот ден) – понеделник, јом шелиши (третиот ден) – вторник, јом ревии (четвртиот ден) – среда, јом хамиши (петтиот ден) – четврток, јом шиши (шестиот ден) – петок. Јом шевии (седмиот ден), според редниот број, го добил името Шабат (сабота). Подоцна петокот добил додатно име ерев Шабат (наспроти сабота).

## 1.1. Молад

Појавувањето на младата месечина, молад, започнува од моментот кога Сонцето, Месечината и Земјата се наоѓаат во права линија. Тогаш Месечината не се гледа од земјата најмалку шест часа. Со појавувањето на молад (младата месечина) се одредува почетокот на новиот месец во еврејскиот календар.

## 1.2. Текуфа

Текуфа е започнувањето на годишното време во еврејскиот календар. Има четири текуфот (четири годишни времиња):

1. Текуфа нисан, кога се денот и ноќта еднакви. Тоа е почеток на пролетта (пролетна рамноденица).

2. Текуфа тамуз, кога е денот во годината најдолг.

3. Текуфа тишри, кога се денот и ноќта повторно еднакви. Тоа е почетокот на есента (есенска рамноденица).

4. Текуфа тевет, кога е ноќта во годината најдолга. Тоа е почетокот на зимата.



# ГОЛЕМИТЕ ПРАЗНИЦИ

# 2

## ШАБАТ (сабота)

Кај Евреите шабат е седмиот ден во седмицата кој започнува во петок со заоѓањето на сонцето, а завршува во сабота, пред заоѓањето на сонцето.

Шабат е најголемиот еврејски празник. Тоа е ден на одмор, кога се прекинува физичката работа и секоја работна активност. Тој е поврзан со два библиски настана: со создавањето на светот и со робувањето на Евреите во Египет. Во Библијата пишува дека Бог за шест дена го создал светот, а седмиот ден се одморал. Затоа Библијата заповеда: “не заборавај да го празнуваш саботниот ден. Шест дена работи и заврши ги сите свои задачи, а седмиот ден е Шабат, одмор на твојот Господ Бог; тогаш немој да работиш никаква работа, ни ти, ни твојот син, ни твојата ќерка, ни твојот слуга, ни твојата слугинка, ни твоите животни, ни странецот кој ќе се затекне во твоите дворови” (II кн. Мојсеева 20,8) и “не заборавај дека си бил роб во египетската земја. Затоа ти заповедал твојот Господ Бог да го празнуваш саботниот ден” ( V кн. Мојсеева 15,15).

Бидејќи е поврзан со создавањето на светот, денот Шабат се смета за симбол на вечната спогодба помеѓу Бог и еврејскиот народ  за нужноста од работење и обврската за одморање, затоа што и работата и одморот се нужни за благодатта на човекот.

Идејата за одвојувањето на еден ден во седмицата, наменет за одмор и за обврската на човекот еднаш неделно да се оттргне од секојдневните грижи и работи, е единствена појава во античкиот свет.

Потеклото на Шабат и начинот на неговото празнување се губи во маглата на древноста, како што впрочем е тоа случај и со останатите еврејски празници. Од скудните податоци што се на располагање, се гледа дека во времето на Првиот храм, денот Шабат не само што бил ден за одмор, туку и ден за веселба и забава. На Шабат луѓето се собирале во Ерусалим за да го прославaт празникот, го посетувале Храмот, а тој ден го користеле и за патувања по земјата и за посети на роднините и на пријателите. Во тоа време големо значење имале празниците Песах, Шавуот и Сукот, кои биле неразделно поврзани со животот на еврејскиот селанец. (За време на тие празници луѓето оделе на поклонение во Ерусалим и принесувале жртви во Храмот.) Во споредба со тие празници, празникот Шабат не можел да има толку големо значење. Меѓутоа, значењето на празникот Шабат се зголемува во периодот на раното вавилонско ропство, кога добива подлабока и подуховна содржина. Во прогонство, во туѓа средина, во желбата да се сочува националното постоење, празникот Шабат, како и Берит–мила (обрезание), станува знак на распознавње и замена за обредите  поврзани со Бет–амикдаш (Храмот во Ерусалим). Празникот Шабат и Берит–мила (обрезанието) стануваат главни симболи на еврејската вера.

По враќањето од вавилонското ропство, Санедринот (Големото собрание) го озаконил почитувањето на Шабат, а за прекршителите предвидувал најстроги казни.

Во времето на Вториот храм, институцијата Шабат се темелела на два мотива: на хуман и на верски. Врз тие основи Шабат се развивал во две насоки. Од една страна, се зголемил бројот на строгите прописи против вршењето на секоја работа. Мишната набројува 39 категории работни активности (авот мелахот), кои биле забранети да се извршуваат на Шабат и уште многу други изведени од нив. Од друга страна, Евреите во сабота покрај физичкиот имале и духовен одмор, духовно ослободување од макотрпното секојдневие. И покрај сите рестрикции и забрани, Евреинот не го доживувал Шабат како товар, туку како ден за вистинско уживање и духовно издигнување.

Во времето на Вториот храм имало аскетски секти, Самариќани, Есени, а подоцна и  Караити (караим), кои забранувале  за време на Шабат да се користи оган и светло, па дури и тогаш кога биле запалени пред започнувањето на Шабат.

Фарисеите, меѓутоа ја ублажиле строгоста поврзана со празнувањето на Шабат и така го зачувале за радост и за уживање. Тие со своите толкувања дозволувале да се користи оган и светло, доколку тие биле запалени пред започнувањето на Шабат. Тие дури допуштале и прекршување на правилото за празнување на Шабат, доколку се работело за укажување помош на болен или за спасување на нечиј живот. Тоа го објаснувале со фактот дека Шабат му е даден на човекот за да помогне, а не за да биде причина за несреќа и за смрт. Таквиот Шабат, онака како што го толкувале фарисеите оставил траен печат врз целокупниот живот на Евреите. Тој исто така, повеќе од која било друга придобивка од еврејството, влијаел врз начинот на живот на целокупното цивилизирано човештво.

Со Шабат се поврзани многу навики и обичаи. Уште на почетокот на н.е. Евреите се подготвувале за Шабат во текот на целата седмица и одвојувале за тој ден сè што имале најдобро. Уште во тоа време секое семејство печело халот (специјален леб – види Хала). Во петок попладне свештеникот од високата кула на храмот дувал во шофар како знак за прекинување на работните активности. Во другите градови на Палестина шамашот (види шамаш стр.22) дувал шест пати во шофарот од покривот на некоја висока зграда. При првиот повик, работата најпрвин ја прекинувале селаните што работеле по полињата околу градот, на вториот – трговците во градот, на третиот – ги тргале од огнот лонците со храна и ги завиткувале со разни ткаенини за да ја зачуваат топлината.

Во средниот век Шабат на Евреите им бил ден за одмор. На Шабат ги облекувале најубавите облеки, ги јаделе највкусните јадења, а и најсиромашните се труделе да обезбедат три оброка за тој ден (види шалош сеудот, стр19). Во петок попладне, пред заоѓањето на сонцето, домаќинката ги палела саботните свеќи (види “нерот Шабат”, стр.14). По враќањето од синагога семејството се собирало заедно, а таткото како глава на семејството, ги благословувал децата и молел Кидуш со вино и со леб. Атмосферата била празнична и топла. Многу домаќини, кои имале можности, се труделе да му укажат гостопримство и на некое друго лице. Побожните Евреи со особено задоволство повикувале учени луѓе, кои можеле да им даваат толкувања за одделни делови од Тората. Посебно се настојувало да им се укаже гостопримство на сиромашните Евреи.

По завршувањето на Шабат, по службата во храмот, дома се кажувала молитвата Ав-

дала (види Авдала стр.20), која е молитва–благослов, со која се одделува Шабат од обичниот ден.

Кон крајот на XVI век, кабалистите во Сафад (Цефат) го вовеле обредот на “Дочекот на Шабат”– Кабалат Шабат (види: Кабалат Шабат стр.15). Тие го персонифицирале Шабат во кралица и невеста. Во петок попладне заминувале надвор од градот, во поворки, во пресрет на Шабат и пееле псалми, а завршувале со песната “Дојди невесто”. Многу еврејски поети од тоа време пееле песни за Шабат како песни за невеста. Една од таквите песни е и “Леха доди” (“Дојди мил мој да ја пречекаме невестата” – види “Леха доди” стр.–16). Под влијание на кабалистите, церемонијата на дочекот на Шабат ја прифатиле сите еврејски општини.

Строгите форми на празнувањето на Шабат, кои ги вовеле уште Езра и Нехемија во V век пр.н.е, можеле да се одржат сè до XIX век, бидејќи кон тоа помогнале околностите во кои живееле Евреите во разните епохи од својата историја. Посебно треба да се нагласи дека животот во гето ги изолирал Евреите од останатиот свет политички, културно, јазично и општествено, така што нивниот Шабат не бил конфронтиран со христијанската недела, ниту пак со граѓанскиот живот во нивната средина воопшто.

На почетокот на XIX век, техничките откритија ја револуционизирале трговијата и индустријата и отвориле нови можности за економски развој. Стопанскиот живот во западна Европа и во Америка добил нови форми. Евреите политички и економски започнале да излегуваат од својата изолираност, да примаат влијанија и да се вклучуваат во новите струења. Тоа воедно претставувало и почеток на слабеењето на строгото почитување на Шабат. Не само верски незаинтересираните, туку и многу побожни Евреи, почнале да ги отвораат своите дуќани на Шабат и да извршуваат други работи.

Се појавиле разни реформистички групи кои барале начин да се ублажат прописите за саботниот одмор и тие да се усогласат со модерните времиња. Некои го замениле Шабат со недела, а некои пак почнале да вршат богослужба во недела.

Во најново време некои еврејски кругови вовеле богослужење во петок по вечера, на коешто, освен мажи учествуваат и жени и деца, а понекаде има и хор. На Шабат се организираат предавања, дискусии на тркалезна маса со еврејски теми и сл., а сето тоа со цел да се направи обид да се сочува Шабат со нови форми.

## 2.1. НЕРОТ ШАБАТ (хебр. саботни свеќи)

Секој петок, пред заоѓањето на сонцето еврејската домаќинка пали свеќи на масата подготвена за саботна вечера. Таа обврска на жената е во согласност со еврејското сфаќање дека жената треба да води грижа за куќата. Свеќата ја пали маж, само ако нема жена во куќата.

При палењето свеќи се изговара одреден благослов и се покрива лицето. Многу жени кон тој благослов ги додаваат и овие зборови: “Како што сјаат и светат овие свеќи, така нека светат и очите на оние што се занимаваат со Тора”.

Во некои места има обичај девојката да пали една свеќа, мажената жена две, а жената која е и мајка додава уште по една свеќа за секое дете. Со палењето на свеќите се означува престанокот на работниот ден и почетокот на владеењето на “кралицата Шабат”.

Се претпоставува дека благословувањето на светлото е воведено во IX век, во времето на Гаонот, и тоа заради Караитите, кои забранувале да се употребува светло во саботата. Овој обичај не се применувал насекаде дури ни во XII век. Подоцна, кога го прифатиле сите општини, благословувањето на светлото станал еден од главните обреди на дочек на саботата.

Бидејќи Библијата ги употребува изразите “светлина” и “веселба” како синоними (Псалм 97:11; Естер 8:16), саботните светила се сметаат за симболи на денот на радоста, спокојството и доброто расположение. Затоа Мајмонидес (Рамбам) во своето дело “Мишне Тора” пишува: “Дури и ако некој нема што да јаде и мора да проси за да си купи масло за осветлување, должен е да го стори тоа  затоа што е тоа дел од саботната радост” ( Види: “Онег Шабат” стр.18 )

Во средниот век рабините воделе долги дискусии околу тоа дали треба најпрвин да се изврши палењето, па потоа да се изговори благословот, или обратно. Зашто со благословот се потврдува дека настапил Шабат и со тоа повеќе не е дозволено палење. Ако, пак најпрвин се изврши палењето, тогаш благословот е излишен, затоа што веќе е извршен прописот за палење. Најпосле се постигнало компромисно решение – најпрвин да се палат свеќи, а потоа да се изговори благословот, но при тоа треба да се покријат очите за да се заштитат од светлоста на свеќата.

## 2.2. КАБАЛАТ ШАБАТ (хебр. Дочек на Шабат)

Кабалат Шабат е назив за воведната молитва, која се кажува во петок навечер. Се состои од седум псалми  (95:99, 29:92) и познатата песна Леха доди (види Леха доди стр.16). Шесте псалми ги симболизираат шесте работни дена, а седмиот е посветен на саботата.

Со Кабалат Шабат се поврзани многу убави обичаи. Нив ги вовеле кабалистите од Сафед во XVII век, и тоа според примерот на двајцата палестински Аморејци, раби Ханин и раби Јанај. Во Талмудот пишува дека овие двајца Аморејци се облекувале во петок навечер во свечени облеки и дека говореле: “Ајде, на дочек на кралицата на Шабат” и “Дојди невесто, дојди невесто”. Кабалистите од Сафед тоа го сфатиле буквално, па го персонифицирале Шабат како кралска невеста. Тие во петок попладне заминувале надвор од градот заради дочек на кралицата Шабат, пееле псалми и дочекот го завршувале со “Дојди невесто”.

За кралицата Шабат биле испеани многу песни, меѓу кои секако најпознатата е “Леха доди”. На таа тема и Хајне ја напишал песната “Принцезата Шабат”.

Под влијанието на кабалистите од Сафед сите еврејски општини го вовеле обредот “Кабалат Шабат”. Во многу еврејски општини и денес има обичај канторот и целиот насобран народ во храмот при завршната строфа на “Леха доди” да се завртат кон влезната порта, симболизирајќи со тоа како навистина да ја очекуваат кралицата Шабат, која му доаѓа во посета на својот младоженец, а младоженецот е еврејскиот народ.

## 2.3. ЛЕХА ДОДИ (хебр. дојди мој пријателу)

“Леха доди” е назив на песната посветена на Шабат, чијшто автор е Раби Шеломо бен Моше Алеви–Алкабец, кабалист од Сафед (1505–1584). Песната се вбројува меѓу најубавите песни од еврејската религиозна поезија и се смета за химна на дочекот на Шабат. Нејзиниот текст бил инспирација на многу композитори. Пишувана е во акростих, така што почетните букви од сите редови заедно го даваат името на авторот. Служејќи се со библиски јазик, поетот со живописни фигури и изрази, преземени од пророкот Јешаја и

Јеремија, од Псалмите и од Книгите за судиите, го персонифицирал Шабат и го споредил со млада невеста, која е врзана со својот младоженец – еврејскиот народ. Песната започнува со рефренот :

"Леха доди, ликрат кала
пене Шабат некабела..."

што во превод значи:

"Ајде најмил мој, во пресрет на невестата,
Ајде, на дочек на Шабат...".

Изразот на љубовниот повик "Леха доди" е преземен од Шир аширим (Песна над песните), каде се вели: "Дојди најмил мој, ќе одиме во полињата..., таму ќе ти ја дадам својата љубов" (Шир аширим 7:12).

Следејќи го својот учител, познатиот кабалист Раби Јицхак Лурија, неговите ученици излегувале надвор од градот на отворени полиња и го дочекувале Шабат со пеење псалми и на "Леха доди".

**Леха доди**

Леха доди, ликрат кала
пене Шабат некабела!

Шамор Везахор бедибур ехад
Ишмиану ел амејухад

Адонај ехад ушмо ехад
Лешем ултиферет велетила

Ликрат Шабат венелеха
Ки хи мехор абераха

Мерош микедем несуха
Соф маасе бемахашава техила

Микдаш мелех ир мелуха
Куми цеи митох хаафеха

Рав лах шефет беемех абаха
Веу јахамол алајих хемла

Итнаари меафар куми
Ливши бигде тирафтех ами

Ал јад бен Јишај Бет Алахми
Корва ел нафши геала

Иторери иторери
Ки ва орех куми ори

Ури ури шир дабери
Кевод Адонај алајих нигла

Ло тевоши вело тикалеми
Ма тиштохахи ума тееми

Бат јехесу аније ами
Венивета ир ал тила

Веају лимшиса шосајих
Верахаку кол мевалеајих

Јасис алајих елоајих
Кисмос хатан ал кала

Јамин усмол тифроци
Веет Адонај таарици

Ал јад иш бен парци
Венисмеха венагила

Бои вешалом атерет баала
Гам бесимха берина увцаола

Тох емуне ам сегула
Бои кала бои кала

Тох емуне ам сегула
Бои кала Шабат малкета.



לכה דודי לקראת כלה.
פני שבת נקבלה:

סם המחבר המוב בראשי החרוזים שלמה הלוי.

שמור וזכור בדבור אחד. השמיענו אל
המיוחד. יי אחד ושמו אחד. לשם
ולתפארת ולתהלה: לכה

לקראת שבת לכו ונלכה. כי היא מקור
הברכה. מראש מקדם נסוכה. סוף
מעשה במחשבה תחלה: לכה

מקדש מלך עיר מלוכה. קומי צאי מתוך
ההפכה. רב לך שבת בעמק הבכא.
והוא יחמול עליך חמלה: לכה

התנערי מעפר קומי. לבשי בגדי תפארתך
עמי. על יד בן ישי בית הלחמי. קרבה
אל נפשי גאלה: לכה

התעוררי התעוררי. כי בא אורך קומי
אורי. עורי עורי שיר דברי. כבוד יי
עליך נגלה: לכה

לא תבושי ולא תכלמי. מה תשתוחחי
ומה תהמי. בך יחסו עניי עמי. ונבנתה
עיר על תלה: לכה

והיו למשסה שאסיך. ורחקו כל מבלעיך.
ישיש עליך אלהיך. כמשוש חתן על
כלה: לכה

ימין ושמאל תפרוצי. ואת יי תעריצי. על יד
איש בן פרצי. ונשמחה ונגילה: לכה

בואי בשלום עטרת בעלה. גם ברנה
בשמחה ובצהלה. תוך אמוני עם סגלה.
בואי כלה בואי כלה: תוך אמוני עם
סגלה. בואי כלה שבת מלכתא:

## 2.3. Кидуш (хебр. посветување)

Кидуш е назив за молитвата со која се посветува саботата и празникот, а се темели на библиската заповед: "Захор ет јом ашабат лекадешо!" ("Не заборавај да го празнуваш Шабат!", II кн. Мојс. 20:7). Таа молитва се моли над чаша со вино, зашто виното во Библијата понекогаш се спомнува како синоним за радост.

Кидуш се чита наспроти Шабат или наспроти празник и тоа во синагога или дома пред почетокот на вечерата. Таа молитва се состои од три става: воведен дел, кој говори за завршувањето на создавањето на светот и за седмиот ден како ден за одмор; вториот – благословот на виното и третиот – благословот на посветувањето на саботата. Освен главниот, вечерен Кидуш, рабините вовеле и краток Кидуш, кој се моли во сабота и наутро на празник, пред првото јадење.

Кидуш бил воведен во раниот период на Вториот храм и им се припишува на членовите на Големото собрание. Во времето на Танаитите немало вечерна служба во храмот во петок. Вечерата започнувала доцна попладне, по последните звуци на шофарот, а завршувала кога веќе ќе паднела ноќ. Молитвата Кидуш се кажувала по вечерата, зашто требало да се дочека Шабат. Кога вовеле Аморејците во Вавилонија заедничка служба во храмот во петок навечер, молитвата Кидуш се кажувала пред вечерата, зашто по излегувањето од храмот веќе бил настанат Шабат.

Бидејќи во Вавилонија било многу потешко да се дојде до вино отколку во Палестина, за извршување на Кидуш почнале да се употребуваат други пијалоци наместо вино, а при недостиг на пијалок се земал леб.

Кидуш се чита во храм над вино, а дома над вино или над леб. Во храмот тоа го прави канторот или некој друг свештеник, а дома обично тоа го правел домаќинот. Откако ќе испие една голтка вино, тој ја подава чашата на домаќинката, која исто така испива една голтка, а потоа истото го прават, според старосна возраст и сите останати во домот

како симбол на двојниот оброк (види мана, стр.22), којшто според Библијата го собирале Израелците во пустината во петок.

# קידוש

(ויהי ערב ויהי בקר)

**יום הששי:** ויכלו השמים והארץ וכל־צבאם: ויכל אלהים ביום השביעי מלאכתו אשר עשה. וישבת ביום השביעי מכל־מלאכתו אשר עשה: ויברך אלהים את־יום השביעי ויקדש אתו. כי בו שבת מכל־מלאכתו אשר־ברא אלהים לעשות:

סברי מרנן ורבנן ורבותי.

**ברוך** אתה יהוה אלהינו מלך העולם בורא פרי הגפן:

**ברוך** אתה יהוה אלהינו מלך העולם אשר קדשנו במצותיו ורצה בנו ושבת קדשו באהבה. וברצון הנחילנו זכרון למעשה בראשית. (כי הוא יום) תחלה למקראי קדש זכר ליציאת מצרים. (כי־בנו בחרת ואותנו קדשת מכל־העמים) ושבת קדשך באהבה וברצון הנחלתנו: ברוך אתה יהוה מקדש השבת:

## 2.5. ОНЕГ ШАБАТ (саботно уживање)

Според еврејските прописи секој Евреин е должен во сабота да ужива во вкусни и во јадења подготвени со посебно внимание. Тој пропис се темели на извадокот од книгата на Јешаја (Исаија), во којшто Шабат се нарекува “Онег” (уживање) (Исаија 58,13)

Во Талмудот има една приказна дека Шамај Азакен секој ден одбирал јадења за Шабат. Кога ќе видел убава живина, тој ќе ја одделел и ќе речел: “Тоа е за Шабат.” Кога ќе најдел некоја друга, поубава, тогаш ќе ја изедел првата, а втората ќе ја зачувал за Шабат.

Денес називот “Онег Шабат” се употребува за разни приредби од верски, општествен или културен карактер, кои се одржуваат во петок навечер или во сабота попладне. Религиозните Евреи се собираат и дискутираат за Тората, а ханамот или рабинот држи дераш (проповед), обично на тема поврзана со некоја одломка од Тората, а која се чита во саботата. Во современиот еврејски живот се организираат забави, друштвени игри и други културни активности. Иницијаторот на таквите форми на “Онег Шабат” бил големиот еврејски поет Хајим Нахман Бјалик. За “Онег Шабат” често се подготвуваат и закуски.



## 2.6. ШАЛОШ СЕУДОТ (хебр. три оброци или три гозби)

Според еврејските прописи во сабота мора да се јадат “шалош сеудот” (три оброци). Според народното верување тој што ќе го исполнува овој пропис ќе се спаси од три неволи. Некои пак имаат и четврт, лесен оброк, кој не е задолжителен според прописите.

## 2.7. МОЦАЕ ШАБАТ (престанок на Шабат)

Моцае Шабат се нарекува вечерта и ноќта по завршувањето на Шабат, како што е “моцае јом тов” – вечерта и ноќта по завршувањето на празникот.

На Моцае Шабат покрај Авдалата, се пејат песни и се повикува Елијау Анави (пророкот Елија) да дојде со Машијахот (со Месијата), синот Давидов. Според преданието пророкот Елија не доаѓа во сабота, ниту наспроти сабота и затоа Евреите со песна го потсетуваат дека саботата поминала и дека тој може да дојде. На Моцае Шабат се востановил и обичајот за четвриот оброк – сеудат мелаве малка – гозба во чест на испраќањето на кралицата (види Мелаве малка стр.19).

Во старо време имало обичај на Моцае Шабат да се вечера во групи, како што се правело тоа и на ерев Шабат (во петок навечер). По вечерата се читал благослов на јадењето (биркат амазон), чијшто составен дел била и Авдала. Подоцна тој обичај се променил бидејќи се забранило јадење пред Авдала.

Во една легенда се вели дека пророкот Елија седи на Моцае Шабат пред стеблото на животот и ги бележи заслугите на оние што го почитуваат Шабат.

## 2.8. МЕЛАВЕ МАЛКА (хебр. испраќање на кралицата)

Мелаве малка е назив за завршната свеченост на Моцае Шабат (види Моцае Шабат), со која симболично се испраќа “кралицата Шабат”. Како што се дочекува свечено, така таа свечено и се испраќа. За таа пригода се подготвува и завршниот, четвртиот саботен оброк, се пејат песни и химни во слава на заминување на денот на одморот, во кои се моли за спасение, добро здравје и успех во новата седмица. Траги од овој обичај наоѓаме и во Талмудот. Со текот на времето “Мелаве малка” се вовел како задолжителен, четврти оброк и бил замислен како некој вид продолжување на Шабатот. Кабалистите, на пример верувале дека и грешните души се одмораат на Шабат, и дека се враќаат во пеколот дури по завршувањето на свеченоста “Мелаве малка”. Под влијание на кабалистите, хасидите многу нерадо допуштале да им замине почесниот гостин и со песна на трпезата и со хасидски приказни го продолжувале Шабатот колку што можеле подолго.

“Мелаве малка” е позната и како “Сеудат Давид” (гозба на царот Давид). Според легендата, Бог му прорекол на Давид дека ќе умре на Шабат. По завршувањето на секој Шабат, царот Давид подготвувал гозба и со посебна веселба ја прославувал радоста што и овојпат останал жив.

Средновековните поети им посветиле многу песни на свеченостите “Мелаве малка”, меѓу кои е и песната “Бемоцае јом менуха” (По завршувањето на денот на одморот) од XIV век, со која почнуваат песните на Авдала.

Една од омилените песни за “Мелаве малка” е песната Елијау Анави (пророк Елија), за која се претпоставува дека ја составил раби Меир од Ротенбург во XIII век. Во песната

се поздравува пророкот како весник на Месијата. Имено, според легендата пророкот Елија треба да го најави Месијата на почетокот на нова седмица.

## 2.9. АВДАЛА (хебр. разликување - разделување)

Авдала е еден од најстарите обреди, којшто според Талмудот го востановиле членовите на Големото собрание (анше Кенесет агедола) на почетокот на Вториот храм (IV век пр.н.е.).

Обредот Авдала се врши по истекувањето на Шабатот или на празникот, во храмот или дома. Се состои од неколку молитви со кои, според утврден редослед се благословуваат виното, светлината и пријатните мириси. Со овој обред се означува крајот на Шабатот, односно на празникот и почетокот на работниот ден и се истакнува разликата во однос на сфаќањето на Шабатот помеѓу еврејскиот и останатите народи, помеѓу светото и профаното, помеѓу светлината и темнината, помеѓу седмиот ден, како ден за одмор и шесте други работни денови итн.

Со Авдалата се поврзуваат многу обичаи. Чашата со вино се полни до врв, затоа што е полната чаша знак на благосостојба. За благослов на светлината обично се подготвува убава плетена свеќа, а за пријатните мириси се подготвуваат убави садови.

Не е јасно зошто при извршувањето на обредот Авдала се користат пријатни мириси. Можеби тоа се прави за да се испрати Шабатот со пријатен мирис. Во средниот век се верувало дека пријатните мириси се замена за дополнителната душа, која го придружува секој Евреин на Шабат, а го напушта по истекот на Шабатот.

Под влијание на кабалистите, "заминувањето" на Шабатот (види Моцае Шабат стр.19) со текот на времето добил мистичен карактер. Се врежало верувањето дека демоните на Моцае Шабат стануваат помоќни и дека изгубените души се враќаат во пеколот. Затоа понекогаш чашата со вино се преполнува намерно и се истураат неколку капки вино заради суеверието дека штити овој гест од злите духови, коишто наводно може да се поткупат со малку вино. И гледањето на сопствените нокти на рацете на светлината на свеќата за време на извршувањето на Авдалата потекнува од верувањето дека тоа претставува заштита од вештерките во текот на целата седмица. На жените им било забрането да пробуваат од виното за време на тој обред, и тоа наводно заради гревот на Ева, којашто му дала на Адам да вкуси од  забранетата овошка, а која всушност била сок од грозје.

Евреите од Источна Европа верувале дека, ако се напие некоја девојка вино од обредот Авдала, ќе и пораснат мустаќи. Во атмосфера на страв се сметало дека е опасно да се пие вода пред обредот Авдала.

Составен дел на обредот, кој се врши дома, се песните, од кои најпозната е "Амавдил бен кодеш лехол". Сефардите во Босна освен песната Амавдил, ја пееле на шпански "Ел Дио алто кон су грасија" и тоа на мелодијата на босанската севдалинка "Кад ја поѓох на Бембашу".

**Бесамим** – скратен назив за кусфат бесамим (хебр. сад за пријатни мириси, миризливи треви, мирудии).

Бесамим е сад за миризливи треви и за други пријатни мириси, кои се вдишуваат при извршувањето на обредот Авдала, по истекувањето на саботата или на празникот, во храмот или дома.



Има разни форми на садови што се менувале со текот на вековите. Тие се изработувале од дрво, коска, метал и од сребро, со разни украси и со емајлирани плочки, на кои биле изгравирани претстави од Библијата, фигури на животни, на птици, на цвеќе и сл. Како и порано, садот за бесамим е предмет со уметничка изработка, па затоа во поново време, особено во Америка и во Израел уметниците го обликуваат модерно.

## 2.10. АВОТ МЕЛАХОТ И ТОЛАДОТ (главни работи и други работи поврзани со нив, забранети на Шабат)

Авот мелахот е назив за главните работни активности, кои се забрануваат на Шабат. Тората го забранува работењето, но не наведува кој вид работни активности се забрануваат на Шабат. Затоа танаитите (види Танаим стр.169) определиле неколку категории главни работни активности, меѓу кои спаѓаат и земјоделските работи (орање, сеење и сл.), подготвување јадења, изработка на обувки и на облека, градежнички работи, поправка на станови, превоз, пренесување стока, пишување и сл.

Толадот се помали работни активности поврзани со главните, исто така забранети на Шабат. Орањето на пр., спаѓа во авот мелахот, а ѓубрењето и плевењето, кои се поврзани со орањето, спаѓаат во толадот.

Подоцна биле воведени и дополнителни забрани за извршување на многу други ситни работни активности, кои во стручната литература се нарекуваат гедерот (огради). Така се забранува дување во шофар (текиат шофар) на Рош–ашана, нетилат лулав (употребување на лулав) на Сукот, мегилат Естер (читање на мегилата (Книгата) за Естер) на Пурим и сл., доколку се паѓаат тие празници на Шабат.

Причина за дополнителна забрана било да се спречи прекршувањето на Шабатот со пренесување на лулавот, шофарот или на мегилата од едно место на друго. Со забраната за работење и за извршување на работни активности на Шабат, се истакнува карактерот на Шабатот како ден за одмор.

## 2.11. ХАЛА

Називот хала има неколку значења и тоа:

- бел леб кој се подготвува за Шабат и за празници;
- парче тесто или леб, кои во времето на постоењето на Вториот храм, а врз основа на библискиот пропис (IV  Мојс. 15:20 ) се одделувале како прилог за свештениците. Халата се одделувала од тестот од житарки кои служеле за мешање на лебот, како што се: пченица, јачмен, овес, елда и жрж;
- парче тесто (со големина на маслинка), кое се фрла во оган при печењето на лебот. При тоа се чита одредена молитва.

Воопшто се смета дека се востановил овој обичај по разорувањето на Вториот храм, како замена за прописот за одделување на тесто за свештениците. Меѓутоа од Мишната се гледа дека овој обичај постоел уште од постаро време, а настанал веројатно со празноверното принесување жртви на злите духови. Се чини дека овој обичај понекаде постоел и за време на Вториот храм, напоредно со прописот за одделување придонес за свештениците.

## 2.12. МАНА (хебр. ман у - што е тоа?)

Мана е храната со којашто, според, Библијата се хранеле Израелците во текот на 40 години, по нивното излегување од египетското ропство, додека скитале низ пустината и сè до нивното доаѓање во Канаан. Во Библијата пишува: “Утрината беше паднала роса околу логорот. И ете, кога се крена росата на површината на пустината остана тенок слој, нешто како слана на земјата. Кога го видоа Израелците тоа, се запрашаа едни со други: “Што е тоа?”, зашто не знаеја што е тоа”. Тогаш Мојсеј им рече: “Тоа е леб кој Бог ви го дал за храна” (II Мојс. 16:13–15).

Според талмудското предание се случувале многу чуда, поврзани со маната. Никој не можел да го сочува својот оброк од мана за наредниот ден, или да има повеќе од еден омер храна (стара мерка од околу 4 кг.), зашто она што останувало како вишок се расипувало или го изедувале црви. Меѓутоа, саботниот оброк, кој се собирал во петок, останувал свеж и не се расипувал.

Според описот од Библијата, маната по форма наликувала на семе од каранфилче (коријандер) и имала бела боја, а била со вкус на медено колаче.

## 2.13. ШАМАШ (хебр. служител, службеник)

Шамаш е назив за помошниот службеник, кој ја одржува чистотата во храмот и извршува и други работи. Шамаш е службеник на еврејската општина, на бет–динот или на школото. Во времето на Талмудот, шамашот во храмот го нарекувале хазан (кантор). Во ерусалимскиот храм должностите на шамашот ги извршувале Левитите (припадниците на племето Леви), а меѓу останатото, нивна задача била да бидат и шомерим (чувари на храмот).

Со текот на времето шамашите работеле и други работи. Кога ќе се укажела потреба, тие ја извршувале должноста на предмолител и ја читале Тората. Во многу места, особено во малите и сиромашни места, кои не биле во можност да плаќаат учител по веронаука, шамашот ги подучувал децата. Се прикажува дека една општина барала шамаш кој ќе биде даршан (проповедник), судија, хазан, софер (препишувач на Тората), учител и кој воедно ќе ги извршува и сите други работи.

Во средниот век шамашот бил “талмид хахам” (образован човек), јавен работник и лице кое официјално го известувало членството за одлуките на општината. Во поголемите општини, покрај главниот, имало и помошен шамаш за чистење на храмот, за будење на верниците и повикување на селихот (покајнички песни и молитви во месецот елул и десетте дена на покајание), за потсетување на верниците да ги затвораат дуќаните на ерев Шабат итн. Во сефардските општини, шамашот по пат на лицитација им продавал на верниците и мицвот, т.е. почесни функции поврзани со Тората.

## 2.14. ДЕФИКОТ АШАМАШ (чукање на шамашот)

Во многу земји на галутот, во местата каде што живееле Евреите во гета или во посебни квартови, шамашот (види: шамаш) секое утро пред шахритот (утринска молитва) ги обиколувал улиците и со дрвен чекан чукал на вратите или на прозорите на еврејските станови, и на тој начин ги будел верниците и ги повикувал да се подготват за молитва. Во многу градови шамашот тоа го правел и пред стемнување, како предупредување дека



е време за минха и арвит (вечерна молитва). Бидејќи во сабота било забрането да се употребува чекан, шамашот гласно ги повикувал верниците да дојдат во храмот.

На Тиша–беав (пост на деветти ав), шамашот не повикувал во храмот, туку луѓето си доаѓале сами. Обичај било шамашот да чукне три пати, а кога имало смртен случај во местото тогаш тој чукнувал само два пати. Тоа воедно било знак дека тој ден ќе се изврши погреб.

## 2.15. ЈАДЕЊА ЗА ШАБАТ

Карактеристични јадења за ерев Шабат (петок навечер) се бел леб, риба и вино. Ашкеназите подготвуваат плетен бел леб, кој го нарекуваат бархес. Сефардите како на пр. босанските сефарди немаат бархес, туку подготвувале тркалезни бели лепчиња – питикас.

Главното јадење за ручек на Шабат било шолет, т.е. грав кој се подготвувал во петок и се одржувал топол во затворени садови сè до сабота попладне. Сефардите од Шпанија го донеле обичајот да се подготвуваат пастели (мелено месо помеѓу две тенки кори тесто), кои се печеле во печка во тепсии со разни големини.

# 3

## РОШ-ХОДЕШ

Рош–ходеш е првиот ден од новиот месец. Се нарекува уште и “млад месец”, зашто појавата на младата месечина (младина) означува  почеток на нов месец во еврејскиот календар.

Во древниот Израел утврдувањето на новиот месец се вршело врз основа на искази на очевидци. Тие на триесеттиот ден во месецот требало да сведочат пред Санедринот дека виделе млада месечина. Доколку се покажело дека е нивното сведочење веродостојно, тогаш тој ден свечено бил прогласуван во Ерусалим како “Рош–ходеш“. Во тој случај претходниот месец требало да има 29 дена. Ако се установело дека не се сигурни сведоците, тогаш триесеттиот ден се додавал на претходниот месец, па тогаш тој имал 30 дена, а следниот ден бил прогласуван за “Рош – ходеш“.

За прогласувањето на “Рош–ходеш“, Санедринот ги известувал сите еврејски заедници во Израел. Во почетокот, тоа се извршувало со палење на сигнални огнови на врвовите на ридовите. Кога подоцна Самариќаните се обидувале да внесуваат забуни со предвремено палење на сигнални огнови, таквиот начин на известување бил напуштен и заменет со систем на испраќање гласници. Гласниците биле упатувани во оддалечените области на Јудеја, Египет, Сирија и Вавилон и во сите краишта каде што живееле Евреи за да ги известат за настапувањето на новиот месец.

Во стариот Израел “Рош–ходеш“ бил празник и ден на одмор како и саботата и останатите празници. Денес “Рош–ходеш“ се смета за полупразник. До денес се сочувал обичајот во храмовите во сабота по читањето на Тората да се објавува и да се благословува новиот месец.



# 4

## РОШ-АШАНА (хебр. почеток на годината)

Рош–ашана е назив за еврејската Нова година, која се слави на првиот и на вториот ден од седмиот месец тишри. Рош–ашана има уште четири називи Јом теруа и Зихрон теруа, кои се однесуваат на дувањето во шофар и Јом адин и Јом азикарон (Ден на судот и Ден на сеќавањето).

Во Тората не се спомнува Рош–ашана како назив за Нова година. Во неа пишува: “Првиот ден од седмиот месец нека ви биде ден за одмор, спомен на трубењето на трубите, на светиот собор” (III кн. Мојсеева, 23,24). Називот Рош–ашана се спомнува во Танахот (Стариот завет) само еднаш и тоа во книгата на пророкот Јехезкел (Езекил), но не е сосема јасно дали таму се подразбира и Нова година. Од тоа може да се заклучи дека Евреите пред вавилонското ропство не ги празнувале Рош–ашана и Кипур. Тие во есен имале само еден празник – празникот на собирање на плодови и на берење на грозјето; тој опфаќал многу обреди кои денес се вршат на Рош–ашана, Јом кипур и Сукот. Дури по вавилонското ропство тој есенски празник бил поделен на три одделни празници, од кои секој си добил свој назив.

Рош–ашана и Јом кипур се разликуваат од останатите еврејски празници според атмосферата. Додека на останатите празници владее посебна атмосфера на радост и на задоволство, на празниците Рош–ашана и на Јом кипур  се изразуваат чувства на длабока сериозност и на морална одговорност кои му ги наметнува животот на секој поединец. Затоа тие два празника се поврзуваат со “Јамим нораим” (Страшни денови), на кои, според верувањето, човечката заедница излегува пред “небесниот суд”. Тие се разликуваат од останатите еврејски празници и по тоа што не се поврзани со животот на селаните во природата, ниту пак со каков било друг историски настан. Тие уште од најстаро време се поврзани со животот на поединецот и со неговите верски чувства, со неговите најдлабоки внатрешни размислувања и постапки, како кон Бога, така и кон луѓето.

На Рош–ашана секој човек сака да се ослободи од душевните страдања, за да може да влезе во новата година исчистен од гревот. Оттука потекнува и обичајот на првиот ден од празникот да се оди на некој брег на река или на море и симболично да се фрлаат гревовите во вода. Тој обичај се нарекува ташлих (види “Ташлих” стр.30).

Имало обичај за време на ташлихот да се фрлаат трошки од леб. Овој обичај има корен

во древното верување дека во реките и во изворите живеат злите духови и дека најдобар начин тие да се смилостиват, е да им се принесуваат дарови. Има и едно слично верување, според кое одреден предмет или некое живо суштество можат да ги однесат човековите гревови и неволи во длабочините на морето или во далечните предели на пустината. Таа функција, која во времето на постоењето на Храмот ја вршел азалел (жртвен јарец), во ташлихот ја врши рибата.

Има и толкувања дека ташлихот се извршува покрај вода богата со риба за да може да се потсетат верниците дека човекот може да се фати на стапицата на гревот, онака како што се фаќа рибата во мрежа. Не е познато кога се појавил овој обичај. Во рабинската книжевност тој за прв пат се спомнува во XV век. Меѓутоа, уште Евреите од Вавилонија во времето на Гаоните вршеле еден обред сличен на ташлихот и на капарата (види "Капара" стр.36). Тој обичај се состоел од тоа што се плетеле кошници од палмино лисје, се полнеле со кал и со земја, и тоа две до три недели пред Рош–ашан, па потоа во нив саделе грав и грашок. Ноќта наспроти Рош–ашан, со кошничка се кружи седум пати околу главата на човекот и притоа се вели дека е таа негова замена, а на крајот, кошничката се фрла во вода.

Слични обичаи има и кај другите народи. Во некои краеви на Индија, сите гревови се "набиваат" во лонец и се фрлаат во река: во Сијам и на Борнео, гревовите и неволите се натоваруваат еднаш годишно во чамец, кој потоа се пушта да отплови во морскатата шир. Ташлих со текот на времето го изгубил своето првобитно значење и станал само симболичен обред.

## 4.1. Историјата на Новата година

Разни народи ја празнувале Новата година во различни годишни времиња. Вавилонците и Персијците на пролет, старите Египќани во лето, Римјаните во зима, а древните Евреи во есен.

Евреите ја започнувале Новата година во есен, по завршувањето на земјоделските работи, кога плодовите од полињата, или од овоштарниците веќе биле собрани и складирани во амбарите, кога жедната земја очекува дожд и почеток на ново растење. Меѓутоа, во Танахот (Стариот завет) пролетниот месец нисан се спомнува како прв месец во годината, а не седмиот месец тишри во којшто се слави еврејската Нова година. Тоа се објаснува со фактот што старите Евреи имале две Нови години, а во Мишната се спомнуваат дури и четири. Еврејскиот историчар Јосиф Флавиј тврди дека се паѓа верската Нова година во месецот нисан, а граѓанската во тишри. Иако првиот ден од месецот тишри не се спомнува како Нова година ниту во Танахот, ниту во книгите од времето на Вториот храм, сепак може да се претпостави дека тој ден во времето на Вториот храм се празнувал како Нова година. Во талмудската книжевност, која настанала непосредно по разорувањето на Вториот храм, првиот ден од месецот тишри се нарекува Рош–ашана (Нова година). Уште од тогаш било распространето верувањето дека е Рош–ашана ден кога на човештвото му се суди на небесата. Наскоро, по разорувањето на Храмот, Рош–ашана се здобива со обележја, кои ги има и ден–денес. Празникот главно се поминувал во храмот, се дувало во шофар, а молитвите биле сè подолги и сè побројни. Подоцна се додавале и нови молитви, а во средниот век и пијутим (песни со побожна содржина).



## 4.2. Обичаи на Рош-ашана

Рош–ашана и обичаите поврзани со тој празник главно го симболизираат човековото настојување да има плодна година. Затоа новогодишните честитики гласат: "Лешана това тикатеву" (Бидете впишани за добра Нова година), или само "Шана това" (Добра година), или "Шана метука" (Слатка година).

За да може посилно да се истакне очекувањето на добра година, има еден обичај според кој новогодишната вечера треба да започне со нешто слатко, обично тоа е парче леб со мед или со шеќер, или пак со јаболко натопено во мед. Од истата причина се одбегнува да се јаде кисело или луто. Овие обичаи се засноваат на верувањето дека одделни обреди или постапки имаат магична моќ. Ако, на пр. се внесе леб во новата куќа, тогаш тоа значи дека во таа куќа нема да недостасува леб. Ако на почетокот на годината се полее жртвеникот со вода, тоа значи дека ќе има дожд во изобилство. Според тоа, ако на Нова година се јадат слатки јадења, тогаш годината ќе биде слатка. На истата претпоставка се темели и обичајот на почетокот на вечерата да се јаде глава од некое животно, обично јагне или риба. Пред тоа се изговара молитва, која завршува со зборовите: "Да бидеме глава, а не опашка", со што се истакнува желбата да бидеме уважувани. Рибата се јаде и затоа што таа се смета за симбол на плодноста. На некои места на Рош–ашана се јаде калинка (или шипка) заради изобилството од зрна во неа. Рабините пресметале дека во калинката има 613 зрна, онолку колку што има заповеди кон кои треба да се придржуваат тие (Тарјаг–мицвот).

## 4.3. Обреди

Рош–ашана не е домашен празник, и со исклучок на кратките обреди што се вршат дома, целата останата церемонија се врши во храмот, надвор од куќата. Утринската служба започнува рано наутро и трае до пладне. Верниците се молат во занес кој достигнува кулминација при обредот на дувањето во шофар, или кога пред отворениот свет орман (Арон акодеш) започнува "Унтане токеф" (в.стр.29), молитва во која се опишува денот на страшниот суд. По ручекот нема вообичаено одморање. Верниците се враќаат во синагогата, читаат псалми и ја извршуваат попладневната служба (Минха), а потоа заминуваат до најблиската вода во која симболично ги истресуваат своите гревови (види: "Ташлих" стр.30). По враќањето во храмот, повторно читаат псалми и ја извршуваат вечерната молитва (Арвит). Со исклучок на ташлихот, целиот обред се повторува и следниот ден.

## 4.4. Јом тов шени шел галујот (вториот ден од празникот во галутот)

Во старо време одредувањето на новиот месец и на празниците се вршело врз основа на искази на очевидци, кои сведочеле пред Санедринот дека виделе млада месечина. Новиот месец се најавувал со палење на огнови на ридовите, но кога се увидело дека тој начин не е доволно сигурен, тогаш тоа се извршувало преку гласници. Меѓутоа, не било секогаш можно сите Евреи кои биле расејани по многу земји, да бидат известени за точните датуми на поединечни празници. Затоа во времето на Вториот храм било одлучено празнувањето во земјите на дијаспората да се продолжи за по еден ден. Тој додатен ден се нарекува "Јом тов шени шел галујот". Јом кипур заради строгиот пост и во дијаспората се празнува само еден ден, додека Рош–ашана е исклучок, па и во Израел се слави два дена.

Реформистичките Евреи го отфрлиле “Јом тов шени шел галујот”; тие го празнуваат Рош–ашана само еден ден.

## 4.5. Шофар

Шофарот е прастар музички инструмент, еден од најстарите во светот. Се прави од рог од кое било чисто животно, освен од крава или од вол. Шофарите се разликуваат по форма, големина и по боја, а служат за објавување на посебен обред во храмот за време на големите празници.

Со дување во шофар се произведуваат три видови звуци: текија, шеварим и теруа. Текијата е само еден, рамен и долг звук, шеваримот се состои од три кратки звуци, кои имаат тажен призвук како лелек и се во времетраење од вкупно една текија. Теруата се состои од девет кратки, испрекинати звуци, кои исто така, траат колку една текија.

Шофарот често се спомнува во Танахот, Талмудот и во книжевноста по Талмудот. Во старо време шофарот служел за најава на важни настани, за повикување во војна, за предупредување за некоја непосредна опасност, за застрашување на непријателот, а се користел и на прославите и на празниците. На објавата на Синајскиот Рид претходел силен звук од шофар “од кој се стресол целиот народ” (II книга Мојсеева 19,6). Со помош на звуците на шофарот бил освоен градот Ерихон. Со шофар се најавувал и “Јовел” (секоја педесетта т.н. саботна година), кога биле робовите пуштани на слобода, а должниците ослободувани од долговите. На Рош–ашана, кога започнуваат десетте денови на покајание (Асерет јеме тешува), звуците на шофарот ги опоменуваат верниците дека е тоа денот на “небесниот суд” и ги повикуваат на покајание. На Јом кипур тие смболично го најавуваат опростувањето на гревовите.

Во една талмудска легенда се вели дека “звукот на шофарот го збунува ѓаволот”, кој на Рош–ашана ги изнесува обвиненијата против Евреите.

## 4.6. Селихот (хебр. селиха - простување)

Селихот се посебен вид покајнички молитви. Напишани во форма на песна, тие се кажуваат или се пејат во деновите на пост, на болест или на неволја. Нивната тема е опишување на страдањата на Евреите во разни земји на галутот. Оваа книжевност настанала во I век и се развивала сѐ до XV век. Изложени на немилосрдни прогонства, авторите на овие молитвени песни ја опишувале бедата и страдањето на својот народ. Опишувајќи ги маченичките подвизи, тие во своите песни, свесно или несвесно, го јакнеле заедништвото на Евреите ширум светот. Затоа многу од овие песни влегле во молитвите за Тиша–беав и во молитвите за во деновите пред празникот Рош–ашана.

Во Шулхан арух (Зборник на обредни закони и прописи, кои ги составил раби Јосеф Каро во 1565 година), пишува дека имало еден обичај, според кој во периодот од Рош–ходеш елул (први елеул) до Јом кипур требало да се станува пред осамнување и да се оди на Селихот. Сефардите и ден–денес го негуваат тој обичај. Ашкеназите пак, почнуваат со Селихот од сабота на полноќ, четири дена пред Рош–ашана. Доколку се случи да се совпадне Рош–ашана со понеденик или со вторник, тогаш започнуваат со Селихот во недела – два дена порано. Во некои општини било обичај шамашот (службенелот во синагогата) да ги обиколува со фенер еврејските куќи и со чукање на прозор со дрвен чекан да ги буди Евреите за Селихот.



## 4.7. Амнон од Мајнц

Раби Амнон од Мајнц е главната личност на една легенда од средниот век, во која се опишуваат неговото страдање и смрт заради тоа што не сакал да се откаже од верата на своите татковци. Според преданието, тој е авторот на познатата молитва “Унтане токеф” (в.) која се пее по храмовите на Рош–ашана и на Јом кипур.

Според легендата, умниот, богатиот и угледен Евреин, раби Амнон, бил постојано под притисок од владетелот и од неговите достоинственици дека треба да се покрсти, но сепак тој го одбивал тоа. За да добие што повеќе време, во еден момент тој побарал да му се дадат три дена за размислување. Меѓутоа, веднаш штом излегол од дворецот, тој почувствувал грижа на совест, зашто знаел дека од неговиот одговор би можело да се открие дека тој се колеба околу тоа. Затоа тој се вратил дома целиот скршен и болен; ништо не јадел и не пиел. Пријателите се одбидувале да го утешат, но сето тоа немало никаков успех. На третиот ден, кога дошле да го водат назад во дворецот, тој одбил да замине. Така го одвеле насила. Укоруван затоа што не го исполнил ветувањето, раби Амнон ја признал вината и рекол: “Самиот себеси ќе си ја изречам пресудата: Нека ми биде пресечен јазикот што изрече лага”. Владетелот одговорил: “Не, не сакам да ти го пресечам јазикот затоа што тој говореше добро. Ќе ти ги казнам нозете, затоа што не дојдоа навреме”. И тогаш наредил веднаш да му бидат пресечени прстите на нозете и на рацете. Потоа, така осакатен го ставиле во еден сандак заедно со отсечените делови од телото и го однеле дома. Тоа се случило пред Рош–ашана. На денот на празникот раби Амнон побарал да го одведат во храмот и да го сместат покрај хазанот. Таму плачејќи ја изговорил молитвата “Унтане токеф”, во која се опишува “страшниот суд”. Издивнал и исчезнал веднаш откако ја завршил молитвата. По три дена раби Амнон му се јавил на сон на својот пријател, на големиот раби Калонимус, синот на раби Мешулам, го научил да ја кажува “Унтане токеф” и порачал да се испрати насекаде, кај сите Евреи во галутот во знак на сведошвто и сеќавање на тој настан.

Оваа приказна нема историска подлога и не се знае кога настанала; потсетува на прогоните на Евреите во времето на Крстоносните војни (помеѓу XI и XIII век). Меѓутоа, се претпоставува дека таа настанала и порано, бидејќи една приказна со многу слична содржина била пронајдена во генизата во Каиро.

## 4.8. Унтане токеф (хебр. ќе говориме за силата)

“Унтане токеф” е назив на молитвата која се пее во храмот на големите празници (Рош–ашана и Јом кипур), а називот настанал според двата почетни збора на молитвата. Автор на песната, според преданието бил раби Амнон од Мајнц, легендарниот маченик од времето на Крстоносните војни. Според некои мислења молитвата ја составил раби Калонимус бен Мешулам, истакнат литургиски поет, кој живеел во Германија во XI век. Во песната се опишува постапката на “небесниот суд”, кој се води на Рош–ашана и на Јом кипур, кога се одлучува за човековата судбина. На “судот” се донесува одлуката за тоа “колку луѓе ќе дојдат на овој свет, а колку ќе заминат; кој ќе живее, а кој ќе умре; кој на време, а кој пред време; кој ќе страда од оган, кој од вода, кој од меч, кој од диви ѕверови, а кој од ненадејна смрт; кој ќе умре од глад, кој од жед, кој од земјотрес, а кој од чума; кој од гушење, а кој од каменување; кој ќе мирува, а кој ќе лута; кој ќе живее во мир, а кој во неспокој; кој во удобности, а кој во страдања; кој ќе се збогати, а кој ќе осиромаши; кој ќе биде славен, а кој понижуван”. Меѓутоа, сите тие тешки одлуки на “небесниот суд” можат да се спречат со покајание, со молитва и со милостина.

Во песната се истакнува разбирањето кое го има Бог за човечките слабости и за неговата подготвеност да простува. Тој е опишан како неизмерна големина, додека пак човекот е неговата творба, создадена од крв и од месо, настаната од прав во кој повторно ќе се врати. Бог ја познава добро таа своја творба, која наликува на “скршен лонец, на исушена тревка, на свенат цвет, на сенка која исчезнува, на облак кој се раствара, на растопен снег на копното, на стивнат ветер, на развеана прашина, на изминат сон”. Во молитвата Бог сликовито е спореден со пастир: како што се грижи пастирот за своето стадо и го пропушта под својот пастирски стап за да го преброи, така и авторот го замислува Бога како пастир на својот народ. Тој ги зема во своите прегратки една по една душите на сите суштества, ги испитува и ги пребројува.

Молитвата “Унтане токеф” најпрвин била воведена во литургијата кај германските и полските Евреи, а подоцна ја прифатиле и сефардските општини. Ашкенаската мелодија на оваа молитва се разликува од сефардската.

## 4.9. Ташлих

Тоа е обред кој се врши на првиот ден на Рош–ашана, на морски или на речен брег, на извор на вода или покрај бунар. Обредот започнува со читање на одбрани делови од Библијата, а завршува со зборовите на пророкот Миха: “И ќе ги фрлиш во бездната на морето сите нивни гревови”. Притоа се подигнуваат рабовите од облеката или се превртуваат џебовите и се истресуваат во вода, со што симболично се претставува ослободувањето од гревовите.

Во Ерусалим обредот ташлих се извршува покрај бунар, во Сафед на покривите од куќите од кои се гледа езерото Кинерет, а во Тел Авив и во Хаифа покрај морскиот брег. Во некои земји обредот ташлих се извршува и на Кипур.

Според легендата, обредот ташлих се поврзува со прататкото Авраам, кому, Господ, за да го искуша, му наредил да го жртвува својот син Исак. Ѓаволот пак, за да го оневозможи, се претворил во длабоки вирови вода, му го препречувал патот и се обидувал да го потопи. Во Талмудот и во книгите на Гаонот нема никакви траги од овој обичај. Во рабинската литература тој за прв пат се спомнува во XIV век.



# 5

# Јом Акипурим или Јом Кипур

### (хебр. ден на покајание, помирување и простување)

Јом акипурим е празник на помирувањето, на покајанието и на простувањето. Се празнува на десеттиот ден од седмиот месец тишри, а се поминува во храм, во молитва и во пост. На тој ден секој верник ги носи во себе законите на Тората, милосрдие и возвишено чувство на заедништво со сите луѓе. Јом акипурим е врвот и завршетокот на десетдневниот временски период на покајание, кој започнува на Рош–ашана.

Според Тората, суштината на Јом кипур е измачување на душата како услов за опростување на гревот. Во Тората пишува: “А десеттиот ден од тој седми месец е ден на очистување, нека ви биде соборот свет, та да ги мачите душите свои”. Рабините го толкуваат “измачувањето на душата” како воздржување од јадење и од пиење од една вечер до друга, изминати со покајание и со милосрдие. Пророкот Јешајау (Исаија) ја објаснува смислата на постот: “Зарем тоа не значи да му поделиш леб на својот гладен, а сиромашниот бескуќник да го воведеш во куќата своја? Кога ќе го видиш гол, да го облечеш... “ (Јешаја –Исаија 50,7). Пророкот со своите објаснувања посакува слобода, општествена правда и економска изедначеност.

Основните мисли на Јом акипурим се каење, морален оптимизам и широко сочувство за човечките страдања воопшто, а посебно за страдањата на Евреите. Мислата за покајание се смета за една од најсветлите поуки на еврејството. Човекот би бил најнесреќното суштество кога не би имал можности да ги окае своите гревови. Оптимистичкиот дух на еврејството не ја поднесува помислата дека човек би требало постојано да очајува и да ја губи вербата во себе. Никој не може толку длабоко да навлезе во грев за да не може да го окае тој грев. Раби Моше бен Мајмон (Мајмонидес) порачува дека на секој грешник ќе му биде простено ако се покае, па дури и на оној што грешел во текот на целиот свој живот, а се покајал дури на самото умирање.

Молитвите на Јом акипурим ја изразуваат мислата за братството и за меѓусебното простување и потсетуваат дека нема безгрешно човечко суштество. Исповедите се стилизирани во прво лице множина, со што се сака да се истакне одговорноста на целокупната заедница и за оние престапи што ги прави поединецот. Молитвите се редат по нагорна линија, од чувство на вина до развеселеност и верба во божјата милост. Целокупната

човечка дејност е одразена во тие молитви и поетски состави, од кои некои претставуваат книжевни ремек–дела, а човечките недостатоци и слабости се одбиваат од совршениот ред на бескрајната вселена.

Традиционалните мелодии со емотивен звук предизвикуваат стравопочит пред неизвесната иднина. Лишувајќи се од своите физички потреби, верниците на тој ден биле зафатени само со духовни работи, во настојувањето да ја отстранат секоја омраза и лоша мисла. Јом акипурим е толку силно всаден во свеста на Евреите, така што ретко некој би можел да си допушти да не присуствува на тој ден на богослужењето во храмот.

Кога, по разорувањето на Вториот храм, се престанало со обредите на принесување жртви, Јом акипурим се зачувал како најголем ден кој го истакнува значењето на покајанието. Заради својата длабоко верска содржина како и богатството на обредот, тој и денденес останал најголем и најсветол еврејски празник.

## 5.1. Јом акипурим во старо време

Пред вавилонското ропство Рош–ашана и Јом акипурим не биле посебни празници, туку тие биле составен дел од главниот есенски празник Сукот. Сукот бил празник на очистување, а Рош–ашана и Јом акипурим – подготовка за тој ден. Со текот на времето овие два празника ги менувале своите обележја и добивале нови содржини. Јом кипур станал ден на очистување и бил славен како главен празник во групата празници, од кои Рош–ашана бил почеток, а Сукот пак завршеток.

Во секој период на еврејската историја, празниците се менувале во согласност со сфаќањата, потребите и начинот на живот на новите генерации: додека биле пастири и лутале по пустината, Евреите ги негувале обичаите и празниците поврзани со номадскиот живот. Кога се населиле во Канаан и станале земјоделци, тогаш почнале да празнуваат три празници: Песах, Шавуот и Сукот, кои се поврзани со годишните времиња, обработувањето на земјата и со собирањето на плодовите. Со стекнувањето на повисок степен на духовна култура, Евреите почнале да ги одделуваат празниците од природата и од годишните времиња и да им даваат нова, духовна содржина. Тој процес започнал уште во времето на еврејскoто царство, а посебно се развил по вавилонското ропство. На оние што биле распрснати по блиските и по далечните земји, на одвоените од своите земји и од земјоделскиот живот, ним веќе не им било доволно да празнуваат на стариот начин – со јадење, пиење и со забава, туку почнале да бараат морална и историска основа за своите празнични свечености, внесувајќи во нив национална и духовна содржина. Иако се зачувале некои обичаи што потсетуваат на нивното земјоделско потекло (на пример, принесувањето на првиот сноп ожнеано жито на празникот Песах, или на сите векни леб од новата пченица на празникот Шавуот), тоа веќе не претставувало причина за празнична свеченост. Обредите не биле израз на веселби и на лумпувања пред Бога, туку начин на приближување кон Бога.

Според Тората, Јом акипурим е ден за принесување жртви, очистување од гревови и простување. Принесувањето жртви било проследено со посебни обреди. И многубожечките народи – Грците, Римјаните и Вавилонците вршеле обреди со принесување жртви. Меѓутоа, има суштинска разлика помеѓу обредите на очистување кај Евреите, кај Вавилонците и кај другите стари народи. Овие се грижеле само за очистување на своите светилишта, на царот и на царството, при што народот останувал настрана. Кај Евреите, пак, обредот бил извршуван заради очистување и заради опростување на гревовите на сите – на големиот свештеник, на свештениците и на целиот народ.



Во Мишната се опишува како Јом кипур првобитно бил славен на пагански начин. Момчињата и девојките, облечени во бело излегувале надвор од населбите и го извршувале ритуалот на додворување, кој потоа се завршувал со мажење и со женење. Пред стемнување народот се собирал пред куќата на големиот свештеник, кој требало да приреди гозба. Кулминација на прославата бил моментот кога требало да го протераат во пустината жртвениот јарец, натоварен со човечките гревови.

## 5.2. Јом акипурим во времето на Вториот храм

Во раниот период на Вториот храм, Јом акипурим веќе станал најсветиот ден на Евреите и тие го минувале во синагогите, во пост и во молитва. Каде и да се наоѓале на тој ден, тие со мислите и со срцето биле во големиот Ерусалимски храм, каде што коен гадулот (големиот свештеник) ги извршувал светите и таинствени јомкипурдски обреди. Освен на Јом кипур, големиот свештеник не извршувал свети обреди во храмот. Во сабота, на празници и на Рош–ходеш, големиот свештеник се појавувал пред народот во раскошна, златна одежда, додека Јом кипур бил единствениот ден кога тој се облекувал во скромна, ленена облека, влегувал во големото светилиште и ја извршувал службата во свое име и во името на целиот народ.

Во последниот век пред разорувањето на Храмот, големиот свештеник бил политичка личност, неопитна и неупатена во извршувањето на обредот. Затоа тој седум дена пред започнувањето на Јом кипур се подготвувал со помош на членовите на Санедринот, принесувал жртви, палел темјан и други пријатни мириси и повторувал одредени извадоци од Тората.

Наутро, наспроти Јом кипур, Коен Гадол стоел на источната капија на храмот и чекал да му ги донесат на последен преглед животните одредени за жртвување. Останатите Евреи исто така се подготвувале за овој голем ден: се молеле меѓусебно за простување и се потсетувале на гревовите што ги правеле во текот на годината. Меѓутоа, подготовките на Коен Гадол биле поголеми и се вршеле со поголема одговорност. Тој го минувал времето размислувајќи со стравопочит за влегувањето во големото светилиште. Се плашел да не направи некаков пропуст, зашто во тој случај, би бил прогласен за несоодветен, а неговиот заменик кој исто така бил подготвуван, ќе требало да продолжи со извршувањето на обредите. Навечер пред стемнување секој итал да го започне постот. На големиот свештеник не му дозволувале да јаде многу за да не задреме, бидејќи членовите на Санедринот таа ноќ до секоја подробност ја проверувале неговата подготвеност за извршувањето на обредите. За да го одржат во будна состојба, тие му читале извадоци од Танахот и му пееле псалми. Но, ако тој сепак задремел, една група млади свештеници ќе почнела да тропка со прстите околу него, додека тој стоел босоног на студениот камен.

Во рана зора, уште пред да запее првиот петел, дворот на Храмот веќе бил полн со народ. Свештениците стоеле на покривот и очекувале да се појави првиот знак на сонцето. Кога ќе се разденело толку, колку да може да се види помеѓу ритчињата градот Хеброн, тие почнувале да викаат: “Утринското светло пристигна од Хеброн”. Тогаш започнувало првото капење на коен гадол. На тој ден коен гадол се капел петпати, а нозете ги миел десетпати. Капењето и миењето се извршувало во посебно одделение на храмот. Меѓутоа, утринското капење се вршело во внатрешниот дел од дворот. За тоа време додека се капел, тој бил одделен од народот со скапоцена свилена ткаенина. По капењето тој ќе ја соблечел вообичаената облека, ќе ја облечел златната одежда, ќе ги измиел рацете и нозете во златен леген и го започнувал дневниот обред. Народот бил восхитен од прекрасната појава на свештеникот во златна одежда, со златна круна на главата, со

скапоцени камења на градите и со златни ѕвончиња на рабовите од пурпурната наметка. Тој потоа ги палел пријатните мириси на златниот жртвеник и ги редел свеќите во менората. Со тоа се завршувал секојдневниот утрински обред и започнувал обредот за Јом кипур. Коен гадол ја соблекувал златната одежда и облекувал облека од бело платно.

## 5.3. Обредот во храмот

Обредот во храмот започнувал со првата исповед на Коен Гадол. Тој ги ставал рацете на главата од млад бик и кажувал молитва со која ги исповедал своите гревови и гревовите на своите домашни и молел за опростување. Во молитвите трипати го изговорал мистичното име на Бога (види Шем амефораш), а народот при спомнувањето на тоа име се поклонувал ничкум до земјата. Обредот продолжувал со одредување на жртвениот јарец. Два јарци исти по изглед, со иста големина и вредност стоеле покрај жртвеникот, а главите им биле свртени кон светилиштето. Таму била урната во која се наоѓале две еднакви златни плочки. Коен Гадол ги извлекувал плочките од урната и секоја од нив ја ставал на главата на двата јарци. Потоа врзувал црвена врвка на рогот на оној јарец кој бил одреден да ги однесе во пустината гревовите на народот. Понатаму обредот продолжувал на тој начин што Коен Гадол се враќал кај бикот, ги ставал рацете на него и по вторпат се исповедал, но овој пат и во свое име и во името на останатите свештеници. Потоа го колел бикот; крвта од закланиот бик била собирана во еден сад и му била предавана на еден свештеник. Должноста на тој свештеник била постојано да ја меша крвта за да не се засири. Коен Гадол потоа се качувал на пиедесталот на кој се наоѓал жртвеникот, го полнел златниот сад со разгорен јаглен, истурал еден грст темјан во златната црпалка, а потоа со златниот сад во едната рака и со црпалката во другата, тргнувал, чекорејќи полека кон големото светилиште. Тој помеѓу две големи завеси влегувал во големото светилиште, каде што стоел во полутемно, одвоен од сите, едвај видлив и само малку осветлен од вжарениот јаглен. Тука на камен–темелникот го ставал садот, истурал темјан и се повлекувал во претсобјето, каде што изговарал одредена молитва. По ова тој повторно влегувал во дворот, го земал легенот и крвта, се враќал во големото светилиште и ја попрскувал завесата со крв – еднаш нагоре и седум пати надолу, сево ова со гласно броење. Потоа се враќал во претсобјето и го поставувал легенот на златни ногарки. Потоа го колел јарецот, одреден за жртва на Бога, а неговата крв ја собирал во леген, влегувал во големото светилиште за да ја распрска оваа крв, се враќал во претсобјето и го ставал легенот на другите златни ногарки. Потоа ги попрскувал завесите од задната страна, најпрвин со крвта од бикот, а потоа и со крвта од јарецот. Потоа ја измешувал крвта од двете животни и со неа го попрскувал златниот олтар за палење темјан, кој се наоѓал во претсобјето. Со преостанатата крв ја попрскувал надворешната страна од големиот жртвеник.

## 5.1. Жртвен јарец (азазел)

По завршувањето на обредот за опростување на гревовите направени кон светилиштето, се преминувало кон извршување на обред кој симболично го изразувал пренесувањето на гревовите на целиот народ врз жртвениот јарец. Големиот свештеник му приоѓал на јарецот, ги ставал врз него рацете и се исповедал по третпат, но сега во името на целиот народ. Потоа го изнесувал јарецот и му го предавал на еден свештеник. Околу нив тогаш се собирала толпа народ која извикувала: “Побрзај и замини”. Јарецот на смена го одведувале на десетина милји надвор од градот, сè до стрмната карпа над длабоката провалија. По должината на патот уште пред Јом кипур за оние што го придружувале јарецот биле изградени десетина колипки во кои имало јадење и пиење. На придружниците на јарецот им било дозволено да го прекинуваат постот. Последниот придружник пред да го бутне јарецот во провалијата, му ја симнувал црвената врвка од роговите и таа се кинела на два дела: едниот дел бил врзан за стрмната карпа, а другиот на роговите на јарецот. Во меѓувреме, Коен Гадол продолжувал со обредот, ја принесувал жртвата од младиот бик и од другиот јарец, а потоа читал извадоци од Тората. По сето тоа тој си ги миел рацете и нозете, ја соблекувал облеката од груб лен, се капел и ја облекувал златната одежда, повторно ги измивал рацете и принесувал додатна жртва (мусаф) за Јом кипур, понатаму го повторувал обредот на миење, ја соблекувал златната одежда, се капел, облекувал бела облека, за последен пат ги измивал рацете и нозете и најпосле влегувал во големото светилиште за да го земе садот за јаглен и црпалката. Со тоа се завршувал јомкипурскиот обред.

## 5.5. Јом кипур по разорувањето на Храмот

По разорувањето на Вториот храм, иако веќе не се изведувал симболичниот јомкипурски обред во Ерусалимскиот храм, Јом кипур не го загубил своето големо значење во животот на Евреите. Ако Јом кипур останел празник на кој единствено големиот свештеник моли за простување на гревовите на народот, тој никогаш не би го надживеал разорувањето на Храмот. Меѓутоа, бидејќи уште тогаш овој празник веќе минувал низ долга еволуција, народот се повеќе учествувал во обредите, така што и самиот празник добивал сè поголемо значење. Непосредно пред разорувањето на Храмот, Јом кипур бил голем ден на Евреите од целиот свет; тоа обележје се сочувало и по разорувањето, со тоа што големиот свештеник повеќе не служел како посредник помеѓу човекот и Бога. Евреите непосредно му се обраќале на Бога со молитви и со исповеди, но не го заборавале ни обредот од Ерусалимскиот храм. Во посебна молитва (Седер аавода), подробно се опишува обредот на големиот свештеник, при што се наведуваат неговите исповедувања, редоследот на принесувањето жртви и начинот на кој свештеникот и народот се поклонуваат паѓајќи ничкум до земја кога го спомнува Коен Гадол забранетото Божјо име.

## 5.6. Некои обичаи на Јом кипур

Рош–ашана и Јом кипур се единствените библиски празници со исклучително верска содржина, па затоа и обичаите поврзани со овие празници се разликуваат од обичаите поврзани со други празници.

Капара (в.), обичај при кој се користи живина за време на вршењето на обредот, бил раширен уште во X век меѓу Евреите во Вавилонија. Тој обичај, кој го наоѓаме и кај многу други народи се темели на старото примитивно верување дека бедата, несреќата и гревот може да се пренесат на друго живо суштество, или на предмет. Праисторискиот човек верувал дека предметите околу него се живи суштества – и каменот и дрвото и реките и мочуриштата – и дека во секое такво суштество живее зол или добар дух. Тој верувал дека со магии може да се влијае врз духот. Една од постапките што ја применувале примитивните народи била вознемирување на духот за да се избрка од местото каде што тој престојува, на некое друго место за да се ослободи лицето што тој го запоседнал и го задева. Така примитивниот човек измислил мноштво обреди и гатања за да ги спречи несреќите, или да ги пренесе гревовите на друго лице.

Кај Евреите има верување дека неживиот предмет може да го замени човекот во несреќа. На пример, ако се скрши некој скапоцен предмет луѓето се тешат и си велат: “Ова не-

ка биде капара за сите нас". Кај суеверните луѓе ширум светот постои верување дека несреќата и бедата полесно се пренесуваат на живите суштества отколку на неживите предмети. Притоа живината има значајна улога, особено петелот и кокошката. Злите духови се плашат од светло, а петелот со своето кугуригање ја најавува светлината на денот.

Исто така има и едно суеверно сфаќање дека предметот за магија против ѓаволот мора да има црна боја, затоа што и ѓаволот е црн. Меѓутоа, Евреите при вршењето на обредот капара ѝ даваат предност на живината со бела боја, со објаснување дека белата боја претставува симбол на ослободување од гревовите. Тоа е секако поново објаснување; изворно, белата боја се сметала за средство со кое се заплашува црниот ѓавол. Обредот капара најпрвин се востановил меѓу Евреите во Вавилонија, а оттука се проширил и кај Евреите од другите земји. Многу рабини биле против овој обичај и го сметале за идолопоклонство. Раби Јосеф Каро, авторот на "Шулхан аруха", сметал дека е овој обичај глупав и бесмислен. До појавата на обредот ташлих, обредот капара се извршувал пред двата големи празника. Евреите постепено го претвориле овој обред во чисто еврејски, внесувајќи во него и дух на општествениот морал. Додека незнабошците му ја посветувале жртвуваната живина на ѓаволот, Евреите неа му ја подарувале на народот.

## 5.6.1. КАПАРА (жртва)

Обичај на симболично пренесување на гревовите врз живината. Наспроти Јом кипур, секој член на семејството жртвува по едно животно, мажот жртвува петел, а жената кокошка. Пред колењето главата на семејството рецитира одредена молитва и притоа со живината кружи околу главата над секој член од семејството одделно. Со молитвата се изразува желбата преку смртта на живината да се добие откуп за долг, мирен и среќен живот. Заклананата живина потоа се подарува на сиромашните. Многумина наместо капара на сиромашните им даваат паричен прилог.

## 5.6.2. КАЛ НИДРЕ (арам. сите завети)

Кал нидре се почетните зборови и назив на молитвата со која започнува обредот на Јом кипур. Со таа молитва сите завети и обврски дадени во текот на годината се прогласуваат за неважечки. Таа била воведена заради склоноста на луѓето непромислено да преземаат обврски кои подоцна не можат да ги исполнат. Текстот на Кол Нидре за прв пат се спомнува во IX век во Вавилонија за време на Гаоните. Напишан е на арамејски јазик, на кој тогаш зборувал народот, и на хебрејски – за учените луѓе. Гаоните не ја прифатиле оваа молитва, а таа не била добро прифатена ни во Шпанија. Меѓутоа, со текот на времето неа ја прифатиле сите еврејски заедници во светот.

За време на прогоните во Шпанија, многу шпански и португалски Евреи, коишто инквизицијата со смртна закана ги присилила да се откажат од еврејството, се состанувале скришно по подрумите или во синагогите, и со молитвата Кол Нидре се одрекувале од заклетвите што ги давале под присила.

Содржината на молитвата со која се укинуваат сите дадени ветувања за одредени обврски им нанела на Евреите многу неволи: непријателите ги обвинувале дека ним ништо не може да им се верува, затоа што тие самите на Јом кипур си се ослободуваат од обврските. Затоа рабините појасниле дека на Јом кипур се поништуваат само оние завети коишто човекот ги презема кон самиот себе, а никако и оние преземени во однос на другите луѓе, без оглед на верата или на расата.

Кол Нидре нема некоја посебно значајна улога во изведувањето на церемонијата на Јом кипур, но затоа пак неговата мелодија со убавината и со емотивноста остава силен впечаток, така што вечерта на Јом кипур често се нарекува и вечер на Кол Нидре. Не се знае точно кога настанала мелодијата за оваа молитва. Најпрвин таа се појавила меѓу Евреите во јужна Германија во втората половина на XV век, а потоа неа ја прифатиле и Ашкеназите ширум светот. Сефардите и Евреите на ориентот имаат своја мелодија за молитвата Кол Нидре.

Реформистичките Евреи од западна Европа и Америка ја отфрлиле Кол Нидре. Богослужењето во нивните општини започнува со псалмот 130, по углед на Евреите во Палестина, кои пред појавата на Кол Нидре го започнувале јомкипурскиот обред со псалмите 103 и 130.

## 5.6.3. АСЕРЕТ ЈЕМЕ ТЕШУВА (хебр. десет дена на покајание)

"Асерет јеме тешува" е назив за првите десет дена од месецот тишри кои започнуваат со Рош–ашана, а завршуваат со Јом кипур. По традиција тие денови се денови на покајание (окајување), одредени за молитва и за каење. Се нарекуваат Јамим нораим – страшни денови.

Според едно тврдење во Талмудот, на Рош–ашана се отвораат три книги: книгата на праведниците, книгата на непоправливите грешници и книгата на колебливците, меѓу кои припаѓаат повеќето луѓе. Праведниците веднаш ги впишуваат во книгата на животот, грешниците во книгата на смртта, додека за колебливците се донесувала одлука на Јом кипур. Доколку се покајат, тие ќе бидат внесени во книгата на животот, а ако не се покајат, ќе бидат осудени на смрт. Затоа за време на овие денови верниците се обземени со чувства на вина и на надеж, слично како обвинетите пред судење.

## 5.6.4. ШАБАТ ШУВА

"Шабат шува" е назив за првата сабота по Рош–ашана, а настанал според првите зборови на Хафтарата (Шува Јисраел – врати се во Израел, Ошеа 14), која се чита на тој ден. Се нарекува уште и Шабат тешува (сабота на покајување), зашто се паѓа во деновите помеѓу Рош–ашана и Јом кипур, кои се нарекуваат "десет дена на покајување".

## 5.6.5. МАЛКУТ (хебр. камшикување)

Малкут е казна од 39 удари со камшик, којашто во старо време им ја изрекувал Бет–динот на злосторниците.

Во некои општини во источна Европа имало обичај постарите и побожните Евреи да се изложат самите на симболично камшикување заради окајување на гревовите. Камшикувањето го изведувал некој сиромашен човек, кој добивал награда за својот труд. Тој стоел со камшикот покрај вратата на храмот, каде што било подготвено малку слама. Луѓето, доаѓале еден по еден, паѓале ничкум на сламата и се исповедувале во себе. За тоа време камшикувачот трипати гласно ја изговорувал реченицата од псалмот која се состои од 13 збора (Псалм 78, реч. 38): "Веу рахум јехапер авон вело јашхит, веирба леа–

шив апо вело јаир кол хамато”. (Во превод: А тој е милостив и ќе го прости гревот, и нема да ги истреби, често го смирува својот гнев за да не пламне со сета јарост). При секој изговорен збор, камшикувачот лесно го удирал испосникот по плеќите, вкупно 39 пати. По толку удари добивале и злосторниците во старо време.

## 5.6.6. Палење свеќи

Секое семејство наспроти Јом кипур обично палело по две свеќи: нер ахајим (за живот) и нер нешама (за мртвите). Во некои општини на источна Европа, свеќите за мртвите ги подготвувале жени. Тие во периодот помеѓу Рош–ашана и Јом кипур оделе на гробишта и со конец ги мереле гробовите на своите покојници. Потоа конецот го засукувале, го вовлекувале во восок и правеле фитиљ за свеќа, а притоа се молеле и ги оплакувале своите покојници.

## 5.6.7. Благослов

Пред заминување во храм, татковците со одбрани зборови ги благословувале своите синови: Бог да им всади љубов кон Тората и да ги надари со мудрост; да им ја благослови куќата со синови и со ќерки; да им обезбеди благосостојба и да им подари здравје и долг живот.

## 5.6.8. Бела облека

На Јом кипур се облекувала бела облека, зашто белата боја се сметала за симбол на чистотата, а на тој ден луѓето сакале да бидат чисти од гревот. Овој обичај потекнува од времето кога постоел Ерусалимскиот храм.

## 5.6.9. Помирување

Давајќи му содржина на “денот на помирувањето”, рабините го условиле опростувањето од гревовите со помирување на еден човек со друг. За престапите кон Бога, Јом акипурим донесува проштевање. За навредите и неправдите, направени кон ближниот, нема опростување сè додека прекршителот не го обесштети повредениот и не го замоли за прошка. Затоа луѓето наспроти Јом акипурим меѓусебно се помирувале и се моелеле за прошка.

## 5.6.10. Неила (хебр. затворање)

Неила е завршната молитва на Јом кипур. Во Мишната таа се нарекува “неилат шеарим” (затворање на капиите), затоа што таа се извршува при заоѓањето на сонцето, во време кога, според верувањето, се затвораат небесните порти. Изворно, неила бил завршниот обред на Јом кипур, непосредно пред затворањето на капиите на Ерусалимскиот храм.

Молитвата неила обично ја врши еден од постарите членови на заедницата или рабинот. Орманот во кој се држат свитоците од Тората останува отворен за време на молитвата.



## 5.6.11. Видуј (хебр. исповед)

Видуј е исповед и признавање на вината за направените гревови, како и молитва за простување. Се темели на прописот во Тората: “Ако некој човек или жена направат некаков човечки грев, па со тоа му згрешат на Господа, и таа душа е крива, тогаш нека го признаат гревот што го сториле” (IV книга Мојсеева, 5–6,7).

Евреите, освен на празници, се исповедаат во секојдневни молитви, потоа кога се тешко болни и во многу други пригоди. На Јом кипур, видуј е главниот дел од богослужењето.

Текстот на видуј не бил утврден, па се менувал со текот на времето. Најважните текстови кои се наоѓаат во молитвениците се: “ашамну” (грешевме) и “ал хет шехатану лефанеха” (“заради гревот кој го сторивме пред Тебе”). Двата текста се наведени по азбучен ред, а содржат исцрпен список на разни престапи и можни човечки недостатоци како што се измама, лага, подмитување, клеветење, лоши мисли, навредлив разговор, неискрена исповед, непочитување на родителите и учителите и сл. Верникот се исповеда и моли за простување и на оние гревови кои можеби не ги направил самиот тој туку другите, бидејќи кај Евреите се смета дека тие си гарантираат еден за друг, дека се дел од единствено тело и дека е целата заедница одговорна за престапите на поединецот.

Според верувањето на Евреите, исповедта помага само во случај на искрено каење. Не му се простува на лицето кое вели: “Ќе грешам, а на Кипур ќе ми биде простено”.

Во времето на постоењето на Ерусалимскиот храм, големиот свештеник се исповедал во свое име, во името на останатите свештеници и во името на целиот народ. По разорувањето на Храмот, исповедта се извршува без посредници и секој Евреин во својата исповед му се обраќа непосредно на Бога. Еврејските мудреци направиле споредба помеѓу земниот и небесниот суд: Кога ќе ја признае обвинетиот вината пред земниот суд, тој ќе биде осуден. Пред небесниот суд му се простува ако ја признае вината и вети дека нема да греши повеќе.

# 6

## ШАЛОШ РЕГАЛИМ (три празници за поклонение)

Трите празници на кои се оди на поклонение, Песах, Шавуот и Сукот, се нарекуваат “шалош регалим”, што се толкува со изразот “трипати пешки”. На тие празници старите Евреи оделе на поклонение во Ерусалим, таму да го прославaат празникот и да принесат жртви во храмот.

Повеќето поклоници оделе пеш. Според традицијата поклоникот требало да ја мине пешки барем последната етапа од патот, т.е. од градот Ерусалим до ридот Цион (Ар Цијон), на кој се наоѓал Храмот.

Ар Цијон или Ар акодеш (Свет Рид) е назив за ридот Морија во Ерусалим, на кој е подигнат Бет–амикдаш (Храмот).



# 7

## СУКОТ (сеници)

Сукот е свечено празнување кое започнува наспроти петнаесеттиот ден од месецот тишри и трае девет дена. Првите и последните два дена се полни празници, а средните пет дена – полупразници. Седмиот ден се нарекува **Ошана раба** (в.стр.45), осмиот **Шемини ацерет** (в.стр.45), а деветтиот **Симхат Тора** (в.стр.46). Во Израел и кај реформистичките Евреи, Сукот се празнува осум дена. Според прописите на Библијата, Сукот заедно со Шемини ацерет треба да се празнува осум дена. Меѓутоа во галутот сите празници не се празнуваат онака, како што е тоа пропишано во Тората, туку им се додава уште по еден ден кој се нарекува Јом Тов Шени Шел Галујот (втор празничен ден на галутот). Причината за тоа е нестабилноста на календарот (Види: Еврејски календар стр.7) која особено била изразена во постаро време.

Толкувањето на историското потекло на празникот Сукот го наоѓаме во Библијата, каде што пишува: “Басукот тешеву шиват јамим...”.

“Во колибите живејте седум дена. Секој што е роден во Израел–от нека биде под сеница, за да знаат вашите потомци дека јас сум тој што направил тие да живеат под сеници кога сум ги извел од Египетската земја” (III книга Мојсеева 23,42).

Израелците лутале низ пустината во текот на 40 години, и за тоа време живееле под шатори. Во знак на сеќавање на тие денови Евреите на Сукот престојуваат во колиби седум дена. Празникот Сукот се празнува во есен. Во старата еврејска држава, каде што повеќето жители се занимавале со земјоделство, празнувањето започнувало по завршената жетва или по бербата на овошките. Селаните им се радувале на богатите приноси, излегувале на полињата и таму поминувале седум дена со песна и со игра.

Во народната традиција се сочувани земјоделските симболи на првобитното празнување. Тоа се четири видови билки – **арбаа миним** (види!), **етрог** (вид цитронско овошје), **лулав** (палмино лисје), **адас** (мирта) и **арава** (врба), кои се поврзани и служат за извршување на посебен празничен обред.

Сукот се нарекува уште и Хаг Аасиф (празник на бербата), или само Хаг (празник), а во литургијата тој се нарекува Земан симхатену (време на нашата радост). Во поново време, реформистичките Евреи го извршуваат празничниот обред на тој начин што сим–

болично се оживува празникот на собирањето на плодовите. На подиумот во храмот се подига мала сука и се украсува со овошје и со цвеќе. Во синагогата влегуваат деца, пеејќи славопои. На чело на поворката се носат традиционалните арбаа миним. Останатите деца, поделени во групи носат одбрано овошје и зеленчук. Така стариот мотив на празникот Сукот, како празник на собирање на плодовите се надополнува со нов, верски.

Во античките времиња Сукот бил главен еврејски празник. Не се знае точно како се празнувал, но се знае дека бил највесел празник во годината. Евреите во античкото време биле многу весел народ и ги љубеле песната и виното. Никогаш толку не се пеело и не се пиело како на празникот Сукот. Бидејќи е тоа поклонички празник, илјадници луѓе со своите семејства и многубројни карвани со еврејски селани, со песна заминувале на поклонение во Ерусалим. Побогатите влечеле и вол, како подарок на Храмот, а помалку имотните влечеле овца или коза, додека пак сиромашните носеле цвеќе или вино, кое го излевале на олтарот на Храмот.

Додека сè уште не постоел Големиот храм во Ерусалим, не било потребно да се оди на поклонение во Ерусалим. Во многу градови биле подигнувани храмови, луѓето го прославувале празникот обично таму каде што им било најблизу. Кога го изградил царот Соломон Храмот во Ерусалим, Сукот бил првиот празник што се празнувал во него.

Поклониците од сите краеви на еврејската држава се слевале во градот, од земјите на Римското Царство и од сите краеви каде што имало еврејски заедници. На улиците на Ерусалим можеле да се видат Евреи облечени во разни шарени носии, можело да се слушнат разни јазици и дијалекти. Се патувало со коли, со магариња и со камили, а имало и такви што доаѓале пешки. Се раскажува дека и славниот Хилел доаѓал пешки на поклонение дури од Вавилонија.

Голема била возбудата на поклониците кои за првпат доаѓале во Ерусалим. Тие слушале многу за тој град, за неговите школи и мудреци, а пред сè за величествениот храм што го изградил Херод (Ирод). Затоа тие биле полни со исчекување, нетрпливи да минат низ портите на градот, по неговите улици, да се вклучат во неговиот живот и да учествуваат во празничните обреди во Храмот.

Целиот Ерусалим бил полн со зеленило и со овошје. Неговите претставници стоеле на капиите од градот и ги дочекувале многубројните гости. Насекаде можело да се видат лисја од палми, маслинови гранки, миризлива мирта, врба и разлистани гранки на кои висело цитронско овошје.

По разорувањето на Вториот храм, празникот Сукот изгубил многу од својот сјај, но и понатаму останал најрадосен еврејски празник, со симболите кои се сочувале и ден-денес. Евреите продолжиле да го празнуваат Сукот со големи церемонии во синагогите и во домовите. Палмовата гранка и цитронското овошје се сочувале до денешно време како негови симболи.

## 7.1. СУКА (хебр. сеница, колипка, шатор)

Сука е сеница во која Евреите, според библискиот пропис, престојуваат седум дена на празникот Сукот, во знак на сеќавање на колибите и шаторите во кои живееле Израелците додека лутале низ пустината по излегувањето од Египет. Суката станала главното обележје на празникот Сукот, според која овој празник го добил своето име.

Обичај било да се започне со правењето на овие колиби веднаш по Јом кипур. Тие се прават во дворовите зад куќите, на балконите или на други пригодни места. Иако, по правило, се подигнувале индивидуално т.е. секое домаќинство си правело сука за себе, понекогаш повеќе семејства граделе заедничка сука, за да се обезбеди кворум за "Брикат амазон"(молитва по јадење).

Суката се прави од летви, даски, палмови гранки, лисја и од трски. Покривот треба да биде рамен и да биде покриен со гранки од листопадни четинари, палми или, во зависност од поднебјето, од други видови дрвја, но секогаш треба да биде така направен, да може да ги пропушта внатре сончевите зраци и низ покривот да може да се гледаат ѕвездите. Внатрешноста се обложува со бели чаршави, ѕидовите се украсуваат со разнобојни теписи, со цвеќе со овошје и со други украси, а по подот се посипува ситен фин песок. По Втората светска војна, Еврејската општина во Белград почнала да подига суки и во дворот на храмот за целата еврејска заедница.

Освен оние малубројни податоци што ни ги дава Тората, малку се знае за потеклото на овој обичај и за неговата поврзаност со празникот. Се знае дека уште од времето на Езра и Нехемија суката станала составен дел од празникот. Во книгата на Нехемија пишува дека на првиот ден од седмиот месец, Езра прочитал во Тората: "И најдоа запишано во законот дека Господ заповедал преку Мојсеј синовите Израелови да престојуваат во сеници на празникот во седмиот месец. И тоа го објавија и го прогласија по сите градови свои и во Ерусалим говорејќи: одете во гората и донесете маслинови гранки и гранки од диви маслини, и гранки од мирта и палмови гранки и гранки од шумски дрвја за да направите сеници, како што е напишано.

И народот излезе и донесе и направи сеници, секој на својот покрив и во својот трем и во тремот на домот Божји и на улицата кај Водената порта и на улицата кај Ефраимовата порта. И така направи сеници целиот собир што се беше вратил од ропство и престојуваа под сениците. А од времето на Јеошуа, синот Нунов, до тој ден не постапуваа така синовите Израелови. И настана многу голема веселба" (Нехемија гл. 8, 14–17).

Покрај библиското објаснување, според кое сука нè потсетува на лутањето по пустината и престојувањето под шаторите, оваа колиба служела и како инспирација за извлекување на морални поуки. Како што суката по градба е скромна и едноставна, но сепак доволно цврста за да ги издржи налетите на ветровите, така и човекот треба да биде скромен и понизен во своето однесување, но затоа цврст и постојан во своето верување.

Рамбам (Раби Моше бен Мајмон) од празникот на колибите извлекува поука според која човек и во добро треба да мисли на тешките денови, и со тоа да се натера да живее поскромно. Затоа тој на празникот Сукот се сели од своите удобни станови во колиби, за да се потсети на макотрпниот живот на своите предци во пустината.

Сука за многумина претставува симбол на привременоста и на нестабилниот живот на Евреите, кои насекаде живеат привремено, како номади, вечно лутајќи од една земја во друга.

## 7.2. СИМХАТ БЕТ АШОЕВА

Церемонија на црпење вода, која се одржувала во Ерусалим во времето на Вториот храм. Почнувала навечер на самрак на вториот ден од Сукот, а завршувала следното утро. Во церемонијата учествувале народните поглавари и поклониците. Карактеристично обележје на церемонијата било изобилството на светлина.

За таа пригода дворот на Храмот бил блескаво осветлен. Поворка со факели се движе-

ла играјќи и пеејќи. Во Мишната има една пословична изрека дека тој што не ја видел церемонијата на Бет ашоева, тој не видел што е вистинско веселење.

Се раскажува дека рабинот Шимон бен Гамалиел на Симхат бет ашоева земал во рацете осум запалени факели, ги фрлал еден по еден во височина и повторно ги фаќал во рацете, а притоа ниеден факел не се допирал со друг.

Светлото на факелите било толку силно, што секоја улица во Ерусалим била осветлена. Во зора, поворката го напуштала Храмот и заминувала на изворот Силоах, од кој црпеле вода и полнеле со неа златна стомна. Потоа се враќале во Храмот, ја излевале водата врз олтарот, заедно со виното. Пролевањето на водата го означувал почетокот на дождовниот период во Израел.

## 7.3. АРБАА МИНИМ (четири видови)

Арбаа миним се нарекуваат четирите видови билки со кои во храмот се извршуваат обреди за време на празникот Сукот. Тоа се етрог (вид цитронско овошје), лулав (листови од палма), адас (гранчиња мирта) и арава (гранчиња од врба).

Денес малку се знае за првобитната намена на арбаа миним. Во времето на Нехемија тие служеле за украсување на суката. Не е сосема јасно како се дошло до тоа лулавот и етрогот да се комбинираат со три гранчиња мирта и две гранчиња врба и потоа, како празничен букет да се растресуваат и да се насочуваат кон сите страни на светот. Во народната традиција тие четири видови билки се зачувани како симболи на земјоделството и биле составен дел на празнувањето на Сукот во прастаро време. Поклониците ги носеле овие букети кога во поворки оделе во Ерусалимскиот храм. Тие претставувале и израз на радост заради преминувањето на Израелците од пустината во земјата која изобилува со вода и со земјоделски производи. Споменатите четири видови билки растат во изобилство во Израел и секој може многу лесно да ги набави.

Според едно старо толкување четирите видови претставуваат талисман за дожд. Тие покажуваат дека, како што самите не можат да опстанат без вода, така ни светот не може да живее без вода. Со текот на времето народната фантазаија создала многу дополнителни толкувања. Така според едно толкување четирите видови билки ги претставуваат прататковците: Авраам, Јицхак, Јааков и Јосеф. Или, пак: лулавот е половината, етрогот е срцето, мирта е очи, а врбата уста. Според едно друго толкување четирите видови билки се четири категории Евреи, кои иако се различни по карактер, мора да живеат заедно и во меѓусебно разбирање за да се овозможи создавање на посреќна човечка заедница.

Еврејските мудреци во секоја од четирите видови гледале симбол на Евреин. Етрогот, овошка со вкус и со мирис, го симболизира Евреинот што ја познава Тората и прави добри дела. Палмата, односно урмата којашто таа ја раѓа и која има вкус но, не и мирис, го симболизира Евреинот што ја познава Тората, но не прави добри дела. Миртата, која има мирис, но не и вкус го симболизира Евреинот што не ја познава Тората, но прави добри дела. Врбата, која нема ни мирис ни вкус, го симболизира Евреинот што не ја познава Тората и не прави добри дела.



## 7.4. УШПИЗИН (арам. гости)

Влегувајќи во суката, која за време на празникот служи како главно место за укажување гостопримство, се изговорува кратка молитва со која симболично се повикуваат седумте невидливи гости. Тие гости се патријарсите и великаните на еврејскиот народ: Авраам, Јицхак, Јааков, Јосеф, Моше, Аарон и Давид.

**Молитва за суката:** Барух ата Адонај Елоену мелех алоам ашер кидешану бемицвотав вецивану лешев басука.

## 7.5. ОШАНА РАБА

Седмиот ден на празникот Сукот се нарекува Ошана раба. Тоа е последниот ден од обврската за престојување во сеници и за употребувањето на арбаа миним. Називот го добил според молитвата "Ошана", која на тој ден се чита повеќе пати отколку на останатите празници. Според сведоштвото во Мишната, верниците кружеле по еднаш околу олтарот секој ден од празникот Сукот, а на седмиот ден кружеле седум пати. Оттука потекнува и обичајот на Ошана раба со лулав во рацете да се обиколува олтарот седум пати и да се пејат пијутими (побожни песни), кои се нарекуваат Ошанот (види стр.47).

Меѓу народот се верува дека на Ошана раба им се потврдува пресудата на грешниците, донесена на Рош – ашана и на Јом акипурим. По завршувањето на обредот Ошанот, се удира со еден врзоп од врбини гранки по земјата близу олтарот. Врбата ја симболизира зависноста на билките од водата.

Постојат многу сведоштва за тоа дека во времето на постоењето на Храмот, овој празник бил востановен заради молитва за повикување дожд.

## 7.6. ШЕМИНИ АЦЕРЕТ

Шемини ацерет е празник што се празнува на осмиот ден од Сукот. На тој ден престанува обврската да се престојува во сука. Во молитвениците на хебрејски јазик и осмиот и деветтиот ден од Сукот се спомнуваат како Шемини хаг ацерет (осмиот ден е празникот Ацерет). Во Израел, каде што Сукот трае само осум дена, Симхат Тора се празнува на осмиот ден, кога се празнува и Шемини ацерет.

Изворно зборот ацерет значи свечен собор. Но во талмудската литература тој се употребува со значење на завршување. Така и празникот Шавуот се нарекува ацерет, како празник со кој се заклучува Песахот, на истиот начин како што Хаг ацерет е заклучен ден на Сукот.

Смислата на овој празник се објаснува со една приказна со следнава кратка содржина: Некој крал ги повикал своите деца на свеченост. По неколку дена, кога дошло времето за разделба, кралот се натажил и им рекол на децата: "Деца, останете уште еден ден, тешко ми е да се разделам од вас" (Раши, коментар III книга Мојсеева 23, 36).

На Шемини ацерет за време на утринското богослужење, се пее и се рецитира молитва за дожд Тикун агашем. Во неа свечено се воведува реченицата "Машив аруах уморид агешем" (отстранува ветар и пушта дожд), која секојдневно се повторува во молитвите, сè до првиот ден на Песах. На тој ден во храмот се врши помен за мртвите (мазкир).

## 7.7. СИМХАТ ТОРА (радост на Тората)

Симхат Тора е празник кој се празнува на последниот, деветтиот ден од Сукот. Во Израел тој се празнува на осмиот ден, заедно со празникот Шемини ацерет (види).

Симхат Тора го одбележува завршувањето на годишниот циклус на читањето на Тора, од почетокот (Параша Берешит). На читањето се повикуваат сите мажи што се наоѓаат во храмот, вклучувајќи ги и децата. Лицето што се повикува на читање на последните редови од Тората се вика хатан Тора (младоженец на Тората), а тој што се повикува на читање на нејзините први редови хатан Берешит (младоженец на почетокот).

Оваа процедура е во согласност со идејата дека проучувањето на Тората е бесконечно. Симхат Тора како посебен празник не бил познат во времето на Талмудот, а ни подоцна. Се претпоставува дека е воведен во Вавилонија во IX век, каде што се востановил обичајот на едногодишен циклус на читање на Тората. Со воведувањето на овој обичај се изгубила и последната врска на празникот Сукот со животот на природата и со годишните времиња. Тоа сè уште бил празник на веселење како и во старо време, но сега со ново значење. Радоста повеќе не била поради грозјето и житариците и земјоделските производи, туку заради Тората. Сеницата (сука) и лулавот (лисјето од палми) добиле ново толкување и станале симболи на религијата.

Кон крајот на средниот век бил воведен обичај на Симхат Тора да се изнесуваат свитоците на Тората, обложени со прекрасни кошулки, навезени со злато и со сребро: со нив се кружи околу олтарот седум пати, со традиционална песна и игра. Со текот на времето Симхат Тора станал највеселиот ден на празникот Сукот, а поворката во храмот – обред во кој заедно учествуваат мажите, жените, децата и младината. Денес посебно внимание им се посветува на децата, кои на подарок добиваат јаболка и слатки. Тие носат и знаменца на кои се прикажани библиски настани.

## 7.8. ХАТАН ТОРА ВЕХАТАН БЕРЕШИТ

На празникот Симхат Тора, по завршувањето со читањето на последниот дел на Тората, веднаш започнува нов циклус на читање на оваа книга. Општ обичај е во таа пригода да им се укаже почест на двајца истакнати луѓе, кои се повикуваат на читање. Лицето што го завршува читањето на последниот дел од Тората се вика хатан Тора (младоженец на Тората), а лицето што го започнува читањето на Тората од самиот почеток, бидејќи Тората започнува со зборот Берешит (“во почетокот”), се нарекува хатан Берешит (младоженец на почетокот). Хатан Тора се нарекува уште и хатан месајем (хатан кој завршува).

Во многу земји преовладува обичајот хатаним (младоженците) да подготвуваат закуска за повеќе гости. Во некои места хатаним даваат доброволни прилози, а закуската ја подготвуваат другите припадници на општината. Некогаш за хатаните се поставувал балдахин на излезот од храмот. Сиот насобран народ ги испраќал со песна, со свирка и со запалени факели во рацете. Со текот на времето, овој обичај се изгубил.

Во сефардските општини има и хатан Меона. Меона е првиот збор од реченицата со која започнува извадокот кој се чита (V кн. Мојсеева 33,27).



## 7.9. АКАФОТ (кружење)

Овој обред се извршува наспроти и на самиот ден на празникот Симхат Тора. Во таа пригода се вадат од орманот (Арон акодеш) свитоците на Тората и во поворка се носат околу синагогата седум пати. По секое кружење присутните пејат и играат. Кај Хасидите преовладува обичајот акафотот да се врши на осмиот ден на Шемини ацерет, по вечерното богослужење. Обичајот “седум акафот” со свитоците на Тората, на Симхат Тора, е воведен во XVI век.

Кружењето во поворка околу некој објект е мошне распространет обичај меѓу Евреите. Евреите кружат околу младоженецот, кој стои под балдахин, прават кругови околу гробовите, на некои места пак, се формира кружна поворка околу посмртниот ковчег за време на погреб и сл. Формирањето на кружни процесии е мошне стар и примитивен обичај кој може да се сретне кај сите народи. Настанал од суеверното верување дека е светот полн со духови и дека постојат многу магични средства со кои тие можат да бидат совладани. Едно од најдобрите средства е употребата на кругот кој се нарекува “магичен круг”.

Како што во почетокот се верувало дека човекот може да ги победи духовите со употреба на магичен круг, така подоцна се востановило верувањето дека со кружењето околу некој објект може да се стекне наклонетоста на Бога. Не само Евреите, туку и Хиндусите, Персијците, Грците и Римјаните, верувале дека со употребата на кругот може да се дојде во допир со Бога. Сиве овие народи имале обичај да кружат во поворки околу храмовите, олтарите и околу киповите на своите богови. Еден од најважните обреди кај Арапите се состои од кружење околу нивното светилиште.

И кај овој обичај, како и кај другите, народот го заборавил неговото изворно значење и му припишал ново, кое станало важен и симболичен дел на празничниот обред.

## 7.10. ОШАНОТ

Ошанот е редослед од молитви и стихови, кои започнуваат со зборовите Оша–на (О, спаси) и се рецитира во храмот за време на Сукот, кога го обиколуваат верниците бима – олтарот, држејќи лулав и етрог. Повеќето стихови ги напишал Раби Елеазар Хакалир, за кој што се претпоставува дека живеел во Палестина во осмиот век. Многу негови пијутим, како обредни песни ги прифатиле сите еврејски општини.

Редоследот на Ошанот кај сефардите се разликува од оној на ашкеназите. Компонирани по редоследот на буквите во алефбетот, секоја композиција од Ошанот има толку стихови или изрази, колку што има букви хебрејскиот алеф–бет.

Бидејќи се композициите полни со алузии на Мидрашот и на историјата и бидејќи се пишувани во акростих и со хебрејски синоними, многу е тешко да се преведат Ошанот на други јазици. Зборот Ошана е скратеница од зборот Ошиа–на, што значи: о, спаси. Такво повикување се врши по еднаш секој ден за време на Сукот, кога го обиколува поворката олтарот, а на седмиот ден на Ошана раба (види стр.45) се повикува седум пати. На Ошана раба се извршува и обредот во кој се удира со врбови гранчиња по земјата. Тоа е стар обичај кој потекнува уште од времето на Првиот храм. Бидејќи врбата расте на места што имаат доволно вода, таа силно се развива. Затоа, за примитивниот човек врбата секогаш била симбол за развој и за живот.

## 7.11. Хол амоед

Тоа се полупразнични денови на првите и последните два дена на Песах и на Сукот. Додека на строгите празници е дозволено да се работи само она што е неопходно за да се направат оброците, на Хол амоед може да се вршат сите работи што нѐ допуштаат одложување.

На Хол амоед не се вршат венчавања за да “не се измеша една веселба со друга”, а забранета е и жалоста. Сефардите не ставаат тефилин, додека ашкеназите го ставаат, но без бераха (бераха – благослов или молитва).



# 8

# ПЕСАХ - ПРАЗНИК НА ОСЛОБОДУВАЊЕТО

Песах се слави во спомен на спасувањето на Евреите од мисирското (египетското) ропство. Во почетокот се славел седум дена, но заради непрецизноста на стариот еврејски календар, се усвоил обичајот во земјите на галутот овој празник да се слави осум дена, и тоа секоја година од 15. до 22. нисан, при што првите и последните два дена биле полни празници, а останатите четири дена – полупразници. Во Израел, меѓутоа, а и меѓу реформистичките Евреи надвор од Израел, празникот Песах и денес се слави седум дена.

Песах е еден од трите поклонички празници (Песах, Шавуот и Сукот), на кои, Евреите, во времето на постоењето на Храмот, оделе на поклонение во Ерусалим и принесувале жртви. Празникот Песах уште се нарекува и Хаг аавив (празник на пролетта) зашто секогаш се паѓа во пролет и Хаг амацот (празник на бесквасниот леб), зашто на тој празник се јаде само леб без квасец.

## 8.1. Седер Песах и Агада

Седер е посебен верски обред кој се извршува во еврејските куќи на првите две вечери од празникот Песах (во Израел само на првата вечер). Седер е хебрејски збор и значи ред, а Седер Песах е празнична обредна вечера на која молитвите, читањето на Агадата и сите други обичаи се одвиваат по строго утврден ред.

За време на Седерот се чита “Агада шел Песах” и се пијат четири чаши вино. На една голема чинија, која е составен дел од обредот, се подготвени посебни јадења кои симболично потсетуваат на робувањето на Израелците во Мисир (Египет) и на нивното избавување (види: Кеарат Седер стр.51).

Хахамим наредиле на првата вечер на празникот Песах да се раскажува за настаните кои се случиле при спасувањето на Израелците од Египет, зашто во Библијата пишува: “Веигадта левинха бајом ау лемор” (“И ќе му кажеш на твојот син на тој ден говорејќи” – II книга Мојсеева 13,4). Од зборот веигадта доаѓа и зборот Агада.

Читањето на Агадата е основниот дел на обредот Седер. Агадата ги опишува настаните

што се однесуваат на празникот, ја изнесува историјата на доаѓањето на израелските племиња во Египет и нивното ослободување од египетското ропство, ја објаснува употребата на пасхалната жртва во времето на Вториот храм, употребата на бесквасниот леб (маца) и на горчливите тревки. Агадата содржи одломки од Библијата, од Мидрашот, стари легенди и анегдоти, ретки и интересни дискусии, молитви и благодарствени песни. Завршува со популарната песна “Хад гадја “ (види: “ Хад гадја”, стр.53).

Редоследот на обредот и читањето на Агадата се врши врз основа на точно утврдени прописи набележани во секоја Агада.

Истакнато место во Агадата има бројот четири. Постојат четири прашања (арба кушјот), четири различни видови синови, четири чаши вино, четири видови храна итн. На бројот четири му се припишува мистично значење. Евреите, како и некои други источни народи, го сметале тој број за свет. Во книгата на пророкот Даниел се предвидуваат четири големи империи пред доаѓањето на Месијата, четири реки кои излегуваат од Еден, четири големи ѕверови кои ги видел овој пророк во својата визија итн.

Агадата како книга има долга историја, стара околу 2000 години. Последниот дел содржи стари народни песни, настанати пред 400–500 години, а некои нејзини делови се читале уште во времето на Вториот храм. Арба кушјот (четирите прашања) спаѓаат меѓу најстарите делови од Агадата, а ги наоѓаме, како и некои други одломки во Мишната. Некои делови се додадени од агадскиот дел на Талмудот и на Мидрашот. Така на пример, од Мидрашот е преземена расправијата за четирите видови синови, кои станале инспирација за многу проповеди, духовити анегдоти и илустрации што ја збогатиле Агадата. Интересна е не само содржината на книгата, туку и старинскиот традиционален напев.

Агадата долго време била составен дел на молитвеникот и дури во средниот век таа станала посебна книга. Таа одиграла значајна улога во развојот на еврејската уметност. Илустрациите и цртежите за Агадата биле правени во времето кога таквиот вид уметност не бил вообичаен за Евреите. И песната “Хад гадја” се сочувала благодарение на Агадата.

Малку се знае за тоа како се празнувал Седерот во библиско време, со исклучок на она што е напишано во втората книга Мојсеева: “И нека јадат месо, истата ноќ испечено на оган, со пресен леб и со горчливо зелје нека јадат” ( II кн. Мојсеева 12,8).

“А, јадете вака: преопашани, обувките нека ви се на нозете, а стапот во рака, и јадете брзо, зашто тоа е Песах Господов ( II кн. Мојсеева 12, 11).

Во времето на танаитите, под влијание на Грците и на Римјаните, бил воведен обичајот, учесниците на Седер, испружени на канабе да се наслонат на левата рака, а да јадат со десната, земајќи храна од малите масички поставени покрај канабето. Во средниот век тој обичај бил укинат, зашто се сметало дека излежувањето за време на јадење е повеќе знак на слабост и на мрзливост, отколку симбол на слобода.

Во периодот по разорувањето на Храмот настанале некои промени во редоследот на Седерот. Наместо пред вечерата, Агадата почнале да ја читаат по вечерата. Се претпоставува дека до таа промена дошло затоа што било тешко да се чита Агадата по вечера и по испиените чаши вино.

Седерот кој се одржува во еврејските куќи, најдобро ја илустрира моќта на традицијата. Со евоцирање на спомените за излегувањето од Египет, Песах станал историски празник. Сеќавањата на минатото се слеваат со стремежите кон иднината преку обредот Седер кој започнува со повикувањето на сиромашните да дојдат и да го поделат со домаќинот она што го има тој, а се завршува со зборовите “Лешана абаа бирушалајим”.



## 8.2. МАЦА (хебр. бесквасен леб)

Маца е вид леб што се јаде на празникот Песах. Се нарекува уште и “лехем они”– леб на оние што се во неволја (V книга Мојсеева 16,3). Тестото за лебот маца се меси набрзина, без квасец и без какви било други додатоци, за да се спречи процесот на ферментирање.

За празникот Песах се подготвуваат два вида мацот: маца шел мицва или маца шемура (маца која се надгледува) и обична маца. Маца шемура се подготвува од посебна пченица, која е под надзор уште од моментот на жетвата за да не ја оштети влага. Се јаде на првата вечер на Песах. Обичната маца се јаде на останатите денови од празникот.

Мацата задолжително се јаде само на првата вечер на Песах. На останатите денови од празникот забрането е да се јаде хамец (види Хамец стр.54), но не е задолжително да се јаде маца.

Во старо време мацата била примитивен вид леб. Откако се увидело дека тестото може да се кисне, и така лебот да стане повкусен, мацата останала леб на сиромашните кои не можеле да чекаат да скисне тестото, или, пак таа се подготвувала во посебни случаи, кога ќе дојдел некој ненајавен гостин, па требало набрзина да се испече леб.

Во времето на Талмудот, мацата се печела секој ден; била со дебелина од околу четири прсти. Во средниот век, дебелината на така подготвениот леб била ограничена на еден прст. Со текот на времето мацата станувала сè потенка и сè покршлива. Има еден стар обичај, според кој, водата за мацот, пред заоѓањето на сонцето, треба да се налее во еден лонец и да се остави така во текот на ноќта. Тоа се правело така поради верувањето дека кога заоѓа сонцето се симнува под земјата и ја загрева водата во длабочините на изворите, а дека тоа може да влијае на ферментацијата на тестото кое се меси со таква вода. На почетокот од XX век, со пронаоѓањето на машините за печење, процесот на произведување на мацата бил многу поедноставен. Сепак, сè уште постои еден мал број побожни Евреи кои сметаат дека кашер може да биде само онаа маца која се подготвува со рака.

Денес мацата се прави главно од пченично брашно, иако не е забрането да се употребуваат и други житарици. Караитите на пример, ја прават мацата од јачмен зашто ја забрануваат пченицата.

Мацата која го симболизира брзањето со кое Израелците морале да го напуштат Египет, има и друго значење – таа потсетува на сиромаштијата и на страдањето на Евреите. Таа истовремено претставува и ропство и слобода. Овој леб кој се нарекува и “леб на оние што се во неволја”, нè потсетува на обврската кон оние што живеат во немаштија и што не можат долго да чекаат за помош.

## 8.3. КЕАРАТ СЕДЕР (хебр. чинија за Седер)

Кеара е назив за големата чинија на која е подготвено сè што е потребно за Седер. Според прописите на оваа чинија се става:

**Шалош мацот** (три бесквасни леба) кои симболично треба да ги претставуваат Коен, Леви и Јисраел;

**две јадења:** зероа (крило од кокошка) и беца (јајце);

**марор** – горчливи тревки во спомен на горчливиот живот на нашите татковци кога биле

во ропство;

**харосет** (мешавина од ореви, овошје, зачини и вино) за да ги заслади горчливите тревки. Оваа мешавина симболично ја претставува калта, од која Евреите правеле тули за градење (зехер летит);

**карпас** (целер и магдонос);

**хазерет** – рен како зачин на месото или на рибата, и оцет во кој ги потопувале тревките.

## 8.4. Косо шел Елијау Анави (хебр. чашата на пророкот Елија )

Еден од поинтересните обичаи на Седерот е оној што е поврзан со легендарниот пророк Елија.

Речиси во сите еврејски средини има обичај на Седер да се постави посебна чаша со вино за пророкот Елија, која затоа се нарекува “Косо шел Елијау Анави”. По вечерата, пред да се продолжи со читањето на Агадата, се отвора вратата и сите присутни стануваат за да му посакаат добредојде на пророкот Елија со зборовите “барух аба”. Потеклото на овој обичај не е познато, но се претпоставува дека и тоа бил еден од начините на кои се предизвикувал интересот на децата, кои во очекувањето на пророкот Елија остануваат будни.

Од старо време се верува дека пророкот Елија не умрел, туку дека во огнена кочија, со огнени коњи полетал на небото. Во времето на Талмудот се верувало дека пророкот Елија често се појавува на земјата.

Подоцна се втемелило верувањето дека пророкот Елија ќе се појави како весник на Месијата и затоа легендата за Елија станувала сè попопуларна. Евреите во својата свест го поврзувале Песахот – празникот на ослободувањето со пророкот Елија, како претходник на Месијата од кого што очекувале да го најави спасението.

Има и едно старо верување дека непосредно пред доаѓањето на Месијата, Елија ќе ги реши сите проблеми и сите спорни прашања и несогласувања. Оттука потекнува и обичајот да се каже: “Да му го оставиме тоа на Елија да одлучи”, ако од некоја дискусија не може да се извлече заклучок. Аморејците, во времето на Талмудот, не биле сосема сигурни дали на Седер се потребни четири или пет чаши вино, па затоа петтата чаша ја полнеле за Елија, велејќи: “Тој ќе одлучи дали е оваа чаша потребна или не”.

Во народната фантазија и обичајот на отворање на вратата во текот на вечерата на Седер е поврзан со пророкот Елија, наводно затоа што било потребно да му се олесни влегувањето во куќата. Некогаш вратата се отворала пред започнувањето на обредот Седер. Има разни толкувања околу отворањето на вратата, но најверојатно ниедно од нив не е автентично.

## 8.5. Афикоман (грчки - гозба)

Афикоман е назив за половината на средниот од трите леба (маца) кој се поставува на Седер Песах. Еден важен дел на церемонијата на Седарот е поврзан со афикоманот. Пред почетокот на читањето на Агадата, тој треба да се сокрие под перница или да се завие во крпа која некој треба да ја држи на рамењата, подражавајќи ги така предците



кои со своите бовчи врзани на рамењата излегувале од Египет.

Обичај е децата да го “украдат” афикоманот и да не го вратат сè додека домаќинот не го откупи. И криењето и “крадењето” на афикоманот се со цел да им го одржат вниманието на децата за да останат будни, сè до крајот на читањето на Агадата.

Зборот афикоман се наоѓа во Мишната (Песахим 10,18), но уште во времето на Талмудот неговото значење веќе било наполно заборавено. Се смета дека терминот афикоман потекнува од грчкиот збор “афикомијом”, кој значи гозба.

Со афикоманот се поврзани разни обичаи. Многу Евреи, кога ќе тргнат на пат, земаат по едно парче афикоман како амјалија против несреќа. Некои пак продупчувале дупка во афикоманот и го закачувале во храмот или во куќата. Не е познато од каде потекнува народното верување, според кое афикоманот има магична сила. Исто така, не може да се објасни зошто афикоманот најпрвин се крие, а потоа се јаде.

## 8.6. Хад гадја (арамејски - едно јаре)

“Хад гадја” е народна песна на арамејски јазик, помешана и со хебрејски, која се пее по завршувањето на Седер, на првата вечер од празникот Песах. Називот го добила според уводната реченица (“Хад гадја”), која се употребува и како рефрен, по секоја од десетте строфи, колку што ги има оваа песна. Оваа песна долго време се сметала за алегориска верзија на библискиот принцип “око за око, заб за заб” (II книга Мојсеева гл. 21–24–25), со кој се истакнува дека виновникот мора да ја добие заслужената казна. Но во суштина тоа е една детска песна, внесена во Агадата со цел да се развеселат децата и така да останат будни до крајот на читањето на Агадата. Песната е составена во XV век, а во XVI век станала составен дел од текстот на Агадата. “Хад гадја” за прв пат е печатена во Прага на германски јазик. Сефардите ја пееле на еврејско–шпански (ладино) јазик.

Содржината на песната во превод гласи :

Јарето, што го купи мојот татко за две парички.

Мачката го изеде јарето, кучето ја изеде мачката, Стапот го натепа кучето, огнот го изгоре стапот, Водата го угаси оганот, волот ја испи водата, Месарот го закла волот, анѓелот на смртта го уби месарот, А Бог го усмртил анѓелот на смртта.

Има уште една популарна песна, која се пее по обредот Седер. Тоа е песната “Ехад ми јодеа” (“Еден, кој знае”), којашто исто така ја пееле сефардите на еврејско–шпански јазик.

# 9

# НАСПРОТИ ПЕСАХ И ПОДГОТОВКИ ЗА ПЕСАХ

## 9.1. ХАМЕЦ (хебр. квасец)

Хамец е назив за секоја храна или садови, кои не се кашер шел Песах (на пр. скиснато тесто по дејствувањето на квасецот или отстојувањето). Според Тората, за време на празниците забрането е да се јаде и да се употребува хамец.

Во преносна смисла зборот хамец се употребува како синоним за нешто расипано. Рабините лошиот нагон во човекот (јецер ара) го нарекувале хамец. Со слични термини се служеле особено кабалистите во средниот век.

## 9.2. БЕДИКАТ ХАМЕЦ (хебр. барање на хамецот)

Бедикат хамец е назив за церемонијата во која се бараат остатоци од хамец, а која се извршува на почетокот на вечерата на 14. нисан. Церемонијата се извршува на следниов начин: домаќинката сокрива низ куќата парчиња леб, обично десет, на видни места, за да може полесно да се најдат. Домаќинот ги бара со светлина од свеќа. На некои места обичај е жената да оди напред со свеќа во рака и да го води домаќинот до местото каде што е ставен лебот. Пронајдените парчиња домаќинот ги собира со метличка од гускини перја или од врбови гранчиња, кои за таа цел се оставаат од претходниот Сукот, потоа ги става во дрвена лажица, на крајот сето тоа го завива во парче платно, го врзува со конец и го закачува на лустерот или на прозорот.

Наутро на ерев Песах сиот заостанат хамец се пали. Ако ерев Песах се падне на Шабат, тогаш обредот бедикат хамец се извршува во четврток навечер, а палењето во петок наутро.



## 9.3. МЕХИРАТ ХАМЕЦ (продавање на хамец)

Секој Евреин е должен пред празникот Песах да го отстрани или да го отуѓи сиот хамец од својот дом, зашто во Тората пишува: “За седум дена да не се најде квасец во куќите ваши” (II книга Мојсеева 12,19). За време на празникот Песах се забранува да се има каква било корист од хамецот. Со него не смее да се храни ни стоката, да се пали печката и сл. Рабините ги вовеле и ограничувањата според кои засекогаш е забрането да се користи хамецот кој не е отстранет пред празникот Песах. Меѓутоа, ако Евреинот пред Песах му продал или му подарил хамец на некој неевреин, тогаш тој по Песахот може повторно да си го купи. Така се востановила симболичната продажба на хамец меѓу соседите или пријателите неевреи.

## 9.4. ПЕСАХ ШЕНИ (втор песах)

Песах шени се нарекува 14. ијар. Во времето на постоењето на Ерусалимскиот храм, сите тие кои од какви било причини биле спречени да принесат жртва, тоа можеле да го сторат на 14. ијар. Денес е обичај на Песах шени да се јаде парче месо со големина на една маслинка. Песах шени уште се нарекува и Песах катан.

## 9.5. ШАБАТ АГАДОЛ (големиот Шабат)

Шабатот пред Песах се нарекува Шабат агадол. Тој назив најверојатно настанал според Афтарата, која се чита во таа сабота и во која стои: “Еве јас ќе ви го испратам пророкот Елија пред да дојде големиот и страшен ден Господов” (Малахија , 4,5)

Според едно толкување од XIII век, епитетот “големиот” настанал заради тоа што во сабота пред Песахот се извршува значително подолга служба во храмот одошто во другите сабoти. Тогаш се држи долга проповед и се пеат разни напеви, а попладне се читаат некои делови од Агадата за да се запознаат верниците со нејзината содржина уште пред Седер.

## 9.6. ОМЕР

Стара еврејска мерка за житарици. Еден омер тежел околу 10 килограми. На вториот ден од празникот Песах, во стариот Израел, со посебна свеченост започнувала жетвата на јачменот. Првиот сноп јачмен (омер) бил во вид на жртва наменета за Ерусалимскиот храм.

## 9.7. СЕФИРАТ АОМЕР

Библијата налага деновите на омерот да се бројат седум седмици (49 дена), од вториот ден на Песах до Шавуот. Броењето симболично го поврзува излегувањето од Египет со примањето на Тората. Мајмонидес (Рамбам) сликовито го споредува тоа броење со човекот, кој нестрпливо го очекува најмилиот пријател и постојано ги брои седмиците, деновите, па дури и часовите, сè додека не дојде пријателот.

Деновите на сефирата нѐ потсетуваат на многуте несреќи што им се случиле на Евреите од времето на Хадријан, римскиот император, па до крвавите недели на крстоносците. Затоа деновите на сефира се сметаат за денови на национална жалост (со исклучок на триесет и третиот ден, в. Лаг Баомер стр.62). Во тој период не се извршуваат венчавки и се одбегнуваат сите манифестации со весел карактер.



# 10

## ШАВУОТ

**Шавуот** е вториот по ред од трите поклонички празници, кој има неколку називи во еврејската традиција. Денешниот назив **Хаг ашавуот -Празник седмица**, веројатно води потекло од фактот што овој празник почнува да се слави седум седмици по вториот ден од Песах, т.е. на крајот на одбројувањето на **омерите**. Првиот ден од празникот е всушност педесеттиот ден од почетокот на одбројувањето, па затоа Шавуот на грчки се нарекува **Пентекосте**, а на нашиот јазик **Педесетница.** Во II книга Мојсеева (34,22) стои називот Хаг ашавуот, додека во истата книга претходно (23,16), стои дека е тоа **Хаг акацир - Празник на жетвата** и на првите плодови. Во Мишната и во Талмудот овој празник се нарекува уште и **Ацерет**, што би можело да значи свечен собир, при што веројатно се мисли на собирот на поклониците во Ерусалим. Во времето по заклучувањето на Вавилонскиот Талмуд, празникот почнал да се слави на 6. сиван, зашто пресметале талмудските учители дека на тој ден му била дадена Тората на народот на Израел на ридот Синај, па затоа празникот добил и уште едно име: **Земан матан торатену** – време на давање на нашата Тора или послободно преведено: **часот кога ни е дадена Тората.**

Иако во почетокот не било така, Шавуот денес се слави два дена, на 6. и на 7. сиван (а во Израел само на 7. сиван). Се чини дека празникот од дамнешни времиња бил прифатен од староседелците на Канаан во својата првобитна форма на земјоделско славење на ожнеаните снопови пченица, за што говорат и неговите називи **Хаг акацир, Хаг абикурим - Празник на првината.** Бидејќи зависела жетвата од временските услови, веројатно не бил прецизно одреден денот и месецот кога овој празник требало да се слави, туку само било назначено дека треба да се слави празникот на жетвата. Впрочем во Светото писмо се говори на неколку места за времето на жетвата како за временска одредница за земјоделското славење. Заради воопштено одредување на почетокот на празникот, во древните времиња биле водени расправи за точниот датум, затоа што и самиот пропис дека празникот треба да се почне да се слави на педесеттиот ден откако “српот го начнал узреаниот посев” (при што се мислело на посевот од јачмен и на празникот на жетвата на јачменот – Песах), се толкувал и се сфаќал на различни начини.

Талмудските учители пресметале дека ги добил Мојсеј на ридот Синај Десетте запове–

ди и Тората на шестиот ден од третиот месец сиван и тој народно–верски момент го прогласиле за најважна содржина на самиот, за нив најрадосен празник. Занимливо е тоа што во Талмудот, во трактатот Рош–ашана (16/а) во Мишната 1,2 е запишано дека: “Шавуот е судниот ден на плодовите на дрвјата”.

Во Тората нема многу податоци за самиот празник, освен неколку противречни прописи за принесување на жртвите и за принесување на два бели леба, кои се помешани со квасец, потоа одредбите за обврската за одење на поклонение во Ерусалим која важела за сите машки глави и, на крајот, и прописите за празничните гозби, на кои треба да се повикаат и робовите и сиромашните.

Во денешно време молитвите во синагогите се речиси исти како и молитвите за поклоничките празници (Песах, Шавуот, Сукот), со тоа што на одредени места се вметнува текст, кој нагласува дека се работи за **земан матан торатену**. Во источноевропските ашкенашки заедници за време на мусафот – претпладневната молитва, се пее химната **Акдамут**, а општ обичај е да се чита свитокот за Рут. Читањето на свитокот за **Рут** се објаснува на различни начини, почнувајќи од тоа што главната хероина на овој библиски роман ја примила еврејската вера (а сево ова се случува за време на жетвата), па до тоа дека царот Давид, според преданието, починал на празникот Шавуот. Свитокот за Рут, во некој поглед претставува почеток на родословието на Давидовата династија.

Кабалистите во источна Европа имале посебен обред т.н. **Тикун лел шавуот**. Тие ја минувале целата прва празнична ноќ во читање молитви.

Кон крајот на XIX век, во некои т.н. неолошки и реформистички ашкенашки општини, бил воведен обичајот, кој во почетокот бил наречен “конфирмација”, а кој подоцна го добил називот **бат мицва.** Во модерните синагоги обичајот на воведувањето на девојката во синагогата се врши на првиот ден од празникот Шавуот.

## 10.1. Обичаи

Во сите заедници имало обичај домовите и синагогите да се украсат со зеленило, со цвеќе, а во Полска и во Русија по подот се посипувала трева, со што се прославувала поврзаноста на Тората, Десетте заповеди и склучувањето на сојузот со Бога, со древниот празник на Евреите –земјоделци, кои на тој начин го славеле завршувањето на жетвата. Уште многу одамна се врежал обичајот на тој ден да се јадат јадења и колачи подготвени од млечни производи и од млеко, постапка која се толкувала со фактот дека се јадат овие јадења во слава на Тората, која според традицијата, во Песната над песните, се споредува со “мед и млеко”. Во сефардските заедници се прават посебни колачиња со млеко и со суво грозје, кои се нарекуваат **Монте ди Синај** – Синајски Рид, а во Босна само **Монти ди Шавуот** и таа симболика е јасна. Кај ашкеназите, колачите со млеко, сирење и со суво грозје се нарекуваат просто на јидиш **милхикес** – млечно.

Трите дена наспроти празникот се нарекувале **Шелошет јеме агбала** – три дена на ограничување, како спомен на мерките на претпазливост, кои ги презел Мојсеј пред заминувањето на Синајскиот Рид, каде што требало да ги прими заветните плочи. На овие денови, како полупразници, се користела можноста да се извршат венчавањата, кои инаку, освен на Лаг баомер, не било дозволено да се извршуваат за време на броењето на омерите.



## 10.2. Акдамут

Според зборовите “Акадамут милин...” “На почетокот на зборот...” се нарекува химната, која во XI век на арамејски јазик ја напишал Меир бен Јицхак Шац, хазан – кантор во синагогата во Мајнц и Вормс. Содржината на овој славовслов се состои во возвеличувањето на Бога, важноста на Тората и опишувањето на наградите што ќе ги добијат праведниците на оној свет. Химната најпрвин била прифатена во германскиот обред на првиот ден на Шавуот, по читањето на првите реченици од Тората. Подоцна била прифатена и во полските општини. Има два напева, според кои се пее Акдамутот (на јидиш **Акдомес**), од кои првиот е многу стар, а вториот е особено убава композиција, веројатно од некој кантор од XVIII век. Оваа втора музичка верзија на Акдамутот за потребите на главната лондонска синагога прекрасно музички ја обработил И.Л. Номбах во 1870 година. Кај сефардите Акдамутот не се чита.

## 10.3. Мегилат Рут - свитокот за Рут

Свитокот за Рут е еден од петте свитоци (Хамеш мегилот) во Библијата. Тоа е убава книжевна творба, во која нема законски одредби, но затоа е топла, длабоко човечна, како да е напишана со цел да ги разбуди најблагородните чувства меѓу луѓето. Насловната личност, Рут, по потекло не е Еврејка, но сепак е прикажана како прабаба на кралот Давид.

За таа приказна, за идиличната слика на мир и задоволство, многу се расправало уште од дамнешно време како меѓу Евреите, така и меѓу неевреите, библиските коментатори. Библиската критика од XIX век ја создала тезата дека е книгата за Рут напишана во времето кога требало да се ублажи или дури да се поништи наредбата на Езра и на Нехемија за истерувањето на нееврејските брачни другари во мешаните бракови. Тоа објаснување современата еврејска библиска наука го отфрла. Но сепак постои согласност во поглед на мислењата дека во основа е точна онаа прастара реченица од мидрашкиот дел, која го толкува токму овој свиток (Мидраш Рут Раба 2,15): “Раби Зеира рече: во овој свиток нема (прописи) за нечисто, ни (прописи) за чистота, ни забрани, ни дозволи, па зошто тогаш е напишан? За да даде поука за тоа колку е голема наградата за вршењето на добри дела”.

Кратката содржина на оваа книга, која со своите мотиви вдахновувала многу поети и сликари е следнава: Некој си Елимелех од Бет Лехем во Јудеја тргнал со своето семејство во Моав за да може да ја преживее гладта која владеела во времето кога со древниот Израел управувале судиите. Таму, по неговата смрт, се ожениле неговите два сина со Моавки, но по десет години умреле и тие, а ги оставиле своите вдовици без деца. Нивната мајка Наоми (која во многу преводи се изговара како Ноеми) тргнала да се врати во својот роден крај, кон Бет Лехем, а двете снаи тргнале заедно со неа да ја придружуваат. Кога пристигнале до границата на Моав, Наоми им се заблагодарила на снаите за доброто однесување кон нејзините синови и кон неа, и им предложила и тие да си заминат во својот роден крај. Едната снаа се согласила со предлогот на свекрвата, а другата, Рут, го одбила тој предлог и рекла дека и таа сака да појде заедно со својата свекрва, секаде каде што ќе ја поведе таа. Во Бет Лехем и двете живееле многу тешко. За време на жетвата Рут тргнала заедно со сиромашните да собира побирок по полињата, за да може да се прехрани себеси и својата свекрва. Сопствениците на земја, според законите на Тората, биле обврзани да им дозволуваат на сиромашните да собираат побирок (плодови што биле собрани со главната берба) по нивните имоти.

Така Рут стигнала и до полето на Боаз, еден угледен човек, кој му бил роднина на нејзиниот маж. Свекрвата Наоми ја советувала Рут да мине една ноќ на гумното до Боаз, и да побара од него да ја земе за жена, како роднина по крв на нејзиниот покоен маж, а за да не му се сотре во Израел името на нејзиниот маж. Рут така и постапила. Таа ноќ тргнала на гумното и легнала до нозете на Боаз. Боаз се разбудил во текот на ноќта, ја здогледал жената и ја прашал која е таа и што бара таму. Рут му одговорила дека е вдовица на неговиот роднина и дека бара од него, според стариот обичај (според еврејските прописи за левиратски брак), да ја земе за жена, за да може да роди син, наследник на сите права на нејзиниот прв маж. Боаз ˇ одговорил дека се согласува, но дека во Бет Лехем има човек кој му е поблизок роднина на нејзиниот маж и дека најпрвин треба него да го праша, дали тој ќе сака да ја изврши таа должност. Роднината го одбил предлогот, па Боаз пред сведоци изјавил дека ја зема за жена Рут, вдовицата на својот роднина и дека ги откупува од Наоми сите имоти на Елимелех за да се сочува во наследство името на покојникот.

Според таа приказна, Боаз ја зел Рут за жена, а таа му го родила синот кој се викал Овед– ”и Овед го роди Јишај и Јишај го роди Давид...”. Така се завршува овој убав текст, кој во некои заедници се чита, со посебен напев, на првиот ден од празникот Шавуот.

## 10.4. Исру хаг

Денот по богопоклоничките празници Песах, Шавуот и Сукот, се нарекува Исру хаг (поврзете го празникот) и се смета за полупразник. Во времето на Ерусалимскиот храм многубројни поклоници не стигнувале на празникот да ги принесат своите жртви, па тоа го правеле наредниот ден, на Исру хаг.



# ДРУГИ ПРАЗНИЦИ

# 11

## ЛАГ БАОМЕР

Триесет и третиот ден од броењето на омерот, кој се совпаѓа со 18. ијар, е мал празник кој се празнува во спомен на победата на Бар Кохба над Римјаните и запирањето на чумата која завладеала меѓу учениците на Раби Акиба (II век пр.н.е). Затоа тој празник се нарекува и празник на учениците. На тој ден се прекинува со жалоста вообичаена за времето на сефира, па може тогаш да се извршуваат венчавки и сл.

Во хебрејскиот јазик буквите во алефбетот имаат вредност на броеви. Лаг во хебрејското писмо се состои од буквите Ламед – 30 и Гимел – 3, што значи 33.

На Лаг баомер еврејските деца и младината одат во природа, каде што се организираат игри од војнички карактер со дрвени лакови и стрели, подражавајќи ги на тој начин учениците на Раби Акиба, кои се бореле во редовите на востаниците.

Има и верување дека на Лаг баомер умрел Раби Шимон бар Јохај, кој се смета за автор на кабалистичката книга **Зоар.** Во Израел на тој ден илјадници верници се упатуваат на неговиот гроб, кој се наоѓа во Мерон, близу Сафед (**Цефат**).



# 12

## ХАНУКА

### 12.1. Потекло на празникот

Ханука се слави во знак на сеќавање на победоносната ослободителна борба на еврејскиот народ против хеленистичките окупатори за време на владеењето на Антиох IV Епифан од династијата на Селевкидите. Хеленизмот бил израз на стремежот за создавање на единствен народ во многуплеменското и многуверското царство, со средства на асимилација и изедначување со грчката култура и вера. Надворешниот знак на угнетувањето како врв на хеленистичкиот обид за уништување на еврејската народносна специфичност се препознавал во окупираната еврејска држава во забраната на основните еврејски верски обреди (обрезание, обредна чистота, кашрут, читање на Тората, славење на празници и сл.) и во поставувањето на кипот на Зевс Олимписки на олтарот во Ерусалимскиот храм. Според I книга на Макавејците (I, 44) сето тоа се случувало на 25. ден од месецот кислев 167 година пр.н.е. Старецот Мататја (Мататја **акоен**) од семејството на Хашмонејците, кој бил од свештенички род, заминува во **Модиим**, со своите пет сина, го руши локалниот многубожечки кип кој го поставиле окупаторите и започнува ослободителна, герилска војна на малиот народ против најмоќната империја во тогашниот свет. По смртта на Мататја со борбата раководи неговиот син **Јеуда Макаби** (мал чекан), кој по три години војување успева да го истера окупаторот од поголемиот дел на земјата, влегува во Ерусалим, каде на 25. кислев, на годишнината од понижувачката царска заповед, го исчистил Храмот, ги срушил туѓинските идоли и извршил осветување на жртвеникот, а со самото тоа и на Храмот. Како што пишува во Книгата на Макавејците, победата над непријателот и осветувањето на Храмот народот го славел осум дена, со принесување жртви и со пеење славопои, а **Јеуда**, со своите браќа и со целата израелска заедница одредил секоја година, почнувајќи од дваесет и петтиот ден на месецот кислев, “осум дена радосно и весело да се слави денот на посветувањето на жртвеникот” (I Книга Макавејска 4,59).

Освен овие податоци, забележани се и многу други легенди околу настанувањето на овој празник. Една од нив е забележана во Талмудот, во трактатот Шабат (21/б): “Што е тоа Ханука? Зашто нашите учители учеа: на дваесет и петти кислев (почнуваат) деновите на Ханука кои се осум, а во кои оплакувањето на мртвите и постот се забранети. Зашто

кога влегле Грците во Храмот, го осквернавија сето масло, кое беше во Храмот. А кога надвладеа кралството на домот на Хашмонејците и победија, посакаа и не најдоа повеќе од еден сад со масло, кој беше тргнат настрана и со печат од големиот свештеник. Во него немаше повеќе масло отколку да се пали за еден ден. Но се случи чудо со овој сад и од него палеа осум дена. Следната година одредија и направија повеќе од овие (денови) за празнување со читање на **алел** и со славопој”.

Врз основа на оваа легенда се создала и верската традиција за **чудото** кое се случило и заради кое треба да се слави Ханука.

## 12.2. Како се слави Ханука

Записите зборуваат за тоа дека Јеуда Макаби и неговите соборци, Евреите по победата и осветувањето на Храмот, славеле осум дена втор Сукот, зашто, во времето кога требало да го направат тоа, не биле во можност, затоа што престојувале како борци во горите и во шумите.

Се чини дека палењето на факелите, на борините и на другите светила набрзо по настанувањето на празникот станало општ народен обичај, кој потоа бил озаконет во Талмудот. Во наведениот трактат се зборува за тоа дека заповедта за празникот Ханука предвидува палење по една свеќа, односно по една борина на едно домаќинство. Тука меѓутоа, веднаш се нагласува дека оние што биле повеќе побожни палеле по една свеќа на секој член од домот, а најпобожните по една свеќа повеќе секој ден за секој член од домот. Понатаму пишува дека следбениците на Шамаевата школа првата вечер палеле по осум светилки, а потоа секој ден по една помалку, додека припадниците на Илеловата школа, со образложение дека во светите нешта може само да се наголемува, а никако да се намалува, првата вечер палеле по една светилка, а потоа секој ден по една повеќе. Тој обичај е сочуван и до денес.

## 12.3. Верски обреди и молитви на празникот Ханука

Според верската традиција, ханука–свеќите или борините не смее да служат за осветлување или за која било друга употребна цел. Поради тоа веројатно бил создаден обичајот на палење свеќички со помош на **шамашот** (јидиш**: шамеш**) – прислужникот.

Пред палењето на свеќичките се читаат две берахот(и), во едната се благословува Бог што го заповедал палењето на ханука–свеќичките, а во другата што “им направил чудо на татковците наши во оние денови, во она време”. На првата вечер (како и сите еврејски празници, така и празникот Ханука започнува наспроти денот) се говори бераха **шеехејану**. Се припалува шамаш, а потоа со него се палат останатите свеќички, од лево на десно, и понатаму се изговара текстот кој почнува со зборовите: **анерот алалу** (овие свеќи), во кој се набројуваат прописите за палење на ханука–свеќите и за начинот на однесување за времето додека тие горат. По палењето на свеќите, сефардите го пејат Псалмот 30, кој почнува со зборовите: **мизмор шир ханукат абајит**, во кој се говори за посветувањето на домот, на Храмот и за благодарноста за избавувањето од непријателот. Кај ашкеназите, по палењето на свеќите се пее познатата химна **Маоз цур јешуати**, која ја прифатиле и многу сефардски кругови. Оваа химна настанала некаде околу XIII век и се знае само дека пишувачот на текстот се викал Мордехај и дека живеел во Германија.



**Маоз цур**
Маоз цур јешуати
леха нае лешабеах.
Тикон бет тефилати,
вешам тода незабеах,
леет тахин матбеах,
мицар амнабеах,
Аз егмор, бешир, мизмор,
ханукат амизбеах.

מָעוֹז צוּר יְשׁוּעָתִי לְךָ נָאֶה לְשַׁבֵּחַ,
תִּכּוֹן בֵּית תְּפִלָּתִי וְשָׁם תּוֹדָה נְזַבֵּחַ,
לְעֵת תָּכִין מַטְבֵּחַ מִצָּר הַמְנַבֵּחַ,
אָז אֶגְמֹר בְּשִׁיר מִזְמוֹר חֲנֻכַּת הַמִּזְבֵּחַ.

Секој ден на празникот се додаваат уште некои молитви (ал анисим – Псалми 113 –118 и др.).

## 12.4. Назив (име) на празникот

Ханука не се викала секогаш така, а денес има повеќе имиња. Именката **ханука,** на хебрејски јазик значи осветување и, како назив за празник веројатно е скратеница од **ханукат абајит** – осветување на домот, Храмот, или **ханукат амизбеах** – осветување на жртвеникот, олтарот. Јосиф Флавиј во своето дело “Еврејски древности”, тој празник на грчки го нарекува **фота -** светлина, сјај, а и многумина денес на хебрејски го нарекуваат така – **хаг аурим** – празник на светлината. Сите овие имиња се поврзани со легендите за настанувањето и славењето на празникот.

## 12.5. Обичаи

Палењето светилки (свеќи, борини, факели и др.) за време на овој празник започнало уште многу одамна, а во Талмудот е забележано дека светилките треба да се поставаат за да бидат видливи и од улица. Некои ги ставале на улица, пред своите врати, а повеќето на прозорците што гледаат кон плоштадот или кон улицата. Талмудските прописи дозволуваат да се ставаат светилките на маса во внатрешноста на станот во време на опасност т.е. во време на прогонство. Пишувачите на талмудските **алахот** (прописи) имале повеќе причини да му дадат поинакво значење на овој празник, од нив две се најважни: По пропаѓањето на востанието против Рим (70 година), настојувале да го сочуваат овој празник, така што бил истакнуван првенствено неговиот верски карактер (верата во чудо кое се случило со Божја помош, надежта за преживување на прогонот и др.). Понатаму на политичкиот живот на древниот Израел, авторите на Талмудот, биле некој

вид наследници на фарисеите и противници на династијата на Хашмонејците, па настојувале таа династија, почнувајќи од Јеуда Макаби, да ја избришат од историјата и традицијата. Со текот на времето Ханука добила карктер на семеен празник, кој се славел како таков со векови, а во XX век повторно ја добива својата полна смисла на споменот на народнослободителното востание.

Со векови постоел обичајот за време на празникот Ханука да им се даваат подароци на учителите, а тие дарови биле всушност и нивната единствена плата. Исто така во тие денови си разменувале дарови идниот тест и зет. Децата добивале помала сума пари, наречени **деме ханука** –**ханука гелт**, додека во сефардските заедници децата добивале играчки, а добрите ученици награди за учењето.

Традиција било ништо да не се работи за време додека гореле свеќичките. Забавата, како на пример играњето карти била допуштена и оваа навика се одомаќинила во ашкенашките заедници (во сефардските заедници тоа се допуштало во вечерите на Пурим). Од Германија кон источна Европа се пренела една игра со зврчка, која на јидиш се нарекува **трендели**, а во модерниот хебрејски – севинон. Севинонот има четири страни на кои се напишани четири хебрејски букви: нун, гимел, е, шин како скратеници на хебрејските зборови: нес, гадол, аја, шам –"големо чудо се случило таму". Последниот збор (шам) во современ Израел се заменува со зборот "по", кој значи тука. Децата со зврчката играле за ореви, слатки или за својата ханука–паричка. Зборовите кои се пишувале на зврчката се поврзани со легендата за чудото со маслото, па затоа за време на празниците во одредени заедници се меселе мекици од тесто или од компири, кои ги пржеле во масло. Во источна Европа, тоа биле латкес – парчиња од рендан компир, а во современ Израел тоа се мекици од тесто или од компири: **суфганијот и левивот.** Во средниот век постоел обичај да се јадат разни видови колачи со сирење во знак на сеќавање на запишаната традиција, според која Јудит му давала на Холоферн повеќе сирење за да ѝ побара повеќе вино.



# 13

## ХАМИША АСАР БИШВАТ

Хамиша ашар бишват или скратено Тубишват (уште се нарекува Хамишоши и Фрутас), што значи петнаесетти ден од месецот шеват, во Мишната се опишува како Нова година на дрвјата (види Мишна стр.96).

Прописите на Библијата одредуваат една десетина од годишниот приход во земјоделството да се одделува за свештениците. При тоа приносите од едната година не смееле да се употребуваат за одвојување десеток за другата година. Следејќи ги промените во природата, еврејскиот селанец увидел дека во текот на годината најмногу дожд паѓа до 15. шеват, па земјата е доволно натопена со вода, а стеблата веќе почнуваат да ги впиваат соковите со кои ќе ги хранат своите идни плодови. Затоа во Мишната е одвоен 15. шеват (јануари – февруари) како граница помеѓу старата и новата година за одделување десеток од приносот. Така, на пример десетокот од цитрусот, набран на 14. шеват, пред заоѓањето на сонцето ѝ припаѓа на старата година, а од цитрусот од истото стебло набран по заоѓањето на сонцето (што според еврејскиот календар се смета дека е 15. шеват), ѝ припаѓа на новата година.

Со востановувањето на Новата година на дрвјата требало да се реши практичното прашање поврзано со земјоделството и библиските прописи, а не да се воведе нов празник. Меѓутоа, народната фантазија и на ова му додала елемент на празник, па како што Новата година на први тишри по традиција е не само празник, туку и "ден на судот", кога се одредува судбината на секој човек, така и Новата година на дрвјата почнала да се смета за празник и за "ден на судот", кога се одредува судбината на секое дрво. Тубишват се празнувал така и по разорувањето на Вториот храм. Со доаѓањето на крстоносците во Палестина, кон крајот на XI век, поголемиот дел од еврејското население бил уништен. Тие што останале живи се раселувале по земјите на Истокот, така што и трагите од народните обичаи за празнувањето на Тубишват речиси во целост се изгубиле и се заборавиле. Дури во XVI век, сефардите под влијание на кабалистите од Сафед (Цефат) ја оживеале традицијата на Тубишват, која ја прифатиле и другите еврејски заедници во Европа и северна Африка.

Со текот на времето се востановиле нови форми на празнување. Во југословенските краеви на масите се изнесувале разни видови овошје и се рецитирале псалмите "шир

амаалот". На децата им се подготвувале торбички со овошје. Во храмот немало посебен ритуал и не смеело да се пости.

Од основањето на првите земјоделски населби во Палестина, последните децении од XIX век, Новата година на дрвјата станала симбол на ослободување на земјата и претворање на пустината во плодна земја.

Во од памтивек жедната за вода Палестина, дрвјата се сметале за посебен божји дар. Особено се ценело маслиновото дрво кое давало храна, служело за градба, за сушење на мочуриштата и за ладовина. Една песна за маслината за празникот Тубишват има само три збора "Аце зетим омедим" (маслиновите стебла стојат), како да се сакало со тоа да се каже "Ете, тука е маслината, што друго повеќе ни треба ".

И Библијата често говори за дрвјата како за симбол на благородност и добрина. "Чесниот човек е како дрво крај потокот, кое ги дава плодовите на време и чиешто лисје никогаш не венее" (Псалм 1,3). Во книжевноста, особено во детската, дрвото е честа тема. Обичај било за секое новородено машко дете да се засади кедар, високо исправено и цврсто дрво – симбол на сила, а за женските деца – чемпрес – симбол на нежност и убавина. Детето растело со своето стебло и се грижело за него. Од неговите гранки на денот на неговото венчавање се правеле држачи за балдахин (хупа). Во 1949 година, на први Тубишват, по прогласувањето на државата Израел, била засадена во Израел спомен–шума (Шума на мачениците или Јаар акедошим). Предвидено е во оваа шума да има шест милиони стебла, во спомен на 6 милиони Евреи, жртви на фашизмот во Втората светска војна. Во Израел во знак на почитување и признание се садат многубројни шуми и лагови кои носат имиња на истакнати и заслужни луѓе, Евреи и неевреи.

Денес во Израел празникот Тубишват го означува почетокот на пролетта. Младината, учениците и децата го минуваат тој ден во природа, во песна, игри и во церемонија на садење дрвја.



# 14

## ПУРИМ

Евреите повеќе од две илјади години го слават Пурим или Естериниот празник. Името на празникот Пурим потекнува од зборот "пур" што значи коцка или ждрепка, зашто Аман, царевиот доглавник (советник) фрлал коцка за да го одбере најпогодниот начин за спроведување на планот за уништување на Евреите. Пурим е симбол на борбата за опстанок на еврејскиот народ. Тој исто така ни говори дека луѓето што ја сакаат слободата мора да бидат подготвени и да се борат за неа. Овој празник се слави на 14. адар. Приказната за Пурим е содржана во библиската книга за Естера. Настанот за кој се раскажува во Мегилат Естер (книга за Естера), се случил за време на владеењето на кралот Ахашверош (485– 464 пр.н.е.).

Кралицата Вашти, преубавата жена на кралот Ахашверош подготвила прослава во кралевата куќа. На седмиот ден, кога кралевото срце било преполнето со радост, тој им наредил на своите дворјани да ја доведат кралицата Вашти за да им се покаже на гостите и на насобраниот народ во сета своја убавина. Но, кралицата одбила да ја послуша кралевата заповед и не се појавила.

Кралот ги повикал своите советници за да се договори со нив што да преземе против царицата Вашти заради нејзината непослушност.

Советниците на кралот си го дале своето мислење: "Кралицата не се огрешила само кон кралот, ами и кон целиот народ, во сите провинции што се под негова власт. Луѓето ќе прераскажуваат што направила таа, а жените ќе сметаат дека ќе можат неказнето да ги изложуваат на презир своите мажи. Жените ќе им говорат на своите мажи: "Кралот Ахашверош ѝ заповедал на кралицата Вашти да се појави, но таа го одбила!".

Кралот ги сослушал своите советници и со едикт засекогаш ѝ забранил на кралицата да се појави на дворот. Одлучил да си одбере друга жена, која ќе ги заслужува кралските обележја. Така започнало долгото трагање по друга кралица.

Во Шушам, главниот град на Персија, живеел Евреинот по име Мордехај. Тој ја одгледал Адаса (Естера), ќерката на својот вујко, по смртта на нејзиниот татко и мајка. Естера била со убава става и прекрасно лице.

Во десеттиот месец, тевет, на седмата година од владеењето на Ахашверош, Естера била одведена кај кралот Ахашверош. Кралот ја засакал Естера повеќе од сите останати девојки. Таа ја придобила неговата љубов и милост, а тој ѝ ја ставил царската круна на глава и ја направил кралица.

Еден ден Мордехај додека седел во кралското предворје случајно слушнал дека двајца дворјани подготвуваат убиство за кралот. За ова ѝ раскажал на Естера, а таа тоа му го пренела на кралот. Откако случајот бил истражен, дворјаните биле обесени, а настанот бил забележан во кралскиот дневник.

Омилениот кралски советник се викал Аман. Ахашверош него го поставил над сите кнезови во своето царство. И сите цареви слуги се поклонувале ничкум пред Аман, зашто така заповедал царот. Но само Мордехај не му се поклонувал. Царските слуги од ден на ден му говореле на Мордехај: "Зошто одбиваш да ја исполниш царевата заповед?" а, бидејќи Мордехај не сакал да ги послуша, тие го известиле Аман и му го откриле потеклото на Мордехај. Кога се уверил Аман дека Мордехај не сака да се поклонува пред него, срцето му се исполнило со гнев. Сметал дека не треба да крене рака на самиот Мордехај, туку наумил да ги истреби сите Евреи, кои живееле во царството на Ахашверош.

Отишол кај кралот и му рекол: "Има извесни луѓе распрснати по сите покраини на твоето кралство; нивните закони се разликуваат од нашите; тие не се придржуваат до твоите закони и затоа барам да се уништат". Откако ја добил кралевата согласност за уништување на Евреите, со коцка било одредено уништувањето да се изврши на 14. ден од месецот адар.

Отакако дознал за одлуката на кралот, Мордехај ја раскинал својата облека, облекол вреќиште, се посипал со пепел и тргнал низ градот, горко плачејќи. И во сите покраини каде што стигнала веста за царевата одлука, настанала голема жалост, плачење и лелек; многу Евреи облекувале вреќишта и се посипувале со пепел.

Дворјанките и слугинките на Естера ја известиле за кобната одлука на кралот. Кралицата многу се вознемирила. И го испратила царевиот дворјанин кај Мордехај за да се распраша подетално за сè. Мордехај ѝ испратил на Естера препис од кралската заповед за истребување на Евреите. И порачал да оди кај царот за да го смилостиви и да го моли за својот народ.

Естера му заповедала на слугата да сврати кај Мордехај и да му го каже следново: "Сиот народ и сите цареви слуги знаат дека секој што ќе дојде неповикан кај кралот, без разлика дали е тоа маж или жена, за него има само еден закон: да биде погубен. Ако го впери царот златниот скептар кон неповиканиот посетител, единствено тогаш гостинот може да се надева на живот. А јас не сум повикана да влезам кај кралот веќе триесет дена".

Мордехај на ова ѝ одговорил: "Немој да мислиш дека ќе ја одбегнеш царевата пресуда и дека, ти мирно, покрај останатите Евреи, ќе се избавиш во царевата палата".

Тогаш Естера донела одлука. Му ја испратила на Мордехај следнава порака: "Оди и собери ги сите Евреи кои се наоѓаат во Шушан и постете за мене и не јадете и не пијте три дена и три ноќи, а јас исто така ќе постам со своите дворјанки, па дури тогаш ќе отидам кај царот, макар што е тоа спротивно на законот, па ако загинам, нека биде така".

На третиот ден Естера ги облекла царските облеки и застанала на тремот од внатрешниот двор, гледајќи кон царевите одаи. Кога ја здогледал царот, го насочил кон неа златниот скептар и тогаш Естера му пристапила и го допрела врвот на скептарот.

Царот запрашал: "Што сакаш, Естера, ако е и до половина царство, ќе ти биде дадено".



А Естера му одговорила: "Ако му е на царот мило, нека дојде со Аман на ручек кој го подготвив јас".

Царот испратил да го повикаат Аман и дошол заедно со него на ручекот. За време на ручекот повторно ˇ рекол на Естера: "Она што го сакаш и што го молиш, ќе ти се даде". Естера му одговорила: "Ако најдов милост пред царот и ако му е мило на царот да ми го даде она што го сакам и да го направи тоа за што го молам, тогаш утре повторно нека дојде царот заедно со Аман на ручек, а јас утре ќе постапам според царевиот збор".

По ручекот, Аман, весел и расположен заминал дома. Ги повикал своите пријатели и жена си Зереш и им раскажувал за својата слава и за тоа како го издигнал него царот над останатите кнезови и другите царски слуги. Потоа додал: "Царицата Естера покрај кралот ме повика само мене на ручек што го подготвила таа. Но сепак, сето тоа мене ништо не ми значи, сè додека го гледам пред очи оној Евреин Мордехај додека седи пред царските порти".

Тогаш неговата жена и пријателите му рекле: "Нареди да се направи бесилка, висока педесет лакти и утре изутрина кажи му на кралот на неа да го обеси Мордехај, па потоа оди си весело со кралот на ручек".

На Аман му се допаднало ова, па наредил да се подготви бесилка.

Таа ноќ Ахашверош имал несоница. За да го скрати времето, тој наредил да му ги донесат златните книги со значајни настани и дневниците. Додека ги читал книгите, го нашол записот за тоа дека Мордехај ја разоткрил заверата за неговото убиство.

"А каква почест и какво добро му се направи на Мордехај за тоа што го направил", се распрашал кралот. А слугите му одговориле: "Ништо не му е направено".

Тогаш кралот го повикал Аман и го прашал: "Што би требало да се направи за човекот кого што кралот сака посебно да го награди?". Аман си помислил дека станува збор за него, па му одговорил на кралот: "Треба да биде облечен во облека каква носи кралот, да се доведе коњот што го јава кралот и да му се стави на главата царска круна. Таквиот човек треба потоа да се поведе на коњот низ градските улици и на сите да им се објави дека кралот така ги прославува луѓето што му направиле добрина".

"Тоа што го рече, направи му го на Евреинот Мордехај. Побрзај и немој ништо да пропушташ", му наредил Ахашверош на Аман.

По враќањето дома, Аман повторно сè им раскажал на својата жена и на пријателите за сето она што му се случило, а тие му рекле: "Ако Мордехај, пред кој што ти веќе почна да паѓаш е од еврејско семе, тогаш нема да можеш да го совладаш, туку ќе паднеш пред него".

Наредниот ден кралот и Аман отишле на ручек кај Естера. Кралот повторно побарал од Естер да му каже што сака таа и дека тоа ќе ѝ биде исполнето. Таа му одговорила: "Ако сум се здобила со милост пред тебе, царе, и ако му е на кралот по волја, нека се услиши мојата молба и нека ми се подари мојот живот и животот на мојот народ... зашто ние сме продадени, и јас и мојот народ, и осудени да бидеме протерани, истребени и убиени".

"Кој е тој што се осмелил да го направи тоа?", запрашал кралот.

"Противникот и непријателот. Овој човек, лукавиот Аман", рекла Естера.

Разјарен, поради тоа што го слушнал, кралот со гнев станал од трпезата и отишол во градината. Аман сфатил дека не му се пишува ништо добро, паднал пред нозете на царицата и молел да му биде поштеден животот. Кога се вратил кралот од градината

дома, го здогледал Аман како лежи на постелата, на која претходно седела Естера. Тогаш се разгневил уште повеќе и рекол: “Дали овој човек има намера да му нанесе срам на мојот дом и на царицата?” Откако го изговорил ова, судбината на Аман веќе била запечатена.

Аман го обесиле на бесилката која претходно била подготвена за Мордехај. Така се смирил царевиот гнев. Истиот ден кралот ѝ ја подарил на Естера куќата на Аман, а на Мордехај му го подарил прстенот, кој го зел од Аман. Естера пак, му го подарила на Мордехај Амановиот имот.

Бидејќи не можел да го повлече кралот првиот указ во кој наредил уништување на Евреите, тој напишал нов, во кој им било дозволено на Евреите да се организираат за одбрана, да ја сотрат и да ја убијат секоја војска што ќе ги нападне и ќе го загрози нивниот живот и животот на нивните жени и деца. Така, на тринаесеттиот ден од дванаесеттиот месец Адар, Евреите се организиле и се одбраниле. Следниот ден го прославиле како ден на радост и веселба.

Без разлика на тоа дали е оваа приказна за Естера само легенда или навистина се темели на историски факти, сигурно е дека празникот Пурим станал празник на народно славење, дека создал богата традиција на убави и ведри обичаи, како и дека се прославувал и се прославува сѐ до наше време во сите еврејски заедници.

Пурим се минува во гозба и веселба. Се врши размена на дарови, се даваат подароци на сиромашните, се организираат обложувања, а во синагогите се читаат посебни молитви и Мегилат Естер.

Пурим е една од веригите во долгиот ланец приказни за прогонствата на кои биле изложени Евреите во дијаспората. Празнувањето на Пурим внесувало меѓу Евреите светлина и ведрина и им помагало да ја одржат верата во конечното ослободување од опасностите и тешкотиите што ги притискале и им се заканувале.

## 14.1. Шушан -Пурим

Тоа е назив за 15. адар, вториот ден на Пурим, добиен според името на градот Шушан (Суза), главниот град на Персија. Евреите на Шушан се бореле против своите напаѓачи на 13. и 14. адар, а на 15. адар ја славеле победата што ја извојувале над нив.

## 14.2. Мегилат Естер - книга за Естера

Оваа Мегила е една од 5 мегилоти (Хамеш мегилот) во Библијата. Со посебен напев се рецитира во синагогите навечер, наспроти Пурим и на следното утро. Мегилата ни раскажува како една млада Еврејка како царица на Персија го искористила своето влијание за да го спаси својот народ од истребувањето што го подготвувал Аман.

Мегилата, како и Тората, била напишана со рака, на пергамент. Обично има футрола од дрво или од метал. Поубавите примероци се направени од сребро, во филигранска техника, со исчукување или цизелирање, често со изгравирано име, презиме или со други основни податоци за сопственикот.



## 14.3. Цом Естер

Постот на Естера, на 13. адар, наспроти празникот Пурим бил воведен во спомен на тридневниот пост на царицата Естера и на сите Евреи од Персија, пред нејзиното заминување пред кралот Ахашверош за да го моли за милост кон нејзиниот народ. Ако се падне 13. адар во сабота, постот се поместува на 11. адар (четврток).

## 14.4. Хамеш Мегилот

Хамеш мегилот се пет библиски книги, кои со посебен напев и во посебни пригоди, се рецитираат во синагогите и се составен дел на молитвите. Тоа се: Шир Аширим (Песна над песните) на Песах, Рут на Шавуот, Еха (Оплакувањето на Еремија) на Тиша беав, Коелет (Книга на проповедникот) на Сукот и Естер на Пурим.

## 14.5 Хаг Аасирим (празник на затворениците)

На четврти хешван 5580 (октомври 1819 година), биле спасени десет најугледни сараевски Евреи на чело со Рав Моше Данон, коишто, султановиот наместник, босанскиот валија Ружди–паша ги ставил во зандани и ги осудил на смрт. Нивното страдање и спасување е опишано во Сараевската мегила, која, 80 години подоцна, ја напишал познатиот сараевски Евреин Зеки–ефенди Рафајловиќ. Четврти хешван во почетокот имал пуримско значење, но со текот на времето неговото значење бледеело и постепено паднало во заборав. Сараевските Евреи го славеле хешван како празник и го посетувале гробот на Рав Моше Данон во Столац (во Херцеговина), каде што рабинот умрел, на пат за Ерусалим.

# ПОСТИ

# 15

# ПОСТИ

## 15.1. Постот Тиша-беав (Деветти ав)

Тоа е еден од најцрните датуми во историјата на еврејскиот народ. На тој ден Вавилонците го разориле Првиот храм (586 година пр.н.е.), Римјаните Вториот (70 година) и го задушиле востанието на Бар–Кохба (135 година), а кралот Фердинанд и кралицата Изабела ги протерале Евреите од Шпанија (1492 година).

Една недела пред деветти ав, верниците не се потстрижуваат, не ја пеглаат облеката и не јадат месо (освен во сабота). Рестрикциите на деветти ав во однос на јадењето, пиењето и личната хигиена се слични со рестрикциите на Јом кипур и траат до заоѓањето на сонцето.

На деветти ав во знак на жалост се собираат од храмот сите украсни предмети, а олтарот се покрива со црна покривка. Електричното осветлување се намалува или се исклучува и се палат свеќи од лој. За време на читањето на тажачките песни (Оплакувањето на Еремија, Еха и други тажачки песни), се собуваат чевлите и се седи на подот или на ниски клупи. Обичај е на деветти ав да се посетуваат гробовите на роднините.

## 15.2. Постот Шива асар бетамуз (Седумнаесетти тамуз)

На седумнаесетти тамуз 586 година пр.н.е. вавилонскиот цар Небукаднецар го освоил Ерусалим. Времето од 17. Тамуз до 9. Ав (денот на разорувањето на Храмот) се нарекува “три седмици жалост”. Во тој период Евреите одбегнуваат забави и веселби.

## 15.3. Цом Гедаља

Тоа е пост во спомен на трагичниот настан кога се довршило разорувањето на Јудеја. По падот на Ерусалим во 586 година пр.н.е. и одведувањето на благородништвото и на аристократијата во ропство, во земјата, главно останал обичниот народ, сиромашните и дел од селаните што не побегнале во соседните земји. За наместник на остатокот на Јудеја, по налог на Небукаднецар, бил поставен Гедаља бен Ахикам, со седиште во Мицпа, близу Ерусалим. Гедаља бил пријател и истомисленик на пророкот Еремија. Еремија, уште пред паѓањето на Јудеја, попусто го убедувал кралот Цедекија и владетелските кругови дека определеноста за воен сојуз со Египет е погрешна, зашто моќта на оваа земја била во опаѓање. Тој инсистирал на сојуз со Вавилонија, младата велесила која била во полн подем.

За време на управувањето на Гедаља, земјата почнала да закрепнува од тешките последици на разорувањето. Селаните се вратиле во своите домови и почнале да ја обработуваат својата земја и земјата на оние што биле одведени во ропство. Во домовите се вратиле и разни одметнички групи кои се криеле по ридовите. Тие истовремено биле борци кои не ја признавале власта на Вавилонците, но се согласиле да живеат во мир со Гедаља. Меѓу нив имало и такви кои само привидно биле со Гедаља, но тајно го сметале за претставник и соработник на окупаторот. Нив ги предводел Јишмаел бен Нетања од лозата на кралот Давид. Дали поради зависта што не бил Гедаља од царска лоза, или поради самата намера да дигне востание, Јишмаел сковал завера и го убил Гедаља за време на една гозба во неговата палата.

По убивањето на Гедаља, многу Евреи поради страв од одмазда на Вавилонците побегнале во Египет и таму побарале засолниште. Со себе во прогонство го повеле и стариот пророк Еремија. Така и во Египет се создала нова еврејска населба, покрај онаа која постоела во Вавилонија.

## 15.4. Пост Асара бетевет

На десетти тевет 586 година пр.н.е., вавилонскиот цар Небукаднецар ја започнал опсадата на Ерусалим, која се завршила со освојувањето на градот и разорувањето на Храмот (17. тамуз 586).

# СПОМЕН-ДЕНОВИ

# 16

## ЈОМ АШОА ВЕАГЕВУРА - ДЕН НА СТРАДАЊЕ И НА ЈУНАШТВО (Ден на сеќавање)

Под овој назив по Втората светска војна, на предлог на Светскиот еврејски конгрес било прифатено 27. нисан да се одбележува како Ден на сеќавање на жртвите на фашизмот и на Евреите–борци кои загинале, борејќи се против најголемиот непријател којшто во својата долга историја го имале еврејскиот народ и човештвото. Во текот на своето дванаесетгодишно владеење, националсоцијалистите на Германија во својата идеолошка програма ја внеле и расистичката теорија, според која германските народи се прогласуваат за повисока, а семитските, словенските и уште некои други народи, за пониска раса. Од таа назадна теорија потекнал и антисемитизмот, или подобро кажано, антиеврејскиот став, кој започнал со правни и материјални дискриминации, а продолжил со прогонства, пљачкања и со протерувања, за на крајот под мотото “за конечно решавање на еврејското прашање” да се изроди и сеопштото физичко уништување – геноцид, на сите што биле Евреи, или имале еврејски претци. Во освоените земји на Европа, во државите сојузнички на Германија (со мали исклучоци), се ширеле ѕверствата, биле одведувани цели заедници во концентрациони логори, кои биле подигнати посебно за таа цел. Меѓу милионите загинати припадници на европските народи, на Евреите им припаднал тажниот рекорд од шест милиони убиени и исчезнати. Во времето на владеењето на нацистичките злосторници и на нивните соработници, само еден мал број Евреи успеал да се спаси, а од тоа еден сосема мал дел со помошта на нивните сограѓани. Делот од оние што успеале да им се придружат на антифашистичките борци имал среќа да се врати во своите домови по завршувањето на војната и победата над фашизмот.

Верската традиција на Евреите налага преживеаните да се сеќаваат на своите мртви родители, на децата, роднините и да се одржуваат помени за оние што гинеле за својата вера и народ, кои заминувале да бидат погубени, зашто не сакале да се откажат од својата вера и од својот народ. По оваа војна, многу од преживеаните сакале да ја одржат оваа традиција, но не го знаеле ни денот на гибелта на своите најмили, ниту пак местото каде што тие ги завршиле своите животи. Во почетокот имало иницијатива тажните спомен–денови да се спојат со постот Тиша–беав, со Денот на разорувањето на Ерусалимскиот храм и на древната еврејска држава. Со желба денот на сеќавањето да ги



одбележи страдањата и на оние кои активно се бореле против фашизмот, било усвоено денот на почетокот на востанието во Варшавското гето да се прогласи за сеопшт спомен–ден, кога верски и световно им се оддава почит на убиените и на загинатите. Било одлучено тој ден да биде 19. април, според граѓанскиот, или 27. нисан, според еврејскиот календар. Во Полска тој спомен–ден се одржува на 19. април, додека во останатите еврејски заедници вообичаено е Јом хашоа веагевура да се одржува на 27. нисан, освен кога се паѓа тој ден во сабота.

### 16.1. ШТО Е ШОА-ХОЛОКАУСТ?

Тоа што на хебрејски јазик е наречено шоа – катастрофа, страдање, уништување, во англискиот јазик е наречено со именката од грчко потекло – **холокауст.** Оваа именка на грчки значи жртва–паленица и со неа во преводите на Танахот се означува жртвата, која се принесувала на олтарот и таму целосно се изгорувала, на хебрејски **ола.** Целиот тој период на невидено страдање и уништување, за кој говоревме овде, по војната бил наречен – холокауст.

### 16.2. ВОСТАНИЕТО ВО ВАРШАВСКОТО ГЕТО

Бројот на Евреите што учествувале во борбата против фашизмот е голем, но секако најсветлиот борбен чин од времето на страдањето е востанието во Варшавското гето, кое започнало на 19. април 1943 година.

Германските окупатори во неколку поголеми градови на Полска направиле собирни логори – гета за Евреите и оттука ги испраќале во логорите на смртта. Еден од најголемите такви собирни логори бил оној во Варшава, каде што на мал простор едно време живееле околу двесте илјади жители. Во текот на 1942 година, во гетото била организирана борбена организација, со заедничка команда во која влегле и Мордехај Анилевич (од младинската организација Ашомер ацаир) како командант, ХилалРојзенфелд (од Полската работничка партија), Херш Барлински (левоориентиран Поале Цијон), Јицхак Цукерман (Ехалуц) и Марк Еделман (Бунд – Сојуз на еврејските работници на Русија).

Кога пристапиле нацистите на 19. април 1943 година кон конечна ликвидација на Варшавското гето, нивните одреди наишле на вооружен отпор на борци, кои не се бореле за победа, туку за човечко достоинство. Тие сакале да загинат борејќи се, а не предавајќи му се на милост и немилост на непријателот. Се воделе огорчени борби за секоја куќа, за секој подрум и за секој канал. Против слабо вооружените борци, покрај германските трупи, биле доведени и полски полициски единици, одреди на украинските и летонските фашисти. Со борбите раководел генералот Јирген Строп, кој морал да побара помош од тенковите, па дури и од авијацијата. На шеснаесетти мај германскиот генерал официјално објавил дека “поранешниот еврејски станбен кварт повеќе не постои”, но поединечните борби и судири продолжиле сè до август истата година.

Денес, на големиот плоштад во Варшава стојат само две дрва, на чијашто кора сè уште се гледаат траги од куршуми и еден голем споменик на борците и на жртвите на гетото. Една варијанта на тој споменик, дело на скулпторот Рапапорт, е подигната и во Ерусалим, во кругот на Јад Вашема, установа што ја истражува историјата на страдањето и борбите на Евреите во Втората светска војна.

# 17

# ЈОМ ААЦМАУТ

Денот на прогласувањето на независноста на државата Израел (5. ијар 5708 – 14. мај 1948), во Израел се слави како државен, а во еврејските заедници во светот како национален празник.

Повелбата за независност прокламира: слобода на вселување на Евреите од сите земји, унапредување на развојот на Израел за доброто на сите негови жители, принципи на слободата, правдата и мирот во духот на еврејските пророци, полна социјална и политичка рамноправност на сите израелски граѓани без оглед на верата, расата и полот, слободата на вероисповед, како и придржување кон принципите на повелбата на Организацијата на обединетите нации.



# 18

# БИБЛИЈА

## 18.1. ТАНАХ (Библија - Стар завет)

Тора (Петте книги Мојсееви), Невиим (Книги на пророците) и Кетувим (останатите свети списи) се библиски книги на Стариот завет, кои скратено се нарекуваат Танах.

Танах е света книга за многу луѓе, а посебно за Евреите. Во неа се говори за древното минато, за историјата и обичаите на Евреите, за нивната наука и етика, се опишува и односот меѓу Бог и израелскиот народ во периодот од околу петнаесет векови. Танахот го поттикнува човекољубието и го истакнува човечкото достоинство; на неговите страници човек стои исправено пред Бога, како што му доликува на оној кој е создаден според ликот на својот Творец. Танахот е составен и суштински дел на еврејството. Тој не е само извор, од кој Евреите илјадници години ги црпеле законите и прописите за својот начин на живеење, туку и прибежиште во кое се напојувале со духовна сила, потребна за да опстанат, да се одржат во текот на својата маченичка историја.

Заслуга на еврејските мудреци е тоа што го приближиле Танахот кон народот и го направиле разбирлив. Тие, придржувајќи се кон Танахот, подучувале дека не треба да се очајува под страдањата на денешнината, туку дека треба со надеж да се гледа во иднината. Тие истовремено го развивале и духот на Танахот, имајќи го предвид возвишеното учење на пророците. Нивната заслуга е во тоа што барале и наоѓале одбранбени бедеми заради заштита на еврејството и така ја зачувале вистинската моралност и чистота на монотеизмот за вековите што надоаѓале.

Една од најскапоцените придобивки со којашто Танахот го задолжил човештвото е Шабат (сабота), ден на одмор. Танах е повелба за сиромашните и угнетените. Ретки се законодавствата во кои, како во Танахот, му се посветува толку внимание на човекот и во кои повеќе се води сметка за обврските на владетелите, отколку за нивните привилегии.

Танахот е преведен речиси на сите живи јазици и е сигурно една од најчитаните книги во светот. Тој е основниот извор на еврејската и на христијанската религија, а влијаел и на создавањето на исламот. Но Танахот не е само верски спис –тој истовремено е и збир–

ка на историски документи и книжевно дело со голема уметничка сила. Во текот на многу векови Танахот им бил инспирација на книжевниците, поетите и уметниците за нивните големи остварувања.

Ова дело исто така е документ на општествените и политичките идеи и идеологии кои влијаеле и влијаат врз животот, развојот и на духовната граѓа на човечкото општество. Танахот влијаел не само на моралните сфаќања, туку и на општествените и политичките установи на современа и демократска Европа. Милиони луѓе своето морално, општествено и верско однесување го одредувале според Танахот; неговите поуки сè уште секојдневно се применуваат. Без оглед на своето верско определување и на школската подготовка, цивилизираниот човек не може да има потполно образование без познавање на Танахот.

## 18.2. Книгите на Танах

Танахот се состои од 24 книги, поделени во три групи:

I. Тора (учење, поука) – пет книги;

II. Невиим (пророци) – осум книги;

III. Кетувим (списи) – единаесет книги.

### 18.2.1. I Тора

| Хебр. назив | Латински назив |
|---|---|
| 1. Берешит (во почетокот) | Genesis – настанок, битие |
| 2. Шемот (имиња) | Exodus- излез, излегување (од Египет) |
| 3. Вајикра (и повика) | Leviticus - левити (левитски закони) |
| 4. Бемидбар (во пустината) | Numeri - броеви (Попис на Израелците во пустината) |
| 5. Деварим (зборови) | Deuteronomium (повторени закони) |

Книгите Берешит и Вајикра ги добиле хебрејските називи според првиот збор во почетната реченица, Шемот и Деварим според втората, а Бемидбар, според петтата. Латинските имиња, преземени од првиот грчки превод на Библијата (Септуагинта), соодветствуваат на содржината во поединечните книги.

Во Тората се опишуваат настаните почнувајќи од Создавањето на светот до Мојсеевата смрт. Таа за Евреите е највжниот и најсветиот дел од Танахот. Тората има уште неколку други називи: Сефер Тора (Книга на Тората), Торат Адонај и Торат Елоим (Божја Тора), Торат Моше (Мојсеева Тора, Тора дадена според Мојсеј). Во времето на Талмудот се спомнува изразот Хамиша хумше Тора (пет книги на Тората), а според тоа секоја книга посебно го добила името Хумаш. Тората се чита во синагогите, во сабота и на празници и пости, во понеделник и четврток.



### 18.2.2. II Невиим (пророци)

Невиим се делат на Невиим ришоним (први пророци) и Невиим ахароним (последни пророци).

Невиим ришоним содржат четири историски книги:

- **Јеошуоа** (Книга за Јошуа);
- **Шофетим** (Книга за судиите);
- **Шемуел I-II** (Прва и втора книга Самуелова), кои ги сметаат како една книга;
- **Мелахим I-II** (Прва и втора книга на царевите), кои исто така се сметаат како една книга.

Во овие книги се изнесува историјата на еврејскиот народ од времето на Јеошуоа, наследникот на Мојсеј, до разорувањето на Првиот храм во 586 година пр.н.е.

Невиим ахароним исто така се состои од четири книги, и тоа од три книги т.н. големи пророци и една книга од дванаесет т.н. мали пророци. Во големите пророци спаѓаат:

- Јашајау (Јешаја);
- Јирмејау (Јеремија);
- Јехезкел (Езекиел).
- Во малите пророци спаѓаат:
- Ошеа;
- Јоел (Јоил);
- Амос;
- Овадја;
- Јона;
- Миха;
- Нахум;
- Хавакук (Хабакук);
- Цефанија;
- Хагај;
- Зехарја (Захарија);
- Малахи (Малахија).

Книгите на малите пророци содржат говори, предупредувања и пророштва на еден многу убав книжевен јазик. Поделбата на големи и мали пророци се однесува на обемот на книгите, а не на нивниот квалитет. Така на пример, книгата на пророкот Јешаја има 66 поглавја, на Јеремија 52, на Језекиел 48, додека книгата на пророкот Овадија има само едно, на Хагај две, на Цефанија и на Малахија по три итн.

Соодветни одломки од пророчките книги се читаат во синагогите во сабота, на празници и пости (види Афтара, стр.85).

### 18.2.3. Афтара

Извадокот од Книгата на пророците, кој се чита со посебна интонација (нигун), се нарекува “афтара”. Афтара буквално значи завршување или заклучни читања. Обично, иако не секогаш, содржината на афтарата има некоја сличност со настанот, кој на тој ден се опишува во Тората.

Се претпоставува дека е афтарата воведена во II век пр.н.е., како замена за читањето на Тората. За време на прогоните, кои му претходеле на востанието на Макабејците, Антиох IV го забранил читањето на Тората, под закана со смртна казна. Обичајот на читање на афтарата се сочувал и по укинувањето на забраната на Антиох. Мафтир е назив за лицето кое се повикува да ја чита афтарата.

### 18.2.4. III Кетувим (списи)

Кетувим, третиот дел од Танахот има единаесет книги, поделени во три групи.

Првата група се состои од три поучни групи:

- Теилим (псалми);
- Мишле (мудри изреки и пословици);
- Ијов (Јов).

Книгите од оваа група се нарекуваат “Сифре емет” (книги на вистината).

Втората група од делот Кетувим има пет книги кои се нарекуваат “Хамеш мегилот” (пет свитоци). Тоа се:

- Шир аширим (Песна над песните);
- Рут (Историја на Моавката Рут, прабабата на кралот Давид);
- Еха (Плачот на Еремија, тажачка песна на Еремија);
- Коелет (Книга на проповедникот со филозофска содржина);
- Естера (Книга за Естера – Мегилат Естер, или едноставно Мегила).

Шир аширим се чита во синагогите на Песах, Рут на Шавуот, Еха на Тиша–беав (пост на деветти ав), Коелет на Шемини ацерет и Мегилат Естер на Пурим.

Третата група од делот Кетувим се состои од три книги со историски списи:

- Данијел (Даниел);
- Дивре ајамим (Прва и втора книга на дневниците –летописи).

Грчкото име за Кетувим е Хагиографа (Хагиографи, што значи свети списи). Танахот е напишан на хебрејски, ретко на арамејски, заедничкиот јазик на народот од Средниот исток од времето на персиската власт (околу VI век пр.н.е).

Најстариот назив за книгите на Танахот е “Сефарим” (Книги), зашто биле пишувани на свитоци, секоја книга посебно. Оттука подоцна доаѓа и називот за целиот Танах “Сефер асефарим” (Книга над книгите). Кога книгите на Танахот биле собрани и прогласени за свети, тие добиле назив “Китве акодеш“, т.е. “Свети списи”, за разлика од другите списи “Сефарим хицонијим” (Книги надвор од Танахот), кои не влегувале во Танахот. За Танахот уште се употребува и називот “Микра” (четиво од хебр. каро – да читаш), зашто книгите биле читани кога биле напишани, додека на пример, Мишната или Мидрашот биле учени напамет. Бидејќи Танахот содржи 24 книги, тој уште се нарекува и Кафдалет сефарим или Есрим веарбаа сефарим.

Изборот на книгите за Танахот и неговата редакција го вршеле многу генерации. Уште во I и II век, некои еврејски мудреци не биле согласни во Танахот да ги вбројат Книгата на пророкот Језекиел, Мишлите (поговорките), Коелет (Книга на проповедникот), Шир аширим (Песна над Песните) и Мегила Естер (книга за Естера), но сепак надвладеало мислењето дека тие треба да останат. Раби Акива, на пример, ревносно се залагал Шир аширим да остане во Танахот.



Во времето на Хашмонејците, книгите на Танахот не биле едноставни за читање, бидејќи во нив немало знаци за означување на вокалите. Поделбата на речениците се развивала постепено. Употребата на библиските знаци (теамим), кои го означувале местото на акцентот и интонацијата и знаците на пунктуацијата, кои служеле како вокали, биле воведени многу подоцна. Дури во VII или VIII век, научниците од Тиберија востановиле свој систем на пунктуација кој бил општоприфатен. Тој систем се состоел од точки и цртички кои се употребувале наместо самогласки, што во голема мера го олеснило правилното читање и нагласување на Танахот.

Поделбата на поглавја и нумерирањето на речениците во секое поглавје биле воведени во XVI век, со што значително се олеснило употребувањето на цитати од Танахот. Таквата поделба претходно била воведена за латинскиот превод на Библијата. Евреите биле принудени да го применат истиот систем при честите верски расправии во кои како докази биле наведувани многубројни библиски текстови. Проширено издание на т.н. Рабинска библија (Рабиница), познато под називот “Микраот Гедолот” објавено е во Венеција 1525 година. Освен библиски текстови таа содржи арамејски превод и коментари на рабините од средниот век: Раши (Раби Шеломо Јицхак, XI век), Авраам Ибн Езра (XI- XII век), Рамбам (Раби Моше бен Мајмон, Мајмонидес, XII век), Давид Кимхи ( XII -XII век), Ралбаг (Раби Леви бен Гершон, XIV век) и други.

Во Танахот се спомнуваат и книги кои веќе не постојат на пр. “Сефер милхамот Адонај” (Книга на војните Господови, IV книга Мојсеева, 14. пеење). Тоа била древна збирка епски песни за борбите кои биле водени под раководство на Мојсеј. Потоа “Сефер ајашар” (Книга на праведникот, Јеошуа 10/3), во која се зборува како застанало Сонцето и се запрела Месечината додека народот не им се одмаздил на своите непријатели. Во првата и во втората книга на Самуел (1/18), исто така се спомнува “Сефер ајашар”. Во првата и во втората книга на Царевите, често се спомнуваат летописите на царевите на Јудеја и на Израел.

Популарна е еврејската изрека која гласи: “Мин атанах јадеха ал танах” (Не ја симнува својата рака од Танахот) во смисла дека никогаш не треба да се запоставува проучувањето на Танахот.

## 18.3. Содржина на Тората

### 18.3.1. Тора

Тора е основниот и првиот дел на Танахот. Од старо време се дели на пет книги, наречени според зборовите со кои почнуваат книгите: Берешит (во почетокот), Шемот (имиња), Вајикра (и повика), Бемидбар (во пустината) и Девраим (зборови). Тората уште се нарекува и “Хамиша хумше Тора”, што во превод значи “ Пет книги Мојсееви”.

Тората започнува со описот на создавањето на светот и на човековиот род, продолжува со приказната за животот на прататкoвците, за робувањето на Израелците во Египет и за нивното ослободување, за примањето на законите на ридот Синај и за лутањето по пустината, а завршува со подготовките за влегувањето во Ветената земја и со Мојсеевата смрт. Тората му е дадена на Израел, но таа истовремено претставува и порака на Израел до човештвото. Опишувајќи го потеклото на еврејскиот народ, таа го оцртува и неговото сродство со останатите членови на човечкото семејство, истакнувајќи дека сите луѓе се браќа зашто потекнуваат од иста крв, изданок и лоза.

Изразот Тора (значи: учење, поука) се применува, пред сѐ на Петте книги Мојсееви, но во поширока смисла таа ја претставува и целокупната религиозно–етичка книжевност на Евреите. Тората често неточно се преведува како "закон". Тоа долго време претставувало препрека за разбирање на еврејскиот идеал "Талмуд Тора" (учење на Тората), под што не се мисли само на Петтокнижјето, туку и на сите области на еврејската култура, морал, правосудство, религија и образование. Според тоа, изразот "Народот со книга", не ја подразбира само приврзаноста на Евреите кон Танахот (кој се нарекува "Книга над книгите), туку и нивната неизгаслива жед за учење и знаење воопшто.

Во талмудската литература Тората уште се нарекува и "Тора Шебихтав" (напишана Тора), додека со називот "Тора шебеал пе" (Усна Тора) се означува преданието што било подоцна собрано во Талмудот. Заслугата што преживеало еврејството и по пропаѓањето на еврејската држава и губењето на политичката независнот ѝ се припишува на приврзаноста кон Тората, која со векови била во средиштето на еврејскиот живот. Еврејските мудреци од времето на Вториот храм не ги спасувале златните и сребрените садови, туку Тората, зашто таа била вистинското богатство на Храмот. Целата шеста глава во еден талмудски трактат ѝ е посветена на Тората и на нејзиното значење (Пирке авот – Изреки на татковците 6/4). Меѓу останатото, во таа глава стои: "Таков е патот до Тората – јади парче леб и сол, пиј малку вода, спиј на гола земја, живеј макотрпен живот, но занимавај се со Тората". Со други зборови секој треба и може да ја проучува Тората, па макар и да живее во крајна сиромаштија".

Евреите чекореле со Тората низ векови и таа им ја заменувала изгубената татковина. Тие се поистоветувале со Тората до таа мера што оттука настанала изреката "Јисраел веорајта хад" (арам. – Израел и Тора се едно).

## 18.4. БЕРЕШИТ (во почетокот) - ГЕНЕСИС

Првата книга Мојсеева почнува со историјата на создавањето на светот и на човештвото, а завршува со смртта на Јосиф во Египет. Во тие рамки се опишува животот на првите луѓе и нивното протерување од рајот, првото убиство во кое Каин си го убил братот Абел, потопот, животот на Ноах и на неговите синови (Шем, Хам и Јафет). Во десеттото колено по Ноах започнува историјата на прататкокците Авраам, основателот на монотеизмот, неговиот син Исак и Исаковите синови Јаков и Есав. Служејќи се со лукавство, Јаков успеал да добие благослов од својот татко, кој бил наменет за неговиот постар брат Есав. Плашејќи се од оодмазда, тој побегнал во Арам и таму останал дваесет години; таму се оженил со двете ќерки на својот вујко Лаван, кои му родиле дванаесет синови. Од нив подоцна настанале еврејските племиња. Јаков од сите синови најмногу го сакал Јосиф. Поради тоа браќата станале завидливи и го намразиле. Еден ден, кога им се укажала можност, тие го продале на трговците со робје, кои пак го однеле во Египет. Јосиф во Египет ја достигнал најугледната положба во државата веднаш по фараонот и ја избавил земјата од глад. Конечно им се открил на своите браќа и го довел татка си Јаков во Египет.

Во книгата Берешит се обработуваат општите прашања кои се однесуваат на човештвото: човековото потекло и судбина, искушенијата и проблемите на гревот и казната. Низ книгата провејува благородната замисла за човекот кој е создаден според ликот на својот Творец, заради што е создаден, и каков треба да биде. Универзално значење има тврдењето дека се сите луѓе во сродство, дека потекнуваат од исти родители (Адам и Ева), и дека човештвото, според тоа, е единствено.

Името Genesis (настанок, потекло) е преземено од Септуагинтата, грчката верзија на Библијата, која според легендата, ја превеле седумдесет еврејски научници во Александрија (Египет), во III век пр.н.е.

Еврејското име "Берешит" е првиот збор со кој почнува првата реченица на Тората. Берешит е истовремено и име на првата од 54 сидрот (парашот или делови кои секоја недела се читаат во храмот), на колку што се поделени Петте книги Мојсееви.

Како и целата Тора и Берешит, пред сѐ, е поучна книга, која ја изразува мислата дека Творецот на светот ги води оние што имаат верба во него. Иако тече раскажувањето едноставно, тоа сепак се одликува со извонредна убавина и со длабока смисла. Јазикот на кој е напишана Тората е лесен и разбирлив, како за младите така и за старите. Децата се во можност да ја разберат суштината на приказната, додека образованите луѓе во неа секогаш откриваат и нови, подлабоки значења и содржини.

## 18.5. ШЕМОТ (имиња) - Exodus (излегување)

Во втората книга Мојсеева се продолжува историјата од Првата книга и се опишува процесот на конституирањето на Израелците во единствен народ. Поделена е на два дела: во првиот се зборува за ослободувањето на Израелците од египетското ропство и излегувањето од Египет пред повеќе од 3300 години, а во вториот за склучувањето на сојузот со Бога на ридот Синај и примањето на законите. Врз нив подоцна ќе се изградува националната и духовната свест на Евреите. Оваа книга ја содржи и идиличната приказна за Мојсеевото раѓање, за чудесното откровение во Пустината кај грмушката што гори, но не согорува и за остриот судир помеѓу Мојсеј и фараонот.

По смртта на Јосиф, Египќаните ги претвориле Евреите во робови. Мојсеј, како Божји посредник и неговиот брат Арон, по неколку векови робување, заминале кај фараонот и побарале дозвола за да се вратат Израелците во Ветената земја. Фараонот го одбил барањето. Тогаш врз Египет се спуштиле разни зла, но фараонот останал непопустлив. Водата станала црвена како крв и не можела да се пие, земјата ја прекриле жаби, мувите и комарците донеле епидемија, цели јата скакулци ја уништиле целокупната жетва, а потоа настанала и темнина па три дена не можело ништо да се гледа. Дури по десеттото зло, кога ги зафатила чума прворoccupдените египетски деца, фараонот попуштил и му дозволил на Мојсеј да го изведе својот народ од Египет. Поради силниот копнеж за слобода Израелците без противење го следеле Мојсеј и тргнале во пустината. Излегувањето од ропството имало најголемо значење за историјата на еврејскиот народ.

Фараонот наскоро се покајал што ги пуштил Израелците, па тргнал во потера по нив и по седмиот ден ги стигнал кај Црвеното Море. Израелците со чудо преминале на другата страна од брегот, а војската на фараонот се удавила во морето, заедно со бојните коли и со коњите.

Во пустината Израелците страдале во разни неволји, особено од недостиг на храна и вода. Тие му се пожалиле на Мојсеј и јавно го искажувале своето незадоволство. По седум недели лутање тие пристигнале до ридот Синај, каде што ги примиле Десетте заповеди (Асерет адиберот). Тоа биле првите закони на верата и на моралот кои наложуваат верување во еден Бог, почитување на таткото и на мајката, одморање во еден ден од неделата (Шабат), а забрануваат поклонување пред идолите направени од дрво или од камен, крадење, убиство, прељуба, измама, преземање туѓ имот и лажно сведочење. Мојсеј се искачил на Синај и ги врежал законите на две камени плочи (Шене лухот аберит). Таму тој престојувал четириесет дена и четириесет ноќи. За тоа време народот направил кип од злато во форма на теле и почнал да му се поклонува и да му искажува почит. Ко–

га се вратил од Синај и видел што прави народот, Мојсеј, очаен и бесен, ги скршил плочите со законите, ги повикал членовите на племето Леви и наредил да се казнат виновниците. Потоа повторно се искачил на Синај, направил нови плочи и ги сместил во посебен ковчег. Над ковчегот подигнал шатор (Мишкан), кој служел како храм и претставувал присуство на Бога меѓу народот (Шехина).

Втората Книга Мојсеева повеќе од останатите се истакнува со интересното раскажување на настаните и со верското значење. Таа ја опишува неподносливата состојба на Израелците во Египет, излегувањето и ослободувањето, кое дошло во моментот на најголемата потреба и очајување. Примањето на законите се наоѓа во средиштето на настаните од Втората книга.

Злата, кои се зголемени во чудесни размери, претставувале вообичаени незгоди од кои страдаат тие области и во денешно време. Излегувањето на некој начин било потпомогнато со необичната комбинација од природни непогоди. Историчарите често спомнуваат епидемии, проследени со голема смртност. Некои научници објаснуваат дека темнината која траела три дена настанала поради топлиот пустински ветер наречен “хамсин”, кој често носи густи облаци прашина и песок и ги присилува луѓето да останат дома. За време на годишните поплави на Нил водата добива црвена боја поради наносот на црвената трева и милта од Етиопија. Историската содржина на Втората книга Мојсеева ја потврдиле и многу археолошки откритија во Европа и во Израел. Врз основа на тие откритија и врз библиското кажување, излегувањето од Египет се случило во XIII век пр.н.е.

Шемот е преполна со етички мисли и закони. Бог е живо заинтересиран за човечките работи; тој им се открива на луѓето и интимно разговара со нив. Освен Десетте заповеди суштинско значење имаат и законите прикажани во главите 20–25. Во тие закони се забранува да се измачува дојденецот, да се угнетуваат вдовиците и сираците, да се зема камата од сиромашните. Наметката која се зема како залог треба да му се врати на сиромашниот пред да зајде сонцето, зашто тоа му е единствената облека и покривка за спиење. Забрането е да се прима поткуп, да се даваат лажни изјави, лажно сведочење, да се поведуваме според мнозинството кое прави зло, да се крши законот при парницата на сиромашниот. Треба да му се помогне на магарето на непријателот кое паднало под товарот и да му се врати на непријателот волот кој му залутал.

Втората книга Мојсеева првобитно се нарекувала “Сефер Мицрајим” (Книга на излегувањето од Египет), а подоцна го добила името “Шемот” (Имиња) според почетниот израз “Вееле шемот” (и ова се имињата).

## 18.6. ВАЈИКРА (и повика) - Leviticis

Третата книга Мојсеева го носи називот “Вајикра” според првиот збор на книгата. Нејзиното најстаро име е “Торат коаним” (“Закон на свештениците”), зашто ги опишува должностите и обврските на свештениците.

Книгата содржи прописи за жртвите, за свештениците и Левитите, за “чистите” и за “нечистите” животни за исхрана, за забранетите јадења, за богослужењето и за празниците. Опишан е и системот на богослужење, богат со симболи и со морални принципи. Желбата за видливи елементи при вршењето на обредот е задоволена со принесувањето на многубројни и разновидни жртви, од кои секоја им одговара на потребите на оној што ја принесува. Така на пример, “Корбан ола” е жртва со која се покажува прврзаноста кон Бога, “Корбан тода” е благодарствена жртва која му се принесува на Бога за направеното добро дело, “Корбан хатат” е жртва за опростување на гревот направен од негрижа,



“Корбан јахид” – жртва која ја принесува поединецот, “Корбан цибур” – жртва која се принесува во името на целиот народ итн.

Проучувањето на потеклото на богослужењето покажало дека принесувањето на жртви е прастар обичај кој се јавува кај сите човечки раси. На Евреите, за разлика од многубошците, им било важно, таквиот општ начин на богослужење целосно да се подигне на духовно ниво (Мајмонидес). Тоа и било направено во книгата “Вајикра”. Магијата и баењето се отстранети од жртвениот обред, а забрането е и секакво идолопоклонство и сè што е профано. За престапите што намерно биле направени не било дозволено да се принесуваат жртви. Каењето и исправувањето на грешките морало во сите случаи да му претходат на жртвениот обред. За да се добиело опростување, покрај признавањето и каењето било неопходно и надоместување на штетата.

Втората основна замисла во Книгата е мислата за светоста, т.е. за чистотата на животот, за чистотата во постапувањето, за чистотата на мислите. Светиот народ треба да се одбрани не само од моралните престапи, туку и од обредната нечистота на соседните народи. Светоста на Бога бара светост и од човекот, што вклучува и такви поединости како што се самодисциплина и чистота. Односот на хигиената и на религијата е нагласен во прописите за лепрата и за кожните болести.

Законот за светоста, е всушност практична примена на Божјето барање: “Бидете свети зашто и јас сум свет...” (19/2).

Светоста е активно начело кое ја обликува и ја регулира секоја област од човековиот живот и дејности. Тоа се согледува во низата етички учења, посебно оние запишани во глава 19. Тие наложуваат дека секој мора да ги почитува таткото и мајката, дека треба да се стане пред седата глава и да се почитува лицето на старецот. Понатаму, тие наложуваат дека не смее целосно да се ожнеат меѓите на нивите, дека отпадоците по жетвата не смеат да се собираат, дека лозјето не смее да се бере по втор пат, ниту да се собираат отпаднатите гроздови, туку дека треба да се остават на сиромашните и на странците. Забрануваат да се пцуе оној што е глув и да се става сопка пред слепиот, да се негува омраза против ближниот и да се измачува туѓинецот. Со познатата изрека “Љуби го ближниот свој како самиот себе” се изразува љубовта кон секое човечко суштество.

Во Глава 14 се зборува за седмата година (шемита), педесеттата јубилејна година (јовел) и за други социјални закони. На седмата година земјата треба да се одмора, полињата не се засејуваат, лозјето не се крои. Во педесеттата година се ослободуваат робовите и на должниците им се бришат долговите.

Во 11. глава се набројуваат животните што не смеат да се јадат и оние што се забранети за јадење. Дозволено е да се јаде само добиток кој има раздвоени копита и кој ја прежива храната. Од животните што живеат во вода дозволено е да се јадат само оние кои имаат перки и крлушки. Од птиците забранети се главно грабливите птици: орелот, соколот, гавранот, јастребот... од крилестите четвороножни инсекти можат да се јадат само оние што на нозете имаат листови за скокање по земјата (скакулци, штурци и зелени скакулци), а од животните што лазат по земјата нечисти се глушецот, кртицата и сите видови гуштери.

“Вајикра” е основата на големото достигнување на еврејската вера; извор на многу доблести, кои луѓето ги стекнале под влијание на оваа книга и на нејзините закони, кои го ослободуваат човекот од суровоста и од свирепоста.

## 18.7. БЕМИДБАР - БАМИДБАР (во пустината) - Numeri (броеви)

Најстарото име на четвртата книга Мојсеева е ("Хумаш апикудим"), "Книга на пописите", зашто почнува со пописот на мажите достасани и способни за војска. Меѓутоа, називот Бемидбар (во пустината) кој настанал според петтиот збор на првата реченица, е посоодветен за содржината на книгата, зашто сите настани опишани во неа се случувале во пустината.

Книгата има 36 глави и може да се подели на три дела. Првиот дел, кој опфаќа десет глави, ги опишува подготовките за заминување од Синај, првиот попис на мажите над 20 години што биле способни за војска, изборот на Левитите и нивната служба, некои прописи што се однесуваат на прељубата, на Назиреите итн. Во вториот дел (од 11 до 21 глава), се опишува патувањето кон Кадеш, од каде бил извршен напад на јужен Кенаан, како и долгогодишното лутање по пустината. Лутањето е преполно со возбудливи собитија: мисијата на извидниците, бунтот на Корах, Мојсеевиот грев на казнувањето на Мирјам (Мојсеевата сестра), освојувањето на кралството на Аморејците, назначувањето на седумдесет народни старешини како помошници на Мојсеј, Киврот атаава (гробови на алчноста), смртта на Мирјам и на Арон итн. Во третиот дел се опишуваат последните настани пред влегувањто во Ветената земја: Балак и Билеам, посветувањето на Јошуа за наследник на Мојсеј, војната со Мидјанците и населувањето источно до реката Јордан. Во овој дел се спомнува и наредбата за вториот попис на Израелците способни за борба, прописот за празничните жртви, завети и краток преглед на движењето на Израелците од Египет до Јордан и законот за одвојувањето на градовите за Левитите и градовите за засолниште, поврзани со претстојното освојување на Кенан.

За разлика од третата книга "Вајикра", која во најголем дел има законодавно обележје, во книгата "Бемидбар" постојано се испреплетуваат историски настани со законски прописи. Во неа е истакната раководната улога на Мојсеј, неговата предаденост кон Бога и љубовта кон израелскиот народ. Исто така јасно се гледаат и тешкотиите со кои Мојсеј се соочувал како водач на уморниот и незадоволен народ. Изнесени се искуствата и неволите на Израелците за време на долгогодишното лутање по пустината, нивниот бунтовен дух и нивните колебања, нивното противење и неверство кон Бога и кон Мојсеј. Бог е претставен како верен чувар и заштитник на израелскиот народ, кој му помага во секоја неволја и го спасува кога се наоѓа во опасност, но истовремено и строго го казнува за побуна и за предавство.

### 18.7.1. Од содржината на книгата "Бемидбар"

Народот му се пожалил на Мојсеј дека нема месо, и дека јаде само мана (храна која во пустината паѓала од небо), а кога биле во Египет имале риба за без пари и секаков зеленчук.

Слушајќи ги луѓето како се жалат, Мојсеј му се пожалил на Бога дека врз него се срушил сиот товар на израелскиот народ и го прашал како да му создаде месо на народот. Тогаш Господ му порачал на народот преку Мојсеј дека на следниот ден ќе имаат месо и дека ќе можат да го јадат не еден или два дена, туку во текот на целиот месец сè додека не им се згади. Веднаш по тоа од кај морето дувнал силен ветер и навеал во логорот препелици, коишто народот ги собирал цел ден и цела ноќ. И додека уште не успеале да го соџвакаат целото месо што го беа ставиле во устата, настана страшен помор на народот. Затоа тоа место е наречено Киврот атаава (Гробови на алчноста), зашто тука биле погребани лакомите луѓе.



Сестрата на Мојсеј, Мирјам почнала да негодува затоа што нејзиниот брат се оженил со Египќанка и затоа што, наводно, самиот си го присвоил правото само тој да разговара со Бога. Во ова се придружил и братот Арон. Бог тогаш ги повикал Арон и Мирјам пред Заветниот шатор и во присуство на Мојсеј налутено ги укорил. Бог ја казнил Мирјам така што таа се разболела од лепра и била одделена од народот. Потоа ѝ простил на молбата на Мојсеј и таа оздравела по седум дена.

Мојсеј избрал дванаесет луѓе, од секое племе по еден, и ги испратил во Кенаанската земја за да испитаат кришум и да видат каква е таа земја – дали е богата или сиромашна, дали е нејзиниот народ силен или слаб, дали градовите се отворени или се утврдени, има ли шуми или нема. Извидниците се вратиле по четириесет дена и почнале да го побунуваат народот велејќи му дека во таа земја навистина тече мед и млеко, но дека староседелците се многубројни и силни, градовите се силно утврдени и дека во нив живеат горостаси, во споредба со кои извидниците наликувале на ситни скакулци и дека е таа земја неосвоива.

Кога го слушнале тоа Израелците почнале да плачат гласно и да викаат, велејќи дека би било подобро да умреле во Египет или пак тука во пустината каде што сега се наоѓаат, отколку заедно со жените и со децата да загинат од меч и да станат робови, па затоа најарно е да се назначат старешини и да се вратат во Египет. Единствено Јошуа, синот Нунов, поглавар на Ефрајимовото племе, и Калев, синот Јефунов, поглавар на Јудиното племе – кои биле заедно со другите извидници, се обиделе да го уверат народот дека земјата може да се освои. Меѓутоа, луѓето не ги послушале, туку им се заканиле дека ќе ги каменуваат.

Тогаш и Бог се заканил дека ќе ги уништи сите Израелци, поради што Мојсеј се фрлил во силен плач и молел да им прости. Бог ја услишил неговата молба, но одлучил никој постар од 20 години, освен Калев и Јошуа, да не влезе во Кенаанската земја, туку сите да лутаат низ пустината додека не умрат. Дури новото поколение, родено во пустината и ослободено од ропската навика, ќе влезе во Кенаан под водство на Јошуа.

Корах, роднината на Мојсеј од Левиевото племе, Датан и Авирам од Реувеновото племе и 250 угледни луѓе го наговориле народот на бунт. Корах тврдел дека свештенството законски им припаѓа на сите членови на Левиевото племе, а не само на Ароновото семејство. Датан и Авирам се побуниле против Мојсеевото раководење и говореле дека тоа законски му припаѓа на Реувеновите потомци (Реувен е најстариот син на Јаков).

Мојсеј го укорил Корах и ги повикал Датан и Авирам да дојдат кај него, но тие не го послушале туку и понатаму го подбуцнувале народот. Тогаш Мојсеј во придружба на старците отишол кај нивниот шатор. Кога се појавиле Датан и Авирам пред шаторот со своите семејства, Мојсеј му се обратил на народот и му рекол дека тие двајца нема да умрат со природна смрт затоа што му се спротиставиле на Бога. Штом го изговорил тоа, земјата под нив се отворила и ги проголтала, нив и нивните семејства, а и сите Кораховы привзаници и сиот нивни имот.

Израелците пристигнале во пустината Цин и поставиле логор кај Кадеш, но бидејќи на тоа место немало вода, народот почнал да се расправа со Мојсеј и со Арон. Тогаш Бог му рекол на Мојсеј да земе стап, па тој и Арон да свикаат собир и пред насобраниот народ да ѝ прозборат на карпата и така водата сама ќе потече од неа.

Мојсеј и Арон свикале собир, но Мојсеј не направил онака како што му заповедал Бог, туку сомничаво му се обратил на народот со зборовите: "Слушајте, вие одметници! Дали ќе извлечеме вода од оваа карпа?" Потоа налутено удрил двапати со стапот по карпата; водата сепак потекла и така народот можел да пие, а стоката да се напои. Затоа што не му поверувале и не направиле онака како што тој им наредил, Бог им рекол на Мојсеј

и на Арон дека нема да влезат во Ветената земја.

Народот поставил логори во Моавската Долина, па Моавците многу се исплашиле. Нивниот крал Балак го повикал Билеам, кој бил познат по правење магии, да ги проколне Израелците за да може полесно да ги уништи. Но Билеам, наместо да ги проколне, тој ги благословил Израелците и им претскажал славна иднина.

Непосредно пред смртта, Бог го повикал Мојсеј да се искачи на ридот Аварим, од каде што ќе може да ја види Ветената земја, за утеха му било дозволено да ја види оддалеку, да почувствува колку се близу Израелците до целта и да се увери дека не бил залуден неговиот труд.

Мојсеј го замолил Господ да им одреди на Израелците способен водач за да не останат како овци без пастир. Господ го одредил Јеошуа, кој бил мудар, побожен и храбар. Потоа му наредил на Мојсеј да го изведе пред големиот свештеник и пред целиот народ и пред нив да му даде упатства за големата и одговорна должност. Така Јеошуа ќе стекне углед и почитување и народот ќе му се покорува. Мојсеј направил така како што му заповедал Господ.

## 18.8. Деварим (зборови) - Deuteronomium

Петтата Книга Мојсеева “Еле адеварим” (Ова се зборовите), или скратено “Деварим”, го добила називот според првите два збора на првата реченица. Нејзиното најстаро име било “Мишна Тора” (Повторување на Тората), бидејќи во неа се повторуваат Десетте закони и многу други прописи од претходните книги.

Во оваа книга Мојсеј за последен пат му се обратил на народот. Пред умирање, на прагот од Ветената земја, тој во неколку говори на разделба ги прераскажувал настаните што се случиле во изминатите четириесет години. Го опоменал народот да му биде верен на Бога и да не подлегнува на искушенија кога ќе се насели во Канаанската земја. Им ги предочил казните кои ги очекуваат во случај на непослушност, како и наградите што ќе ги добијат ако ги почитуваат Божјите заповеди.

Во вториот говор тој ги повторил најважните закони. Меѓутоа, тие не биле само повторени, туку и изменети, проширени или скратени, и прилагодени кон новите услови во новата земја. Законите во претходните книги биле упатени до народот кој живеел номадски живот, додека повторените закони се наменети за луѓе кои достигнале до повисок степен на економски и општествен развој. Во новите услови ним повеќе им одговара хуманиот повик за благодарност кон Бога за љубовта што тој им ја укажува, отколку строгите закани и казни. Затоа се повикуваат да му возвратат љубов “со сето свое срце, со сета своја душа и со сета своја сила” (Шема 6,4). Во однос на Израел и на човештвото, Бог не е само судија и владетел, туку и пријател и татко; тој ги одгледува и ги поправува” како што човекот го одгледува својот син” (8,5).

Во прошталната песна “Аазина” (Слушајте), една од најубавите поетски творби во Танахот, водачот на умирање ја слави големината, верноста и праведноста на Бога, нарекувајќи го карпа на Израел. Стоејќи на работ од гробот, тој го упатува последниот благослов до племињата на кои во целост им го посветил својот живот. По ова Мојсеј се искачува во височините на ридот Нево, откаде се пружа поглед кон Ветената земја, за која Господ се заколнал дека ќе му ја даде на неговото семе – но Мојсеј нема да влезе во неа. Откако ја видел земјата, Мојсеј умрел. Според преданието тоа било на 7. адар.

“И Мојсеј беше на 129 години кога умре и неговите очи не беа потемнети и снагата не го



издаде” (34,7). “А го погреба Господ во долината, во земјата Моавска наспроти Бет Пеор и никој не дозна каде е неговиот гроб до ден–денес” (34,6). “И плачеа синовите на Израел за Мојсеј во долината Моавска 30 дена” (34, 8). Неколку извадоци од оваа книга станале составен дел од секојдневните молитви, посебно “Шема Јисраел” (6,49), која ја сочинува основата на еврејската вера.

### 18.8.1. Некои прописи од книгата “Деварим”

На крајот од секоја седма година се опростуваат сите долгови. Ако некој купи Евреин или Еврејка како роб, ќе служи шест години, а во седмата нека го пушти на слобода. При отпуштањето, треба да го дарува со стока и со други работи. На сиромашниот треба ширум да му ја отвори раката и подготвено да му даде она што му недостасува. Не вреди еден сведок против човек ниту за некоја вина, ниту за злосторство. Пресудата може да се донесе само врз основа на сведочење на двајца или на тројца сведоци.

Не смее да се земе птичје гнездо ако седи мајката на јајца, ниту да се земе мајка со малади пилиња. Не смее да се предаде на господарот роб што побегнал од него. Во лозјето на својот ближен смееш да јадеш грозје колку што сакаш. Во полето на својот сосед можеш да кинеш класје со рака, ама не со срп. Не смее да се употребуваат двојни тегови или двојни мерки, големи или мали, туку само точен тег и точна мера. Кога ќе се ожени некој, не треба да оди во војска една година, нека ја развеселува жената која ја довел. Доколку на својот ближен му позајмиш нешто, немој да влегуваш во неговата куќа по залог, туку чекај надвор, а должникот нека ти го изнесе залогот. Исплати му ја надницата истиот ден, зашто е сиромашен и неговата душа копнее и по таа надница.

# 19

## МИШНА

Мишна е основниот дел од Талмудот чиешто јадро ја сочинува Библијата (петте книги Мојсиеви). Содржи зборник закони и прописи на обичајното право кои ги објаснуваат и ги надополнуваат пишаните закони на Библијата.

Според народното верување, Мојсеј на Синај, освен пишаната Тора (Тора шебихтав), примил и разни додатни објаснувања на библиските прописи (Тора Шебеал пе), кои се пренесувале со усно предание од едно колено на друго. Библијата на пример, забранува работење во сабота, а усното предание објаснува што сè се смета за работа и кои видови работни активности не смеат да се извршуваат во сабота.

Усното предание не се запишувало, туку се учело напамет. Тоа со векови се проширувало и се развивало. И самиот Санедрин (види Сенхедрин стр.206) донел многу нови прописи што се наметнувале од потребите на новонастанатата општествена состојба. Познатитите верски авторитети, учители (танаим), чиишто одлуки и дискусии се забележани во Мишната, имале извонредно големо знаење и знаеле напамет цели збирки со прописи и обичаи, коишто усно им ги пренесувале на своите ученици. Најистакнатите танаим (учители), како што се раби Акива и раби Меир, работеле на средувањето на тој огромен материјал, но конечната редакција и систематизација ја извршил околу 200 година Раби Јеуда Ханаси со своите соработници. Неговите ученици ја продолжиле неговата работа, така што може да се каже дека систематизацијата на Мишна конечно била завршена околу 220 година.

Раби Јуда ја поделил Мишната на шест тома (седер), а според материјата која во неа се обработува, на томови во книгите (масехет), книгите ги поделил на делови (перек), а деловите и одделите во параграфи (мишна), според кои целото дело добило назив Мишна.

Содржина на томовите (седарим):

- **Седер зераим (посеви)** – прописи за обработување на земјата;
- **Седер моед (празници)** – прописи за саботата и за празниците;
- **Седер нашим (жени)** – прописи од семејното право;
- **Седер незикин (штети)** – прописи од имотното и казненото право;



- **Седер кодашим (жртви)** – прописи за принесување жртви и заветни подароци;
- **Седер теарот (чистота)** – прописи за одржување на здравјето и чистотата.

Раби Јеуда немал намера да направи од Мишната неприкосновен законик, туку, заради угледот што го имал тој, Мишната добила важност на закон за Евреите. Ова дело, кое покрај Библијата, станало главен извор на инспирација на еврејството, одиграло значајна улога во зближувањето на еврејските заедници, расеани по светот.

# 20

## НЕВИИМ (хебр. пророци)

Вториот дел на Танахот (Библијата – Стариот завет) се нарекува Невиим и се состои од осум книги. Невиим се делат на Невиим ришоним (први или рани пророци) и Невиим ахароним (последни или подоцнежни пророци). Хебрејскиот збор “нави” значи божји пратеник – пророк, кој на луѓето им ја соопштува божјата порака. Пророштвото се засновало на верувањето во Бога, од кого зависат судбината и благосостојбата на луѓето.

Меѓу древните Евреи, кај малиот народ кој живеел на мал простор, се појавувале такви посебни личности – пророци, кои придонеле за созревањето на овој народ. Од племенски врачови, кои ги имало речиси кај сите примитивни народи и во сите култури, невиим постепено се менувале и толку напредувале, што нивната морална сила, па оттука нивното влијание и збор, станале глас на совеста на Израел. За своето дело и улога, на еврејските пророци им немало рамноправен во историјата. Некои од нивните пораки запишани во Танахот, може да се вбројат во ремек–делата на еврејската книжевност.

По многуте војни водени под команда на Јеошуа (Јошуа), израелските племиња се населиле во Кенаанската земја и меѓусебно се поделиле. Евреите се појавиле на тој простор како сиромашни сточари, со посебни сфаќања за религијата кои се темелеле на Тората, во која се проповеда сочувување на еднаквоста и племенската демократија.

Откако дошле во Кенаан, Евреите почнале да го менуваат номадскиот начин на живот. Порано тие сите биле сиромашни, рамноправни и еднакви, нивните потреби биле едноставни, а моралот строг. Меѓутоа, под влијание на градските средини, тие почнале да се навикнуваат на повисок стандард и да тежнеат кон пораскошен живот. На плодната земја некои се збогатиле, поради што се создавале сè поголеми социјални разлики. Овие нешта уште на почетокот веројатно ги вознемирувале пророците и ги поттикнувале да го кренат својот глас во одбрана на религијата и на Мојсеевите закони, кои пропишувале еднаквост и демократија.

Меѓутоа, одделни општествени класи различно ја толкувале еврејската вера. Имало луѓе кои верувале дека е еврејскиот Бог еден од многуте богови во кои веруваат и другите народи. Имало и такви кои верувале дека постои само еден Бог за сите народи, но дека тој најпрвин му се открил на еврејскиот народ. Еврејските пророци во своите проповеди ја застапувале мислата за универзален Бог, а верата во Бога ја поврзувале со



учењето за високиот морал. Според тоа учење, Бог бара од луѓето да бидат чесни и честити, да ја развиваат љубовта кон ближниот и да не прават разлика помеѓу богатиот и сиромашниот. Обраќајќи им се на своите современици, тие секогаш настојувале кај нив да предизвикаат чувство на отпор кон насилството и неправдата, ги повикувале да ги бранат слабите и немоќните, да го презрат секое зло. Еврејските пророци се занимавале со прашањата на своето време, непосредно доѓале во судир со државната власт и стоеле на страната на својот народ во најтешките моменти на политичките кризи. Тие биле предводници во борбата за афирмација на еврејската религија, напаѓајќи ги кралевите и аристократите, на кои, заради стекнување привилегии и богатење, повеќе им одговарале религиите на другите народи.

Во судирите кои настанувале помеѓу експлоатираните и експлоататорите во царството на Јудеја и Изрел, пророците секогаш биле на страната на експлоатираните; во услови на класна борба тие го уверувале народот дека е нивната тешка состојба последица на Божјиот гнев заради грешниот живот и почитувањето на други богови. Политичките судири во суштина се воделе во вид на верска борба. За разлика од свештениците, кои сметале дека на Бога треба да му се служи со молитва и со принесување жртви во храмот, пророците проповедале дека на Бога му се служи со правење добри дела, со благородност и со праведни општествени односи.

Предвидувајќи ги последиците на националните кризи, и сфаќајќи дека е утрешнината неделива од денешнината, тие храбро ги критикувале погрешните потези на државниците и нискиот морал на одделни нивни современици. Затоа нивните пораки содржеле прекор, опоменување и пророштво за опасностите кои би можеле да ги донесат блиската, или подалечната иднина. Одважноста во нивниот настап била можна единствено во земјата во која постоела вистинска слобода на говорот.

### 20.1. НЕВИИМ РИШОНИМ (хебр. првите пророци)

Невиим ришоним се четири историски книги во кои се опишуваат настаните по смртта на Мојсеј, сè до разорувањето на Првиот храм во 586 година пр.н.е. Тоа се: Сефер Јеошуа (Книга за Јошуа), Сефер Шофетим (Книга за судиите), Сефер Шемуел (Прва и Втора книга Самуелова кои се сметаат како една книга) и Сефер Мелахим (Прва и Втора книга на царевите, кои исто така се сметаат како една книга).

### 20.2. СЕФЕР ЈЕОШУА (Книга за Јеошуа)

Сефер Јеошуа е првата книга на раниот период на пророците, во која се изнесува историјата на Изрелците под водство на Јеошуа. Мојсеј го започнал големото дело: ги извел Израелците од Египет, им дал закони, ги водел низ пустината и ги довел до Ветената кенаанска земја. Неговиот наследник Јеошуа го минал Јордан, покорил многу кенаански племиња, ги внесол Израелците во Ветената земја и со тоа го завршил големото дело на својот учител. Влегувањето во Ветената земја имало големо значење за јакнењето на верското и на политичкото единство на Израелците. Чудата кои се спомнуваат во книгата, како што се преминувањето преку реката Јордан, рушењето на утврдениот град Ерих и слично, требало да послужат како доказ дека Израелците не би можеле без Божјето посредување да ги покорат моќните народи и да ја освојат нивната земја. Тие народи се опишани како пагани кои заслужиле најстрога казна заради своите злодела и моралната расипаност.

Кенаанците биле моќни непријатели кои имале борбени коли и добро утврдени градови, но биле разединети зашто секој град претставувал посебна државичка и си имал свој крал. Тие се обиделе да се обединат против Изрелците кои навлегувале, но не успевале, затоа што Јеошуа им задавал порази уште пред да се обединат.

Под водство на Јеошуа, кој бил многу храбар, вешт и способен војсководец, Изрелците воделе многу тешки војни, победиле многу кралеви и зазеле поголем дел од Кенаан. Сепак, во многу краеви Кенаанците уште долго време останале меѓу Израелците.

Последното дело на Јеошуа било разделувањето на земјата меѓу племињата. Тоа со фрлање ждрепка го извршиле Јеошуа, свештеникот Елеазар и поглаварот на израелските племиња. Секое племе добило свој дел, освен племето Леви, чиишто припадници се помешале со припадниците на останатите племиња.

Биле одредени и шест градови во кои можеле да се засолнат сторителите на ненамерно убиство. Во нив тие биле заштитени од самоволието на поединци и од крвна одмазада, која тогаш била вообичаена кај сите стари народи. Право на ваква заштита пружале и 42 левитски града, а исто така и светилиштата во кои убиецот можел да остане сè додека не излезе пред судот на заедницата.

Предвидувајќи ја својата блиска смрт, Јеошуа го повикал народот и народните поглавари во Шехем, им одржал говор и склучил сојуз со нив. Како и Мојсеј, така и Јеошуа пред умирање му ги дал на својот народ напатствијата според кои треба да живеат. Го повторил сето она што Бог го сторил за нив и ги повикал да му служат искрено, строго придржувајќи се кон прописите на Тората, не отклонувајќи се од нив ни лево, ни десно. Исто така ги предупредил дека ќе им го испрати Бог секое зло, па дури и целосно уништување, доколку отстапат од заветот кој го дале пред Бога.

Остарен и снемоштен, Јеошуа наскоро умрел, во 110 година, и бил погребан во Тимнат Серах, на ридот Ефрајим.

## 20.2.1. Од содржината на Книгата Јеошуа

### 20.2.1.1. Извидници

Јеошуа го подготвувал народот за преминување преку реката Јордан и за освојување на ветената земја. Затоа тој скришно испратил два извидника со налог да го разгледаат внимателно пределот, посебно градот Јерихо.

Извидниците се вовлекле во градот и преноќиле во куќата на блудницата Рахав. Тоа го дознал кралот на Јерихо, па ѝ порачал на Рахав дека тоа се непријатели кои дошле како извидници. Затоа побарал од Рахав таа да му ги предаде, но Рахав го одбила тоа: ги сокрила извидниците на кровот, под неиспредениот лен кој го послала таму. На кралските војници им рекла дека некои луѓе биле кај неа, но дека си заминале на стемнување, пред затворањето на градските порти.

Вечерта Рахав се качила на кровот и им се обратила на извидниците со следниве зборови: “Заколнете ми се со Господ дека и вие ќе му направите милост на домот на мојот татко, мојата мајка, моите браќа, моите сестри и кон сè што е нивно и дека ќе нè избавите од смрт”. Тие ѝ одговориле: “Ти гарантираме за вас со својот живот, само ако не нè издадете...” (Јеошуа 2–12–14).

Рахав тогаш врзала јаже за прозорецот и им помогнала да се спуштат низ градските бедеми, бидејќи тука се наоѓала нејзината куќа. Извидниците пред заминување ѝ рекле да врзе црвена врвка на прозорецот како знак на распознавање и да ги собере кај себе своите роднини. Кога го зазеле Израелците Јерихо, го исполниле ветувањето и ја поштеделе Рахав и целото нејзино семејство.



### 20.2.1.2. Преминување преку реката Јордан

На враќање од тајното разгледување на земјата, извидниците го известиле Јеошуа за сè што им се случило и изјавиле дека Кенаанците ги обзел голем страв од Израелците.

По три дена Јеошуа го подготвил народот за преминување на реката Јордан, а на свештениците им наредил да го понесат и Ковчегот на заветот и да одат напред, пред народот. Кога свештениците што го носеле ковчегот згазнале во надојдената река, нејзиниот горен тек се запрел и станал како насип, а долниот тек и понатаму истекувал. Водата на тоа место се пресушила, така што народот по суво брзо преминал на другиот брег, кон Јерихо. Со народот преминале и околу 40 000 воини. Кога народот и воините безбедно ја преминале пресушената река, поминувајќи покрај свештениците кои го држеле ковчегот, Јеошуа им наредил и ним да излезат од реката. Штом свештениците излегле и застанале на суво, водите на Јордан повторно почнале да течат како порано. Така Израелците го преминале Јордан, како што и нивните татковци преминале преку Црвеното Море пред 40 години.

### 20.2.1.3. Заземањето на Јерихо

Првиот град на освојувачкиот пат кон внатрешноста на Кенаан бил древниот Јерихо, кој уште во тоа време имал долга историја. Тоа бил добро утврден град, опкружен со двоен појас од бедеми. Жителите на Јерихо поради стравот од Израелците се затвориле од сите страни, така што никој не можел да влезе ниту да излезе.

Подготвувајќи се за напад, Јошуа им наредил на свештениците да го донесат Заветниот ковчег пред кој ќе одат седум свештеници и ќе дуваат во шофар (труба направена од овновски рог). Еден дел од војниците ги распоредил пред трубачите како претходница, а другиот дел зад Ковчегот, како заштита. На народот му рекол да оди зад нив и еднаш да го заобиколи градот, но забранил да испуштаат гласови од себе, сè додека тој не им даде знак, а по тоа сите да се вратат во логорот и таму да ја минат ноќта. Така правеле шест дена по ред.

Во зората на седмиот ден, повторно го заобиколиле градот и тоа по истиот редослед, седум пати. За време на седмото обиколување, свештениците со сета сила затрубиле во шофарите. На дадениот знак од Јеошуа и народот кренал огромна врева, па така бедемите на Јерихо се стресле и се срушиле од бојното кликтење и од звукот на шофарите.

Израелците тогаш влегле во градот и убиле сè што е живо: и машко и женско, и старо и младо, ситната и крупната стока. Потоа го запалиле градот и сè што било во него, но го сочувале само среброто и златото, и бронзените и металните садови. Единствено ја поштеделе блудницата Рахав, нејзиното семејство и сè нивно затоа што таа ги сокрила извидниците и не ги издала.

По освојувањето на Јерихо, многу кенаански племиња се предале без борба, но повеќето кенаански кралеви, здружени во сојуз и понатаму воделе војна против Израелците.

## 20.2.1.4. Заземањето на Ај

По заземањето на Јерихо, Јеошуа испратил извидници во Ај и во неговата околина. Тие на враќање го известиле Јеошуа дека таму нема многу луѓе и дека за освојување на градот се доволни две до три илјади војници. Затоа Јеошуа испратил против Ај околу три илјади војници, но жителите на Ај нив ги поразиле и ги натерале во бегство.

По овој пораз, кој Израелците многу тешко го поднеле, Јеошуа смислил нов воен план. Избрал триесет илјади храбри борци и ги наместил ноќе во заседа, западно од градот. Утрото со народот и со останатите војници тој се сместил во логор северно од Ај, така што помеѓу нив и градот се протегала една рамнина. Охрабрен од првата победа, кралот на Ај тргнал во борба против Израелците, без да насети дека му била поставена заседа. Според утврдениот план, Израелците почнале да бегаат кон пустината, а Ајаните тргнале во потера по нив. Во потерата по Израелците, тие се оддалечиле од градот и го оставиле незаштитен. Тогаш борците од заседа влегле во градот, го освоиле и го запалиле. Откако видел дека е градот заземен, Јеошуа и народот се завртеле и ги нападнале Ајаните, а во пресрет им дошле и Израелците кои излегле од градот. Ајаните биле опколени од сите страни и доживеале ужасен пораз – никој не успеал да побегне или да остане жив. Тој ден загинале сите Ајани, дванаесет илјади мажи, жени и деца. Ајскиот крал бил фатен жив и обесен на дрво. По заоѓањето на сонцето, Јеошуа наредил да се симне телото од дрвото, па го фрлил пред градската порта и го затрупал со огромен куп камења.

## 20.2.1.5. Лукавството на Гивоњаните

Поучени од она што им се случило на градовите Јерихо и Ај, жителите на Гивон се исплашиле и нив да не ги снајде истата судбина. Сигурни во надмоќта на Израелците, тие размислувале како да ја избегнат борбата и да склучат мир со нив. Така смислиле да го сторат тоа со лукавство. Врз себе навлекле стари облеки, обуле износени чевли, натовариле на магарињата закрпени мевови со вино и понеле сув и истрошен леб. Тие во секој поглед наликувале на патници што доаѓаат оддалеку. Така стигнале до израелскиот логор. На Јеошуа му рекле дека доаѓаат од далечна земја, и бидејќи слушнале што сè направил Господ за својот народ, тие сакаат да склучат сојуз со Израелците.

Јеошуа им поверувал, убаво ги дочекал, ги почестил и склучил со нив спогодба за мир. Им ветил дека нема да ги задева, а истото го направиле и племенските старешини. Тогаш се заколнале на верност.

По три дена, Израелците дознале дека се измамени и дека дојденците не се пристигнати од далечна земја, туку дека се нивни соседи. Тогаш Јеошуа и поглаварите се состанале за да се советуваат што треба да се направи. Одлучиле да им ги поштедат животите и да не ги гибаат, зашто заклетвата за верност не смее да се погази, но и дека Гивоњаните треба доживотно да им служат како дрвосечачи и водоносци.

## 20.3. Шофетим (хебр. судии)

Шофетим е назив за втората книга на раните пророци. Во неа се опишуваат историските настани од смртта на Јеошуа, до Шемуеловото (Самуеловото) раѓање. Книгата го добила името според дванаесетте судии чиишто дела се опишани во неа. Судиите биле јунаци, борци и заштитници на народот. Според Библијата, тие извршувале задачи што им ги



поставувал Бог; тој барал од својот народ да му биде верен и да ги почитува прописите запишани во Тората. Ги казнувал оние што ќе згрешеле, а доколку се покаат, тој им праќал јунак кој требало да ги избави од неволја.

Од дванаесетте судии кои се спомнуваат во книгата, посебно се опишани само делата на шесте од нив, додека останатите се спомнуваат само патем, зашто записите за нивните дела не се сочувани. Најпознати судии се ЕУД, ДЕВОРА, БАРАК, ГИДЕОН, ЈИФТАХ и ШИМШОН (Самсон). Во првата книга на Шемуел, се спомнуваат и судиите Ели и Шемуел (Самуел).

Јеошуа додека бил жив не си одредил свој наследник. Израелците по неговата смрт немале заеднички водач, па затоа секое племе си избирало свој старешина. Соседните народи ја искористиле нивната разединетост, ги напаѓале поединечно и им ја наметнувале својата власт. Со векови Израелците воделе борби со староседелците чијашто земја ја зазеле, како и со останатите народи што не успеале да ги покорат. Посебно тешки борби воделе против Филистејците, кои тогаш биле на повисок цивилизациски степен од нив. Во случај на опасност, се здружувале повеќе племиња и одбирале заеднички судија којшто ги водел во борба против напаѓачите. Според Библијата, постапката при избор на судија била обично секогаш иста. Гневен што му се оддале на идолопоклонството и почнале да им се поклонуваат на канаанските божества, Бог ги казнувал Израелците така, што ги изложувал под власт на Кенаанците, Моавците, Филистејците и другите соседни народи. Кога ќе се покаеле и во својата неволја ќе му се обрателе на Бога, тогаш во вистински момент ќе се појавел некој јунак, доброволец или жена–јунак и привремено го спасувале своето племе или повеќе племиња, па така обезбедувале подолг или пократок мирен период. Судијата, по победата владеел со одделно племе, или со сојуз на повеќе племиња сè до крајот на животот. Во многубројните борби против непријателот кој го загрозувал нивниот опстанок, судиите ја зацврстиле власта на Израелците во Кенаан.

Судиите не биле учени луѓе, туку обични селани, овчари, луѓе од народот кои ја извршувале својата должност доброволно и без никаков надомест. Тие се појавувале по потреба, а нивните семејства не уживале наследно право. Периодот на судиите траел околу двесте години – од смртта на Јеошуа, до крунисувањето на Шаул за цар.

Книгата за судиите е полна со лични драми и описи на луѓе како со добри, така и со лоши особини.

Судија е и пророчица Девора, која имала седиште на Ефрајимскиот Рид под палминото дрво; тука доаѓал народот за да му суди и да му ги решава споровите. Девора била мошне способна личност. Нејзината песна за победата над војсководецот Сисера, богата со фантазија и верски чувства, е извонреден пример на раната еврејска поезија. Во песната е изразена пофалбата на јунаштвото на израелските војници и се истакнуваат племињата што учествувале во борбата.

Гидеон е прикажан како човек со високи доблести: скромен, обсирен и мирољубив. Тој успеал да ги смири избувливите Ефрајимовци, така што ги обезвреднил своите, а ги возвеличил нивните заслуги во конечното уништување на Мидјаните, кои ги измачувале Израелците повеќе години.

За разлика од Гидеон, Јифтах бил воеnољубив, избувлив и лут човек; тој ги поразил Амоњаните, кои долги години ги напаѓале племињата на Реувен, Гад и Менаше. Навредени што и тие не биле повикани во битка против Амоњаните, Ефрајимовците го преминале Јарден (Јордан), го нападнале Јифтах, но претрпеле тежок пораз. Јифтах за одмазда поставил стражари на сите премини на реката; тие го убивале секој Ефрајимовец кој се обидувал да се врати преку реката. Лесно било да се утврди кој е Ефрајимовец,

по тоа што зборот “Шиболет” тие го изговарале “Сиболет”, зашто не можеле да го изговорат гласот “ш“.

Шимшон претставувал необичен спој на доблест, сила и непромисленост; физички необично силен, но кон жените слаб човек. Неговата жена Делила, која со лукавство им го предала на Филистејците, станала олицетворение за жена–предавник.

Со населувањето во Кенаан, Израелците престанале да живеат номадски живот. Во новите услови е воспоставена единствена институција каква што според нејзината необичност, не наоѓаме во историјата на другите народи. Тоа е институцијата на судиите, според Библијата “Со бога вдахновени луѓе”, кои четиристотини години пред Грците завеле вистинска демократија во светот.

Во новите услови Израелците ги сочинувале дванаесет племиња. Поглаварите и старешините во рамките на секое племе ги решавале споровите и донесувале одлуки, онака како што тоа и денес го прават општинските или државните судови во рамките на државата. Меѓутоа, авторитетот на судијата бил над авторитетот на сите поглавари и старешини, како што Уставот во државата бил над државната власт. По потреба судијата бил војник, свештеник, пророк и врховен поглавар; имал овластувања да свикува совет на старешини, народни собири и да ја предложува содржината на заседавањето.

Основната слабост на владеењето на судиите била во тоа што не била доволно сфатена нужноста да се воспостави едно посилно, централизирано раководство, кое на народот полесно би можело да му обезбеди внатрешен мир и спокојство. Разединетите племиња длабоко верувале дека Бог ќе ги обедини во тешките мигови и ќе им испрати спасител. Историчарите тоа време на разединетост го оценуваат како преоден период во кој некогаш номадскиот народ го менува својот општествен систем и го прилагодува кон новите услови на земјоделското производство.

Новите општествени и стопански услови, новиот начин на живот, во кој лутањата и шаторите се заменети со постојани живеалишта, ја наметнале потребата да се измени општествената структура и да се воспостави централизирана власт. Така Израелците конечно ја основале својата прва монархија 1030 година пр.н.е. и го одбрале Шаул за свој прв цар.

## 20.3.1. Од содржината на книгата “Шофетим”

### 20.3.1.1. Еуд

Израелците 18 години му служеле на моавскиот цар Еглон и му плаќале данок. Во таква неволја тие му се обратиле на Бога, па тој им испратил ослободител во ликот на Еуд, од племето на Бинјамин, кој бил левучар. Еднаш Израелците го испратиле Еуд да оди кај моавскиот цар за да му однесе данок. Тој пред заминување на пат си направил меч со две сечила, долг еден лакт, па го приврзал на десниот колк.

Откако го предал данокот, Еуд му рекол на кралот дека сака да му соопшти една важна тајна. Кралот наредил сите да излезат. Тогаш Еуд му се приближил, со левата рака го истргнал мечот од десниот колк и го забодел во стомакот на кралот и тоа толку длабоко што заедно со остриот дел влегла и рачката до мечот.

Потоа излегол низ тремот, ја заклучил вратата од горната одаја и побегнал. Дворјаните долго чекале да излезе Еуд. Најпосле се посомневале дека се случило нешто, ја отклучиле вратата и го нашле својот господар мртов.



Откако се вратил во ефрајимските ридови, Еуд го повикал народот во борба против Моавците. Израелците ги зазеле јорданските градови, не допуштајќи му никому да преминува преку нив. Ги покориле Моавците, убиле околу десет илјади луѓе. Потоа живееле во мир осумдесет години.

### 20.3.1.2. Девора и Барак

Кенаанскиот цар Јавин дваесет години ги угнетувал израелските племиња на север на земјата. Еден ден неговиот војсководец Сисера со голема војска го нападнал племето Нафтали и соседните племиња. Израелците се засолниле во градовите на племето Ефрајим. Во тоа време судија во Ефрајим била пророчицата Девора, која имала седиште под едно палмино дрво, каде што судела и решавала спорови.

Туѓинскиот јарем тешко ги притискал Израелците, па затоа Девора одлучила да им помогне. Таа ги повикала припадниците на своето племе, кои заедно со племето Нафтали, собрале војска за борба против Сисера. Девора за водач го одредила Барак, старешината на племето Нафтали, а на војската ѝ се придружила и самата таа за да им го подигне борбениот морал на војнниците.

Сисера бил искусен војсководач, добро вооружен со деветстотини оклопни коли. Барак во тешка борба ја уништил војската на Сисера, а Сисера побегнал и пешки стигнал до шаторот на Кенаанката Јаела, која била на страната на Израелците. Таа го засолнила во својот шатор, го нахранила и му подготвила постела да се одмори. Поради големата исцрпеност и умор, Сисера наскоро заспал. Тогаш Јаела го зела колецот од шаторот и токмакот, тивко му се приближила и со токмакот му го забила колецот низ слепоочницата.

Наскоро пристигнал и Барак, кој го гонел Сисера. Јаела го пресретнала и го повикала да влезе во шаторот за да му го покаже човекот што го барал тој. Барак влегол и го здогледал Сисера мртов со колец забиен во слепоочницата.

Девора во благодарствена песна го опеала храбриот подвиг на Јаела, во слава на победата над Сисера.

По победата на Барак и Девора, Израелците живееле во мир четириесет години.

### 20.3.1.3. Гидеон

По четириесетгодишниот мир, повторно избила војна со номадите. Мидјаните, Амалеќаните и други доаѓале со своите стада и камили од пустината и, во потрага по добри пасишта, влегувале во Израелската земја, ја грабале стоката, ги палеле и уништувале посевите.

Во тоа време старешина на Израелците бил Гидеон од племето на Манаше. Тој го повикал народот во борба против напаѓачот. На повикот се одзвале многу племиња, така што се собрале повеќе борци отколку што очекувал Гидеон. Затоа тој му објавил на народот дека секој што се плаши може да се врати дома; иако многумина се вратиле, сепак останале уште десет илјади борци. На Гидеон му се чинело дека и тоа е премногу голем број војска, па ги повел до водата и им рекол да пијат. Сите тие што пиеле вода како пес, кога лока со јазикот ги одвоил на една страна, а другите што пиеле клечејќи, ги ставил на друга страна. Гидеон ги задржал само оние што ја локале водата со јазик принесува–

јќи ја со рака, а такви имало триста. А, останатите ги вратил дома.

Гидеон ги поделил своите триста војници во три чети, а на секој војник му дал шофар, празна стомна и факел во стомната и им наредил да го прават истото она што ќе го прави и тој. Околу полноќ тој се довлечкал скришно до непријателскиот логор со сите свои војници. На негов знак, тие затрубиле во шофарите и ги испокршиле стомните кои ги држеле во рацете. Истотото ова го направиле и другите чети па сложно повикале; “За Господа и за Гидеон”. Мидјаните ги обзел паничен страв, зашто помислиле дека се опколени од голема израелска војска, па во силен ужас почнале да бегаат. Израелците ги гонеле и ги потчиниле под своите нозе.

Во знак на благодарност затоа што ги ослободил Израелците му понудиле на Гидеон наследна власт, но тој го одбил тоа, со објаснување дека ни тој ни неговиот син нема да владеат со нив, туку нивни владетел ќе биде Господ.

Мидјаните повеќе не ги вознемирувале Израелците и земјата била мирна четириесет години, сè до Гидеоновата смрт.

## 20.3.1.4. Јифтах

Амоњаните никако не можеле да заборават дека земјата источно од Јордан била некогаш нивна. Затоа постојано ги напаѓале израелските племиња, ги пљачкосувале и им ја грабале нивната стока. Конечно одлучиле и да завојуваат против Израел, па собрале војска и поставиле логор во Гилад. Израелците пак поставиле логор во Мицпа.

Во тоа време во Гилад живеел прочуениот јунак по име Јифтах, син на една блудница. Неговите браќа по татко го набркале од домот бидејќи не сакале да го делат со него наследството од татко им. Јифтах побегнал и се населил во земјата Тов, а тука му се придружиле и многу други бескуќници.

Кога му се заканиле Амоњаните на Израел, гиладските старешини го побарале Јифтах и го замолиле да им биде водач и да ги поведе против Амоњаните. Јифтах се согласил, но под еден услов – да им остане водач и по завршувањето на војната.

Јифтах пред борбата дал завет дека, ако победи, ќе го принесе за жртва првото живо суштество, кое од неговата куќа ќе му излезе во пресрет. Јифтах најпрвин се обидел мирно да го реши спорот со Амоњаните, но бидејќи тие не се согласиле, тој ги нападнал и им нанел тежок пораз. Кога се вратил Јифтах по победата дома, играјќи на звуковите од тапаните, така се случило, што прва му излегла во пресрет неговата млада и убава ќерка единица. Здогледувајќи ја, Јифтах длабоко се потресол, ја раскинал својата облека и залелекал: “Леле ќерко моја, во голема жалост ме фрлаш! Зарем ти ли мораше да ми донесеш несреќа? Јас му дадов завет на Господа, и не можам да го порекнам тој завет” (Шофетим 11–35). Таа му одговорила дека заветот мора де се исполни, па го замолила да ѝ дозволи два месеца да лута по горите со своите другарки и да си го исплаче своето моминство. Таткото ја пуштил, а таа му се вратила по два месеца лутање. Тогаш несреќниот татко го извршил заветот што го беше дал.

Оттука потекнува обичајот во Израел, израеловите ќерки секоја година четири дена да ја оплакуваат ќерката на Јифтах од Гилад.

Јифтах судел во Израел шест години, сè до својата смрт.



## 20.3.1.5. Шимшон (Самсон)

Најопасните соседи на израелските племиња на север биле Филистејците. Тие живееле во јужното приморје, во Газа и во околните градови, постојано загрозувајќи ги племињата на Дан и на Јеуда. Израелците во одбрана воделе многу крвави борби против нив.

Во тоа време во племето Дан живеел еден човек чијашто жена не можела да роди. Нејзе еден ден ѝ се јавил “Божји пратеник” и ѝ рекол дека ќе роди син што мора да биде “назир”, т.е. посветен на Бога. Тој нема да смее да се потстрижува, да се бричи, да пие вино и жестоки пијалаци. И навистина, жената наскоро родила син и му дала име Шимшон (Самсон).

Кога пораснал, Шимшон се одликувал со горостасна сила и со голема храброст. Бил способен сам да се бори против Филистејците и да им задава големи неволи, така што за неговото јунаштво има многу чудесни приказни.

Шимшон се оженил со филистејска девојка од Тимна. Еден ден кај тимнајското лозје скокнал пред него еден млад лав, силно рикајќи. Шимшон со голи раце го добрал лавот и го расчепил како да бил младо јаре.

По некое време, за време на жетвата на пченицата, Шимшон се симнал во Тимна да ја посети својата жена, но неговиот тест не го пуштил во одајата затоа што во меѓувреме ја дал ќерка си на друг. Шимшон се налутил и рекол дека заради тоа ќе им се одмазди на Филистејците. “И отиде Шимшон, улови триста лисици, зеде факели и свртувајќи опаш кон опаш, ставаше по еден факел помеѓу двете опашки. Тогаш ги запали факелите, ги пушти лисиците во Филистејските Полиња и им ги запали сноповите и неожнеаното жито, лозјата и маслините” (Судии 15–4,5). По тоа отишол во пештерата на Етамската карпа во Јеуда и таму се населил.

## 20.3.1.6. Магарешката челуст

Филистејците тргнале во поход на Јеуда за да го заробат Шимшон. Исплашените Јудејци дошле кај Шимшон и со негова согласност го заврзале со цврсти конопи и го довеле во Леха за да им го предадат на Филистејците. Филистејците весело се стрчале кон Шимшон, но тој ги искинал јажињата како да се конци. Тогаш забележал на земјата една широка магарешка челуст, ја зел и со неа убил илјада луѓе.

## 20.3.1.7. Шимшон во Газа

Еднаш свратил во Газа да преноќи кај една блудница. Филистејците го дознале тоа, па го опколиле градот, ја заклучиле градската порта и бдееле до зората, чекајќи да го фатат и да го убијат. Меѓутоа, Шимшон станал околу полноќ, ја зграбил градската порта и ја откорнал, потоа ја ставил на рамењата и ја однел на врвот од ридот.

## 20.3.1.8. Шимшон и Делила

Шимшон повторно се оженил со една Филистејка по име Делила. Ветувајќи ѝ голема награда, филистејските кнезови побарале од неа да им помогне и да се обиде да открие во што е тајната на неговата невообичаено голема сила. Делила се согласила, но нејзи–

ните обиди во почетокот биле залудни. Меѓутоа, таа во упорните женски умилкувања, успеала да дознае дека се наоѓа неговата сила во долгата коса, која не ја стрижел од раѓањето зашто бил “назир”. “Ако ме избричат, ќе ја загубам сета сила, ќе снемоштам и ќе станам обичен човек” (Шофетим 16–17). Делила ги известила Филистејците да дојдат, а Шимшона го заспала во своите прегратки. Додека спиел, Филистејците го острижале, го фатиле, му ги ископале очите и го одвеле во Газа.

Окован со двојни ланци, Шимшон во темница морал да врти еден воденичарски камен.

### 20.3.1.9. Шимшоновата смрт

На Шимшон со текот на времето почнала да му расте косата и да му се враќа силата. Еден ден, се собрале филистејските кнезови, старешините и многу народ во храмот на богот Дагон за да принесат жртва за благодарност заради победата над непријателот кој им задал толку многу неволи. Го довеле и Шимшон од затворот за да го понижат и да го исмејат. Во длабок очај, слепиот Шимшон го замолил момчето што го водело за рака да го доведе до столбовите на кои бил храмот.

Шимшон тогаш силно повикал довикувајќи го Господа: “Само уште сега дај ми сила, та да им се одмаздам на Филистејците за двете очи”. И Шимшон ги напипал двата средни столба на кои бил изграден храмот, се потпрел со десната рака на едниот, а со левата на другиот и повикал: “Нека погинам со Филистејците” (16–28,30). Ги затресол столбовите со своите снажни раце и така зградата се срушила и го затрупала Шимшон и филистејските кнезови, старешини и илјадници други Филистејци. Умирајќи, Шимшон уништил повеќе Филистејци отколку во текот на неговиот живот.

Шимшон бил судија во Израел дваесет години.



# 21

## Шемуел I-II

### (Самуел)

Книгите Шемуел I и Шемуел II (Самуел) во еврејските списи се сметаат како една книга. Дури во XV век, со објавувањето на печатената Библија, прифатена е поделбата на две книги, прва и втора.

Според преданието, автор на книгите е Шемуел, па затоа тие го носат неговото име. Меѓутоа, книгите не потекнуваат од него, ниту е тој централната личност во нив. За него се зборува само во првиот дел од оваа книга, вториот се однесува на Шаул, а во втората книга речиси исклучиво се зборува за Давид.

Во талмудската и мидрашката литература се смета дека Шемуел ја напишал својата книга до реченицата “И Шемуел умре” (Шемуел 1–25–1), а дека останатиот дел го напишале пророците Натан и Гад. И современите истражувачи на Библијта исто така сметаат дека книгите на Шемуел не се дело на еден автор, туку збирка од разни пишани извори и од усно предание.

Книгите на Шемуел со содржината се надоврзуваат на книгата за судиите (Шофетим), зашто почнуваат со животописот на двајцата последни судии – Елиј и Шемуел. Тие го опфаќаат историскиот период од околу 100 години пр.н.е. (1070–970) и го прикажуваат развојот на Израел од племенското уредување, до воспоставувањето монархија, а завршуваат со последните денови на кралот Давид. Во нив се опишуваат тешкотиите на кои наидуваат водачите на израелските племиња во настојувањата да воспостават верско и национално единство.

Поради разединетоста на племињата веќе ниеден судија не владеел со цел Израел. Процесот кој довел до воспоставување на национално единство бил условен повеќе од надворешни, отколку од внатрешни причини. Во долготрајните борби со народите на соседните земји, посебно откако Филистејците станале заедничка опасност за сите нив, се развила свеста и сознанието дека расцепканоста на племиња претставува нивна основна слабост и дека само обединети под заеднички водач ќе можат да ја соберат потребната сила за да опстанат.

Иако во овие книги нема единствено историско излагање на настаните, врз основа на постојните податоци може да се реконструираат најважните настани кои се однесуваат на подемот и редоследот на владетелите во раниот период на обединетото царство, при што централните личности – Шемуел, Шаул и Давид стапуваат во сложен однос на меѓузависност и соперништво. Основната линија на историските податоци на кои се потпира изложувањето била во тоа да се истакне национално–верското значење на воспоставеното царство.

Освен најважните прашања што ги споменавме, се појавуваат и многу други важни теми, како што се замената на институцијата судии со монархија, триумфот на Давидовата династија над Шауловата, Давидовите освојувања, јакнењето на единството на север и југ со воспоставување на престолнина во Ерусалим, преместување на заветните плочи во Ерусалим и слично.

Книгите изобилуваат и со други занимливи и возбудливи настани, како што се судбината на заветните плочи и смртта на свештеникот Елија, барањето на народот да се воспостави монархија и Шемуеловото предупредување на неволите кои ги носи таа, борбата помеѓу Давид и Голијат, Шемуеловото откажување на давање поддршка на Шаул заради кршењето на "херемот" (в.херем) над Амалек, Шауловата завист заради Давидовите воени успеси, Давидовото бегство, Шауловата и Јонатановата смрт во борба со Филистејците, Давидовата тажачка песна над Шаул и Јонатан, предавството на Давидовиот војсководец Јоав и убиството на војсководецот Авнер, драматичното Давидово повлекување од Јерушалајим, Давидовата жалост заради загинувањето на синот Авшалом, сето тоа недвосмислено говори и за многу негативни постапки и недела на главните личности Шаул и Давид. Живописно е прикажан разvратот во Давидовото семејство, кој придонел за Давидовиот морален пораз итн.

## 21.1. Важни личности во книгите Шемуел

## 21.1. Ели

Првосвештеник и судија по Шимшон. Потомок на Итамар, четвртиот Аронов син и учител на Шемуел. Должноста првосвештеник ја вршел во светилиштето во Шило, каде се наоѓале заветните плочи. Бил на чело на народот 40 години. Неговите синови Хофни и Пинехас, не се угледале на својот татко. Биле порочни, го скврнавеле светилиштето и му нанеле зло на Ели и на неговото семејство.

Ели живеел во несреќен период од еврејската историја. Филистејците ги обновиле нападите врз Израел по Шимшоновата смрт и зазеле некои делови од израелската територија, па Израелците биле принудени да се бранат.

Според библиските податоци, на чело на израелските воини во една битка со Филистејците биле и Елиевите синови Хофни и Пинехас. За да обезбедат "Божја помош", тие го донеле со себе Заветниот ковчег. Но сепак, Филистејците им нанеле тежок пораз: во бојот загинале двата сина на Ели, а Заветниот ковчег бил запленет. Кога еден бегалец и гласник од бојното поле го известил Ели дека Заветниот ковчег паднал во рацете на Филистејците, стариот свештеник од возбуда паднал на земја, си го повредил тилот и умрел во 98. година од животот.

Во библискиот опис на Елиевиот живот и на неговата улога како голем свештеник во Шило, може да се насетат првите предзнаци на будење на свеста за потребата да се создаде единствена држава. Светилиштето во Шило било центар кој ги поврзувал разединетите израелски племиња во борбата против заедничкиот непријател кој им го загрозувал опстанокот.



## 21.1.2. Шемуел (Самуел)

Шемуел бен Елкана од семејството на Левитите бил пророк и последен судија во Израел. Живеел во XI век пр.н.е. Според библиското кажување, Шемуел го измолила од Бога неговата мајка Хана, која не можела долго време да роди. Таа му се заветувала на Бога дека ќе му го посвети синот ако го роди. Му дала име Шемуел, зашто Бог ја услишил нејзината молба, го однела во Шило и му го предала на Ели.

Шемуел кај Ели се подготвувал за свештеник. Живеел непорочно и неговиот углед растел меѓу народот. Шемуел бил пророчки вдахновена личност. Според Библијата неговото прво откровение се случило една ноќ кога ја претскажал страшната судбина на Елиевиот дом заради порочните и недостоинствени синови на Ели. Тоа бил почетокот на неговиот пророчки пат.

По трагичната смрт на Ели, тој станал судија и првосвештеник, а своето седиште го пренел во Рама. Тој толку го зацврстил своето влијание, што станал вистински владетел на Израел. Благодарение на моралниот углед, Шемуел успеал во Израел повторно да воведе теократско уредување.

Шемуел на старост ги поставил своите синови за судии, но народот не ги прифатил драговолно затоа што биле подмитливи. Со тоа не се остварила неговата желба верската и световната власт наследно да му припаднат на неговиот род.

Шемуел не бил воин и тешко му паѓало да војува со Филистејците. Меѓу народот почнало да се шири верувањето дека само еден способен војсководец ќе има сили да ги обедини сите племиња, да создаде силна војска и да ја ослободи земјата од непријателот.

Затоа старешините на Израел побарале од Шемуел да им одбере цар кој ќе владее со нив, ќе води војни и ќе ја брани земјата по углед на соседните народи.

Нивното барање тешко го погодило Шемуел и тој го предупредил народот дека е царевата рака тешка, дека кралот ќе им наметне данок и кулук. Претставниците на народот останале на своето барање, па тогаш Шемуел им ветил дека за цар ќе им одбере соодветна личност. Полн со црни претчувства тој го направил бараното, па за прв цар на Израел го помазал Шаул, од Бинјаминовото племе. Предавајќи му ја на Шаул царската власт, Шемуел ја задржал функцијата на првосвештеник, се сметал и понатаму за овластен да управува со судбината на Израел, уверен дека стои над народот и новоизбраниот цар.

Шемуел наскоро влегол во конфликт со Шаул. За прв пат, кога Шаул без знаење на Шемуел подигнал жртвеник и принел жртва и втор пат, кога по победата над Амалечаните, тој го прекршил проклетството (херем), со тоа што зачувал дел од воениот плен и му го поштедил животот на амалечкиот цар. Шемуел остро го прекорил, му ја откажал понатамошната своја поддршка и во тајност го помазал за цар младиот пастир Давид од Јудиното племе.

Наскоро Шемуел умрел и бил погребан во родното место Рама. Во Библијата нема податоци колку години живеел. Се претпоставува дека умрел во 52. година, неколку месеци пред гибелта на Шаул.

Живеејќи помеѓу два историски периода, Шемуел одиграл значајна улога при премину-

вањето од лабаво племенско уредување кон централизирана монархија. Неговите називи како што се господар, пророк, судија и свештеник укажуваат на големото влијание кое го имал меѓу народот. Бидејќи неподмитлив и непорочен, тој бил признат за посредник помеѓу Бога и народот во критичните преодни денови од старото во новото доба и најголем водач на Израелците по Мојсеј.

## 21.1.3. Шаул (1025-1010)

Шаул бен Киш, селанецот од племињата на најмалубројното израелско племе Бинјамин, бил помазан за прв цар на Израел. Го помазал судијата и свештеник Шемуел. По Шауловата победа над Амонците, било свикано собрание во Гилад, на кое племенските старешини го признале за цар над целиот Израел. Со Шауловиот избор за цар згаснала институцијата на судиите, а Шемуел се откажал од судската власт. Шауловото седиште бил градот Гива, неговото родно место, на територијата на племето Бинјамин.

Шаул водел многу победоносни војни во текот на своето владеење, но Филистејците останале главните и најопасните непријатели. Свесен за неизбежноста на конечната пресметка со нив, тој од почетокот му се посветил на создавањето на силна војска. Многу негови борци потекнувале од племето Бинјамин, а за главен војсководец го поставил способниот и храбар Авнер. За да си обезбеди сигурна позадина, тој успешно војувал против соседните народи: ги покорил Амонците, Моавците, Едомците и други. Во самата земја ги освоил канаанските градови кои дотогаш успевале да ја зачуваат независноста. Така тој создал моќна држава.

Шаул наскоро влегол во конфликт со Шемуел. Помеѓу нив дошло до конечно прекинување на односите кога Шаул, по победата над Амалек, го прекршил “херемот”, зашто не го уништил целиот воен плен – што според Библијата требало да се направи – а и зашто му го поштедил и животот на амалечкиот цар.

Шемуел остро го прекорувал Шаул, најавил крај на неговата власт и претскажал доаѓање на друг, подостоинствен цар. Иако Шаул потиштено и понизно го признал својот грев, Шемуел му ја откажал својата понатамошна поддршка.

Прекинот со Шемуел длабоко го потресол Шаул; тој бил потиштен, замислен и недоверлив кон околината. За да го орасположат, му го довеле младиот пастир Давид од Бетлехем, кој убаво пеел и свирел на харфа, па кралот посебно го засакал.

По прекинот на односите со Шаул, Шемуел го помазал Давид за цар. Но без разлика на тоа, Давид сепак му останал верен и лојален на Шаул.

Опасноста од Филистејците била постојано присутна, бидејќи Филистејците со чести напади го загрозувале Израел. Пресудната битка се водела на падините на ридот Гилбоа, кога претрпеле Израелците тежок пораз. Во битката загинале трите сина на Шаул, меѓу нив и Јонатан, а Шаул се фрлил врз сечилото на својот меч за да не падне самиот во филистејско ропство.

Филистејците му ја отсекле главата на Шаул, а телото му го изложиле на ѕидините на Бет–Шан. Жителите на градот Гилад ноќта дошле скришно, го однеле телото и го закопале во Јавеш Гилад. Во знак на жалост постеле седум дена.

Трагичниот крај на Шаул и на Јонатан тешко го погодиле Давид, па тој со потресна тажачка песна го изразил својот очај. Подоцна им ги пренел коските во нивното родно место Гива.



Шауловото владеење претставува почеток на јакнењето на националното и политичко единство на Израел. Тоа ја пополнило празнината во преодниот период од примитивна организација на племенско уредување за време на судиите, до вистинска монархија која ја воспоставил Давид.

Меѓутоа, се чини дека обединувањето на сите делови на Израел не било во времето на Шаул. Неговата вистинска власт го опфатила само средишниот дел од земјата, додека крајните области само делумно биле под негова управа. Неговата власт имала изразено верско обележје, што придонело за побрзо национално обединување.

Шаул бил способен владетел, имал големи воени заслуги, бил особено благороден и чесен, уживал углед меѓу народот, па повеќето Израелци го почитувале. Библијата го опишува како убав и кршен младич, кој ги надвисувал сите за една глава. Во личниот живот останал честит и скромен, не се оддавал на раскош и сјај, ниту пак имал харем како Давид и Шеломо (Соломон). Во слободно време заминувал на село и се занимавал со земјоделски работи.

Шаул е една од најтрагичните личности на библиската историја. Тој бил со сложена нарав и не успевал да ги усогласи своите односи со Шемуел и со Давид. Кога го напуштиле свештенството и дел од населението што му било приврзано на свештенството, тој размислувал за својата вина и чувствувал грижа на совест. Често го обземала малодушност, менувајќи го расположението до крајни граници. Станал недоверлив, така што му се чинело дека насекаде има непријателски дејности и завери.

Неговата трагична личност послужила како инспирација за уметнички дела во сликарството, музиката и во книжевноста. Шаул го наследил синот Ишбошет, кој владеел само две години.

## 21.1.4. Шаул и Давид

Давид станал познат кога со праќка го убил филистејскиот горостас Голијат. Со тоа тој ја стекнал довербата на царот Шаул, кој го поставил за војсководец и му ја дал својата ќерка Михал за жена. Давид искрено се спријателил и со братот на жена му, Јонатан. Благодарение на многуте победи над непријателите, Давид стекнал голема слава меѓу народот. Жените пееле дека Шаул убил илјадници, а Давид десетина илјади непријатели.

Давидовите успеси и љубовта којашто ја изразувал народот кон него предизвикале кај Шаул завист и сомнеж дека Давид во таен договор со Шемуел кова завера против него за да го преземе престолот. Затоа Давид паднал во немилост кај Шаул, кој неколку пати се обидувал да го убие. Наоѓајќи се во животна опасност, Давид се засолнил во пустината, во ридовите на Јудеја и тука живеел како одметник. Нему му се приклучиле многу пријатели и незадоволници. Шаул испраќал потери по него, но сето тоа било без успех. Давид се засолнил кај Филистејците и бил под заштита на Гат.

Давид два пати имал можност да го убие Шаул, но сепак не сакал да дигне рака врз Божјиот помазаник.

Во тоа време Филистејците повторно ги нападнале Израелците, па Израелците во битката кај ридот Гилбоа претрпеле тежок пораз. Во борбата погинале и Шаул и неговите синови, меѓу кои и Јонатан. Смртта на Шаул и на Јонатан многу го растажиле Давид, кој ја оплакал во искрена тажачка песна.

## 21.1.5. Давид

Давид, синот на Јишај од Бетлехем, вториот цар на Израел (1010–970 пр.н.е.).

По смртта на Шаул, настанала братоубиствена војна помеѓу племињата на Јеуда и останатите племиња. Јудејците го одбрале Давид за цар, додека останатите племиња сметале дека е синот на Шаул, Ишбошет, законски наследник на престолот. Војната се завршила со победа на Давид. Ишбошет владеел само две години, а го убиле заверниците. Тоа било крајот на Шауловата династија, па Давид бил признаен за цар над целиот Израел.

Давид непрекинато војувал во текот на своето владеење и ги покорил сите свои непријатели. Ги проширил границите на Израел и стекнал многу вазали; го освоил утврдениот град Јевус којшто Кенаанците го држеле 400 години и го прогласил за престолнина. Јевус го добил името Ерусалим, а го викале и ИР ДАВИД (Давидов град). Со освојувањето на Јевус биле отстранети заканите за врските помеѓу север и југ и било олеснето нивното обединување. Бил склучен сојуз со Феничаните и од нив се набавувал кедар, а ѕидари и уметници дошле за да го градат Храмот и други големи градби.

Давид ги уредил и верските прашања. Ја зацврстил свештеничката хиерархија, им одредил свештенички должности на Левитите според нивната положба и поставил два првосвештеника: Цадок, потомокот на Елазар, и Авијатар.

Давидовата власт се темелела на војска, чиешто јадро го сочинувала царевата гарда. Главната команда била во Ерусалим, а нејзиниот командант бил Јоав. Иако му се посветил на војувањето, Давид нашол време да организира нова управа. Во земјата бил заведен ред и настанала општа благосотојба. До работна сила и до пари се доаѓало со собирање на воениот плен и наметнување данок на покорените народи, а во земјата со собирање данок и со воведување принудна работа. Заробениците не ги убивал, туку ги оставал да работат во дворецот, на царските имоти или на некои јавни градби. Па сепак неговата монархија била уставна; царските права биле ограничени со јавното мнение, кое го искажувале пророците. Но, ни Давидовото царство немало строго централизирана управа. Тоа било двојна држава, лабаво составена од израелски племиња, на север и јудејски, на југ. Северните племиња секогаш настојувале да зачуваат каква–таква назависност, што подоцна станало и зародиш за расцепувањето на царството.

Давид имал и недостатоци за кои Библијата отворено говори. За што сè бил подготвен тој, сведочи и настанот со офицерот Урија, кого го испратил во сигурна смрт, за да му ја преземе неговата жена Батшева. Дури и на посмртниот одар тој му оставил аманет на својот наследник да го убие заслужниот војсководец Јоав, кому инаку толку многу му должел. Бил одмаздољубив, но и великодушен, благ и попустлив кон своите синови, склон кон грев, но и подготвен за покајание. Бил голем воин, а истовремено и поет и музичар. Длабоко побожен, тој сакал раскошни верски свечености.

Иако бил голем воин, Давид станал прочуен по достигнувањата што немаат никаква врска со водењето војна. Тој бил основач на градот Ерусалим, којшто го подигнал како политичка престолнина на обединетиот Израел. Ерусалим со текот на времето станал средиште на еврејството и негов симбол, како и светилиште, и тоа не само за еврејството, туку и за другите големи религии: христијанската и исламската. Тој имал намера да изгради велелепен храм, но пророкот Натан не му дозволил затоа што во текот на својот живот пролеал многу крв. Храмот го подигнал неговиот наследник Шеломо (Соломон).

Давид бил една од најкрупните личности во историјата на Израел. Како сјаен војсководец и основач на моќна држава, тој станал пример и гордост за својот народ. Според преданието, неговото царство било претходница на месијанското царство, кое потекнало од неговиот дом.



Изненадува неговото брзо претворање во деспот од источен тип. Огромниот харем, семејните расправии, дворските интриги и скандали даваат потресна слика за психичкото пропаѓање на големиот војсководец и државник. Залезот на Давидовиот живот го следеле насилното родоскврнавење, убиства и борби околу престолот.

Давид умрел во седумдесеттата година од животот, по четириесетгодишното владеење. Времето на неговото владеење претставува најславен период од историјата на Евреите. Тој оставил петпати поголема држава од денешниот Израел, која се протегала од бреговите на Еуфрат до границите на Египет, и од Средоземното до Црвеното Море, освен помали делови од Елистејската земја и крајбрежниот појас северно од Кармел.

Давидовите заслуги за напредокот на Израел се неспорни и затоа идните поколенија го идеализирале. Припаѓањето во Давидовиот род се сметало за голема чест и обезбедувало големи привилегии.

Надежите на Евреите низ историјата биле поврзани со Давидовата горостасна фигура. Тој останал симбол на древното минато и на бесмртноста на еврејството. Давидовата личност ги вдахновувала идните генерации, а неговите дела им влевале храброст на Езра и Нехемија 500 години подоцна, по враќањето од Вавилонското ропство до обновата на Ерусалим и Храмот. Сеќавањето на Давид ги напојувало со сила и Макабејците во борбата за слобода.

Народното предание му припишува на Давид многу својства, меѓу кои посебно дарбата за поезија и музика. Му се припишува и авторството на библиските псалми (Теилим), кои спаѓаат во најзначајните дела на старата еврејска поезија. Тоа е верска лирика со посебна убавина, трајно вдахновение за поетите и музичарите. Давид веројатно составил некои псалми, но традицијата во целост му ги припишува нему. Меѓутоа со анализа на библиските текстови утврдено е дека повеќето псалми настанале по вавилонското ропство и дека се внесени во библиските книги во III век пр.н.е.

Легендата говори дека Давид се занимавал и со Тората. Станувал на полноќ за да му пее благодарствени песни на Бога. Над креветот му висела харфа: кога ќе дувнел северен ветер на полноќ, жиците затреперувале, почнувале да струјат и така го буделе.

Давидовиот лик инспирирал многу уметници, од раното христијанство до најново време. Неговата љубов и омраза, неговите доблести и недостатоци, со векови ја развивале народната фантазија.

Според народното предание, Давид не умрел; тој живее и ќе живее со векови (вечно). Се верува дека еднаш ќе се појави како цар–месија.

## 21.1.6. Монархија

Врз основа на историските податоци од првата книга на Шемуел, може да се заклучи дека создавањето на монархијата било резултат на еден сложен процес на внатрешни и надворешни судири. Под постојан притисок од околните народи, особено од Филистејците, некои израелски племиња биле присилени да отстапат дел од својата територија. Пред опасноста која им се заканувала на сите еврејски племиња, тие се обиделе во битката против Филистејците кај Афек да настапат обединети, но биле поразени (1050 год. пр.н.е.). Овој пораз добил размери на национална катастрофа, зашто во борбата би–

ле заробени и заветните плочи.

Во околности на политичка криза која го загрозувала опстанокот и независноста на израелските племиња, созревало уверувањето дека народот може да се ослободи и да опстане единствено со поврзување и обединување на сите племиња под водач со големи воени способности кој, по примерот на владетелите од соседните земји, ќе седел на царскиот престол. Меѓутоа состојбата била отежната поради меѓусебните судири меѓу поединечни племиња, а особено поради ривалството помеѓу Ефрајим на север и Јеуда, на југ.

Конечно, по убедливата победа над Амонците кај Јавеш Гилад, во која израелските војници ги предводел Шаул, земјоделец од племето Бињамин, народните старешини јавно го назначиле Шаул за свој прв цар.

Основањето на монархијата значело голем пресврт во историјата на Израел. И порано во Израел, за време на судиите, се јавувале замисли за монархија, но сега тие добиле и конечна форма. Кон тоа придонел и тогашниот степен на развој на класните и општествените односи. По освојувањето на Кенаан, кога се населиле голем број Израелци по градовите, започнало општественото разлојување. Се создавал слој на богати земјоделци, трговци, чиновници и слично, додека истовремено растела бедата на широките народни маси. Новиот слој на привилегирани очекувал дека ќе им обезбеди монархиското уредување привилегии.

Напоредно со заострувањето на класните разлики, растела и апсолутистичката власт на владетелот. Шаул, првиот цар, бил селанец кој како владетел го задржал скромниот начин на живот. Давид, вториот цар, веќе имал дворска свита и харем. Давидовиот син Шеломо станал деспот кој принудувал на работа по ерусалимските градилишта и каменоломи десетици илјади свои поданици.

Сепак, треба да се каже дека Евреите, за разлика од паганските народи, никогаш не мислеле дека се царевите потомци на боговите. Царот кај Евреите бил човечко суштество со сите земни доблести и слабости, одговорен како и секој друг граѓанин за своето законско, морално и етичко однесување.

## 21.2. Од содржината на Шемуеловите книги

### 21.2.1. Шемуеловото пророштво

Кога Евреите упорно барале од Шемуел да им постави цар за да бидат како и останатте народи, тој ги одвраќал со следниве зборови: “Вака ќе постапува царот кој ќе владее со вас. Ќе ви ги зема вашите синови за борбените коли за коњицата и тие ќе трчаат пред царските кочиии и ќе ги поставува за заповедници на полковите и на четите. Тие ќе ја ораат неговата земја и ќе ја жнејат неговата летина, ќе изработуваат борбени справи и воена опрема за неговите борбени коли. Ќе ги земаат вашите ќерки за да му подготвуваат разни мириси, да му бидат готвачки и да му месат леб. Вашите најубави полиња, лозја и маслиници ќе им ги подаруваат на своите слуги. Ќе земаат десеток од вашите посеви и лозја и ќе му го делат на своите дворјани и службеници. Ќе ги земаат вашите слуги и вашите слугинки и вашите најдобри момоци и вашите магариња за да им работат. Ќе земаат десеток од вашите стада и вие ќе станете негови робови”.



### 21.2.2. Давид и Голијат

Кога завојувале Филистејците повторно против Израелците, двете војски поставиле логори еден наспроти друг, на два рида кои биле одделени со длабока долина.

Меѓу Филистејците се истакнувал борецот со горостасна става по име Голијат. Тој бил повисок од три и пол метри, а оклопот му тежел 57 килограми. На главата носел бронзен шлем, а нозете му биле заштитени со бронзени оклопи. На рамињата носел долго бронзено копје, дебело како шипка на разбој чијшто железен врв тежел седум килограми.

Секое утро и секоја вечер во текот на четириесет дена, Голијат излегувал пред филистејскиот логор и ги предизвикувал Израелците, упатувајќи им најодвратни навреди. Им велел да си одберат некој од своите борци кој ќе излезе со него на мегдан: “Ако тој мене ме победи и убие, ние ќе бидеме ваши робови, а ако јас него го убијам, вие ќе бидете наши робови”. Шаул и Изрелците многу се исплашиле, зашто никој немал храброст да се бори со Голијат. Од срам и срамота тие се криеле во своите шатори. Меѓу израелските борци биле и трите сина на Јишај од Ефрајимовото племе. Нивниот најмлад брат Давид дошол поради налогот на татко му да им однесе храна на браќата. Додека разговарал со браќата, излегол Голијат и повторно почнал да ги навредува и да ги предизвикува Израелците. Давид не можел да го поднесе тоа, па го замолил Шаул да му дозволи да се бори против Голијат. Кога го видел Шаул, му рекол: “Не можеш ти да се бориш со него зашто сѐ уште си дете, а тој е воин во цутот на младоста” (Шем.1,12–33). Давид му одговорил дека тој убивал лавови и мечки кога се обидувале да му ги нападнат овците од неговото стадо, па затоа е сигурен дека ќе може да го убие и Голијат.

Шаул конечно се согласил, па му ја облекол својата воена наметка, го препашал со својот меч, а на главата му ставил бронзен шлем.

На Давид му тежела наметката зашто не бил навикнат на неа, па едвај можел да се движи. Затоа тој симнал сѐ од себе, се наметнал со овчарскиот кожув и тргнал на мегдан со Голијат. Го понел само својот овчарски стап и праќката; патем свратил до блискиот поток од каде собрал пет мазни камења и ги ставил во торбата.

Филистеецот се приближувал кон Давид. Кога добро го здогледал и го видел неговото младешко лице и стапот во раката бесно се раздрал: “Дали сум јас куче па ти одиш да се бориш против мене со стап?”. Потоа му се заканил дека со неговото месо ќе ги нахрани дивите ѕверки и птиците грабливки.

Давид почекал да му се приближи Голијат, па скришно од торбата го извадил каменот, го ставил во праќката и ја оптегнал со сета сила. Каменот се забил во челото на Голијат и тој се струполил на земјата. Давид набрзина дотрчал до Голијат, го извлекол неговиот меч и со него му ја пресекол главата.

Кога виделе Филистејците како загинал Голијат, ги обзела паника, па почнале да бегаат. Израелците ги гонеле, ги згазиле под нозе и се здобиле со голем воен плен. Давид му ја предал на Шаул главата од Голијат, а оружјето од победениот џин го однел во својот шатор. Кога, по победата, се вратил со војската, на улиците го дочекала цела поворка жени со игра и со песна пеејќи вака: “Шаул победи илјадници непријатели, а Давид десетици илјади”.

## 21.2.3. Давидовата тажачка песна

Кога дознал Давид за смртта на Шаул и на Јонатан тој си ја расцепил кошулата и ги оплакал со следнава тажачка песна:

О, ридови на Гилбоа!
На вашите височини падна гордоста на Израел.
Не објавувајте го тоа низ Гат, не раскажувајте низ Ашкелон
за да не се радуваат филистејските ќерки,
жените на необрезаните.
О, ридови на Гилбоа!
Нека не падне на вас ни дожд, ни роса,
а полињата ваши да не носат плод.
зашто на нив беше извалкан штитот на јунаците,
штитот на Шаул и Јонатан.
Плачете ќерки израелски, зашто паднаа јунаците,
паднаа јунаците, побрзи од орли, посилни од лав,
мили си беа во животот еден на друг,
та не се разделија ни во смртта.
Голема е мојата тага, брате Јонатане,
зашто твоето пријателство помило ми беше
од љубовта на жена.
О, зошто загинаа јунаците!
Како ли пропадна оружјето што убива!

## 21.2.4. Давидовата прељуба

Додека се шетал една вечер на терасата од својата царска палата, Давид во куќата од спротиваната страна здогледал една извонредно убава жена. Откако се распрашал за неа, дознал дека е тоа жената на Урија, еден од неговите верни офицери, кој во тоа време војувал со Јоав против Амонците.

Сметајќи дека е тоа негово царско право, Давид испратил гласник да ја донесе жената кај него. Кога дошла таа кај него, тој си ја земал за своја љубовница. Таа забременила и му соопштила на Давид дека очекува дете. Таквата вест многу го вознемирила Давид, па за да се ослободи од Урија, тој му ја испратил на Јоав следнава порака: “Испратете го Урија во најжестоката битка и погрижете се да го убијат”. Јоав послушно ја извршил таа срамна заповед и Урија загинал под ѕидините на непријателот.

По смртта на Урија, Давид ја преселил Батшева во својот дворец и ја зел за жена.

## 21.2.5. Натан го укорува Давид

Кога дознал пророкот Натан за Давидовото недело, тој отишол кај него и му ја раскажал следнава приказна:



“Во некој град си живееле двајца луѓе, едниот богат, а другиот сиромашен. Богатиот имал многу стока, а сиромашниот, само една овца. Тој си ја хранел и си ја чувал овцата. Таа растела покрај него и неговите деца. Јадела од неговите залци, пиела од неговата чаша, спиела во неговите пазуви.

Еден ден кај богатиот човек дошол некој патник, намерник. На богатиот му било жал да заколе една од своите овци за да го нагости патникот, па затоа ја украл овцата од сиромашниот и ја подготвил за својот гостин”.

Откако ја слушнал приказната на пророкот, Давид, многу се разлутил и рекол: “Човекот што го направил тоа заслужува смрт, со тоа што најпрвин ќе треба четирикратно да го обесштети сиромавиот”.

Пророкот му одговорил: “Ти си тој човек. Бог ти дал царство и богатство и многу жени, а сепак ти ја украде жената на Урија, а него го уби со мечот на непријателот. За своето недело ќе бидеш казнет, во сопствената куќа нема да имаш мир, а злото ќе произлезе од твојот дом. Ќе ти ги одземат жените пред твои очи и ќе им ги дадат на ближните твои да спијат со нив. Ти тоа го правеше тајно, а Бог тоа ќе го стори јавно, пред очите на целиот Израел”.

Давид го увидел злото што го беше сторил, почувствувал грижа на совест и искрено се покајал.

## 21.2.6. Како бил освоен Ерусалим

Ридовите на кои бил изграден градот Ерусалим, биле населени уште од камено време, пред пет илјади години. Од југ и од исток доаѓале семитски номадски племиња, и се задржувале тука па започнувале да се занимаваат со земјоделство. Со текот на времето ридовите се претвориле во висорамнина, бидејќи во долините помеѓу нив се наталожила земја.

Кога Јеошуа многу подоцна со Израелците ја преминал реката Јарден, Ерусалим се викал Ир Јевус – Градот Јевус, според неговите жители Јевусејците. Јевус во тоа време имал многу силно утврдување. Подигнат на врвот на речиси непристапните карпи од ридот Цијон, тој бил со стотици години неосвоив. Затоа Јеошуа само го обиколувал градот без да се обиде да го нападне.

Единствената непогодност на Ерусалим била недостатокот од доволно вода. Неговите жители за време на мир се снабдувале со вода од околните изори, надвор од градските ѕидини, но за време на опсада немале пристап до нив. Тој проблем го решиле така, што на карпата на која е подигнат градот издлабиле еден тунел и скали. Низ стрмниот канал со јаже спуштале садови во долната пештера, каде што еден скриен човек ги полнел садовите со водата од резервоарот, во кој се собирала изворска и друга вода. Сето тоа се извршувало во најголема тајност.

Градот Ерусалим не се спомнува во времето на Шаул. Меѓутоа, кога седнал Давид на престолот, тој се обидел да завладее со градот со помош на миролјубиви преговори. Чувствувајќи се безбедни, Евусејците со потсмев одговориле дека секој напад врз нив би бил залуден, па дури и тогаш кога ѕидините би ги брането слепци и сакати луѓе.

Меѓутоа, Давидовиот војсководец Јоав, случајно дознал за тајниот премин. Тој со своите најсмели војници се искачил по бедемите на градот, се протнал низ тој премин, од грб ги нападнал неговите бранители и предизвикал голема паника меѓу нив. А Давид по догов–

ор истовремено извршил напад однадвор и на тој начин ја освоил тврдината. Потоа Давид го прогласил Ерусалим (Јевус) за своја престолнина и го нарекол Давидов град.

### 21.2.7. Херем (хебр. изопштување, уништување, проклетство, посветување на Бога)

Пред вавилонското ропство изразот херем имал значење на забрана на користење на нешто што му е посветено на Бога или одредено уништување.

Во книгата на Јеошуа се опишува случајот на Ахан, кој од Јерихон, градот под херем, скришно зел малку злато и сребро. Кога било откриено тоа, тој бил каменуван заедно со целото негово семејство, а неговиот имот бил запален.

По победата над Амалиќаните, царот Шаул го прекршил херемот со тоа што зачувал еден дел од воениот плен и што му го поштедил животот на царот на Амалек. Пророкот Шемуел поради тоа остро го прекорил и му наговестил дека ќе помаза друг цар.

Под изразот херем се подразбира и изопштување (екскомуникација) од верската заедница и забрана за каков било контакт со изопштеното (екскомуницираното) лице.

За да се ублажи тежината на херемот, во времето на Талмудот биле воведени полесни форми на казнување: укор и изопштување на ограничено време, во траење од седум до триесет дена за да му се даде можност и време на прекршителот да се преиспита и да се покае.

Во средниот век истакнатите рабини го прошириле херемот и на некои други престапи. Рабену Гершом од Мајнц (живеел кон крајот на X и почетокот на XI век) ја ставил под херем бигамијата, присилното разведување на бракот, отворањето и читањето на туѓи писма итн. Прочуен е херемот на сефардската заедница во Амстердам, фрлен над Барух Спиноза заради неговата критика на Библијата.



# 22

# ЦАРЕВИ I-II

## (Мелахим I-II)

Двете Книги за царевите во Танахот се сметаат како една книга, а го опфаќаат историскиот период од околу четиристотини години – од последните денови на царот Давид, до разорувањето на Првиот храм. Во нив се продолжува историјата на израелското царство од неговите најславни денови, се опишува неговото расцепување на две царства –Израел и Јудеја – опаѓањето и слабеењето на нивната моќ и нивното пропаѓање.

Првата книга за царевите, Сефер Мелахим алеф, има 22 глави, а втората, Сефер Мелахим бет, 25 глави. Според содржината тие може да се поделат на три дела:

1. Од првата до дванаесеттата глава на Првата книга се опишува владеењето на Шеломо. Тој со интелигенција и мудрост управувал со моќното царство, го подигнал храмот, царската палата и другите вeлелепни здании ја, ја збогатил и ја зацврстил земјата преку трговски зделки, политички сојузи и со брачни врски.

2. Од дванаесеттата глава на Првата книга до осумнаесеттата глава на Втората книга се изнесува историјатот на расцепот на единственото царство и одделувањата на северните племиња од Давидовата лоза. Наизменично и синхронизирано се опишува дејствувањето на царевите на Израел и Јудеја (Јисраел и Јеуда). Се наведува староста на владетелите при нивното стапување на власт, како и времетраењето на нивното владеење. Се оценува нивното верско однесување и се опишуваат настаните до пропаѓањето на Царството Израел. Насилното сменување на династиите, социјалните неправди, угнетувањето на сиромашните и прекумерниот раскош ги поткопале темелите на Царството Израел и го забрзале неговиот крај.

3. Третиот дел ја содржи историјата на Јудеја до паѓањето на Ерусалим, разорувањето на Храмот и одведувањето на Евреите во вавилонското ропство. Во тоа време дејствуваат и големите пророци Јешау (Јешаја) и Јиремају (Јеремија), кои ја предвиделе пропаста на Јудеја и биле нејзини сведоци.

Книгите за царевите не се изворно дело, туку компилација на материјал од разни извори, кои составувачот и сам честопати ги наведува. Веројатно постојат две верзии на текст–

од: едната, настаната пред пропаста на Јудеја, а другата во вавилонското ропство, по смртта на царот Невукаднецар (умрел 562 год. пр.н.е.).

Не се знае точно кој е писателот на Книгите за царевите. Во Талмудот се тврди дека тоа бил пророкот Јеремија. И навистина, книгата на Јеремија, според својот состав, во многу нешта наликува на Сефер Мелахим (Книгата за царевите).

Безимениот писател на книгите ги оценува сите настани и личности од верски аспект. Тој сака да ги истакне поуките што ги дава историјата на неговиот народ, кобните последици што ќе ги сносат прекршителите на прописите на Тората и наградата што ја донесува верноста кон нејзините прописи.

Составувачот или уредникот настојувал да биде непристрасен, не снебивајќи се да ги изнесе и добрите и лошите страни на поединечни владетели. На пример за царот Шеломо (Соломон) вели дека тој бил најмудар меѓу луѓето, но бил подложен на уживање и раскош и имал слабост кон жените.

За веродостојноста на историските извештаи има различни мислења. Меѓутоа, со помали хронолошки корекции, кои може да се извршат врз основа на споредување со асирските документи од тоа време, Книгата за царевите (Сефер Мелахим) ѝ пружа драгоцени податоци на светската историја.

## 22.1. Шеломо Амелех (Кралот Соломон)

Шеломо седнал на престолот на дваесетгодишна возраст, но, иако бил млад, се покажал како владетел со извонредни способности.

Наследувајќи ја големата и моќна држава, Шеломо не се впуштал во понатамошни освојувања, туку ѝ се посветил на изградбата на земјата и на зацврстувањето на нејзината одбранбена моќ. Ги зацврстил стопанските и политичките односи со феникискиот Цор (Тир), а за да ги обезбеди границите на југ, се оженил со ќерката на египетскиот фараон. Успеал да собере стручни лица и занаетчии од странство, што го забрзало развојот на Израел од сосема селска држава за времето на царот Давид, во стопански напредна, воено силна и на меѓународен план мошне угледна држава.

Земјоделството и понатаму била главната стопанска гранка. Големите запуштени површини биле приспособени за обработување, а на ридовите и во пограничните области биле основани нови населби. Израелските племиња за прв пат можеле да работат во мир и да живеат “без страв, секој под својата лозница и под својата смоква”. За богатството од времето на Шеломо во Танахот пишува: “И направи царот, па во Јерушалајим имаше сребро колку што имаше камења и кедрово дрво, колку што имаше диви смокви (Прва книга за царевите 10:27). “Археолошките пронајдоци сведочат за високиот животен стандард од тоа време. Откопани се голем број скапоцени садови од алабастер и од слонова коска, наменети за чување на средства за разубавување, што значи дека Израелките употребувале разна шминка, креми, кжна за косата, црвена боја за ноктите, сина боја за очните капаци и слично. Целата таа роба била од увоз.

### 22.1.1. Јакнење на централната власт

Во повеќеплеменската држава Израел никогаш немало строго централизирана власт, па дури ни во времето на царот Давид. Тоа било лабаво обединето двојно царство на израелските племиња од север и од југ, кои финансиски биле самостојни, собирале даноци, издржувале сопствена војска и така ја чувале својата независност. Давид не можел да владее над целиот Израел сè додека не добил согласност за тоа од северните племиња. Шеломо, по крунисувањето во Ерусалим морал да оди во Шехем (Секем, Сихем) на север за да биде крунисан по втор пат, а исто така и неговиот син Рехавам, којшто го наследил. Таквото двојно крунисување било доказ за нестабилноста и двојноста на Израелското царство.

Шеломо настојувал да ја ограничи самостојноста на израелските племиња и да ја зацврсти централната власт. Затоа тој вовел нов правен и стопански систем: земјата ја поделил на дванаесет административни окрузи, кои само делумно се совпаѓале со племенските граници. Со окрузите управувале намесници приврзани нему. Секој округ плаќал данок и го снабдувал дворот со војска и со храна, по одреден редослед. Од оваа поделба била изземена само територијата на Јеуда (Јудеја), која имала посебни привилегии како царска област и седиште на власта.

Од Ерусалим тој направил величествен град, го оградил со моќно утврдување, го направил метропола и средиште на Израел и подигнал во него велелепни палати, од кои три, наменети за потребите на дворот посебно се истакнувале. Во едната престојувал тој со својот харем, во другата неговата жена, египетската принцеза, а третата служела за големи државни свечености и за прием на пратеници на странските владетели. Го изградил и Бет–амикдаш (Храмот), по кој Ерусалим станал свет град, средиште и симбол на политичкото и верското единство на Израел. Ширум земјата тој утврдувал градови и подигнувал утврдувања, особено по главните патишта, во кои ја сместувал коњаничката и пешадиската војска.

### 22.1.2. Надворешна трговија

Шеломо воспоставил живи трговски врски со соседните земји, од кои купувал коњи и им ги продавал на Месопотамија и Египет, а од Египет увезувал бојни коли и ги разменувал за стока од соседните држави. Низ Израел поминувале важни каравани со камили што се движеле низ Египет, Сирија и Мала Азија. По должината на брегот на Црвеното Море и низ пустината биле отворени нови патишта по кои камилите – “пустинските лаѓи”– пренесувале мириси, зачини и друга стока. Последната станица им бил Израел и од Шеломо зависело дали тие трговски каравани ќе добијат дозвола да го продолжат патот преку територијата на Израел кон Египет и Сирија. Затоа во Ерусалим пристигнувале делегации од сите страни за да склучат договори за пријателство и за трговија. Во Книгата за царевите, меѓу останатите, се спомнува и доаѓањето на Царицата од Шева (Саба). Шева (Саба) се спомнува и во асирските документи од VIII век пр.н.е. Нејзина престолнина бил градот Мариб, чиишто урнатини се откопани на јужниот жрт на Арабија, на територијата на денешен Јемен. Благодарение на разгранетиот систем на канали за наводнување, Саба станала извонредно плодна земја што придонело за нејзината општа благосостојба. Таа воспоставувала силни трговски врски со соседните и другите земји. Царицата од Саба дошла во посета кај Шеломо за да го придобие за склучување договор за пријателство и трговија. За таа средба во народната фантазија е создадена романтична приказна, според која помеѓу Шеломо и Царицата од Саба се развила страстна љубовна врска од која таа му родила син. Етиопјаните и ден–денес сметаат дека од тој син потекнува нивната царска династија. Шеломо ја развил и поморската трговија. Од Цор доаѓале лица стручни за бродоградба и искусни морепловци, па со нивна помош тој ја изградил поморската флота и добро опременото пристаниште Еџон Гевер во Акабскиот Залив. Израел со бродови извезувал бакар, а увезувал злато, сребро, слонова коска, мај–

муни, пауни и друго. Археолозите го пронашле одговорот за прашањето од каде имало во Израел бакар; тие во пустината Вади ел Арабе откриле рударски окна, издлабени во карпа, а во близината на пристаништето Ецјон Гевер голем број печки за топење на бакарната руда. Благодарение на тие наоди, се заклучува дека Шеломо бил и произведувач на бакар, што му носело додатни приходи. Според податоците од Танахот, Шеломовиот годишен приход од трговијата и од даноците од арабјанските вазали изнесувал 4.325 кг злато. Кон оваа сума треба да се додадат и даноците во натура што ги давало израелското население.

Но сите тие приходи не можеле да ги покријат огромните расходи за одржување и градење на велелепните палати и на претераниот раскош во царскиот двор. Затоа тој позајмил од царот Хирам 120 таланти злато, а во залог му дал 20 галилејски градови.

Товарот од големите издатоци паднал пред сè врз плеќите на широките маси од населението. Повеќе од двесте илјади луѓе секоја година биле принудувани на присилна работа во либанските шуми, јорданските каменоломи и на другите градилишта. Принудните економски мерки предизвикале длабоки општествени промени и раслојување на општеството. Од година во година сè повеќе се зголемувал јазот помеѓу богатите и поробената сиромаштија, така што во најниските општествени слоеви се појавило незадоволство и бунтовно расположение. Дури и свештениците кои порано биле сојузници на Давидовата династија, го искажувале своето незадоволство. Имено, Шеломовиот харем го сочинувале 700 жени и 300 конкубини од различни раси и религии, а секоја од нив си ги донесувала своите богови и своите обичаи. Така Шеломо, по нивни наговор, особено во последните години од својот живот, го вовел идолопоклонството во Израел. Дури и во дворот на Бет–амикдаш биле славени паганските богови Баал, Астарта и Молох.

Иако Давид и Шеломо ги поврзале израелските племиња во еден државен организам, тие духовно останале разединети. Помеѓу северните и јужните племиња непрекинато имало политички несогласувања коишто Шеломо уште повеќе ги зајакнал и со тоа што го ослободил Јеудиното племе од принудна работа. Тоа ги огорчило останатите племиња, што довело до тешки последици по Шеломовата смрт.

## 22.1.3. Последните денови на царот Шеломо

Пред крајот на Шеломовиот живот неговото царство почнало да слабее: во племето Ефрајим избил бунт, Дамаск го отфрлил Ерусалимскиот јарем, а во Египет на власт дошла нова династија, која ги прекинала пријателските врски со Израел.

Шеломо умрел во 931 година пр.н.е., по четириесетгодишно владеење, а бил погребан во Ерусалим. Со неговата смрт се завршува и најславниот период од историјата на Израел и исчезнале соништата за големиот и вечен Израел којшто, Давид и Шеломо, владетели со извонредни способности, го граделе во текот на својот живот. Големата и моќна држава се поделила на две нејаки и мали државички, меѓусебни соперничкии: Израел со десет племиња на север и Јудеја со две племиња на југ. Со тоа започнало новото поглавје во историјата на еврејскиот народ, кое полека, но сигурно, се завршило трагично. Околу 300 години по Шеломовата смрт и двете царства биле веќе избришани. Израел станал асирски плен во 721 год. пр.н.е., а Јеуда, плен на Вавилон во 586 година пр.н.е.

Во сеќавањата на поколенијата останале само светлите страни на Шеломовото владеење, додека негативните паднале во заборав. Во еврејското предание Шеломо станал олицетворение на мудрост, големина и благосотојба, за неговото име се поврзувале многу легенди, а неговата мудрост била толку возвеличувана, што му ја припишувале и



моќта да разговара со птиците и со животните.

Традицијата му го припишува и авторството на “Песна над песните” – “Шир аширим” и на “Книгата на проповедникот” (Коелет). Меѓутоа, со научна анализа е докажано дека јазикот во “Песна над песните” е од поново време, и тоа неколку векови подоцна од времето на Шеломо и дека настанала дури по вавилонското ропство.

## 22.1.4. Градењето на Храмот во Ерусалим

Во четвртата година од своето владеење Шеломо одлучил да ја исполни последната желба на својот татко и да изгради Храм (Бет–амикдаш) во Ерусалим. Бидејќи немал благородно дрво, ниту пак вешти градежници, тој склучил договор со феничкиот цар Хирам, кој се обврзал дека ќе го снабдува со градежен материјал и со стручни лица за градење, а дека тој за возврат треба годишно да му дава одредено количество пченица и масло. Хирам испраќал кедар и чемпресово дрво по морски пат до Јафа, од каде што израелски носачи го носеле дрвото во Ерусалим. Шеломо наредил да се формира работна бригада од околу 60 000 кенаански кулучари, кои во групи заминувале во Тир за да им помагаат на Феникијците при сечењето и товарањето на дрвата во морските сплавови.

Истовремено во Израел била собрана работна војска од 150 000 луѓе кои биле натерани на принудна работа. Осумдесет илјади работеле по каменоломите во јорданските ридови, а седумдесет илјади на своите плеќи пренесувале огромни блокови клесан камен на градилиштето во Ерусалим.

Изградбата на Храмот траела повеќе од седум години. По завршувањето на изградбата, во него бил пренесен ковчегот на заветот и била приредена голема свеченост по повод посветувањето на Храмот.

Во таа пригода за жртва биле принесени дваесет и две илјади волови и сто и дванаесет илјади овци. Немало човек во Израел кој не дал барем еден вол или пак овца за таа величествена прослава.

# 22.2. Израел по Шеломо

## 22.2.1. Рехавам

Шеломо го наследил неговиот син Рехавам. За да биде прифатен за цар на цел Израел и тој, како што направиле Давид и Шеломо, морал да оди во Шехем и да бара согласност од северните племиња. Во драматичната средба со старешините од северните племиња се донела историската одлука. Старешините ја изразиле својата подготвеност и понатаму да ја признаваат Давидовата династија, но под услов да се исправат политичките неправди и да се олеснат давачките што ги наметнал Шеломо. Тие притоа нагласиле дека владетелот треба да му служи на народот.

Млад и недозреан, Рехавам немал слух за оправданите барања на народот туку надмено договорил: “Мојот татко ви наметна тежок јарем и ве тепаше со камшик, а јас ќе ви наметнам уште потежок и ќе ве камшикувам уште посилно”. Тоа до крајност ги огорчило северните племиња, па одлучиле да раскрстат со Давидовата лоза. Рехавам удрил со војската на Израел и со тоа ја започнал граѓанската војна, која траела околу 100 години. Така несогласувањата кои отсекогаш постоеле помеѓу северните и јужните племиња

довеле до конечен расцеп. Наместо една моќна  и единствена држава, се создале две мали државички: Израел, на север и Јудеја, на југ (Јисраел и Јеуда).

## 22.3. По расцепот на Ерусалим

Првите илјада години од својата историја Евреите биле номади и мирољубиви обработувачи на земјата, а земале во рацете оружје единствено тогаш кога биле принудени на тоа. Во вториот милениум нивното номадско обележје се изменило и тие станале бестрашни воини. Со својата храброст, која се граничела со дрскост, Евреите воделе војни против моќните сили од своето време и извојувале големи победи, но претрпувале и тешки порази. Додека другите народи трепереле од страв кога ќе им се приближеле асирските или вавилонските армии, Евреите наоѓале сили да склучат сојуз со помоќните соседи за да му се спротивстават на напаѓачот. За разлика од Грците, кои, по претрпениот пораз од Римјаните се помирувале со својата судбина, Евреите против освојувачите кревале востанија и се бореле за политичка и верска слобода дури и тогаш, кога немале многу изгледи за успех.

По расцепот, историјата на Евреите тргнала по трагичен пат и добила нова суштина.

Израел и Јудеја се исцрпувале во меѓусебните судири, во кои секоја страна понекогаш ги повикувала за сојузници и оние што им биле вековни непријатели. Братоубиствената војна, интригите, предавствата и династиските преврати предизвикувале анархија, ги влошувале внатрешните општествени состојби и ги заострувале класните разлики. Земјата ја пустошеле разни освојувачи, а народот морал да плаќа тежок данок. Пророците го жигосале угнетувањето на сиромашните, бездушноста на богатите и погазувањето на правдата.

Таквата самоубиствена политика неодложно му донела несреќа на целиот еврејски народ. Во периодот од три и пол века пропаднале и двете царства. Десет израелски племиња исчезнале без трага во 721 год. пр.н.е., по пропаѓањето на Израел, а народот на Јудеја бил одведен во вавилонско ропство во 586 година пр.н.е., по разорувањето на Ерусалим.

Иако овој временски период од три и пол века изобилувал со мрачни собития, сепак лесно препознатлива е мислата водителка да се спречи претопувањето на еврејскиот монотеизам со многубоштвото, да се сочуваат моралноста и правдата како општествени цели и да се зачува етничката суштина на еврејскиот народ.

На северните племиња им било тешко да го остварат тоа, бидејќи биле под постојан притисок на канаанското население, кое имало богата верска и културна традиција. Тие едвај се бранеле и од влијанијата на соседните држави Феникија и Дамаск, чиишто култови пуштале длабоки корени меѓу Израелците.

Јудеја се наоѓала во малку поповолна ситуација; во неа, како географски заштитена планинска област, потешко навлегувале странските влијанија. Благодарение на некои цареви, посебно на царот Јошија, кој извршил радикални верски реформи, Мојсеевиот монотеизам во Јудеја ги надвладеал туѓинските богови.



## 22.4. Од книгата за царевите

### 22.4.1. Краток преглед на некои настани во Израел и во Јудеја

**Израел** – Опасно било да се седи на престолот на Израел. Во периодот од 212 години на постоењето на израелската монархија, се промениле девет династии, од кои една се одржала само седум дена. Израелските цареви во просек владееле по 11 години. Од вкупно 19 владетели само неколкумина умреле од природна смрт.

**Јаровам** – првиот цар на Израел, го започнал своето владеење со заострување на нетрпеливоста кон Јудеја. Покрај политичката нетрпеливост, тој создал и верска со изградбата на храмот во Бет–Ела за да го спречи одењето на поклонение во Ерусалим.

**Омри** – Многубројните неспособни владетели по Јаровам го довеле Израел на граница на хаос, кој бил одбегнат со доаѓањето на престол на царот Омри 866 год. пр.н.е. Омри им ставил крај на внатрешните судири, ги скршил нападите на  непријателските армии, го преместил главниот град од Шехем во Шемрон, ги подобрил државните закони и го поттикнал развојот на трговијата. Во многубројни воени походи го проширил своето  царство, па како воин стекнал почит меѓу големите воени сили на античкиот свет.

**Изевел -** Омри ненамерно станал виновник за големата несреќа што го снашла Израел: тој го оженил својот син Ахав за принцезата Изевел од Цидон, која била лукава и расипана жена. Таа предизвикала незадоволство меѓу народот со погазување на граѓанските права за кои Израелците секогаш одлучно се бореле. Изевел ја разголувала и верската омраза со воведување на идолопоклонството, на “светата” проституција и на жртвување деца на богот Молох.

**Ахав -** мажот на царицата Изевел, водел внатрешна политика под влијание на својата сопруга, додека во надворешната бил самостоен. Откако ги разбил армиите на Феникија, Дамаск, Цидон и Тир, се подготвувал за одбрана од Асирија, која во негово време прераснала во голема сила. Асирија со векови мечтаела за големо царство. Во X век ги покорила Вавилонците и соседните народи, а во IX била подготвена да навлезе на запад. Нејзина цел бил Египет, а патот до оваа земја водел преку Израел. Во историската битка во 854 год пр.н.е., Ахав ѝ нанел тежок пораз на Асирија од кој не можела да се опорави во наредните сто години.

**Јеу -** По смртта на Ахав, пророкот Елија го миропомазал генералот Јеу за цар. Тој ги истребил сите членови на Ахавовото семејство, а меѓу нив и царицата Изевел, “проститутката од Цидон”, како што ја нарекувал народот. Јеу го искоренил идолопоклонството, ја развил трговијата и производството, а со воени походи ја удвоил својата територија. Стопанскиот процут кој започнал во негово време траел околу педесет години.

Тогаш на асирскиот престол седнал свирепиот цар Тиглат Пилесер III, кој повторно се обидел да го оствари илјадагодишниот сон за создавање на големо царство. Ги покорил соседните народи и му се заканил на Израел дека ќе го нападне доколку не се согласи да му плаќа голем данок. Прашањето за данокот станало прашање за живот и смрт, па така тоа ги поделило Израелците на две странки: едната била проасирска и согласна да се плаќа данок, а другата антиасирска и противник на плаќањето. На престолот се сменувале проасирски и антиасирски цареви. На крајот победила антиасирската струја и плаќањето било прекинато, а Тиглат Пилесер го нападнал Израел. Иако на воен план биле неспоредливо посилни, на Асирците им биле потребни десет години да го покорат Израел. Саргон II ја освоил престолнината Шомрон во 721 год. пр.н.е. и го одвел во прогонство целокупното израелско население. Тоа било крајот на царството Израел.

**Јудеја -** Јудеја минувала низ слични искушенија. Иако во неа речиси непрекинато владеела Давидовата лоза, сепак и нејзиниот престол бил несигурен. Владееле вкупно дваесет цареви, во просек по седумнаесет години. Владеењето имало лош почеток зашто Јудеја паднала под египетски јарем, но наскоро се ослободила, па потоа и самата се впуштила во освојувачки војни и заземала значајни територии од соседните народи. По побуната на Јеуа во Израел, ослабела и Јудеја. Покорените народи се ослободиле, а нејзините граници се повлекле.

**Аталија -** По смртта на царот Јеорам настанал краток прекин на владеењето на Давидовата династија. Неговата жена Аталја, ќерка на царицата Изева, го зазела престолот и ги истребила сите членови на Давидовата лоза со исклучок на малиот Јеоаш, кој тогаш имал само една година и кого го спасила неговата тетка. По шест години, била скована завера. Аталја била убиена, а на престолот бил поставен малиот Јеоаш, кој тогаш имал седум години. Така потомците на Давидовата лоза повторно дошле на власт.

**Јеоаш -** владеел четириесет години, а со негова заслуга бил склучен мир со Израел и така била завршена стогодишната братоубиствена војна.

Јудеја со ужас го следела пропаѓањето на Израел, но по совет на пророкот Јешаја таа се држела на страна и се согласила да ѝ плаќа данок на Асирија. Во Јудеја исто така се јавиле две партии: едната проасирска, а другата проегипетска. Надвладејала проегипетската странка, која со Египет и со Сирија склучила сојуз против Асирија, но Асирците лесно го разбиле тој сојуз. Египет и Сирија побарале мир, а Јудеја била оставена на цедило. Меѓутоа, меѓу асирските војници почнала да се шири некаква болест, така што тие биле принудени да се повлечат, но Јудеја продолжила и понатаму да плаќа данок.

Асирија не ги уживала долго време плодовите на своите победи. Вавилонците се кренале на востание и во 605 год. пр.н.е. целосно ги уништиле асирските сили. Делови од поранешното асирско царство потпаднале под вавилонска власт, а меѓу нив била и Јудеја.

По неколку години Јудеја му откажала послушност на Вавилон, па Невукаднецар тргнал во напад против неа и по тригодишното опсадување на Ерусалим тој го загушил востанието во 597 год. пр.н.е. Осумнаесетгодишниот цар Јеохајин и неколку илјади најугледни граѓани ги одвел во ропство, а за цар го поставил Цедекија.

**Цедекија -** И Цедекија наскоро ја откажал послушноста кон Вавилон и склучил сојуз со Египет, и покрај тоа што пророкот Јеремија го советувал да не го прави тоа. Невукаднецар за неколку недели го покорил Египет, а потоа ја нападнал и Јудеја, чијшто отпор бил скршен по една и пол година. Вавилонците навлегле во Ерусалим, го фатиле Цедекија и неговите синови, кои ги убиле пред негови очи, а него го ослепеле. Го разориле Храмот, го опљачкале градот и го претвориле во урнатини, а поголемиот дел од народот го одвеле во ропство. Така завршила и Јудеја (586 год. пр.н.е.), 136 години по пропаѓањето на Израел.

## 22.5. Од содржината на книгата за царевите

### 22.5.1. Навотовото лозје и царот Ахав

Во Шомрон, престолнината на Израел, еден човек од Јизреел по име Навот одгледувал прекрасно лозје кое се наоѓало до царската палата. На царот многу му се допаѓало тоа лозје, па посакал да го купи и да го спои со своите градини. Во замена му понудил на сопственикот подобро лозје, или онолку пари колку што вреди лозјето.



Бидејќи не се согласувал да го оттуѓи наследството од своите татковци, Навот ја одбил царевата понуда. Иако царот можел силум да го натера на продажба, сепак тој не се осмелил бидејќи таквата постапка не била во согласност со нормите на Мојсеевите закони. Затоа нерасположен и налутен се вратил во дворот, легнал на креветот и не сакал да јаде.

Меѓутоа, она што Ахав не сакал да го направи, тоа со измама го направила неговата лукава и расипана жена, царицата Изевел, туѓинка од Цидон. Таа во името на царот напишала писмо да старешините на Јизреел, со кои била во таен договор, и им наредила да го обвинат Навот дека пцуел и хулел на Бога и на царот. Исто така ги наговорила да најдат сведоци што ќе го потврдат сето тоа.

Старешините на градот постапиле онака, како што им наредила Изевел: го извеле Навота пред суд и донеле лажни сведоци што пред судот и пред народот тврделе дека Навот хулел на Бога и на царот. Навот бил осуден на смрт и каменуван надвор од ѕидините на градот, а неговиот имот по закон му припаднал на царот. Така Ахав и Изевел го зграпчиле Навотовото лозје.

Кога пророкот Елијау (Елија), кој се криел во пустината, слушнал за тоа злодело, наметнал крзнена наметка каква што носат бедуините, отишол кај царот и налутено му рекол: “Ти изврши убиство и присвои туѓо и затоа ќе те снајде заслужена казна. На местото каде ја лижеле кучињата Навотовата крв, ќе ја лижат и твојата крв и крвта на членовите на твоето семејство. Тој што од твоето семејство ќе умре во градот, ќе го изедат кучиња; кој ќе умре на поле, ќе го исколваат небесните птици, а царицата Изевел ќе ја изедат кучиња под ѕидините на Јизреел”.

Откако ги слушнал зборовите на пророкот, Ахав многу се растажил, ги расцепил своите кошули и навлекол вреќа на своето тело. Во неа одел и спиел, не земал храна и искрено се покајал.

## 22.6. Зошто се асимилирале израелските племиња, а јудејските се одржале

Во древно време, поразените народи, оттргнати од својата татковина, ги губеле во прогонство своите национални обележја и полека исчезнувале. Тие ги прифаќале верувањата на освојувачите, нивните обичаи и нивниот поглед на свет. Тоа бил и почетокот на асимилацијата, која со текот на времето била забрзувана со мешани бракови и од други причини. Поразените не се грижеле толку да се одржат како народ, колку за нивниот физички опстанок и сочувување на својата егзистенција.

На тој начин се асимилирале и десетте израелски племиња додека се наоѓале во прогонство и исчезнале без траги од историската сцена.

Истата опасност ѝ се заканувала и на Јудеја; и таа покрај надворешните непријатели била оптоварена со внатрешни противречности. Класните разлики се зголемувале, богатите ги угнетувале сиромашните, а идолопоклонството и мешаните бракови ја разводнувале еврејската сушност и еврејскиот идентитет. Се чинело дека и Јудеја ќе ја доживее истата судбина на Израел. Меѓутоа, по пропаѓањето на Израел, во Јудеја се случувало нешто што им помогнало на Јудејците подоцна и надвор од татковината, во галутот, да го сочуваат својот верски и национален идентитет. Со доаѓањето на престолот на Јошијау (638 год. пр.н.е), во Јудеја започнал духовен препород.

Јошијау бил одлучен и разборит владетел, свесен за социјалните неправди што ја подјадувале неговата земја. Бил и доволно мудар за да сфати дека без верски реформи не може да се воспостави никакво социјално законодавство, дотолку повеќе што етиката и праведноста биле поврзани со Мојсеевото законодавство. Затоа тој одлучил да изврши не само поправедна распределба на имотите, туку и да ја очисти земјата од идолопоклонство. Во договор со високото свештенство, тој свечено објавил ширум земјата дека во Бет–амикдаш е пронајдена една одамна заборавена Мојсеева книга (Деварим – Повторени закони) и дека таа јавно ќе му биде прочитана на народот.

Слушајќи ги текстовите од книгата, бран од родољубие, стремежи кон високи идеали и верска возбуда ги зафатил широките маси, така што во нив почнала да се буди некоја нова, дотогаш непозната сила. Порано Бог им се заканувал со казни на оние што ги прекршуваат неговите закони, а сега заканите биле излишни зашто Евреите доброволно ги прифаќале Мојсеевите прописи. Делото кое го започнал Јошиау, било продолжено и усовршено со дејствувањата на пророците.

## 22.6.1. Пророците и новите сфаќања на религијата

Многу цивилизации имале свои пророци, но пророкот во еврејската историја имал посебно значење. Тој стоел над свештениците, зашто народот верувал дека е пророкот Божји пратеник, дека проповеда праведност и чистота на верата. Со новите и смели идеи пророците внеле нова суштина и свежина во еврејската вера и во еврејското сфаќање на Бога.

Суштината на нивното учење се состоела во тоа што сметале дека религиските обреди со принесување жртви немаат некое одредено значење за Бога; поважни се моралните принципи, хуманоста и правдата. Не е грев ако не се принесуваат жртви, туку корупцијата, изнудувањето и неправдата. Токму затоа што се избран народ, Евреите треба да бидат пример за останатото човештво. Од таквото учење произлегувала и универзалната мисла дека физичките закони на Тората ги обврзуваат само Евреите, додека нејзината духовна и морална поука се однесува на целокупното човештво.

Кога проповедале пророците Амос и Ошеа во Израел, народот се подбивал со нив, свештениците се лутеле, а царевите останувале збунети и вознемирени. Кога другите пророци, особено Јешау и Јирмејау, продолжиле да ги шират во Јудеја новите, послободни сфаќања за религијата, нивното учење длабоко продрело во свеста на народот на Јудеја и тој ги понел тие сфаќања и во вавилонското ропство.

Идеите на пророците го подривале и влијанието на свештенството, така што неговата улога на посредник помеѓу Бога и верниците станувала сè помала. Улогата на свештениците постепено се менувала, па од вршители на обреди таа постепено се претворала во улога на рабини – учители.

Давајќи им предност на молитвите над принесувањето жртви, пророците ја ослободиле верата од нејзината врзаност за одредено место и време. Принесувањето жртви било поврзано со Храмот, а Храмот за Ерусалим. Храмот за принесување жртви го замениле синагогите, а жртвените обреди ги замениле молитвите кон Бога. Евреите преку синагогата и молитвата можеле да воспоставаат врска со Бога во секое време и на секое место. Поранешната тврдокорна и бескомпромисна еврејска религија станала прилагодлива и неупадлива, приспособена да го сочува еврејството и во новите услови во галутот.



## 22.6.2 Мудроста на Шеломо (Соломон) и неговата пресуда

Шеломо амелех (цар Соломон) отишол на поклонение во Гивон за да принесе жртва–паленица во светилиштето. Таа ноќ на сон му се јавил Бог и му рекол: "Побарај што сакаш да ти дадам!".

Царот одговорил: "Боже мој, ти си ме направил мене, својот слуга, да бидам цар наместо мојот татко Давид, а јас сум млад и неискусен и сè уште не знам да владеам. Подај му на својот слуга разумно срце и мудрост за да можам да разликувам добро од зло, да бидам праведен судија, зашто кој би можел да управува со овој народ, толку голем што не може ни да се изброи".

На Бога му се допаднала царевата скромност зашто не побарал ни слава ни богатство, па му рекол: "Ти давам срце разумно и мудро какво што немал никој пред тебе, ниту пак ќе го има некој по тебе, но ти го давам и она што не го побара: богатство и слава каква што нема меѓу царевите".

Шеломо радосен се вратил во Ерусалим и седнал пред градските порти да ги решава споровите на своите поданици. Тогаш пред него дошле две блудници и го замолиле да им пресуди за нивниот спор. Тие живееле во една куќа, а и двете се породиле во временско растојание од три дена.

Едната од нив му се обратила на царот плачејќи: "Додека сме спиеле оваа жена не сакајќи налегнала над своето дете, го притиснала и го угушила. Откако се разбудила во текот на ноќта и видела што ѝ се случило, таа го зела кај себе мојот син додека јас сум спиела, а своето мртво дете ми го подметнала во моите прегратки. Утрото кога станав да си го подојам синот, видов, тој е мртов! Кога погледнав повнимателно, сфатив дека тоа не е синот што јас сум го родила".

Другата жена го тврдела спротивното, т.е. дека е живото дете нејзино, а мртвото на онаа другата.

Откако ги сослушал, царот се замислил, а потоа наредил да му донесат меч и рекол: "Секоја од овие две жени тврди дека е живото дете нејзино. За да се задоволи правдата, пресечете го детето на две половини, и дајте ѝ на секоја жена по една половина".

Жените поверувале во зборовите на царот. Стравувајќи за животот на детето, првта мајка очајнички закукала: "Дајте ѝ го, дајте ѝ го детето на оваа жена, само не убивајте го!". Втората жена која не можела да чувствува мајчинска љубов за туѓото дете, мирно се согласила тоа да се пресече и секоја од нив да земе по една половина.

На царот сега му било јасно која од нив двете била вистинската мајка на живото дете, па заповедал детето да ѝ се предаде на мајката која не допуштила да биде убиено тоа.

Така Шеломо почнал да се служи со разум кој му го подарил Бог во полза на својот народ. Народот се воодушевил од царевата пресуда, а гласот за неговата мудрост се расчул надалеку.

## 22.7. Хронолошка табела на еврејските цареви

Владетели на единствената држава Израел

- Шаул (1025–1010 год. пр.н.е.)
- Давид (1010–970 год. пр.н.е.)
- Шеломо (970–931 год. пр.н.е.)

По смртта на Шеломо настанал расцеп на Царството Израел на два дела: на Израел и Јудеја. Израел опфаќал десет племиња на север, а Јудеја две племиња на југ. Царстовото Израел се одржало од 931 до 721 година пр.н.е., Царството Јудеја од 931 до 586 година пр.н.е.

| Цареви на Израел | Години на владеење по Танахот | Цареви на Израел | Години на владеење по Танахот |
|---|---|---|---|
| Јаровам 931–910 | 22 | Рехавам 931–913 | 17 |
| Надав 910–901 | 1 | Авијам 913–611 | 3 |
| Баша–Ваша | 24 | Аса 911–870 | 41 |
| Ела 886–885 | 1 | Јеошафат 870–848 | 25 |
| Зимри 885 | 7 дена | Јеорам (Јорам) 848–841 | 8 |
| Омри 885–874 | 12 | Ахазјау 841 | 1 |
| Ахав 874–853 | 22 | Атаља (Атаљау) 841–835 | 6 |
| Ахазјау(Ахазја)853–852 | 1 | Јоаш 835–796 | 49 |
| Јеорам(Јорам) 852–841 | 10 | Амацјау (Амацја) 796–781 | 29 |
| Јеу 841–814 | 28 | Азарја 781–740 | 29 |
| Јеохаз 814–798 | 17 | Јотам 740–736 | 16 |
| Јеоаш (Јоаш) 708–783 | 16 | Ахаз 736–716 | 16 |
| Јаровам II 783-743 | 41 | Хизкају (Хизкија) 716–687 | 29 |
| Зехарјау(Захарија) 743 | 6 месеци | Менаше 687–642 | 55 |
| Шалум 743 | 1 месец | Амон 642–640 | 2 |
| Менахем 743–738 | 10 | Јошијау 640–609 | 31 |
| Пекахја 738–737 | 2 | Јеохаз 609 | 3 месеца |
| Пеках 737–732 | 20 | Јеојаким 609–598 | 11 |
| Ошеа 732–721 | 9 | Јаојахим 598 | 3 месеца |
| | | Цидкијау 597–586 | 11 |

## 22.7.1. Кон табелата за царевите

Древните составувачи или препишувачи на историите на разни народи, му посветувле повеќе внимание на опишувањето на настаните отколку на точноста на историските датуми.

Тие лесно менувале поединечни зборови, а понекогаш и знаци за броеви. Така се создавале помали или поголеми неточности при одредување на историските датуми.

Текстот на Книгата за царевите (Мелахим I-II) известува само за бројот на годините на владеењето на поединечни владетели на Израел и на Јудеја, но не ја наведува годината на нивното настапување на престолот.



Во Месопотамија, Египет, Вавилон и Асирија сочувани се богати архиви со документи и натписи на споменици и храмови. Бидејќи историјата на еврејските држави била тесно поврзана со историјата на големите сили од она време, затоа приближно можеле да се пресметаат поважните датуми во историјата на еврјскиот народ. Меѓутоа, постојат видливи разлики во тие пресметки, зависно од изворот од кој се користени и системот кој е применуван при пресметувањето. Затоа и датумите во хронолошката таблица треба да се прифатат ориентационо.

# 23

# ДЕЈСТВУВАЊЕТО НА ПРОРОЦИТЕ

Дејствувањето на пророците претставува еден од најизворните изрази на еврејската мисла. Иако во суштина има верско обележје, тоа ја надминало обредната етика и станало трајна филозофија на животот на општеството и на поединецот. Она што останало забележано во пророчките списи се создавало во период од 250 години и меѓу останатото ги опфаќа и пропаѓањето на царствата на Израел и на Јудеја.

Пророците во текот на многу генерации навестувале пропаст на еврејската држава и подоцна објаснувале дека го уништил Бог она што самиот го создал. Говорејќи за судбината на Евреите, тие го тешеле народот дека може да се надева на спасение и на ослободување ако понизно ја прифати казната и искрено се покае. Иако десеткуван, народот го продолжил животот во прогонство, уверен дека ветувањето на пророците ќе се оствари. Израел бил политички поразен, а еврејството дури во туѓина почнало да се развива како религија.

Класичните пророци биле визионери, вдахновени луѓе што ја пренесувале Божјата порака и без страв напаѓале за лошите дела, не штедејќи ги ниту царевите. Тие дејствувале како морална совест на заедницата, понекогаш биле претставувани како чудотворци, но нивната вистинска способност не била ни магија, ни волшепство. Нивните пораки биле полни со остри забелешки и прекори. Секогаш се повикувале на древниот сојуз склучен помеѓу Бога и неговиот народ, но исто така се залагале и за радикална промена на поранешното верување.

Времињата во кои живееле и дејствувале класичните пророци биле карактеристични по големите општествени разлики. Пророкот бил сметан за Божји избраник кој ги пренесува пораките до неговиот народ. Но пророците поради ова не се сметале себеси за посупериорни од останатите луѓе, туку во целост ги сочувале своите човечки особини: имале моменти на слабост и очајување, допуштале да ги понесе лутината и да им подлегнат на предрасудите, но и да доживуваат моменти на радост и на одушевување. Со силно изразена индивидуалност, пророците ги изнесувале своите идеи кои ја одразувале нивната илузија и нивниот темперамент. И пророчките книги се плод на лично творештво. Затоа не треба да се бара некој духовен континуитет кој би поврзувал еден пророк со некој негов “наследник”. Но, наспроти сите различности со кои се одликуваат одделните фази



и изрази на поединечни пророци, пророчката мисла има основно единство и доследност. Нејзиното значење ги надминува временските фактори што придонеле за нејзиното формирање. Таа се темели врз општото начело “еден е Бог создател на светот и врховен судија, божество кое не е ни митолошко, ни магиско”. Општествената и политичката содржина на оваа идеја ја продлабочиле уште раните пророци Шемуел, Натан и Елија: Натан во форма на парабола за јагнето и за сиромашниот човек (Шемуел LI-12, 1–5), преку којашто остро го нападнал царот Давид заради тешкиот престап и прељубата, а Елија царот Ахав заради присвојувањето на туѓото лозје и убиството на неговиот сопственик (Цареви, 1–21, 19). Зборовите на пророкот “ти си убил и си присвоил” ја претставуваат самата суштина на општествена критика.

Пророкот Натан може да се смета за идеолошки претставник на сите оние што биле против институцијата на монархијата, наведувајќи го како причина нејзиното самоволие. Но ни Натан, ни Елија не биле теоретичари. Нивната огорченост била вперена против поединци, против некои факти и специфични настани. Иако по убедување бил против монархијата, Шемуел е всушност нејзиниот основател. Првите или раните пророци не биле во состојба да ги воопштуваат своите искуства и да ги издигнат на степен на начело.

За разлика од раните пророци, подоцнежните пророци вршеле целокупно преиспитување на човечките односи. Тие не се осврнувале на минливите настани, туку навлегувале во структурата на човечката и на општествената природа. Благодарејќи на нивната независност од која било посебна историска содржина, нивните пророштва добиле трајна вредност.

## 23.1. Поимите за доброто и злото

Пророците не се првите што ги поставиле барањата од морален карактер. Поимот за доброто и за злото како морална категорија постоел и пред нив. Но пророците секако биле првите што ја одредиле суштината на тој поим, независно од каков било обред или воспоставен начин на однесување. Според нивното сфаќање, суштината на она што го бара Бог од човекот не е вршење обред, туку тоа се моралот и чесноста. Човековата доблест е во остварувањето на Божјата волја на земјата; богослужењето само по себе нема никаква реална вредност. На слушателите веројатно чудно им звучи предупредувањето кое му го пренесува Бог на својот народ: “Одвратни и омразени ми се вашите празници... ако ми принесете жртви паленици и свои приноси, нема да ги примам и нема ни да ги погледнам вашите жртви за благодарност од угоена стока. Отстранете ја вревата од вашите песни, нема да го слушам свирењето на вашите харфи. Правда нека потече како вода, и милосрдие како непресушна река” (Амос. 5. 21–24).

Се верувало дека на Бога му се угодни жртвите, кои ги принесувале во негова чест. Меѓутоа, Амос фрла нова светлина врз целокупниот систем на богослужењето: значењето на обредот е симболичен и полезен, единствено ако вдахновува кон богопознание. Богослужењето одделено од својата внатрешна искрена цел се претвора во сквернавење на Божјето име: “Сакам благородност, а не жртви, познавањето на Бога ми е помило од принесувањето на жртвите што ги палите” (Ошеа 6,6).

Кога го прашува народот пророкот како да настапи пред Господа за да го окае својот грев, пророкот одговара: “Ти рекол човеку, што е добро и што Господ бара од тебе: да постапуваш право и да го негуваш милосрдието, и понизно да чекориш со твојот Бог” (Миха 6,8).

Од оваа мисла произлегуваат жестоките напади врз идолопоклонството во сите негови

видови: “Нивните дела не им допуштаат да му се вратат на својот Бог, со што во нив е духот на блудот” (Хошеа 5,4).

## 23.2. Почеток на пророчкиот универзализам

Идолопоклонството не се ограничува само на негирањето на Бога. Тоа го охрабрува настојувањето луѓето да владеат над своите ближни. Според тоа, идолопоклонството е причина за сите општествени и морални зла на светот. Во минатото идолопоклонството се сметало за грев кој требало да го избегнува само израелскиот народ бидејќи Бог него го запознал со значењето на вистинската вредност. Јешаја бил првиот кој го означил идолопоклонството како човечки грев кој им се забранува на сите, а не само на Израелците, и со тоа го одбележал почетокот на пророчкиот универзум.

## 23.3. Општествена правда и политика

За прв пат во историјата се укажува на моралот како на одлучувачки фактор на националниот живот. Пророците упатуваат најостри прекори заради развратноста на општеството. Меѓутоа, тие повеќе не се ограничуваат само на обвинувања упатени до поединци, како што во свое време тоа го правеле раните пророци Натан и Елија. Раните пророци сметале дека само Давид и Ахав се одговорни за тешките престапи и дека единствено тие треба да бидат казнети. Од сега за општествената и политичката неправда се повикува на одговорност целиот народ под закана за губење на сопствениот опстанок.

“На Израел ќе му биде судено зашто во него праведниот го продаваат за сребро, а сиромашниот за пар чевли” (Амос 2,6).

И затоа “кога ги ширите своите раце јас го одвраќам погледот од вас и веќе не ги слушам честите молитви, зашто рацете ви се натопени во крв. Измијте се, очистете се, оттргнете ги од пред моите очи вашите зли дела, престанете да правите зло. Учете се на добро и барајте ја правдата. Помогнете му на угнетениот, бранете ја вдовицата, борете се за сирачето” (Јешаја 1, 15–17).

Во услови на класна борба пророците биле секогаш на страната на измачуваните. Тежиштето на вината секогаш се става врз владејачката класа. Тие тешко ги обвинуваат моќниците кои “ноќе во постелите смислуваат беззаконие, а штом ќе осамне утрото веќе го извршуваат, зашто е силата во нивните раце. Кога ќе го посакаат туѓото поле, тие го грабаат, кога ќе посакаат туѓа куќа, тие ја земаат. Вршат насилство над луѓето и ги пљачкаат” (Миха, 2).

Затоа пророкот порачува:

> “Слушајте поглавари на Јаков и кнезови на домот
> Израелов...
> Вие го мразите доброто, а го љубите злото. На луѓето
> им ја дерете кожата од грбот и им го кинете месото од коските...
> го ждерете месото на мојот народ, му ја дерете кожата
> и му ги кршите коските, ги распарчувате како месо во котел”.
>
> (Миха 3, 1–3).
>
> “Затоа заради вас Цијон ќе стане преорано поле, а
> Јерушалајим ќе биде претворен во куп од урнатини”.
>
> (Миха 3,12)



Некои пророци често ги поистоветуваат угнетувачите со новата класа на царските службеници зад кои стои монархијата. Пророкот Ошеа оди толку далеку, што воспоставувањето на монархијата го смета за побуна против Бога.

## 23.4. Пророштвото како инструмент за политичка критика

Политичките ставови на пророците се тесно поврзани со нивните етички начела. Во основа, тие безусловно го осудуваат милитаризмот како најлош израз на незнабожечката горделивост. Барањето поткрепа на Израел единствено во воена сила е исто така верски грев зашто претставува знак на недоверба во Бога. “Наместо да бараат совет од него и заштита, тие прибегнуваат кон воени сојузи со другите сили” (Јешаја 30,20).

Во одредени ситуации пророштвата се и нструмент за политичка критика. Во обидот да им се спротивстави на силите од она време, Израел прибегнувал кон воен сојуз со военo слабиот Египет. Како политичари што гледаат на далеку, пророците ја сфатиле опасноста од таквиот сојуз, кој води кон уништување, и затоа побарале менување на политичката ориентација, раскинување на воениот сојуз со Египет и потчинување под Асирија, односно Вавилон. Во таквата капитулација, тие го гледале единствениот пат кон спасување.

“И Јеремија му рече на Цедекија: вака говори Господ Бог над војските, Бог Израелов: ако излезеш пред војсководецот на вавилонскиот цар, ќе бидеш спасен и овој град нема да биде запален...”.

Можеби од таквиот став на пророците би се донел заклучокот дека ним им недостасувало чувство за патриотизам и национална гордост. Меѓутоа, тие заземале ставови врз основа на оценувањето на дадена ситуација. Кога асирскиот војсководец Санхерив побарал да се предаде градот, единствено пророкот Јешаја настојувал кај царот Хизкијау да преземе нешто и да пружи отпор.

“Оплакувањето на Јеремија” е исто така непобитен доказ за големата љубов на пророкот кон Израел. Јеремија се обидува да посредува кај Бога за Израелците, да моли за нивниот спас, а Бог му одговара: “Не му помагај на овој народ”. Пророкот никогаш не ѝ пружал отпор на Божјата реч, па ни сега, и престанал да бара милост, но во длабок очај го проколнал денот на своето раѓање заради трагичната судбина што го очекувала неговиот народ.

Ни другите пророци што заговарале послушност не се помирувале со целосното уништување на израелскиот народ. “Како можам да те напуштам Ефрајиме, како можам да те препуштам на другите, о Израелу?” (Ошеа 11,8).

Дури и ако не заслужил Израел, Бог сепак ќе му прости: “Додели му ја на Јаков својата верност, на Аврам својата милост, како што се беше заколнал пред нашите пратատковци во дамнешно време” (Миха 7,20).

## 23.5. Визија за далечната иднина

Идејата за конечното спасение е основата на пророчките сфаќања. Тие во потсвеста не го прифаќале конечното уништување на Израел. Предвидувањето на националната пропаст не значело дека тие биле лишени од националната свест, туку обратно. Пророците на свој критички начин биле вдахновени со посебен национален дух, кој не се задоволувал само со тоа да преживее Израел. Нивната визија за далечната иднина (на кра-

јот на времето) се темели на надмоќта на Израел, но не на таква надмоќ која би се потпирала на сила. Израел ќе управува со светот не со силата на оружјето, туку исклучиво со доблеста на својот дух. Нему како на "избран народ" му е доверена мисијата да го поучува човештвото како да го спознае Бога и да ги извршува неговите налози.

Колку и да биле возвишени нивните идеи, пророците сепак не биле наивни сонувачи. Колку поблагороден бил нивниот идеал, толку било појасно нивното сознание дека тој идеал не можел да се оствари во догледна иднина. Доколку сепак дојде до остварување, тоа би можело да се случи во далечната иднина, на крајот на времето.

Правејќи ѝ неопходни отстапки на стварноста, пророкот си дава полет на својата фантазија. Во таа далечна иднина, "на крајот на времето", со Израел ќе владее праведен цар, надарен со духот на мудроста, со разум и со знаење, кој праведно ќе им суди на "бедниците (и чесно) и на страдалниците по земјата... со правда ќе ја препаша својата половина, а со верност бедрата" (Јешаја 11,2–5).

Конечната милост ќе биде обезбедена не само за човештвото, туку и животинскиот свет ќе постигне совршенство, а пак древните непријателстава ќе замрат.

"Волкот ќе живее со јагнето и тигарот ќе лежи со јарето; телето и лавчето заедно ќе пасат, а детенце ќе ги води на пасење...."(Јешаја 11,6).

Во таа далечна иднина пророчката визија ќе го достигне својот врв: "...ридот на кој стои храм ќе ги надвисува врвовите на планините... и кон него како реки ќе се слеваат сите народи..." (Јешаја 2,2). Тоа нема да биде само место за богослужење, туку место од кое правдата и поуката (Тора) ќе зрачат низ целото човештво. "Ки мицијон теце Тора удвар Адонај Мирушалајим" ("Зашто од Цијон ќе потече Тора, а словото Господово од Јерушалајим") (Јешаја 2,3).

Тука доаѓаме до јадрото на пророчкото видување на далечната иднина. На врвот од историјата, на "крајот на времето" човештвото ќе биде обединето. Сите луѓе и народи ќе ја споделуваат Божјата милост, која досега му била ветена само на израелскиот народ. Тогаш Господ ќе рече: "Нека е благословен мојот народ Египет, делото на моите раце Асирија и моето наследство Израел" (Јешаја 19,25).

Во тоа далечно време пророкот Јешаја открива и состојба на општо братство, кога ќе живеат луѓето во љубов и во мир и нема повеќе меѓусебно да војуваат: "Ќе ги прековаат своите мечови во рала, копјата во српови, народот против народ не ќе крене меч, ниту ќе се учи на битка" (Јешаја 19,25).

Во таквите услови дејствувањето на Израелците ќе биде блескаво. Неговата улога ќе биде да го ослободи човештвото од идолопоклонство што го попречува неговото спасение. Под ова всушност Јешаја подразбира дека не може да има спасение сѐ додека човекот не се превоспита самиот себеси, додека не се продухови, не го "обреже своето срце" и не ја исчисти религијата од чистиот формализам. Тој треба да го напушти обожувањето на предметите кои ги направил тој самиот за да се ослободи од копнежот за моќ и жедта за власт, како и од култот на државата. Ниеден облик на владеење или степен на материјална состојба нема да го спаси човекот. Не може да се постигне спасение додека човекот не ги сфати своите морални обврски како натсетилно и божеско дело.

Човекот пред сѐ мора да се преобрази себеси. Спасението, велат пророците, е условено со каењето, спасителното дело на Бога ѝ е подредено на иницијативата на човекот.



# 24

# НЕВИИМ АХАРОНИМ

## (Последните или подоцнежните пророци)

Под поимот последни пророци ги подразбираме трите големи и дванаесетте мали пророци. Во големите пророци спаѓаат Јешајау (Исаија), Јиремејау (Јеремија) и Јехезкел (Језекиел), а во малите Ошеа (Осија), Јоел, Амос, Овадја (Овадија), Јона, Миха (Михеј), Нахум, Хавакук (Авакум), Цефанија (Софонија), Хагај (Агеј), Зехарја (Захарија), Малахи (Малахија).

### 24.1. ЈЕШАЈАУ (Јешаја, Исаија)

Она што малку се знае за животот на Јешаја, може да се најде во книгата која го носи неговото име и во Втората книга на царевите. Тој бил роден во Ерусалим околу 756 година пр.н.е. во аристократско семејство. Пророкувал околу 50 години во времето на јудејските цареви Јотам, Ахаз и Хизкијау. Тоа бил судбоносен период во еврејската историја. Двете мали царства Израел и Јудеја, и самите во меѓусебни судири, биле вовлечени истовремено и во судир со големите сили. Во тоа време Асирија била водечка голема сила. Асирската војска за време на животот на Јешаја навлегувала четири пати на југ, потчинувајќи ги малите народи, а во еден таков поход, сосема го збришала и царството Израел (721 год. пр.н.е.).

Во настојувањето да преживеат владетелите на Јудеја барале излез во привремени сојузи со другите сили, најчесто со Египет. Јешаја остро се спротивставувал на таквата ориентација, убеден дека со тоа не може да се сочува безбедноста на Јудеја. Како човек со длабоко религиозни убедувања тој пред сѐ барал вера во Бога, а непријателот пред државните порти го сметал за извршител на Божјата волја, кој дошол да го казни избраниот народ заради неговите гревови и непослушноста кон Бога.

Со живописни изрази Јешаја ја претскажувал не само судбината на Јудеја, туку и на нејзините непријатели поединечно. Така, на пример на Вавилон му претскажал страшна казна: "...во него ќе се излежуваат пустинските ѕверови, а куќите ќе им бидат полни со диви птици".

Меѓутоа, најстрашните закани тој ги упатувал кон својот сопствен народ и кон Ерусалим, "некогаш град на праведноста, а сега град на блудот и на убијци". Го подигал гласот против верското лицемерие, социјалните разлики и угнетувањето на сиромашните, а со истата жестокост го напаѓал и дворот и владетелите, кои ги нарекувал пријатели на крадците.

Не ги изоставил ни жените на богатите луѓе кои "со кренат врат се шетаат наоколу, sвекотејќи со гривните на нозете...". Но и тие ќе го доживеат срамот кога Господ ќе им истргне сѐ со што се гордеат: тантели, ланчиња, прстени, украси и скапоцени фустани. "Наместо пријатни миризби – смрдеа, наместо кадрици – избричен тил, наместо гиздави фустани – облека од вреќа, и наместо убавина – срам" (3,24). Неговиот песимизам е сепак ублажен со надежта дека Бог нема во целост да го уништи грешниот народ. Некои ќе преживеат и ќе се вратат од прогонство на вистинскиот пат.

Јешаја исто така го претскажал и времето кога во целиот свет ќе завладее мир и кога ќе се појави совршениот цар од Давидовото колено.

### 24.1.1. СЕФЕР ЈЕШАЈАУ (Книгата на Јешаја)

Книгата на пророкот Јешаја се дели на два многу различни дела. Првиот дел е од 1. до 39. поглавје, а вториот од 40. до 66. поглавје.

Вториот дел стилски и содржински исто така може да се подели на два дела; од 40. до 55., и од 56. до 66. поглавје. На пророкот Јешаја му се припишува само првиот дел од книгата, додека останатите делови им се припишуваат на други автори. Поради ова истражувачите говорат за првиот, вториот и третиот Јешаја. Со оглед на тоа што низ целата книга провејува ист дух, стручните лица сметаат дека неа во целост ја уредил некој од учениците на Јешаја. Книгата ја добила својата денешна форма многу векови подоцна по пророковата смрт.

Поглавјата од 1. до 39. несомнено го претставуваат веродостојниот глас на големиот пророк со можни додатоци од неговите ученици. Таа настанала во времето кога Јудеја ја загрозувал нејзиниот моќен сосед Асирија. Јешаја предупредувал дека опасност за опстанокот на Јудеја не претставува само Асирија, туку и непослушноста кон Бога, што води во пропаст, и затоа му советувал на народот да живее праведно и исправно.

Поглавјата од 44. до 55. настанале речиси еден век по Јешаја, во времето на вавилонското ропство. Јудејскиот народ живуркал скршен, без никаква надеж, а голема била и веројатноста дека ќе го изгуби својот идентитет. Тогаш се појавил пророкот чиешто име останало непознато, но неговите зборови се запишани во последниот дел од книгата на Јешаја. Затоа современите научници овој дел од книгата го нарекуваат "Втор Јешаја". Изворниот Јешаја им се обраќал на своите сограѓани во еврејската држава, а подоцнежниот непознат пророк говорел за заедницата, оттргната од својата татковина, која безнадежно живуркала во туѓа земја, во вавилонската дијаспора. Во таа етапа било потребно да се сочуваат идентитетот и религијата на предците сѐ до враќањето во својата земја. Затоа непознатиот пророк најавувал дека Бог веќе се подготвува да го ослободи својот народ и да го врати во нивните куќи во Ерусалим, каде што ќе започнат нов живот.

Поглавјата од 55. до 56. се однесуваат на подоцнежниот период, кога народот веќе се вратил во Ерусалим и го возобновил Храмот, а тоа било во периодот на Езра и Нехемија. Затоа научниците му ги припишуваат овие поглавја на третиот Јешаја. Тоа е веројатно дело на учениците на "вториот Јешаја", чиишто мисли и стил се сочувани, но во друга



средина, најверојатно во Ерусалим, а не во вавилонското ропство.

Заради величествениот стил и силата на неговата личност, Јешаја се вбројува меѓу најголемите еврејски пророци. Со богатството на изразот и со смелите идеи, неговата книга се става во редот на најистакнатите пророчки списи. Како голем уметник, тој подеднакво силно му упатува на народот и остри прекори и свечени славопои, и затоа неговите говори спаѓаат меѓу најубавите страници на Танахот (Стариот завет).

Книгата на Јешаја имала големо влијание и врз други книги, па и врз Новиот завет. Јован Крстител ги започнува своите проповеди со цитати од Книгата на Јешаја, а и самиот Исус настапува за прв пат во Назарет со читање на неговиот свиток. Четиринаесеттата реченица од седмата глава, каде што се спомнува дека една млада жена ќе забремени и ќе добие син, христијанските теолози ја толкуваат како пророкување на Исусовото раѓање.

## 24.2. ЈИРМЕЈАУ БЕН ХИЛКИЈАУ (Јеремија, синот на Хилкија)

Двата великани меѓу пророците, Јешаја и Јеремија, живееле на временско растојание од еден век, во бурните денови кога биле уништени двете еврејски царства: Израел во 721 год. пр.н.е. и Јудеја во 586 год. пр.н.е.

Како и Јешаја во своето време, така и Јеремија бил сведок на драматични историски собитија во подрачјето на Блискиот Исток: растењето на моќта на новото Вавилонско Царство и распадот на Асирската Империја. Тој ја доживеал првата опсада и освојувањето на Ерусалим во 597 год. пр.н.е. и второто прогонство во Вавилон во 586 год. пр.н.е. Јеремија бил роден во свештеничко семејство во Анатот, на територијата на Бинјамин, на три милји растојание од Ерусалим. Анатот бил еден од градовите, кој уште од времето на Јеошуа бил одвоен за Левитите.

За животот на Јеремија и за неговото учење се знае многу повеќе отколку за кој било друг пророк, зашто во неговата книга има изобилство од историски и биографски податоци, коишто ги запишувал неговиот ученик и секретар Барух бен Нерија.

Јеремија го започнал своето пророчко дејствување во тринаесеттата година од владеењето на царот Јошија, а го завршил по разорувањето на Првиот храм. Така тој дејствувал во времето на петте последни јудејски владетели, а тежиштето на неговите активности било во времето на Јеојахим и Цедекија, последните цареви на Јудеја.

Уште додека бил момче на 18 години, речиси дете, тој во себе го слушнал повикот со кој Господ му се обратил: "Уште пред да те создадам во утробата те познавав, а уште пред да излезеш од утробата те посветив и те поставив за пророк на народите... Не вели "јас сум дете", туку оди каде што ќе те испратам и говори сѐ што ќе ти наредам ... Немој да им се плашиш, зашто јас сум со тебе за да те избавувам" (1–4,5,7,8).

Тоа било во тринаесеттата година од времето на владеењето на царот Јошија. Јошија започнал енергично да го спроведува верското обновување со намера да го искорени идолопоклонството, развратот и неправдата, а да воведе ново уредување на верскиот, општествениот и политичкиот живот. Меѓутоа Јошија загинал во борбата со Египќаните 609 год. пр.н.е. и процесот на обновувањето се прекинал. Неговиот син Јеојахим не ја следел политиката на својот татко. Предупредувањата од пророкот немале никаква полза. Преовладало верувањето дека Ерусалим, како средиште на Храмот, е неповредлив и дека богослужењето во него обезбедува спас.

Како и Амос, Ошеа и Миха кои дејствувале пред него, така и Јеремија остро ги осудувал верските застранувања и општествените болести и го предупредувал народот на несре–

ќите што тие ги носат. Ниедна жртва, ниту раскошно богослужење нема да ја спречат пропаста ако не се поправат луѓето. Бог го цени секој човек според она што е во неговото срце, според она што го работи и според резултатите од неговата работа (17,10).

Заради отворената критика Јеремија бил во непрекинат судир со владејачките кругови.

Уште на почетокот на владеењето на царот Јеојахим, Јеремија во дворот на Храмот ги нападнал верниците со страшни закани и со клетва дека ќе го уништи Бог светилиштето ако не се поправат тие.

Возбудената толпа и некои свештеници се свртеле против пророкот и барале за него смртна казна, но го заштитил еден угледен дворски великодостоинственик.

Во една друга пригода пред насобраниот народ, тој на драматичен начин ја столчил земјената стомна и извикал: "Вака ќе го разбијам својот народ и овој град... така што никогаш нема да биде поправен" (19, 11).

## 24.2.1. Подемот на Вавилон и пропаѓањето на Јудеја

Во 612 година пр.н.е. Вавилонците ја покориле Асирија, која четири века доминирала над земјите од Блискиот Исток. Седум години подоцна (607 год. пр.н.е.) Невуходнецар ги поразил Египќаните кај Каркемиш и станал врховен господар на Јудеја и на нејзините соседи.

Јеремија дваесет години го повикувал народот на покајание и ја предвидувал пропаста на Јудеја. Кога дошол Вавилон, тој почувствувал дека наближува денот на пропаѓањето. Затоа на граѓаните на Ерусалим им порачал дека ќе биде претворена целата земја во урнатини и опустошена, а дека тие ќе му робуваат на Вавилон 70 години.

Две години подоцна Јудеја учествувала во бунтот на некои покорени земји против Вавилон, но овој бунт бил задушен. Вавилонците влегле во Ерусалим и го одвеле во ропство царот Јеојахим и три илјади угледни граѓани. За нов цар го назначиле неговиот вујко Цедекија.

Цедекија се здружил со Египет против Вавилон. Јеремија во своите говори енергично им се спротивставувал на напорите на проегипетската странка да го мобилизира народот против Вавилон. Заради тоа, тој бил протеран и уапсен. Меѓутоа, востаничкото расположение против угнетувачкото владеење на Вавилон се ширело и во другите земји од тоа подрачје. Затоа Јеремија ги предупредил и Едом, Моав Амон, Тир и Цидон дека вооружениот отпор ќе доведе до разорување и на нивните земји. Имајќи ја предвид политичката состојба и односот на силите, Јеремија бил против вооружена борба која немала никакви изгледи за успех. Тој се залагал за покорност и трпение, сè додека не дојде времето кога Господ ќе го разбие Вавилон и ќе ги поврати заробените браќа. Користејќи се со сликовити симболи, тој на вратот си ставил дрвен јарем, покажувајќи како треба да се свитка вратот и да се носи вавилонскиот јарем за да се опстане во животот.

Тогаш водечкиот свештеник и пророк го симнал јаремот од вратот на Јеремија, го скршил и му најавил на народот дека Бог вака ќе го скрши вавилонскиот јарем наметнат на другите народи и дека во рок од две години ќе се вратат протераните во своите домови (28,11).

Јеремија испратил писмена порака до малата еврејска заедница во Вавилон и ја предупредил да не наседнува на лажни пророци. Ги советувал да градат куќи, да основаат семејства и да одржуваат добри односи со власта, зашто нивното прогонство ќе трае 70 години.



Конечно се случило и она од што Јеремија најмногу се плашел: кон востанието на соседните народи против Вавилон се приклучил и Цедекија. Невуходнецар навлегол во Јудеја, го опколил Ерусалим, а Јеремија инсистирал на доброволно предавање. Меѓутоа Вавилонците нагло се повлекле поради навлегувањето на египетската војска. Јеремија тогаш бил жигосан како предавник, кој треба да биде уништен зашто го подрива моралот на народот. Најпрвин фрлен во зандани, потоа бил спуштен во цистерна со кал и така бил оставен да умре. Но го спасил еден дворјанин, кој му јавил на царот за она што се случува со Јеремија, па така по заповед на царот тој бил извлечен со јажиња од цистерната и ослободен.

По две години била повторена опсадата на Ерусалим. Градот, кој бил исцрпен од глад, конечно се предал. Храмот бил разорен, а населението убивано или одведувано во ропство. Цедекија, кој се обидел да побегне, бил заробен, ослепен и фрлен во зандани.

Според преданието, Невуходнецар им наредил на своите војсководци да бидат внимателни кон Јеремија. Тие му дозволиле да одбере дали сака да тргне со нив во Вавилон или ќе остане во Ерусалим. Јеремија одлучил да остане во Ерусалим и да ги подели страдањата заедно со народот. Наскоро заминал во Мицпа кај својот пријател Гедаља, кого Невуходнецар го назначил за гувернер на Јудеја.

Гедаља ги слушал советите на Јеремија и се трудел да го зачува мирот. По два месеца Гедаља бил убиен, а групата родољуби верни нему не успеале да го фати убиецот. Поради страв дека за тоа ќе бидат обвинети, тие побегнале во Египет и го повеле со себе и Јеремија и неговиот секретар Барух.

Во Египет Јеремија продолжил да држи жестоки говори, предвидувајќи го враќањето на прогонетиот народ и обединувањето на Израел и на Јудеја. Се спомнува дека го претскажал и нападот на Невуходнецар врз Египет, што навистина се случило.

Малку се знае за последните денови од животот на овој пророк. Според едно непроверено кажување, Јеремија бил каменуван.

## 24.2.2. Сефер Јирмејау (Книгата на Јеремија)

Книгата на пророкот Јеремија има 52 глави. Иако содржи 14 глави помалку од книгата на Јешаја, таа е најобемната пророчка книга. Во Септуагинтата, преводот на седумдесеттемина од III век пр.н.е., книгата има околу 2 700 збора помалку од хебрејскиот изворен текст. Оттука е и претпоставката дека преведувачите или скратиле некои места, или имале некој друг текст од кој го извршиле преводот.

Книгата може да се подели на неколку дела. Првиот дел содржи пророштва, проповеди и пораки во времето на последните цареви на Јудеја, како и обвинувања против Вавилон, Египет и другите околни народи.

Во вториот дел се сместени искази и личната исповед на Јеремија, која веројатно ја забележал неговиот ученик Барух. Во нив пророкот се појавува како единствена личност на Стариот завет според неговата чувствителност, осаменост и потресните внатрешни конфликти.

Книгата од друга страна, претставува редигирана збирка од различни списи, од кои некои немаат никаква врска со Јеремија, на пример завршната 52. глава, во која се опишуваат последните денови на Ерусалим. До конечната редакција на книгите на Јеремија дошло, веројатно, кон крајот на V век пр.н.е.

## 24.2.3. Колебањата на Јеремија и визијата за иднината

Јеремија му служел на бескомпромисниот Бог кој барал покајание зашто "оној кој е за смрт – на смрт, кој е за глад – на гладување, кој е за ропство – во ропство"(15,2). Овие строги пораки тој ги пренесувал со тешко срце и се обидувал да посредува кај Бога за оние што прават зло, па и за непријателите. Бог неколку пати го прекорил за таа негова слабост: "А ти не моли за овој народ... зашто нема да ти ја услишам молбата".

Пацифизмот на Јеремија и повикот за доброволно предавање за време на опсадата, кои толку го лутеле неговиот народ, потекнувале од физичкиот страв од војна и крвопролевање. Јеремија е пророк кој најавува пропаст, а потоа лелека и тажи зашто не сака да дојде таа.

Јеремија е збунет со прашањето за одмазда: "Праведен си, Боже, ако би се правдал со Тебе, но јас ќе говорам за Твоите судови: зошто патот на безбожникот е успешен, зошто живеат во мир сите што вршат неверства?". Таквиот залуден напор да се измират верувањето и умувањето доаѓа до целосен израз во книгата за Јов (Јову). Тоа е тема која и денес е присутна кај многу луѓе.

Јеремија бил чувствителен човек. Нему уште од раната младост одвоена од животот, без семејство и потомство, му било оневозможено да ги дели животните радости и таги со други луѓе (16,9).

Јеремија искрено го сакал својот народ и тешко му паѓало да ги пренесува пораките за трагедијата што му претстои. Многу од неговите говори имаат потресна содржина; во нив се чувствува болката што мора да ја прорекне пропаста на својот народ. Божјите зборови силно го печеле и тој не можел да ги задржи за себе. Заради своите говори и напади на официјалната политика на дворот, тој бил прогонуван, апсен, навредуван, понижуван и изложуван на потсмев. Луѓето што ги љубел и што сакал да ги спаси го обвинувале за предавство. Длабоко несреќен и разочаран поради тоа што не бил сфатен, тој извикал: "Тешко мене, мајко, што си ме родила за да се препира со мене целата земја и сите да ме проколнуваат"..."Зошто постојано трае мојата болка, и зошто е смртна мојата рана, та не може да се исцели...?" (15–10,18). Проклет да е денот кога се родив... зошто не ме усмрти во мајчината утроба, та мајка ми да ми беше гроб... зошто излегов од утробата за да гледам мака и жалост и во срам да завршат моите дни?" (20–14,17,18).

Меѓу најубавите зборови од неговата книга спаѓаат оние што пророкуваат поведра иднина по пропаѓањето, кога ќе склучи човекот нов сојуз со Бога, кој ќе го почитува народот и без учител, зашто тој ќе биде врежан во нивните срца.

Јеремија предвидувал возобновување на Израел. На оние што ја преживеале агонијата на прогонството тој им ветил безбедно враќање во Јудеја и обединување на прогонетите од Израел и Јудеја.

"Престанете да плачете и да лиете солзи... вашите деца ќе се вратат во својата земја. Јас ќе ги соберам од сите земји во коишто сум ги однел" (31,15).

Влијанието на Јеремија врз народот било многу поголемо дури по неговата смрт. Неговата судбина за време на неговиот живот била само понижување и јавно срамотење, а по неговата смрт, Евреите протерани во Вавилон со стравопочит размислувале за неговите пораки и се раководеле според нив.

Книгата на пророкот Јеремија, богата со вдахновени говори и симболични пораки, историски и биографски податоци, врши трајно влијание врз генерациите од сите времиња.



## 24.3. Јехезкел (Језекиел)

Според библиската поделба Језекиел, заедно со Јешајауа и Јеремија е третиот голем пророк меѓу доцнежните пророци.

Језекиел започнал да пророкува во Ерусалим, вдахновен од говорите на својот постар современик Јеремија. Тој бил меѓу првите заробеници, кои од Јудеја биле одведени во Вавилон 598 год. пр.н.е. Тој продолжил да пророкува и во ропство уште 22 години.

Книгата на Језекиел има 48 глави и претставува добро поврзана целина. Главите во книгата може да се поделат на два еднакви дела: првите 24 содржат говори и визии настанати пред националната пропаст, а последните 24 по разорувањето на Ерусалим. Иако се чини дека некои од првите глави настанале во Ерусалим, повеќето научници веруваат дека неговото дело во целост е напишано во Вавилон.

По уводот, во кој тој изложува како бил повикан да пророкува, Језекиел упатува предупредувања и закани до народот на Јудеја заради неговото неверство, а потоа говори против околните народи, особено Тир и Египет, во кои ја наговестува нивната пропаст.

По паѓањето на Ерусалим неговите пророштва провејуваат со надеж и вера за обновување. На беспомошните протерани, тој им упатува пораки на утеха и ветување дека ќе го преземе Бог водството над својот народ, ќе го врати во татковината и ќе го брани од непријателските напади.

Во последниот дел тој подробно ги изложува прописите на идната возобновена држава, функционирањето на Храмот, којшто Евреите повторно ќе го изградат, како и за организацијата на богослужењето.

Во книгата на Језекиел нема биографски податоци за него самиот. Се знае само дека бил коен (свештеник) и дека бил одведен во ропство меѓу првите. Единствениот податок за неговото семејство е смртта на неговата жена наспроти падот на Ерусалим, што го сфатил пророкот како предзнак за националната пропаст.

Језекиел е една од најзанимливите личности меѓу пророците. Според начинот на изразување и живописниот стил, тој се разликува од останатите пророци. Кај него големо значење имаат симболичните дејства и визии. Неговиот текст е богат со споредби и со параболи. Царството се споредува со винова лоза, Вавилон со орел–грабливец, Египет со крокодил, а Јудеја и Израел со два поврзани стапа – како знак на повторно обединување.

Своите визии тој ги изнесува впечатливо, како сликар што ги слика своите платна со живописни бои. Во визијата на огнените кочии, пророкот сака да му објасни на народот дека Бог не е поврзан само за едно место, за Храмот и за Ерусалим, туку дека е тој присутен насекаде, па и во Вавилон, не заборавајќи ги оние што се наоѓаат во ропство. Вавилонците по Божја волја го опустошиле Ерусалим и го разориле Храмот. Ропството е казна за гревовите, но тоа не е знак дека Евреите престанале да бидат неговиот избран народ. Језекиел ја истакнува мислата дека секој може со оптимизам да гледа во иднината. Неговата волшебна визија за оживувањето на сувите коски го изразува цврстото верување во обновувањето и препородувањето на нацијата којашто била отпишана како да е мртва, па укажува на Божјата семоќ, со која може да го оживее својот народ.

Најзагадочните поглавја во книгата се оние за царот Гог од далечната и непозната земја

Магог. Пророкот го замислува Гог како ги предводи варварските хорди, кои на брзи коњи ги напаѓаат мирните и неодбранети израелски градови и села. Но Бог во својата јарост ги покренува природните сили против освојувачот. “Тој ден ќе има силен потрес во земјата на Израел, планините ќе се растурат, врвовите ќе се срушат, ѕидините ќе паднат. Оган, сулфур и град ќе се сруши врз неговите хорди и тој ќе биде уништен” (38:19, 20).

## 24.3.1. Језекиеловото “вјерују” (credo)

Језекиел инсистира на одговорност на пророкот за судбината на својот народ. Смета дека е пророкот стражар чијашто должност е да го опоменува народот за тешките последици од неговата непослушност и злодело.

“Човеку, те поставив за стражар на домот Израелов, да ги слушаш зборовите од мојата уста и да ги опоменуваш во мое име. Кога ќе му кажам на безбожникот “ќе загинеш“, а ти нема да го опоменеш да се одврати од својот безбожен пат за да си го зачува животот, безбожникот ќе загине заради својот безбожен пат, но јас ќе ја посакам неговата крв од твои раце.

А, ако ти го опоменеш безбожникот, а тој не се откаже од својата безбожност и од својот лош пат, тој ќе загине заради своето беззаконие, а ти ќе си ја сочуваш својата душа”(3;17–19).

За разлика од останатите пророци кои се оградувале од свештеничкото уредување, Језекиел ги почитува организираните верски обреди и утврдените верски норми, но истовремено тој планира ново општество и богослужење, соединувајќи го материјалниот и духовниот елемент: со закони, богослужење и Храм, тој мечтае за новиот Израел заснован на нов дух и ново срце.

Језекиел го отфрла традиционалното сфаќање за колективна вина и одмазда. Тој го брани ставот дека е секој поединец господар на својата судбина. Секој може да биде добар и лош, без оглед на наследството и склоноста, па затоа и секој е одговорен за своите постапки.

“Душата што греши ќе умре. Синот нема да страда поради беззаконието на својот татко, ниту пак таткото ќе страда поради беззаконието на својот син. На праведникот правдата ќе си биде негова, а на безбожникот безбожноста ќе си биде негова” (18:20).

Религиското кредо на Језекиел произлегува од два основни извора: од силното и мистично лично откровение на Божјата слава и од верувањето дека има еврејскиот народ света мисија, која не може да се изневери неказнето. Независноста на неговиот народ е изгубена поради раскинатиот сојуз со Бога, но на неговиот народ ќе му биде понуден нов почеток и нов сојуз. “Ќе им дадам ново срце и во нив ќе вдахнам нов дух. Ќе го отстранам од нивното тело каменото срце и ќе им дадам срце од месо, за да се владеат според моите наредби и да ги почитуваат моите закони. И тие ќе бидат мој народ, а јас нивни Бог” (11; 19–20).

Со наговестувањето на новиот сојуз и со сликата за изгубената овца и добриот пастир, Језекиел влијае врз творците на Новиот завет, а со своите живописни описи, тој на ликовната уметност ѝ дава длабоко содржајни мотиви.



## 24.3.2. Трите визии

### 24.3.2.1. Визијата на Божјето возило

Бог во визија му се јавува на пророкот и му ја доверува мисијата да му ги пренесе на народот неговите пораки. Пророкот го гледа Бога во необично возило, кое го движат четири животни со чудна форма. Секое имало по два пара крилја, глава со по четири лица – на човек, на орел, на лав и на вол – прави нозе, а телешки стапала. Над нив бил распнат свод што се прелевал во живописните бои на божилакот. Драматична била појавата, обвиена во блескава светлост и пламени. Замавнувањето на крилјата бучело како шум од надојдени води, а од водите над нивните глави се слушале грмотевици. Под сводот се наоѓало нешто што наликува на престол, а на престолот седел некаков човек. Наоколу сегде блескотело како оган, како виножито во облаците во дождливи денови.

Тогаш се слушнал гласот Божји: “Човеку, те испраќам кај синовите на Израел кои се одметнаа од мене, синови со тврд образ и со закоравено срце за да им ги пренесеш моите пораки. А ти, човеку, не плаши се од нив, ниту од нивните зборови.... зашто живееш меѓу скорпии... отвори ја устата и изеди го тоа што ќе ти го дадам. И погледнав, а рака испружена кон мене, а во неа свиток–книга. И тој ја одви пред мене, а таа напишана одвнатре и однадвор, во неа плач, воздишки и лелек”. Пророкот се сеќава дека по оваа визија бил во бесвесна состојба седум дена.

### 24.3.2.2. Идолопоклонството во храмот и казната

Додека седел во својата куќа пророкот ја почувствувал божјата рака, која го фатила за перчин од косата на главата, го подигнала во височините помеѓу небото и земјата и го пренела во Ерусалимскиот храм. Таму тој видел седумдесет израелски старешини како палат темјан и им кадат на кумирите врежани во ѕидот, видел луѓе свртени кон исток како му се поклонуваат на сонцето и жени што седат и го оплакуваат Тамуз.

Одненадеж, се појавиле шестмина добро вооружани луѓе, а со нив и еден облечен во облека од лен, со прибор за пишување на појасот. Нему Бог му наредил да мине низ градот и да ги обележи челата на сите, кои тагуваат и плачат поради гадостите што се прават таму. А на другите шестмина им наредил да тргнат по него и без милост да убиваат старци, млади момчиња, девојки, жени и деца, а да ги поштедат само оние што се обележени со знак на челото. И тие почнаа да убиваат, најпрвин старешините пред храмот, а потоа и останатите по градот.

Додека тие го правеле тоа, пророкот се фрлил на земја и извикал: “Господе, зар навистина ќе го уништиш сето она што преостанало од Израел?”. Бог му одговорил: “Многу е големо беззаконието во домот на Јисраел и на Јеуда; земјата е полна со крв, а градот преполн со злосторство. И затоа ни јас нема да жалам, ниту ќе се смилувам, нивните дела ќе ги ставам на нивна глава”. А човекот во ленената облека јавил: “Направив така како што ми заповеда”.

## 24.3.2.3. Оживувањето на сувите коски (гл. 57)

Пророкот ја почувствувал врз себе раката на Господ, која го подигнала, го понела и го спуштила среде едно поле, полно со суви коски. Потоа Господ му наредил да им пророкува на сувите коски дека во нив ќе биде вдахнат дух и дека тие ќе оживеат. Кога го направил тоа што му било наредено настанало раздвижување, коските се помрднале и се поврзувале секоја со својата. На коските се надоврзале жилите и месото, а одозгора се навлекла кожата. Потоа дувнал ветер од сите четири страни, вдахнал во нив дух: коските оживеале, застанале на нозе и станале огромна војска.

“Ми рече: Човеку, овие коски се сиот дом Израелов. Еве, тие велат се исушија нашите коски и загубивме надеж, пропаднавме. Затоа речи им: еве, ќе ги отворам вашите гробови, народе мој ... и ќе живеете и ќе ве вратам во вашата земја”.

“Еве, јас ќе ги соберам синовите на Израел и ќе ги сврзам од сегде и ќе ги доведам во нивната земја. И ќе направам од нив еден народ, и еден цар ќе има над сите нив, нема веќе да има два народа, и нема веќе да бидат поделени на две царства”.

## 24.4. Ошеа

Ошеа Бен Бери живеел во VIII  век пр.н.е. Бил пророк во северното царство Израел за време на јудејските цареви Узија, Јотам, Ахаз и Хизкија. Своето пророчко дејствување го започнал при крајот на владеењето на Јаровам II и пророкувал околу 40 години. Бил сè уште жив во несреќното време на наездата на Асирците и пропаѓањето на Израел во 721 година.

Од дванесетте книги на малите пророци, познати под насловот “Тере асар” (“Дванаесетмина”), книгата на пророкот Ошеа е прва по ред. Иако хронолошки таа би требало да биде по книгата на пророкот Амос, таа заради својот обем  е ставена пред неа (Ошеа има 14 глави, а Амос само 9). Од истата таа причина и големите пророци се ставени пред малите. Бидејќи се книгите на малите пророци многу кратки, тие се собрани во една збирка и во Танахот се сметаат како една книга.

Во книгата тешко се обвинува израелскиот народ заради идолопоклонството и неверноста кон Бога. Ошеа ја споредил таа неверност со својот несреќен брак и со својата неверна жена. Како што жената му била нему неверна, така и народот на Израел му бил неверен на Бога. Оттука основната тема на Ошеовото пророштво била предвидување на страшна казна и, на крајот, сепак простување и ослободување по искрено покајание. Тогаш ќе надвладее силната љубов на Бога кон својот народ, тој повторно ќе го привлече кон себе и ќе се поврзе со него. Таа љубов се изразува со зборовите: “Како Израеле, можам да те напуштам, како да те оставам? Срцето не ми допушта зашто љубовта моја кон тебе е преголема”.

Стилот на пророкот Ошеа е искитен, па затоа е и тежок за следење. Многу одломки не се сосема јасни затоа што настаните што ги спомнува пророкот не се доволно познати. Така, на пример, проблемот со неговата неверна жена, предизвикал големи дискусии, па биле направени и многубројни обиди за да се реконструира вистинскиот тек на настаните. Според мислењата на некои научници, приказната за трагичната љубов на пророкот претставува само алегорична парабола на Божјата љубов кон Израел.



## 24.4.1. Од книгата на пророкот Ошеа

“Спорете се со својата мајка, зашто таа не е моја жена, ниту сум јас нејзин маж. Нека го отфрли таа блудот и прељубата помеѓу своите дојки, за да не ја соблечам гола и да не ја покажам каква била на денот на раѓањето, за да не ја однесам во пустина и во земја пресушена, та да не ја усмртам со жед” (гл. 2, 2–3).

“Чујте го словото Господово, синови на Израел, зашто Господ се суди со жителите на земјата, зашто нема вистина ни милост, ниту познание на Бога по земјата, туку само клетви и лаги, убиства и кражби, прељуби и насилства, и крвта со крв се измешува. Затоа тажна ќе биде земјата и несреќни ќе бидат сите нејзини жители и полските ѕверки и птиците небесни, ќе згинат и рибите во морето” (4,1–3).

“Гилад е град на злосторници и крвави траги... се открива беззаконието на Ефрајим и злобата на Шомрон.... крадецот во куќа провалува, а бандата надвор пљачкосува...

Што да ти сторам Ефрајиме, што да ти сторам Јехудо? Вашата љубов исчезнува како утрински облак, како рана роса...”.

“Оравте безбожност, жнеевте беззаконие, јадевте лажни плодови, зашто се надевавте на своите патишта и на мноштвото свои јунаци. И ќе настане врева кај народот, тврдините ќе се срушат... зашто зацапавте во зло”(10, 13–15).

“Те знаев во пустината и во земјата пресушена. Им дадов добра паша и тие беа сити, но штом се наситија, срцето им се возгордеа, та мене ме заборавија.

Затоа ќе им бидам како лав, на патот ќе ги демнам како тигар, како мечка на која ѝ го грабнале младенчето, ќе им го ископам срцето во градите, ќе ги изедам како лав, дивите ѕверки ќе ги растргнат”(13, 6–8).

“Врати му се Израеле, на својот Господ Бог. Врати се и кажи му: прости!

Ќе го исцелам нивното отпадништво, ќе ги љубам доброволно и ќе исчезне мојот гнев.

Ќе му бидам како роса на Израел, тој ќе процвета како лилјан, ќе пушти жили како дрвјето ливанонско. Ќе ги рашири гранките негови, убавината ќе му биде како на маслина, а мирисот како во Леванон. Ќе се врати и ќе престојува во неговата сенка, ќе одгледува пченица и ќе цвета како винова лоза, споменот ќе му биде како вино ливанонско...

Кој е мудар нека го сфати ова и разумниот човек нека спознае, зашто исправни се патиштата Господови: праведниците по нив ќе одат исправено, а грешниците ќе се сопнуваат”(гл. 14).

## 24.5. Јоел

Малку се знае за личноста на пророкот Јоел Бен Петуел. Во неговата книга не се спомнуваат никакви историски настани врз основа на кои би можело поблизу да се одреди како живеел и кога дејствувал. И времето на настанувањето на неговата книга е предмет на претпоставувања и несогласувања меѓу научниците. Со оглед на тоа дека пророкувал само во Јудеја и во Ерусалим не спомнувајќи го Израел, би можело да се претпостави дека е тој од Јудеја и дека во времето на својата пророчка дејност живеел во Ерусалим.

Во Гемарата има податок дека дејствувал Јоел за време на владеењето на царот Је–

орам, синот на Ахав (во половината на IX век пр.н.е). Некои библиски стручњаци го сметаат за современик на царот Јошијауа (640–609), а други за современик на царот Менаше (687–642).

Истражувачите од поново време го сместуваат на крајот од VI и почетокот на V век пр.н.е., во времето на Персијците, по враќањето на Евреите од вавилонското ропство.

Стилот на Јоел е течен, јасен и многу среден. Книгата има четири глави и обработува две теми. Основната тема е Божјиот суд. Наезда од скакулци, проследена со голема суша се свалила врз Јудеја, ги уништила полињата и лозјата и создала ужасна беда и глад. Пророкот сликовито ги опишува непрестаните налети на скакулците што го прекриле целото небо. Нивната разорна сила ја споредува со силата на моќна армија. Оваа несреќа тој ја објаснува како Божја казна и како предзнак за наближувањето на судниот ден, кога ќе бидат казнети сите оние што ѝ се спротивставуваат на Божјата волја. Пророкот му го пренесува на народот ветувањето за ослободување на Евреите од туѓинците, за повторно воспоставување на држава, во која ќе владејат изобилието и благосостојбата.

Во книгата на Јоел, Бог е претставен како творечка сила која управува со историските и со космичките собитија. На таа сила, која се изразува со поимот "Руах Адонај – Дух Божји", ѝ служат природните сили за да го поправат човекот и да го приведат кон Бога. Наездата од скакулци му дава повод на пророкот да укаже на Божјиот суд и да го повика народот на преобратување. Преобратувањето значи морално издигнување, а Божјиот суд – милост.

Вообичаено е да ги започнуваат пророците своите пророштва со алегорични параболи. Ошеа, на пример, започнува со приказната за неговата жена блудница. Некои научници сметаат дека е тешко да се претпостави дали Јоел едноставно само говори за наезда на скакулци, затоа што тоа не би претставувало некој посебен настан. Наездите од скакулци биле честа појава во земјите на древниот исток. Според нивното мислење, наездата од скакулци која се опишува во книгата на Јоел, претставува сликовита парабола за многубројните народи (Арам, Амон, Моав, Едом, Египет), кои ќе ги преплават Израел и Јудеја за да ги уништат.

### 24.5.1. Од книгата на пророкот Јоел

"Чујте го ова старци, слушнете жители на земјата! Дали некогаш во ваше време се случило нешто такво или во времето на вашите татковци?

Кажувајте им го тоа на своите деца, а вашите деца на нивните деца, а нивните деца на натамошното поколение.

Она што останува од гасеницата го изедува скакулец, она што останува од скакулецот го изедува бумбар, она што останува од бумбарот го изедува црв".

"Отрезнете се пијаници и плачете заради виното што ви го грабнале од устите.

Во нашата земја упадна народ моќен и безброен. Забите им се како на лав, а челуста, како на лавица. Ја опустошија виновата лоза, го уништија смоквиното дрво, го изглодаа и го испокинаа па гранките му соголеа и побелеа.

Пред нив сѐ лапа огнот, а по нив голта пламенот, пред нив е земјата како градина рајска, а по нив настанува пустош. Ништо не може да им побегне. Тие одат на јуриш по градови, грмат како борбени коли, прескокнуваат тврдини, се качуваат по куќи, влегуваат во одаите на домот како крадци.



Под нив трепери земјата, и небото се тресе, темнеат сонцето и месечината, ѕвездите го губат својот сјај.... исчезна радоста меѓу луѓето.

"Вратете ми се со сето свое срце и плачете. Расцепете ги своите срца, а не кошулите свои, вратете му се на својот Бог зашто тој е милостив и жалостив, спор во гневот, а богат во добрината".

И Господ ќе му одговори на својот народ велејќи: "Еве, ви испраќам жито, вино и масло, та да се наситите со него. Никогаш повеќе нема да допуштам да се срамите пред народите.

И ќе дојде денот кога ќе потече вино од лозјата, од пасиштата млеко, а сите речни корита на Јудеја ќе бидат полни со вода".

## 24.6. Амос

Книгата на пророкот Амос се става на третото место меѓу "Дванаесетмината" мали пророци, иако хронолошки би требало да биде на прво.

Амос бил пастир во планинското село Текоа, близу Ерусалим и живеел во средината на VIII век пр.н.е. Ја напуштил Јудеја и се преселил во царството Израел, каде што почнал да проповеда во време на владеењето на царевите Узија во Јудеја и Јаровам II во Израел. Во тоа време царството Израел го достигнало врвот на својата моќ и економска благосостојба. Меѓутоа, од ваквата состојба немале полза сите жители на Израел. Додека богатите живееле во изобилие, пониските слоеви живееле во сиромаштија и биле изложени на измачување и угнетување. Како последица на ова дошло до продлабочување на класните разлики.

Ништо подобро не било ни во поглед на верата. Надворешното богатство, кое наоѓало одраз во раскошните богослужења и во верските свечености прикривало многу слабости и недостатоци. Етичките принципи на еврејството биле запоставени, а религијата претворена во обичен формализам.

Сточарот од планината веднаш увидел дека богатството на богатите се темели на неправда, на угнетување на сиромашните и на грабање од нивната сиромаштија. Согледувајќи го тоа, тој храбро се поставил како заштитник на народните права и настапувал против моќните во одбрана на сиромаштијата.

"Правда нека потече како вода, а правдина како силен порој".

Тој ја осудува склоноста кон уживање. Ги изложува на прекор разгалените шомронски жени, чијашто единствена цел била раскошниот живот. Ги нарекува "башански крави" (Башан е познат по богатите пасишта), кои грешат кон бедните и сиромашните, кои велат: " ... донесете ни да се опиеме...".

Како и другите пророци и Амос го осудувал верското лицемерство и истакнувал дека почитувањето на нормите за општествена правда и љубовта кон ближниот се многу поважни од вршењето на верските обреди. Амос го прорекнува "Божјиот ден", денот на несреќа, темнина, тага и солзи, денот на Божјиот гнев против грешниот народ. Божјиот ден ќе го следат космички знаци – потрес и помрачување на Сонцето. Во времето на ропството, Божјиот ден ќе биде ден на утеха и на обновување на Израел.

Пророкот говори и против странските народи заради нивните недела, ја покажува Божјата правда која го достигнува својот врв во говорот против Израел и истакнува дека Бог

ќе ја оствари таа правда. Ги објаснува предностите на избраниот народ, но и неговата голема обврска да ја брани правдата.

Амос е првиот библиски пророк чиишто пораки се запишани во целост. Малата книшка од девет глави претставува ремек дело во книжевноста како поради темата, така и поради книжевната обработка. Иако по статус селанец од затурениот планински крај, тој успеал да ги изрази идеите што биле далеку пред неговото време. Затоа и заслужува да биде вброен во групата на најголемите мудреци. Тој говорел дека е Бог засегнат за сите луѓе, а не само за Израелците. Израелците нема да имаат никаква предност пред Бога ако не се потрудат да ги следат Божјите патишта, а Божјите патишта се патиштата на праведноста, кои може да се следат единствено со вршење добри дела, а не со извршување верски обреди.

## 24.6.1. Од книгата на пророкот Амос

"Ги презирам и ги мразам вашите празници, омразени ми се вашите свечености.

Тргнете го од мене бучното шумење на вашите песни, не сакам да ги слушам звуците на вашите харфи...".

"Ќе ги претворам вашите празници во лелек, а вашето пеење во тажачки песни...".

"Тешко на оние што ја претвораат правдата во пелин и во прав и ја сотираат чесноста...".

"Вие го мразите човекот што дели правда и го укорувате оној што зборува чесно".

Тоа е затоа што го газите сиромашниот, грабате од него данок во жито – во домовите што ги ѕосидавте од делкан камен нема никогаш да живеете, од милните лозја што ги насадивте, никогаш не ќе се напиете вино. Зашто знам за многу ваши злодела и за преголемите гревови ваши. Го толчите праведникот и земате мито, ги одбивате сиромашните на градските порти (5,10–12).

Свештеникот Амација од Бетел му порачал на царот Јаровам дека го бунтува Амос народот и пророкува дека царот ќе загине од меч, а дека Израел ќе биде одведен во прогонство.

А на Амос му рече: "Бегај пророку, оди и бегај во Јудеја, таму јади леб и таму пророкувај, а овде во Бетел немој повеќе да пророкуваш".

А Амос му одговори: "Не сум ни пророк, ни син на пророк, туку сточар и берач на смокви. Но Бог ме оддели од стадото и ми рече: Оди и пророкувај му на Израел, на мојот народ".

"Дали рика лавот во шумата ако нема плен?

Дали реже лавчето во калта своја ако нема улов?

Дали се фаќа птицата во стапица, ако нема стапица?

Дали ќе донесе несреќата глад ако не ја испрати Бог?

Ништо не прави Бог додека не им ги открие тајните свои  на слугите свои – пророците.

Лавот рика – и кој не ќе се исплаши?

Господ говори – и кој да не пророкува?

Тој го претвора мракот во зора,

Денот – во мрачна ноќ.

Тој ги свикува водите морски

и ги прелева преку лицето на земјата.



## 24.7. Овадја (Овадија)

Од дванаесетте книги на малите пророци, познати под името "Тере асар" ("Дванаесетмина"), книгата на пророкот Овадија е четврта по ред. Тоа е најкратката книга во Стариот завет – има една глава со само дваесет и една реченица.

За нејзиниот автор нема никакви податоци. Некои научници сметаат дека е Овадија по потекло Едомец, кој го прифатил еврејството.

Според едно рабинско толкување, Овадија бил современик на пророкот Елија и на израелскиот цар Ахав. Тој наводно, го криел Елија и Божјите пророци од безбожната Изевел, жената на царот Ахав.

Меѓутоа, врз основа на содржината на книгата, би можело да се заклучи дека живеел нејзиниот автор во V век пр.н.е., непосредно по разорувањето на Првиот храм. Суштината на неговото пророштво претставува тешко обвинение против Едом, вечниот непријател на Јудеја, заради неговиот предавнички однос кон Јудеја во најтешките мигови од нејзината историја.

Едомците му помогнале на Невукаднецар да ја покори Јудеја и да ги одведе нивните браќа во ропство (Едом е Есав – братот на Јаков). Тие истовремено тргнале од областа на Мртвото Море и ја зазеле ненаселената јужна област на Јудеја до Хеброн. Затоа пророкот им ја пророкува нивната пропаст.

Овадија потсетува на псалмот 137,7 во кој стои: "Не простувај им го, Господе, на синовите Едомови денот на Ерусалим, кога тие говореа: "Срамнете го, срамнете го со земја".

Овадија го предвидува денот кога ќе му ги врати Господ на еврејскиот народ неговата независност и земја, а безбожните народи што го угнетувале ќе бидат уништени. "Тој ден домот на Јаков ќе биде оган, домот на Јосиф – пламен, а домот на Есав – слама, па ќе го запалат и ќе го изгорат и од домот на Есав нема да остане ни трага".

## 24.8. Од книгата на пророкот Овадија

"Ќе направам да бидеш последен меѓу народите, сосема презрен, те завела злобата на срцето твое. Ќе живееш високо во камени пештери, и во срцето свое ќе мислиш: кој може да ме спушти на земјата?"

Да се вивнеш високо како орел, меѓу ѕвездите да свиеш гнездо, и оттаму ќе те симнам, така говори Господ.

За крвавото колење над братот Јаков, ќе те обземе срам и ќе исчезнеш засекогаш. Не наслудувај ѝ се на несреќата на братот свој, не ликувај над синовите јудејски на денот на нивната пропаст.

Не посегнувај по нивниот имот на денот на нивната несреќа.

Не стој на крстопатите за да ги убиеш нивните бегалци.

Зашто наближува денот Господов за сите народи! Ќе ти се врати мило за драго, твоите дела ќе паднат на твојата глава.

## 24.9. Јона

Пророкот Јона бен Амитај е петтиот по ред од дванаесетте мали пророци познати под името “Тере асар” (“Дванаесетмина”). Дејствувал во Израел за време на владеењето на царот Јаровам II во VIII век пр.н.е.

Неговата книга е единствена меѓу светите списи и по многу нешта се разликува од останатите пророчки книги. Напишана е во форма на приказна. Во неа не се спомнуваат ниту Израел, ниту други народи. Во неа нема пророчки визии туку едноставно се изнесуваат доживувањата на пророкот кого го Бог испратил во големиот град Нинива за да ја најави неговата пропаст.

Додека другите пророци верно ги пренесуваат божјите пораки и настојуваат да ги остварат со сите сили, Јона упорно се обидува да ги одбегне, од страв дека тие може да не се остварат. Тој знае дека е Бог милостив и дека простува, па дека тогаш тој ќе биде обвинет како лажен пророк и изложен на бесот на народот и на царот.

По низа возбудливи собитија, Јона сепак ја прифатил мисијата и заминал за Нинива за да ја објави Божјата порака. Меѓутоа, кога неговата заканувачка порака не се остварила, тој на крајот останал длабоко навреден.

Книгата на Јона заслужува да биде вброена меѓу пророчките книги затоа што содржи мошне возвишен израз на универзалноста на религијата и донесува сериозни пораки: Бог е милостив кон сите суштества коишто ги создал, и кон луѓето, и кон животните. Неговата одлучност да спасува и да проштева не се однесува само на Евреите, туку и на припадниците на останатите народи – на целиот свет. Добрината на срцето и подготвеноста за покајание може да се најдат насекаде меѓу луѓето.

Приказната за Јона се чита како Афтара на Јом Кипур за време на попладневното богослужење (Минха), со што се настојува да се истакне силата на покајувањето со кое може да бидат откупени и најголемите гревови.

Доживувањето на Јона со големата риба која го проголтала сликовито се толкува како ропството што го проголтало Израел, а спасувањето од нејзината утроба и исфрлувањето на копно, се толкува како ослободување од прогонството.

Врз основа на распространетото мислење дека големата риба која го проголтала пророкот Јона била кит, рационалистите од XIX век тврдат дека на Библијата не може да ѝ се верува, зашто китот се храни со мали риби и не може да проголта човек. Но факт е дека во Библијата не се спомнува кит, кој му е непознат на Средоземното Море, туку “даг гадол”, што во превод буквално значи “голема риба”.

### 24.9.1. Содржина на книгата

Книгата има четири глави. Во првата Бог му наредува на пророкот да оди во Нинива и да го објави нејзиното уништување. Нинива, која е сместена на брегот на реката Тигар и била главен град на моќното царство Асирија, за Евреите претставувала олицетворение на изопаченост и на разврат. Во желбата да ја одбегне непријатната задача со помош на бегство во друг град, Јона заминал за Јафа, од каде што се качил на бродот за Таршиш (феникиска населба во Андалузија, Шпанија).

Бог испратил страшна бура. Бесното море и огромните бранови претставувале опасност и се заканувале дека ќе го разбијат бродот. По залудните обиди да го олеснат бродот



со исфрлување на товарот во морето и со молитви до Бога, морнарите одлучиле да фрлаат коцка, па така да го откријат можниот виновник за својата несреќа. Коцката паднала на Јона и тогаш тие почнале да го распрашуваат кој е тој, што е тој и од каде доаѓа.

Тој им одговорил дека е Евреин и дека верува во Бога кој е на небесата, дека ја признава вината, па затоа предложил да го фрлат во морето. Но богобојазливите морнари не се осмелиле да го сторат тоа, туку се обиделе да го поштедат и да го истоварат на копно. Така тие силно завеслале кон брегот, но морето беснеело сè пожестоко. Во својот очај тие му се помолиле на Бога, барајќи простување, го фрлиле Јона во морето, кое веднаш се смирило.

Во втората глава Бог ја испраќа големата риба која го проголтала Јона. Јона останал во нејзината утроба три дена и три ноќи, а тогаш му се помолил на Бога и побарал спасување. Господ ѝ заповедал на рибата да го исфрли Јона од својата утроба на копното.

Во третата глава Бог повторно го праќа пророкот во Нинива. Јона послушал, влегол во градот и објавил дека градот ќе биде уништен за четириесет дена. Тогаш царот, благородниците и сите граѓани се облекле со вреќи, седнале во пепел и постеле. Постела дури и стоката. Увидувајќи дека е нивното каење искрено, Бог им простил и го поштедил градот.

Во четвртата глава, разочаран поради неуспешната мисија, пророкот му се обраќа на Бога: “Побрзав да побегнам зашто знаев дека си бавен во гневот, а брз во простувањето. Земи ја сега мојата душа, зашто поарно ми е да умрам отколку да живеам”.

Јона излегол од градот и си изградил една мала колиба па седнал во нејзината ладовина. Бог направил да израсне тиква со големи листови за да го штитат од сонцето. Јона на тоа многу се израдувал, но во зората Бог испратил црв за да го нагризе стеблото од тиквата и таа се исушила. Утрото сонцето запекло силно и Јона се онесвестил. Тој повикал, барајќи помош од Бога и посакал да умре. Бог го прашал дали навистина се лути само заради една тиква. Јона одговорил: “Да, се лутам и заради тоа би умрел”. Тогаш Бог го укорил: “Тебе ти е жал за една тиква што сама никнала и пораснала, а ти воопшто не си се трудел околу тоа. За една ноќ таа никна, за една ноќ исто така се исуши. Па како да не ми биде мене жал за големиот град во кој живеат повеќе од сто и дваесет илјади невини луѓе и толку многу стока?”

## 24.10. Миха (Михеј)

Пророкот Миха од Морешет во царството Јудеја е шестиот по ред од дванаесетте мали пророци познати под името “Тере асар” (“Дванаесетмина”).

Тој бил современик на Амос, Ошеа и Јешаја и дејствувал во Јудеја за време на владеењето на царот Јотам, Ахаз и Хизкија во VIII век пр.н.е.

Книгата на пророкот Миха има седум глави, кои по смисла се поделени на три дела. Секој дел содржи по едно пророштво кое започнува со повик до народот на Израел и на Јудеја да го послушаат Божјето слово. Настојувајќи да влијае повеќе врз народот, отколку врз кнезовите и поглаварите, тој се изразувал со едноставен јазик кој бил разбирлив и за необразованите луѓе.

Неговите пророштва започнуваат со закани и со најава на казна, а завршуваат со надеж и со ветување за подобра однина.

Пророкот говори против општественото беззаконие и расипаност, ги обвинува власто-

дрштите заради нивната расипаност и лицемерност, заради угнетувањето и искористувањето на сиромашните, на кои “им ја дерат кожата и им го кинат месото од коските”. Затоа ќе ги стигне праведна казна: “Тешко на оние, кои ноќе во постелите смислуваат беззаконие и размислуваат за зло, а штом ќе осамне утрото веќе го извршуваат, зашто силата е во нивните раце”. Тој ѝ ја предвидувал на Јудеја истата пропаст која своевремено му ја прореканал Амос на северното царство. Но пропаста нема да биде конечна: казната ќе може да се одбегне со искрено покајание зашто е Бог милостив и им проштува на грешниците кои му се враќаат.

Миха во еден единствен стих изложил три ненадминати етички принципи, кои претставуваат идеал на религијата и концизно го изложил она што можеле да го кажат сите пророци: “Ти го покажал, човеку, она што е добро и што го бара Господ од тебе: да ја браниш правдата, да го љубиш милосрдието и да одиш смирено пред својот Бог” (6,8).

Враќањето кон поскромниот начин на живот, напуштањето на богатството, моќта и насилството, ќе послужат како основа за изградување нов и поуреден свет кој ќе се основа врз братството меѓу народите, а Храмот во Ерусалим ќе служи како духовно средиште на светот.

Како што и самиот му припаѓал на пониските слој, тој најавил дека спасот на Израел ќе му го донесат токму пониските слоеви.

Книгата содржи и визии за судниот ден.

Миха бил помлад современик на пророкот Јешаја, а можеби и негов ученик. Како и Јешаја, и Миха предвидувал месијанска иднина во која народите нема повеќе да водат меѓусебни војни. Фактот што и двата пророци ја објавиле визијата за сеопшт мир го отворил прашањето: дали Миха ги наведувал зборовите на Јешаја, или Јешаја зборовите на Миха, или пак, и двата пророци ги наведувале пророштвата од некој непознат пророк од постаро време.

## 24.10.1. Од книгата на пророкот Миха

“Чујте сите вие народи, почуј земјо и сè што те исполнува. Господ ќе сведочи против вас од својот свет Храм. Зашто еве, Бог излегува од своето место, се симнува и оди по височините земни. Ридовите се топат под него, а долините се свиваат како восок пред оган и како вода што се слева низ стрмината. Ќе го претворам Шомрон во урнатини... неговите камења ќе ги истркалам во долината и ќе ги откријам темелите на неговото утврдување.

Тешко на оние што смислуваат недела и што заговараат зло во своите постели. А кога ќе осамне, го извршуваат зашто силата е во нивните раце и ако посакаат полиња, ги грабаат, земаат куќи и вршат насилство врз човекот и врз куќата на сопственикот и врз неговиот посед...

Чујте поглавари на Јаков, и судии на домот Израелов! Вие кои треба да го познавате законот, го мразите доброто, а го љубите злото. Вие на кои законот ви е одвратен, вие, кои ја извртувате правдата, вие, кои го градите Цијон во крв, а Јерушалајим во злосторство....

Заради вас Цијон ќе стане преорано поле, Јерушалајим, урнатина, а ридот на Храмот ќе го прекрие шума...

На судниот ден горатa на Храмот Господов ќе биде подготвена и ќе се издигнува над



ритчињата. И ќе итаат кон неа и ќе доаѓаат многу народи говорејќи: “Да се искачиме на ридот Господов и во Домот на Бога Јаковов. Нека ни ги покаже своите патишта за да одиме по нив од Јерушалајим. Тој ќе управува со многу народи и ќе им биде судител на моќните. Своите мечови ќе ги прековаат во плугови, а своите копја во српови; народот на народ не ќе крене меч и нема да се учи да војува. Секој мирно ќе си седи под својата винова лоза и смоква и од никого нема да се плаши”.

## 24.11. Нахум

Пророкот Нахум Аелкоши, чиешто име значи утеха, е седмиот по ред од дванаесетте мали пророци познати под името “Тере асар” (“Дванаесетмина”).

Нахум пророкувал во Јудеја, од средината на владеењето на царот Менаше, до крајот на владеењето на царот Јошијауа. Книгата веројатно била напишана кон крајот на VII век пр.н.е., непосредно пред или по паѓањето на Нинива, главниот град на Асирија во рацете на Вавилонците (612 год. пр.н.е)

За разлика од другите пророци кои го осудуваат беззаконието и општествената неправда во Израел и во Јудеја, пророкот Нахум не говори за злоделата на својот народ, туку за злоделата на Асирија. Тој сликовито го опишува пропаѓањето на Асирското Царство, вечниот непријател и угнетувач на Израел Пророкот го слави Бога како праведен одмаздник, а падот на Нинива го смета за Божја пресуда на тиранинот.

Неговата книга, која има само три глави, спаѓа меѓу најубавите книги на библиската книжевност како според стилот, така и според изразот. Во неговите пораки непрекинато одекнува крикот за правда. Тој настапува во име на посрамотеното човештво, кое го газат немилосрдните војски на Асирија, прорекнува разорување на нејзината престолнина и покажува одмаздничка радост поради скршувањето на омразеното Асирско Царство.

Нинива се споредува со блудница, но пророкот не се осврнува толку на нејзиното идолопоклонство, колку на нејзината алчност и вештина да се богати на сметка на другите народи. Бог ќе ја казни и ќе ја посрамоти, како што се казнуваат прељубниците.

Во втората глава (2–8,9), пророкот соопштува дека личел градот на езеро, од што може да се заклучи дека неговата катастрофа ја забрзала поплава. Историчарите забележале дека Нинива долго време се спротивставувала на опсадата. Дури тогаш, кога поради големите дождови се излејале водите на реката Тигар, го поплавиле градот и ги разориле неговите утврдувања, непријателот успеал да влезе во градот и да го покори.

За животот на пророкот не се знае ништо. Прекарот “Аелкоши”– Елкошанец, го добил според местото Елкош, за кое некои тврдат дека се наоѓало во Галил. Според народното предание, Елкош е гратче на источниот брег на реката Тигар, недалеку од градот Мосул. Во него се наоѓа еден гроб, за кој месното население и ден–денес тврди дека е тоа гробот на пророкот Нахум. Не е исклучена можноста дека Нахум бил одведен во асирско ропство и таму умрел.

## 24.11.1. Од книгата на пророкот Нахум

Визија за пропаста на Нинива

“Господ е бавен во гневот, но грешниците ги стигнува неговата казна. Неговите патишта се виор и олуја, облаците се прашината под неговите нозе.

Пресушуваат морињата и реките, венеат цветовите на Леванон, Башан и Кармел.

Се тресат под него гори и планини, се растопуваат ридови, се растреперува земјата и вселената и сè што е во неа.

Тешко на градот–крвник, полн со грабеж и лага! Слушајте го плускањето на бичевите, и трескотот на тркалата и потскокнувањето на колите.

Погледнете ги коњите како се спрепнуваат, со коњаниците во налет, болскот од мечови и секавици од копја, многу ранети, купишта мртовци и трупови до бескрај.

Тоа е наградата за развратот на блудницата која го заведуваше својот народ со своето блудничење.

Ќе ја кренам полата од нејзината облека врз нејзиното лице, ќе им ја покажам на народите нејзината голотија и на царствата, нејзината срамотија, ќе ја ставам на столбот на срамот.

Сите ќе бегаат од тебе и ќе речат: "Нинива, опустоши. И никој нема да те жали, никој нема да те теши".

## 24.12. Хавакук

Хавакук е осмиот по ред од дванаесетте мали пророци познати под името "Тере асар" ("Дванаесетмина").

Ништо не се знае за неговиот личен живот. Некои научници сметаат дека тој бил помлад современик на пророкот Јешаја, а други дека бил помлад современик на пророкот Јеремија.

Според рабинското предание, пророкот Хавакук живеел во средината на VII век пр.н.е. во Јудеја, за време на владеењето на царот Менаше.

Некои современи истражувачи на Танахот претпоставуваат дека пророкувал во времето на царот Јеојахим (почетокот на VI век), а други пак мислат дека дејствувал по разорувањето на Првиот храм.

Земајќи ја предвид содржината на книгата која историски соодветствува на состојбата од 615 год. пр.н.е., во времето на владеењето на Вавилонците, може да се претпостави дека книгата на пророкот Хавакук е составена во тоа време.

Книгата има три дела. Пророкот во првиот дел како Ијов (Јов), во дијалог со Бога, му се жали за беззаконието кое завладејало со светот. Тој изразува страв и тагување и го преколнува Бога да го спаси својот народ.

Пророкот е вознемирен поради тоа што е Бог рамнодушен кон тврдокорноста, нечовечноста и насилството на угнетувачот.

Поставувајќи го прашањето за односот помеѓу злото и божјата праведност, тој се запрашува: "Ако ги казнува Бог Израелците поради нивните престапи и против нив ги покренува Халдејците, зошто тогаш допушта тие со злодела да претеруваат во секоја мера?". Нивните непрекинати победи и успеси му се чинат дека се неспоиви со Божјата правда.

"Чисти се очите твои, та не можеш да го гледаш злото; зошто тогаш ги гледаш и ги трпиш предавниците, молчиш кога злосторникот го проголтува поправедниот од себе".



Пророкот негодува поради тоа што Бог дозволува неговиот народ непрекинато да страда. Одговорот следи од самиот пророк искажан во вид на визија: Халдејците ќе ги достигне праведна казна, која ќе биде конечна, додека казнувањето на праведниците е само привремено. "Злото на крајот ќе исчезне од лицето на земјата, чесноста и честитоста ќе останат".

Средниот дел од книгата содржи пет клетви, а секоја започнува со "Тешко му на оној". Нивната заедничка тема е дека насилникот ќе ги доживее истите страдања што им ги нанесува на другите.

"Тешко му на оној што подига град врз крв и го гради на беззаконие" (2,12).

Вавилонците ги опишува како крадци, изнудувачи, убијци и пијаници. Од нив се жалат многу народи што биле упропастени.

Пророкот себеси се замислува како стражар на висока кула кој будно набљудува што се случува, размислува за прашањата што го мачат и очекува одговори. Кулата при тоа треба да се сфати како внатрешно светло на откровение. Низ сите три дела од книгата провејува една мисла: "Божјите патишта се таинствени (1,13). Бог ги одбира паганите и непријателите како средство со кое го казнува својот народ (2,4). Тој не одговара како очув, туку како татко".

Крајот на книгата претставува молитва до Бога кој се појавува и му донесува спас на својот народ. Во него се возвеличуваат моќта и славата Божја и се искажува неуништивата верност на поетот кон Бога.

Книгата во целост изобилува со богатство од мисли, поетска сила и израз. Молитвата во третата глава спаѓа меѓу најдобрите книжевни остварувања во Танахот.

Меѓу свитоците што ги откриле бедуините во 1947 година кај Мртвото Море, пронајден е и еден коментар на книгата Хавакук од I век пр.н.е.

### 24.12.1. Од книгата на пророкот Хавакук

"До кога ќе повикувам за помош, а ти нема да ме слушаш, до кога ќе барам спас од насилството, а ти нема да ме спасуваш?"

"Зошто ми ја изнесуваш пред очи неправдата, ме тераш да гледам насилство?"

"Со луѓето постапуваш како со риби во морето, како со влекачи што немаат господар. Дозволуваш злосторникот да ги лови со јадица, со мрежа да ги извлекува и собира, па со нив да се гоштева".

"Погледнете луѓе, и чудете се што ќе направам, зашто нема да поверувате ако ви го раскаже некој тоа.

Еве ги кревам Халдејците, страшен и морничав народ кој навлегува во земјата и пљачка. Коњите му се побрзи од леопард, побрзи од волците во ноќта. Неговите коњаници пристигнуваат од далеку, како орли се упатуваат кон пленот и собираат робје како песок. Им се потсмеваат на царевите, се поигруваат со кнезовите, ги заземаат тврдините со леснотија".

"Тешко му на оној што натрупува туѓо, тешко му на оној што се лакоми со нечесни печалби и го свива гнездото свое во височините за да се заштити. Тој ѝ нанел срам на својата куќа, сотирајќи многу племиња".

"И каменот од ѕидовите крика, а гредите возвраќаат со плач...".

"Сум слушнал, Боже, за твојата слава, се плашам, Господе, од твоето дело, биди милостив во гневот свој.

Каде што ќе стапнеш, земјата се тресе, планините се распаѓаат, бреговите се рушат, каде што ќе погледнеш, треперат народи, патиштата твои се вечни.

Дали ќе пламне твојот гнев на реките, бесот на морето? Ти јаваш на своите коњи, на победнички коли. Со порои ја расекуваш земјата, со коњите газиш по море, по морската шир со силни води.

Го слушам твојот глас и сиот се тресам и треперам, се растреперија и усните мои, коските се распаѓаат, нозете ми се тресат.

## 24.13. Цефанија

Пророкот Цефанија Бен Куши е деветтиот по ред од дванаесетте мали пророци познати под името "Тере асар" ("Дванаесетмина").

Бил постар современик на пророкот Јеремија и негов сограѓанин. Живеел во Ерусалим за време на владеењето на царот Јошија, во втората половина на VII век пр.н.е. Добро го познавал Ерусалим, Храмот и состојбите во дворот, па затоа се претпоставува дека потекнувал од царско семејство.

Цефанија бил еден од првите пророци, кој го прекинал молкот што траел педесет години, по смртта на големиот пророк Јешаја. Тој настојувал да ги разбуди моралните чувства на својот народ, кој ја усвоил верата и обичаите на асирскиот освојувач.

Со оглед на тоа што жестоко го напаѓал идолопоклонството, Цефанија според секоја веројатност дејствувал пред верските реформи кои ги започнал царот Јошија во 622 год. пр.н.е.

Книгата на пророкот Цефанија има три глави, а секоја од нив содржи по едно пророштво.

Првото пророштво е остра критика и закана на народот на Јудеја заради изопаченоста, верското застранување и прифаќањето на многубожечките влијанија. Тој ги обвинува царевите, нивните советници, "кои се облекуваат по примерот на туѓинци, трговците во новите делови на градот, грабежливите судии и дволичните свештеници".

Втрото пророштво е вперено против соседните пагански народи, непријатели на Јудеја. Во него се прорекнува нивната пропаст: филистејските градови ќе бидат разорени, Моав и Аман опустошени, а Нинива, главниот град на Асирија, ќе биде претворена во урнатини по кои ќе пасат овци и каде што ќе ги свиваат птиците своите гнезда.

Сето тоа ќе се случи оној ден кога Бог ќе се појави и ќе го истури својот гнев на Јудеја и на другите народи. "Јас ќе им донесам неволја на луѓето, така што тие ќе одат како слепци зашто грешеле против Господа; нивната крв ќе се разлее како прашина и нивното месо како лепешка".

Во третата глава се повторува заканата од првата глава, а потоа следи најава на Машијахот (Месијата), кој на избраниот народ ќе му донесе чест и слава. И паганските народи и целото човештво ќе му се вратат на Бога и ќе ја прифатат неговата вера. Ќе дојде спасението во кое сите тие народи, прочистени и оздравени ќе го повикуваат името на Господа и ќе вршат обред на неговиот свет рид.



Пророкот во своите пораки бара чистота на срцето и на однесувањето и ја истакнува мислата дека има страдањето воспитна вредност.

### 24.13.1. Од книгата на пророкот Цефанија

"Сè ќе избришам од лицето на земјата: луѓето, птиците небесни и рибите морски.

Ќе удрам на Јудеја и по жителите на Јерушалајим, ќе го истребам од ова место остатокот Баалов. Ќе ги казнам кнезовите и принцовите и сите што ги полнат палатите на своите господари со насилство и со измама. Ќе ги казнам и оние што безгрижно седат и мислат дека Бог нема да им стори ни добро, ни зло. Нивните имоти ќе бидат ограбени, нивните куќи опустошени. Тие нема да живеат во куќите што ги изградиле, ниту ќе пијат вино од лозјата што ги насадиле...

Наближува големиот ден на гневот Господов, денот на неволја и горчина, на ужас и пустошење, денот кога и јунакот ќе заплаче...

Газа ќе биде напуштена, Ашкелон опустошен, Ашдод иселен, Екрон искоренет...

Ќе те понижам земјо, на Филистејците, ќе ги истребам сите твои жители.

Моав ќе биде како Седом (Содома), а Амон како Амора (Гомора), полињата ќе бидат прекриени со коров и купишта сол, во вечна пустош. Ќе ја разорам земјата асирска, Нинива ќе ја претворам во пустина...

Тешко на непокорниот, одмаздднички и насилнички град. Неговите кнезови се лавови што рикаат, неговите судители, ноќни волци, пророците негови се обични лажливци. Неговите свештеници го скврнават Светилиштето и го кршат Законот, беззаконие без срам...

Побарајте го Господа, сите вие чедни на земјата, побарајте понизност и праведност, вие можеби ќе бидете поштедени на денот на Божјиот гнев... во оној ден нема да се срамиш од своите недела што си ги направил против мене. Ќе ги отстранам од твојата средина горделивите фалбаџии, ќе ги оставам само сиромашните и скромните. Тие нема веќе да прават неправда, нема веќе да говорат лаги, ќе можат да работат и да се одмараат без страв.

Ќе им дадам на народите јасен говор дека можам да го повикувам името Господово и да му служам едногодушно.

Во она време ќе ги избавам куците, ќе ги соберам протераните и тие ќе бидат славени во сите земји кадето биле посрамени...

Господ е во твојата средина, не плаши се повеќе од злото".

## 24.14. Хагај

Хагај е десеттиот по ред од дванаесетте мали пророци познати под името "Тере асар" ("Дванаесетмина"). Бил современик на пророците Захарија и Малахија.

Неговата пророчка активност започнала 521 год. пр.н.е. за време на персискиот цар Дариј I, односно 18 години по дозволата на Кир, со која било овозможено да се вратат протераните Евреи во Јудеја од вавилонското ропство. Со него започнува новиот период на пророчката дејност во услови на обновувањето на земјата и создавање на нова заедница.

По враќањето на првите заточеници, започнала изградбата на Храмот, но морала да биде прекината поради непријателството на Самарјаните (Шомронците) кои ги попречувале градителите, но и делумно поради мрзливоста на народот. Застојот траел околу 17 години, па Храмот сè уште лежел во урнатини.

Заедно со пророкот Захарија, Хагај извршил морален притисок врз народот за да се продолжи со обновувањето на Храмот.

"Дали е сега време вие да седите во вашите удобни куќи, а оваа куќа (Храмот) да седи пуста?"

Пророкот го прекорува народот заради мрзливоста и вели дека сите несреќи – гладот, сушата и сиромаштијата, кои го снашле народот се последица на одложувањето на работењето околу изградбата.

Тој му ја пренесува Божјата порака и на политичкиот водач Зерубавел и на големиот свештеник Јеошуа да не се откажат во таа важна работа, да ја забрзаат изградбата на Храмот, да го уредат светилиштето и да го обноват верскиот живот.

Во една од четирите пораки што ги упатува до народот, тој говори за прописите на чистотата што се однесуваат на свештениците, веројатно затоа што и самиот припаѓал на Левиевото племе.

Кога бил готов Храмот, пророкот ги бодрел оние што биле разочарани од неговиот изглед. Многумина се сеќавале на големината и на сјајот на Првиот храм, па затоа овој им изгледал многу бедно. Таквите луѓе тагувале и плачеле и им го рушеле моралот на градителите. Пророкот ги тешел и ги храбрел, пророкувајќи дека славата на овој Храм ќе ја надмине славата на Соломоновиот.

Во завршното пророштво, пророкот го најавува денот на Божјиот суд и ослободувањето. Евреите повторно ќе станат слободен народ, а Зерубавел нивни цар. Бог му ветува мир и благосостојба на прочистениот и препороден народ.

Како и останатите пророци пред него, Хагај предвидува крај на идолопоклонството и возобновување на израелското царство. Тој бил првиот кој пророкувал дека ќе има Вториот храм возвишена улога во животот на Израел и на целиот свет.

Малку се знае за животот на Хагај. Не е сигурно дали воопшто бил во прогонство или континуирано живеел во Ерусалим. Според преданието, тој се вратил од Вавилон заедно со Зерубавел.

Книгата на пророкот Хагај има само две глави со 38 реченици. За разлика од искитениот и поетски стил на останатите пророци, неговиот јазик е едноставен. Се спомнува и како автор на некои псалми, а и дека прв го употребил изразот "алелуја". Според рабинската оцена, со неговата активност започнува периодот на опаѓањето на пророчката дејност.

Книгата на пророкот Хагај има големо значење и поради тоа што, заедно со книгата на пророкот Захарија, служи како извор на историски податоци, како и поради тоа што фрла повеќе светлина на недоволно јасниот период од еврејската историја од 561 до 444 година пр.н.е.

## 24.14.1. Од книгата на пророкот Хагај

"Во втората година од царот Дариј, во шестиот месец му дојде словото Божје преку пророкот Хагај на Зерубавел, јудејскиот намесник, и на Јеошуа големиот свештеник:



Народот говори дека сè уште не е дојдено времето, не е време да се гради Домот Господов. А за вас дали ви е време да живеете во удобни домови додека е овој Дом запустен.

Размислете како живеете!
Многу сеете, но малку жнеете,
јадете, но не се заситувате,
пиете, но не се напивате,
се облекувате, но не сте стоплени.
Оној што печали пари ги става
во дупнато ќесе.
Искачете се на планината, донесете дрва
и градете Дом.
Се надевавте на богата жетва, но таа
потфрли.
Она што ќе го внесете дома, тоа јас го раздувувам.
А зошто?
Затоа што Домот мој е запустен,
а секој си се грижи за својот дом.
Па поради тоа небото се затвори
и не ви дава роса
и земјата не ви дава плодови".
Народот послуша и се зафати со работа...

Во втората година од царот Дариј, во седмиот месец Господ му упати порака преку Хагај на Зерубавел, гувернерот на Јудеја, и на Јеошуа големиот свештеник и на останатиот народ:

"Вие кои сте го виделе овој Храм во својот поранешен сјај, што мислите за него сега? Не личи на ништо во вашите очи.
Охрабри се Зерубавеле,
Охрабри се Јеошуа,
Охрабри се народе,
И работете, зашто јас сум со вас!
Не плашете се зашто јас ќе ги затресам небото
и земјата и морето и копното.
Ќе ги стресам сите народи и ќе го исполнам овој
Дом со слава.
Среброто е мое и златото е мое,
славата на овој Втор Дом ќе биде поголема отколку
на првиот, и на ова место ќе му донесам мир.

## 24.15. Зехарја (Захарија)

Пророкот Захарија Бен Берехја, помладиот современик на пророкот Хагај е единаесеттиот по ред од дванаесетте мали пророци познати под името "Тере асар" ("Дванаесетмина").

Живеел во Ерусалим во втората половина на VI век пр.н.е., во времето кога почнала забрзано да згаснува пророчката дејност.

По враќањето на Евреите од вавилонското ропство, во периодот на сеопштото обновување и изградба, Захарија го предупредувал народот дека првата и најважна задача на сите повратници претставува изградбата на разорениот Храм. Затоа, заедно со пророкот Хагај одлучил веднаш да се зафатат со работите околу неговото обновување.

Книгата на пророкот Захарија има 14 глави и се дели на два различни дела. Првите осум глави, кои потекнуваат од 520 до 518 година пр.н.е, се сметаат за прв дел од книгата. Во нив пророкот му ја пренесува на народот Божјата порака во осум мистични визии со многу мистични слики, како што тоа го правеле Езекиел пред, и Даниел, по него.

Во своите визии тој гледа таинствени јавачи, кои се враќаат од извидување на земјата, четири разнобојни коњи што влечат четири кочии на четири страни, човек со јаже за мерење кој доаѓа во Ерусалим за да го премери, големиот свештеник Јеошуа пред небесниот суд, големата Мегила како лета над земјата...

Овие визии се толкуваат како одраз на политичките немири во Персиското Царство и како будење на надеж во обновувањето на Еврејското Царство. Во нив се најавува светлата иднина на Храмот и враќањето на поранешната слава на Израел.

Последните шест глави кои се сметаат за втор дел на книгата, со содржината и со стилот значително се разликуваат од првиот дел. Содржат пророштво за доаѓањето на Месијата и за конечната победа на Божјиот мир.

Некои научници претпоставуваат дека вториот дел на книгата претставува дело на непознат автор, на “Вториот Захарија”, кој живеел многу порано, а некои, меѓутоа, тврдат дека таканаречениот “Втор Захарија” живеел многу подоцна.

## 24.15.1. Од книгата на пророкот Захарија

Во втората година од владеењето на Дариј, Бог му наредил на пророкот да му каже на народот: “Врати ми се мене и јас ќе ти се вратам тебе. Не бидете како вашите татковци што не ме слушаа...”.

Ги подигнав очите и видов човек со јаже за мерење во рацете. “Каде одиш?”, го запрашав јас. Тој одговори: “Одам да го измерам Јерушалајим, да видам колку е долг, а колку е широк”. Тоа беше ангелот. При тоа се појави и друг ангел и рече: “Јерушалајим ќе биде отворен град заради мноштвото луѓе и стоката во него, а Господ ќе биде огнениот ѕид околу него, а славата негова во него...”.

Потоа ми го покажа Јеошуа, големиот свештеник што стоеше облечен во извалкана облека пред ангелот Божји. А оддесно стоеше сотоната за да му се спротивставува.

А ангелот им се обрати на оние што стоеја пред него и рече: “Соблечете ја од него извалканата облека и ставете му чиста чалма околу главата”. А на Јеошуа му рече: “Вака говори Господ над војските: Еве, ја симнувам од тебе твојата вина и те облекувам во торжествена облека. Ако одиш по моите патишта и се придржуваш до моите наредби, ќе бидеш судија во мојот Дом и чувар на мојот Двор...”.

Словото Божје до Зерубавел: “Не со сила и не со снага, туку со мојот дух рече Адонај Цеваот” (Господ над војските).

Словото Божје до Захарија: “Судете праведно, милостиво и благо. Не ја злоупотребувајте вдовицата ниту сирачето, не смислувајте зла во своето срце, мразете го кривоклетството ...”.



“Ќе го спасам својот народ од земјата на исток и од земјата каде заоѓа сонцето. Ќе ги доведам дома да се населат среде Јерушалајим; тие ќе бидат мој народ, а јас ќе бидам нивни Бог, во вистина и правда.

Ќе посејам мир и благосостојба; виновата лоза ќе ги дава своите плодови, земјата своите приноси, ќе ги навлажнува со роса.

Старците и старците повторно ќе бидат видени по улиците, секој со стап во рака, заради длабоката старост. Улиците и плоштадите на градот ќе бидат полни со момчиња и девојчиња што ќе си играат таму. Кој ќе ги гибне нив, гиба во зеницата на моето око...”.

Вака говори Адонај Цеваот (Господ над војските): “Постите во четвртиот, петтиот, шестиот, седмиот и десеттиот месец, нема повеќе да бидат време за жалост, туку денови на радост, празници и веселења”.

## 24.16. Малахи (Малахија)

Малахија е последниот од дванаесетте мали пророци, познати под името “Тере асар” (“Дванаесетмина”) и последен пророк во Стариот завет.

Неговата книга има само три глави.

Малахија не е името на пророкот, ниту на авторот на книгата, туку тоа е псевдоним, кој на хебрејски значи “мојот гласник”.

Овој неидентификуван пророк дејствувал некаде во средината на V век пр.н.е. за време на Езра и Нехемија. Карактеристична црта на неговиот стил е сократовскиот начин на развивање на идејата, преку прашања и одговори. “Ве љубев, рече Господ, а вие прашувате во што си покажал љубов кон нас?” (1,2). “Синот е должен да го почитува таткото, слугата својот господар. Па ако сум јас таткото, каде е почитта, ако сум јас господар, каде е стравот пред мене?” (1,6).

Малахија верно го опишува расположението на својата генерација по враќањето од вавилонското ропство. Ропството е минато, Храмот е подигнат, светилиштето обновено, се принесуваат жртви. Меѓутоа, разочарувањето на повратниците е големо, зашто е земјата на нивните татковци пустелија и дивина. Суша, скакулци, потфрлање на жетвата и другите природни непогоди го продлабочиле нивното незадоволство. Иако е Храмот изграден и светилиштето обновено, положбата не им се подобрила, нетрпението се зголемувало, а моралот опаѓал.

Под притисок на неповолните околности, свештениците и народот ги занемариле своите обврски кон Храмот и кон Бога. Својот немир се обидувале да го прикријат со привидна рамнодушност.

За разлика од останатите пророци, Малахија се залагал за строго придржување кон верските норми и жртвени обреди, но сепак тој не бил формалист. Според него, обредите имаат значење единствено ако тие водат кон духовна преобразба. Затоа тој со остар јазик ја напаѓа моралната изопаченост на своето време, попустливоста кон идолопоклонството, лажното заколнување, злоупотребувањето на вдовиците и на сирачињата. Особено остро ги напаѓа мешаните бракови со туѓинките незнабошки.

Пророкот проповеда чистота на верата, милосрдие, верност и цврсто го изразува веру-

вањето дека ќе бидат исправени сите неправди. Тој го сака својот народ, но го прекорува поради недостаток на верноста и предаденоста кон Бога.

На крајот го најавува судниот ден, кој ќе им докаже на недоверливите дека верноста кон Бога не е залудна и дека таа ќе биде наградена.

### 24.16.1. Од книгата на пророкот Малахија

"Тој ден кој ќе го одредам, ќе им се смилувам, како што татко ќе му се смилува на синот што му служи. И тогаш пак ќе ги разликувате праведникот од грешникот, оној што му служи на Бога, од оној што не му служи. Зашто еве, доаѓа ден вжарен како печка и сите грешни и расипани ќе бидат како слама изгорени, та да не им остане ни корен ни гранка".

"А вам што се плашите од моето име ќе ви блесне сонцето на правдата, а неговите зраци ќе бидат лековити...".

"Пред да дојде големиот и страшен Божји ден, ќе ви го испратам пророкот Елија. Тој ќе го обрати срцето на татковците кон синовите, и срцето на синовите кон татковците, за да не дојдам јас и да ја удрам земјата со проклетство".



# 25

## ТАЛМУД

### (хебр. учење, подучување, наука)

Талмуд е заедничкиот назив за Мишна и Гемара. Мишна е зборник од закони и прописи на обичајното право во која танаитите (в. Танаим) ги објаснуваат и ги надополнуваат пишаните закони на Библијата, а Гемара е подоцна настанат детален коментар на Мишната, чиишто автори се Аморејците (в. Амораим).

Бидејќи во времето на создавањето на Талмудот постоеле два центри на еврејството, едниот во Палестина, а другиот во Вавилонија, затоа биле составени и две различни редакции на Гемарата. Така постојат и два Талмуда, од кои едниот е палестински или ерусалимски (Талмуд Јерушалми), а другиот вавилонски (Талмуд Бавли). Дискусиите на Аморејците на еврејските академии (јешивама) во Палестина влегле во ерусалимските, а дискусиите на Аморејците во вавилонските јешиви во вавилонскиот Талмуд. И двата Талмуда имаат иста Мишна. Јазикот на Мишната е постбиблиски хебрејски, а јазикот на Гемарата е арамејски.

Активноста на Аморејците, кои го создавале Талмудот, траела од почетокот на III до почетокот на VI век. Нивната работа ја продолжиле Саворејците (в. Савораим, стр.170), кои на почетокот на IV век извршиле пречистување на текстот и последна редакција на Талмудот. Повеќето извадоци од Вавилонскиот Талмуд, чиишто автори не се означени, потекнува од Саворејците.

Прогоните на Евреите во Палестина, кои започнале кон средината на IV век, ја попречиле нормалната активност на палестинските јешиви. Многу учени луѓе ја напуштиле земјата. Осамените поединци коишто останале, немале доволно сили да го испитаат темелно постоечкиот материјал, а некои делови се и изгубени. Тоа било причината поради која подоцнежните генерации, во врска со прашањата на алаха, се придржувале само до Вавилонскиот Талмуд (прописите и законите се базирани само на усно предание).

Меѓутоа ако имал Вавилонскиот Талмуд предност по однос на прашањата на алаха, посебна вредност во Ерусалимскиот Талмуд имала Агадата. Агада во буквален превод значи приказна, но под Агада се подразбираат легендите за библиските лица и настани,

мудри изреки, разговори, проповеди, како и други производи на народната фантазија, во која, во времето на прогонстовото, угнетуваните и прогонувани Евреи барале олеснување и утеха како надомест за она што им го оневозможувала горчливата реалност.

Врз Вавилонскиот Талмуд работеле седум генерации Аморејци – две генерации повеќе отколку на Ерусалимскиот. Нормалните политички услови во Вавилонија им овозможиле на јешивите непречена работа во обработката на материјал што бил на располагање. Средувањето и систематизацијата на тој материјал го извршил Рав Аши кон крајот на V век, кој повеќе од пет децении стоел на чело на јешивите во Вавилонија. Неговиот најмлад ученик Равина им го предал делот на својот учител на идните генерации, внесувајќи во него новини од научниците на своето време. Затоа Вавилонскиот Талмуд уште се нарекува "Талмуд Рав Аши ве Равина".

Како и Мишната, така и Талмудот се дели на шест тома или видови – седарим, а седарим се дели на масехтот (книги или трактати). Иако има Вавилонскиот Талмуд само 36 масехтот (3 помалку од Ерусалимскиот), тој по својот обем е значително поголем од Ерусалимскиот.

Талмудот е плод на духовното творење на најдобрите умови на Евреите во разни земји и во разни епохи. Тоа е монументална енциклопедија во која може да се најдат закони и прописи, веронаука и наука, право и етика, медицина и хигиена, агрономија и сите можни области на човековата активност. Според неговата широчина и длабочина потекнува изразот "Јам Аталмуд", ("Море на Талмудот").

Од VI век Талмудот станува учебник и извор на знаење за Евреите од многу земји. Според Талмудот се воспитувале еврејските генерации и тој играл значајна улога во одржувањето на еврејството и на единственоста на Евреите во галутот. Поради своето значење, поради својата строгост и моралистичка вредност, како и заради нагласениот јудоцентричен став, Талмудот со векови бил цел на напади од непријателите на Евреите, клеветен и фалсификуван. Често се издвојувале делови на Талмудот од целината, им била придавана погрешна смисла и тогаш се покренувале обвиненија против Евреите. Само во XVI век, Талмудот, шест пати бил осудуван на запалување.

Проучувањето на Талмудот бара посебен интелектуален напор заради мошне тешките и комплицирани дискусии, анализи и заклучоци. Многу коментатори на Талмудот, од кои најпознат е Раши (Раби Шеломо Јицхаки, XI век), придонеле Талмудот да стане малку подостапен и полесен за проучување.

Најпрвин бил отпечатен Ерусалимскиот Талмуд во Венеција 1523 год. Истата година било завршено и печатењето на Вавилонскиот Талмуд, исто така во Венеција. Печатењето било извршено од издавачот Даниел Бомбер, а по одобрение на папата Леон X.

## 25.1. БАРАЈТА (арам.: надворешен)

Прописи што ги обработиле Танаитите, а кои Раби Јеуда Анаси не ги внесол во својата Мишна. И во двата Талмуда наоѓаме Барајта: и во Ерусалмискиот и во Вавилонскиот. Има неколку збирки Барајта собрани во посебна книга, која се вика Тосефта. Повеќето Барајта ги собрале Раби Хија и Раби Ошаја, современици на Раби Јеуда Анаси.



## 25.2. ТОСЕФТА (арам. : додаток)

Дело кое во многу нешта потсетува на Мишната. Содржи голема збирка прописи кои ги собрале последните танаити, како додаток на Мишната на Раби Јеуда Анаси. Тосефтата како и Мишната се дели на шест вида (тома). Додека е Мишната напишана многу концизно, и од неа е испуштено сето она што не се сметало за неопходно, Тосефтата, како додатен труд, содржи општи толкувања на прописите, кои во Мишната не се јасни. Затоа Тосефтата е многу пообемна од Мишната.

Не се знае точно кој бил уредник на Тосефтата. Се верува дека тоа биле Раби Хија и Раби Ошаја, современици на Раби Јеуда Анаси, кој бил уредник на Мишната околу 200 година.

## 25.3. ТАНАИМ (од арам.: повторува, учи, подучува)

Танаим се учители или учени луѓе, чиишто дискусии и толкувања на еврејските правни верски прописи се забележани во Мишната. Тие се спомнуваат и во останатата танаитска литература: Тосефта, Барајта, Мидраш, Алаха.

Периодот на танаитите започнува со смртта на Илел и Шамаја во првата декада од н.е., а завршува со смртта на Раби Јеуда Анаси, авторот на Мишната, на почетокот на III век.

Нивната активност траела околу 210 години и се дели на шест генерации. Во тој период тие го изградиле правниот систем, прилагодувајќи ги прописите на Тората кон новите услови на општествениот живот во Палестина.

Во Агадата за празникот Песах се спомнуваат пет танаити, кои на обредот седер дискутираат цела ноќ за значењето на излегувањето од Египет. Тие се: Елиезер, Јеошуа, Елазар бен Азарја, Акива и Тарфон.

## 25.4. АМОРАИМ (од арам.: толкува)

Аморејци се нарекуваат научниците што се занимавале со толкувањето и развивањето на учењето на танаитите, прилагодувајќи ги правните прописи на Мишна и Барајта (види Барајта) кон новите општествени состојби во Палестина и во Месопотамија, биле активни од заклучувањето на Мишната, на почетокот на третиот век, до заклучувањето на Талмудот, кон крајот на петтиот век. Трудот на Аморејците ја сочинува Гемарата, која, заедно со Мишната, го сочинува Талмудот.

Во толкувањето на Мишната и во донесувањето на заклучоци, Аморејците се служеле со разни методи. Во многу случаи тие со неколку зборови се осврнувале на Мишната, а потоа од неа се оддалечувале и го продолжувале истражувањето по сопствени патишта, преминувале на друга тема и, на крајот, се враќале на појдовната точка. Често вршеле детални анализи на секој пропис и на секој збор од Тората или од Мишната и извлекувале заклучоци, кои понекогаш биле тешко разбирливи и комплицирани.

Во периодот на Аморејците, постоел постојан контакт помеѓу јешивите во Палестина и јешивите во Вавилонија. За време на византиските прогони на Евреите во Палестина, многу научници од Палестина преминале во Вавилонија и ја продолжиле работата во тамошните јешиви.

Иако го минале најголемиот дел од животот занимавајќи се со наука, повеќето Аморејци се издржувале од трговија или од занаетчиство.

Периодот на Аморејците се дели на седум “генерации”. Во Талмудот се спомнуваат околу 3000 Аморејци. Во првата генерација спаѓаат Рав и Шемуел; Рав ја основал Академијата во Сура 219 год. и таа дејствувала околу 800 години.

На последната генерација Аморејци ѝ припаѓаат Рав Аши и Равина, кои го уредиле и го систематизирале Вавилонскиот Талмуд. Со нив се завршува периодот на Аморејците.

### 25.5. САВОРАИМ (Саворејци)

Назив за еврејските учени луѓе во Вавилонија, кои дејствувале по Аморејците, односно, по заклучувањето на Талмудот. Нивната активност траела неколку децении (од почет-окот на шестиот век пр.н.е.), а главната задача на Саворејците била конечната редак-ција на Талмудот и објаснувањето на тешко разбирливите места во него.



# 26

# БЕРИТ-МИЛА

Берит-мила е обред на обрежување на машкото дете на осмиот ден по раѓањето, со кој се отстранува наборот на кожата од врвот на половиот орган. Со извршувањето на овој обред, детето стапува во т.н. “Аврамов сојуз” (Берито шел Авраам авину).

Обрежувањето (циркумцизија) било вообичаено кај еврејските племиња уште од најста-ро време, многу порано пред примањето на Тората и претставува еден од најстарите хи-руршки зафати што ги вршел човекот.

Обрежувањето за прв пат се спомнува во Тората кога Бог му наредил на Авраам “Ти, пак, држи го мојот завет, ти и семето твое по тебе, од колено на колено ... да се обрежува секое дете од осум дена” (I кн. Мојсеева 17, 9–24).

Евреите строго се придржувале кон тој завет, дури и во услови кога тоа им било забра-нувано под закана со смртна казна. Берит-мила станала симбол на еврејството, што значело одлука на родителите да го воспитаат својот син како Евреин. Берит-мила не можело да се одложува, освен по совет на лекар, а се извршувала дури и во сабота и на Јом кипур.

Иако можел да го изврши обрежувањето секој Евреин, па дури и жена, доколку немало маж, сепак се востановил обичајот тоа да го извршува “моел”, стручно лице што ги поз-нава основите на медицината, техниката на обрежувањето и било признато од рабините.

Во средниот век, а во некои општини и денес берит-мила се извршува во храм. Денес тоа најчесто се извршува дома или во болница. Во породилиштата во Израел постојат посебни простории во кои се извршува берит-мила. По обрежувањето, таткото на дете-то приредува гозба.

Главни учесници при обрежувањето се таткото на детето, потоа моелот (кој ја извршил операцијата) и сандакот (кум), кој за време на обредот го држи детето на колена. Според преданието, на обредот е присутен и четвртиот, невидлив учесник, а тоа е пророкотЕли-ја, кој се смета за заштитник на децата.

Обрежувањето е прастар обичај и кај многу други народи и племиња, на речиси сите ко-

нтиненти. Исламот исто така пропишува обрежување.

Филон од Александрија (20 год. пр.н.е – 50 год. н.е.) бил првиот еврејски писател кој ги истакнал хигиенските предности на обрежувањето. Берит–мила, како хируршки зафат, кога се изведува во раното детство, претставува, според мислењето на некои медицински стручњаци, заштита од некои канцерозни и други заболувања.



# 27

## БАР МИЦВА

Називот "бар мицва" се употребува во Талмудот за секој возрасен човек кој се наоѓа "под обврска" за извршување на верските обреди. Не се знае кога точно бил воведен овој обичај. Се претпоставува дека тоа било пред шест века, иако некои учени сметаат дека бил воведен уште порано.

Во поново време "бар мицва" означува стекнување со зрелост според верските прописи. По навршувањето на тринаесеттата година, машкиот Евреин станува верски полнолетен и лично одговорен за своите постапки. Пред таа возраст за неговите постапки е одговорен неговиот татко. Тоа значи дека момчето станало "бар мицва" (верски полнолетен) и тоа му останува до крајот на животот. Со верското полнолетство момчето стекнува право да биде повикан во храмот "на Тора", а и сам да ја чита Тората.

Бар мицва се извршува во првата сабота откако момчето ќе наврши тринаесет години, или во деновите кога се чита Тора (во понеделник, четврток и на празник). Славеникот обично го чита последниот дел на перашата или на афтарата, но може да чита и други делови за кои го подготвува неговиот рабин, понекогаш и целата пераша.

Повикувањето на читање на Тората претставува знак на стекнување зрелост. Тоа е првиот јавен настап во новата улога на полноправен член на заедницата. Од тој момент момчето се смета за возрасно во поглед на исполнување на сите верски должности, за ставање тефилин, за учествување во мињана итн.

Обичај е на "бар мицва" таткото на детето дома да приреди свеченост на која детето држи говор со поучна содржина. Тоа е истовремено повод момчето да им ја изрази на своите родители својата благодарност за нивната љубов и грижа за него.

# 28

## БАТ МИЦВА

Церемонија кон која се придржуваат реформистичките и конзервативните еврејски заедници при стекнувањето на верското полнолетство на девојката. Тоа е обичај од понов датум, настанат во периодот на еманципацијата на жената. Официјално бил воведен во Франција и во Италија, од каде што се проширил и во другите земји.

За разлика од момчето, кое е “бар мицва” кога ќе наполни тринаесет години, девојчињата стануваат “бат мицва” по навршувањето на дванаесттата година, зашто жените созреваат порано од мажите.

Обредите “бат мицва” се разновидни. Некаде се извршуваат во храм со читање на афтарата и со посебни молитви, а на некои места дома, или на училиште. Во синагогите во Израел бат мицва се прославува на тој начин што таткото и браќата на девојчето се повикуваат на Тората, се држи проповед, а на девојчето му се дава подарок. Во некои кругови бат мицва не се слави како верски обред, туку како роденден во кругот на семејството.



# 29

## БРАК

Според еврејското сфаќање, бракот претставува идеален човечки однос и се смета за основна општествена институција, која ја востановил Бог во процесот на создавањето на светот. За јудеизмот бракот е и света институција.

Со церемонијата на венчавањето се основа ново семејство. Иако подготовките за венчавање предизвикуваат кај младиот пар извесна исплашеност, многу е поедноставно да се биде подготвен за самиот чин на венчавање, отколку за бракот. Полесно е да се достигне физичка зрелост и економска самостојност, отколку емотивна зрелост и психичка подготвеност, кои се неопходни при склучувањето на бракот.

### 29.1. БИБЛИСКОТО СФАЌАЊЕ ЗА БРАКОТ

Целта на бракот, според Библијата е партнерство и раѓање.

И рече Бог: “Не е добро човекот да биде сам: ќе му направам помошник кој ќе наликува на него... Затоа човекот ќе ги остави таткото и мајката за да се здружи со својата жена и тие двајцата ќе бидат едно тело” (Берешит 2:18;24).

И ги благослови Бог и им рече: “Плодете се и множете се и наполнете ја земјата...” (Берешит 1:28).

Библискиот концепт за бракот во својата основа е моногамен (Берешит 2:24), макар што полигамијата во библиско време била вообичаена меѓу повисоките слоеви на општеството. Иако полигамијата се спомнува во библиските извори, светите списи ја сметаат моногамијата за единствениот правилен однос помеѓу мажот и жената.

Пророците за бракот зборуваат во вид на метафори во кои ја опишуваат приврзаноста на Бога кон својот народ Израел, а ако се сфати во преносна смисла “Песна над песните”, таа јасно укажува на моногамната врска помеѓу Бога и израелскиот народ, зашто Бог не остварил таква специфична врска со ниту еден друг народ.

Во библиско време бракот обично го договарале родителите. Но не било необично ни ретко, бракот да се случи од романтична љубов (Самуел I 18:20; Мелахим I 2:17; Шофетим 14:1 итн.). Забраната за мешани бракови била насочена пред сè кон зачувувањето на еврејскиот идентитет и борбата против идололатријата. Левиратските бракови биле задолжителни. Склучувањето брак со блиски роднини (Вајикра 18; 20; Деварим 23, 1–8; 27:20–23), свештеници, вдовици и со разведени жени (Виајикра 21:7; Деварим 24:4), во библиско време било забрането.

Плодноста во бракот претставувала голем благослов, а неможноста за раѓање – трагедија и срам.

Бракот се сметал за средство за остварување на право и вистинско партнерство: "Кој нашол жена, нашол среќа и се здобил со милост од ЈХВХ", (Мишле 18:22), "Уживај со жената којашто ја љубиш во сите денови од својот век што ти го дал Бог под сонцето..." (Коелет 9;9).

Во случаите кога немало брачна хармонија, бракот можел да се разведе, иако пророкот Малахи предупредува дека се противи Бог на раздвојувањето на сопружниците (2;14–16).

## 29.2. Поглед на бракот во рабинската литература

Учењата на Талмудот го сметаат целибатот за неприроден. Не погрешил тој што стапил во брак, туку оној што не се оженил и "кој го минува целиот ден во грешни мисли" (Кидушин 29b). Целта на венчавањето е пронаоѓање животен партнер и обезбедување потомство, но не само тоа; бракот го исполнува човекот и од него создава целосна личност: "Оној што нема жена не може да биде правилна личност, тој живее без радост, благослов, добрина... без Тора, без заштита... без мир" (Јевамот 62 б).

Талмудските рабини сметаат дека е бракот толку значаен, што човек може да ги продаде и свитоците на Тората, за да собере пари за женачка.

Не треба лекомислено да се пристапи при одбирањето на брачниот партнер. И да се направи успешен избор е подеднакво тешко, како што му било тешко на Бога раздвојувањето на Црвеното Море (Сота 2а). Правилниот избор е можен, единствено со помошта на бесконечната Божја мудрост.

Бракот не треба да се склучува заради пари. Човекот треба за себе да си побара жена со блага нарав, тактична, скромна и вредна. Жената мора да исполнува и други услови, пропишувале талмудските рабини: да потекнува од почитувано семејство, да му одговара на мажот по годините, да биде со слично социјално потекло, да има учен татко итн.

Во времето на Талмудот било пожелно да се стапува во брак во раната младост. За момчињата се предвидувала возраст од 18 години како идеално време, а девојчињата можеле да се мажат уште од 12 години. Единствено лицето кое е интензивно зафатено со студирањето на Тората можело да го одложи своето венчавање за извесно време.

Талмудските рабини говореле: "Најпрвин изгради куќа, потоа засади лозје, и дури потоа можеш да се ожениш".

Момчињата не ја објавувале свршувачката, сè додека не ја виделе идната невеста.

Во талмудско време, полигамијата била можна само теоретски. Но за талмудските рабини таа била неприфатлива. Бракот не е сакрамент во христијанската смисла на тој збор, зашто разидувањето на брачните партнери со развод, иако било непожелно, сепак било можно.



Во текот на бракот жената му е посветена само на мажот и е забранета за сите други. Брачните партнери мораат да наоѓаат патишта за да го подигнат бракот на највисокото можно ниво, преку взаемно разбирање и почитување. Мажот мора да го обезбеди своето семејство. Тој не смее да биде причина за пролевање солзи на неговата жена. Ако мажот си ја сака својата жена како што се сака себе самиот и ја почитува повеќе отколку што се почитува себе самиот, го заслужил благословот кој стоел над Јововиот дом: "Во шаторот свој ќе уживаш во мир, твојот дом, кога ќе одиш во поход, ќе остане негибнат" (Јов, 5:24). Талмудските рабини токму како и пророците, го употребуваат поимот венчавање за да ги означат со него симболично и другите совршени односи: односот помеѓу Бог и Израел, Израел и Тората, Израел и Шабат.

Повеќето од горенаведените рабински одредби од талмудско време се одржале сè до денес во еврејската практика. Аскетизмот и целибатот и денес се ретка појава меѓу Евреите. Рабену Гершом бен Јеуда од Магенца (960–1040) донел пропис (такана), со кој полигамијата конечно била забранета. Мажењето на рана возраст станало вообичаено, иако старосната граница во поново време значително се поместила. Разводот, иако не е тешко да се добие, не е вообичаен. Разводот во еврејските кругови тешко се прифаќа, зашто семејството, според еврејската традиција и вера претставува бедем на еврејството и основен услов кој овозможува водење еврејски начин на живот.

## 29.3. Венчавање

Со женењето мажот ја презема врз себе одговорноста и должноста да се грижи за жената за идното поколение, а жената со мажењето ја донесува најважната одлука: да го помине животот со избраникот на нејзиното срце. Обврска на невестата и младоженецот е да побараат совет од рабинот пред да стапат во брак. Откако ќе востанови рабинот дека нема никаква верска, ни законска пречка за склучување на бракот, се договара датумот на венчавањето.

По еврејските прописи, обредот на склучување брак се дели на два дела; веридба–кидушун и венчавање–нисуин.

Венчавањата отсекогаш биле весел настан кај еврејскиот народ; повод за заедничко собирање и радување. Гостите денот на венчавањето го одбележувале со песна, игра и со весела музика. Венчалниот балдахин, хупа, под кој се извршува венчавањето на младиот пар, е сеќавање на церемонијата која потекнува уште од библиско време. Тогаш било обичај, невестата, прекриена со превез да се доведе во шаторот на младоженецот. Прекрасно извезениот балдахин, кој го придржуваат четири столба, а го држат четири неоженети момчиња, треба да го симболизира идниот дом на венчаниот пар.

Во талмудско време веридбата и венчавањето биле прославувани како два посебни настана. Периодот од веридбата до венчавањето траел околу една година. Давањето збор се одржувало во куќата на невестата со месеци порано пред да се изврши венчавањето во куќата на младоженецот. Со чинот на веридбата девојката и момчето си биле посветувани еден на друг и, иако сè уште не живееле заедно, не можеле да се разделат без развод. Идната невеста се подготвувала за животот во бракот, подготвувајќи ја својата опрема (облека, накит). Со текот на времето се увидело дека долгиот период на раздвоен живот од веридбата до венчавањето тешко го поднесувал младиот пар, и дека за верениците е повеќе штетен, одошто полезен. Затоа било одлучено овие два дела да се спојат во една заедничка церемонија. Денес церемонијата на венчавање го содржи чинот на стариот обичај на веридбата и обредот на склучувањето на бракот.

Во денешно време, во текот на венчалниот обред, се користат две чаши со вино, една-та за кидушин (веридба) и едната за нисуин (венчавање). Церемонијата на веридбата и венчавањето денес се одделени само со читањето на брачниот договор – кетуба, напишан на арамејски јазик.

Бидејќи е веридбата кај Евреите правен чин, потребни се двајца сведоци, кои не се во сродство со младенците. Рабинот во присуство на вереникот и на вереницата утврдува дали тие навистина сакаат да живеат заедно и тоа да го направат по своја слободна волја и желба. Тие пред рабинот ја потврдуваат својата согласност. Чинот на веридбата се завршува со благослов од рабинот и веднаш потоа се преминува на церемонијата на венчавање.

Од XIV век, е обичај рабинот да ја изврши церемонијата на венчавањето. Обичајот на ставање венчален прстен на показалецот на десната рака на невестата, е акт кој симболизира приврзаност и верност, датира од VII век. Додека стои под балдахинот, младоженецот ѝ го става прстенот на показалецот на десната рака на невестата и свечено изјавува: “Биди ми посветена со овој прстен, според законите на Мојсеј и на Израел” (Кидушин 5 б). Невестата исто така може да го дарува со прстен својот иден маж. Прстенот кој го става таа на раката на младоженецот е симбол на емотивниот однос кој го има кон него.

Со брачниот договор се прецизираат взаемните обврски на мажот и на жената. Договорот го легализира бракот. Откако младоженецот ќе ѝ го стави прстенот на прстот на невестата, се преминува на читање на кетубот. Во минатото примарната цел на брачниот договор била да ѝ обезбеди на жената правна заштита. Денес тој се користи и за други цели, меѓу останатото и да се истакне моралната одговорност која врз себе ја презема венчаниот пар.

Брачниот договор се составува еден ден пред венчавањето. Мажот се обврзува дека ќе ја почитува, чува, и дека ќе се грижи и ќе ја издржува својата жена; дека ќе ѝ ги обезбеди потребните материјални средства во случај на смрт или развод. Жената се обврзува дека своите брачни должности ќе ги исполнува внимателно и искрено.

По читањето на кетубот, се преминува на читањето на седумте благослови Шева берахот – биркат хатаним, кои се цитирани во Талмудот (Кетубот 8а). Четвртиот благослов укажува на тоа дека е човекот создаден во божји лик. Во последните три се изговара молитва во која се вели дека Бог ќе му донесе утеха на Цијон, среќа на младиот пар и победоносно искупување во обновената Јудеја и Ерусалим. Венчалниот обред, со тоа, ги спојува индивидуалните со колективните надежи.

По изговорените благослови, се испива виното и рабинот го прогласува бракот за валиден според еврејските прописи.

Иако свечениот чин на склопувањето на бракот е завршен, постојат и додатни обичаи, кои со текот на времето биле вклучени на денот на венчавањето.

Под свадбениот балдахин, невестата три пати обиколува околу младоженецот. Овој обичај се базира на зборовите на пророкот Јеремија (31:31), каде што тој вели дека го наткрилува жената и го штити мажот. Зборовите “те верам” се повторуваат трипати во Ошеа (2:21–22), каде Бог му се обраќа на својот народ :”Те верам со себе засекогаш, те верам со правда и праведност, со љубов и милосрдие, те верам со вера, та да го спознаеш Вечниот”.

Обичајот на кршење чаша под балдахин се базира врз Талмудот (Берахот 31а). Има за цел да ги потсети присутните за разорувањето на Вториот храм, и така, во моментите на



најголемо веселење, да му го врати сеќавањето на најтрагичните денови од еврејската историја.

Вообичаено е невестата и младоженецот да се одделат од сватовите и за кратко да бидат сами. Одделувањето на младиот пар го симболизира прекинувањето на постот кој му претходи на венчавањето и кој го држеле младенците заради преиспитување на своите гревови и духовно очистување.

Празничната гозба – сеудат мицва е послужување со кое гостите се служат по свечената церемонија на склопувањето на бракот. Седумте благослови што се кажуваат во текот на венчавањето, повторно се изговараат по свадбениот ручек.

Венчавање не смее да се врши на Шабат, за време на празници и пости, во деновите кои следуваат непосредно по празникот Песах и Сукот, како и за време на броењето на омерите (сефират аомер),кои започнуваат на втората вечер на Песах и траат до празникот Шавуот.

## 29.4. Забрана за брак

Кај Евреите имало и такви врски (повремени или постојани) помеѓу маж и жена, кои биле строго забранети во следниве случаи:

**крвно сродство:** мајка, ќерка, сестра, внука, тетка;

**роднински врски:** снаа, снаа од татко (маќеа), жена на вујко, жена на брат итн. Во таа категорија се вклучени и роднините на жената;

**туѓа жена:** жена, која од својот маж не е разведена, според важечките еврејски прописи (нема развод – гет);

**со жениная сестра:** за време на животот на жената, па дури и ако е разведена. По смртта на жената или на поранешната жена дозволено е венчавање со нејзината сестра.

Горенаведените забрани ги пропишала Тората. Ако во споменатите случаи постои врска помеѓу маж и жена, таа не смее да се легализира со церемонијата на венчавање во ниеден случај, дури и ако тоа го дозволуваат граѓанските закони. Децата родени од такви врски се сметаат за копилиња (мамзер) и не се признаваат.

Коените (припадниците на свештеничкиот сталеж од времето на Храмот) не смееле да земаат за жени: разведени жени, прозелитки (жени што преминале во еврејска вера), жени за кои се знаело дека одржувале недозволени сексуални односи, жени родени од забранет брак.

Според верските прописи, бракот помеѓу Евреин и нееврејка, и обратно, не се признава како валиден.

## 29.5. Развод

“Разводот е ретка појава, кон која ретко се пристапува, но може да се добие. Кога со развод ќе се сруши домот, тогаш и небесниот олтар плаче”(Гитин 90 б).

Кога животот станува невозможен во пар и нема надеж дека може да се поправи, тогаш може да се побара и да се добие развод. “Вината” не мора да се докажува. Човек може

да добие развод ако во бракот нема деца повеќе од десет години. Жената може да побара развод, кога однесувањето на мажот или видот на работата со која тој се занимава го оневозможува заедничкиот живот во пар.

Бракот склопен “според законите на Мојсеј и на Израел” може да се разведе единствено “според законите на Мојсеј и на Израел”. Процедурата на разводот е строго дефинирана и таа се извршува според прописите на алаха (верски прописи). Според еврејските верски прописи, разводот добиен од цивилните, граѓанските власти, се смета за неважечки.

Освен рабинскиот суд – Бет Дин, на разводот присуствуваат и: писар (софер) и двајца сведоци. Во присуство на овие лица може да се добие развод – гет. Членовите на Бет Дин можат да вршат функции на сведоци, доколку постои проблем тие да се најдат.

Пред да се издаде гет (отпусно писмо), Бет Динот има обврска да направи сѐ за да ги смири и повторно да ги соедини сопружниците, иако не е должен да ги испитува причините за развод или начинот на кој тој финансиски ќе се разреши.

Доколку постои заедничка желба да се заврши брачната врска, тоа според еврејските прописи претставува доволна причина да се добие гет. Целата процедура на разводот може да потрае еден и пол до два часа, при што, поголем дел од времето минува во пишување на бракоразводниот документ – гетот. Гетот се пишува посебно за мажот и за жената и содржи лични податоци за сопружниците: име и презиме, датум и место каде што е издаден гетот. Документот сам по себе не ги спомнува причините за разводот и не го обвинува ни сопругот, ниту сопругата.

Во текот на разговорот, членовите на рабинскиот суд поставуваат прашања за да се уверат во слободната волја на сопружниците во донесувањето на одлуката за развод.

Документот за разводот не смее да биде во печатена форма. Тој повторно се составува во секој одреден случај. Писарот и сведоците мора да бидат религиозни лица, не смеат да бидат во меѓусебна роднинска врска, како, ни во роднинска врска со сопружниците.

Највообичаен и наједноставен начин е бракот да се разведе во присуство на мажот и на жената. Во случај кога мажот и жената не можат заедно да се појават пред рабинскиот суд, може да се среди разводот да се изврши преку посредници. Во тој случај, посредникот го прима документот за лицето што не е присутно. Дозволено е член на Бет Динот или писарот да ја преземе улогата на посредник.

По извршената церемонија на развод, гет им се врачува на мажот и на жената како доказ дека е разводот извршен и дека може повторно да се венчаваат.

Жената не смее да се премажи 92 дена по разводот, ако е бремена, за да се одбегнат сомневањата околу одредување на татковството.

На жената ѝ е дозволено повторно да се омажи со човекот од кој се развела единствено ако во меѓувреме не се мажела и се разведувала.

Според библиските прописи, процедурата налага “мажот да дава развод”, а жената “да го прима”. Тоа е само теориска формулација, зашто во реалноста мажот не дава и жената не прима развод, без претходно да се договорат и спогодат.

Жената не може формално да побара развод на бракот, но судот има право да го разведе во одредени случаи, како на пример кога мажот одбива да ги исполнува брачните должности, кога е неверен, кога не ѝ дава доволно нега и помош, кога физички ја малтретира и кога е болен од посебно тешка заразна болест (на пр. лепра).



# 30

## ЖАЛОБНИ ОБИЧАИ

Разработувајќи ги прописите на Тората за искажувањето жалост на децата за своите родители, на родителите за децата и за членови на семејството, рабините донеле низа прописи, кои го одредуваат начинот на однесување на ужалениот и односот на другите лица кон ужалениот. Сите тие прописи го стимулираат нежниот однос кон оној што умрел и длабока грижа за ужаленото семејство. Тие воедно му овозможуваат на ужалениот во периодот на жалост да биде ослободен од секојдневните грижи и активности.

Многу места и многу градови си создавале свои специфични жалбени обичаи кои во некои поединости меѓусебно се разликуваат. Објаснувањата во овој календар ги опфаќаат оние жалбени обичаи и прописи што биле прифатени со текот на времето.

### 30.1. ХЕВРА КАДИША ИЛИ ХЕВРА КЕДОША (хебр.-арам. - Свето здружение)

Хевра кадиша е здружение што ги врши сите работи околу миењето и погребувањето на мртовецот. Освен тоа членовите на ова здружение одат во посета кај болните и им пружаат утеха, на сиромашните им обезбедуваат лекар и лекови, го подготвуваат првиот ручек по погребот за ужаленото семејство и сл. Извршувањето на овие работи отсекогаш се сметало за важна верска должност, па затоа нив ги вршеле угледни личности.

Иако се спомнуваат во Талмудот слични такви организации, првата Хевра кадиша е основана во Прага во втората половина на XVI век. Таа подоцна послужила како пример за слични такви институции. Порано членовите на Хевра кадиша својата работа ја извршувале само доброволно, а подоцна, особено во големите општини, имало и платени службеници.

## 30.2. Бикур холим (хебр. - посета на болниот)

Посетувањето на болниот е една од многубројните општествени обврски на која Евреите ѝ дале религиозно обележје. Посетата се смета како посебно добро дело, за што има примери и во Библијата (I Мојс. 18,8).

Евреинот не смее да биде рамнодушен ако му се разболи соседот или пријателот. Негова должност е да го посети, без оглед на расата, верата или имотната состојба. Зашто во неволја сите се еднакви. Многу рабини давале детални напатствија како треба да се извршуваат посетите. Треба да се одбегнуваат претерано зачестени и долги посети, зашто тие можат повеќе да му наштетат на болниот, отколку да му бидат од полза.

Посетителот треба да заборави на своите навики и да мисли само на доброто на болниот. “Немој да го плашиш, туку теши го и давај му надеж за оздравување”. Во анонимното дело “Орхот хајим” (Начин на живот), чијшто автор се смета дека е Раби Елиезер бен Јицхак од Вормс (XI век), пишува: “Не го заморувајте болниот со долги посети, зашто доволна му е самата болест. Влезете со добро расположение, зашто неговото срце и неговите очи се насочени кон оној што влегува”.

Посетата мора да биде со одредена цел. Ако станува збор за сиромашен човек, треба, покрај утешните зборови, тој да се снабди со она што му е потребно; богатиот треба да се теши и да му се олесни состојбата со покажување сочувство. Топлиот личен контакт го смирува болниот заради сознанието дека во тешките мигови не страда сам.

Според еврејската етика, ништо не е толку скапоцено како што е човечкиот живот и треба да се направи сè, за да се сочува тој и да се продолжи. Прописите наложуваат дека мора да се прекрши и Шабатот за да му се помогне на болниот, чијшто живот е во опасност. Во рабинската литература тоа сликовито се прикажува на следниов начин: “Ако дете старо само еден ден, е тешко болно, прекрши го Шабатот. Меѓутоа, за мртов, па макар да е тоа и царот Давид, не смееш да го кршиш Шабатот” (Шабат 15/16).

Во многу еврејски заедници постојат посебни организации за посетување на болните. Таквите организации се спомнуваат уште во XIV век. Ги имало и во нашата заедница, а и денес се одржува тој обичај.

## 30.3 Рофе (хебр. - лекар)

Според еврејското сфаќање на етиката, лекарот е должен да направи сè за да му го продолжи животот на болниот. Дури ни во безнадежните случаи, кога е во прашање госес (лице на умирање), не смее да се направи нешто што би можело да ги ослабне одбранбените сили на болниот. Тој мора да го лекува како да ќе оздрави и не смее да допушти болниот да си помисли дека веќе нема надеж. Забрането е да се забрзува смртта од сомилост (еутаназија) заради скратување на маките, кога е во прашање неизлечива болест.

Според сфаќањето на еврејската религија, врховниот лекар е Бог, кој ги лекува” скршените срца и ги исцелува раните”, па затоа верниците може да му се обраќаат со молитви да го излечи болниот и да ги исцели неговите рани.



## 30.4. Шинуј ашем (хебр. - промена на името)

Во случај на тешка болест, кога веројатноста за оздравување е мала, се применува една мерка која се допира со мистиката. На болниот тогаш му се менува името, или кон неговото име се додава уште некое, обично симболично, како на пример: Хајим (живот), Јахиел (Бог оживува), Рафаел (Бог лекува), Азриел (Бог помага) и сл. Менувањето на името е многу стар обичај.

Во Тората се спомнуваат Авраам, Сара и Јааков, на кои Бог им ги променил имињата. Менувањето на името се спомнува во Талмудот, како едно од четирите нешта кои ја менуваат судбината на човекот, а тоа се: милосрдие, молитва, промена на името и промена на дејствувањето. Промената на името како спас, се толкува со тоа што тоа значи и менување на личноста, па и менување на судбината. Менувањето на името често се спомнува во средновековната литература, а овој обичај кај побожните Евреи се задржал и во поново време.

## 30.5. Госес (хебр. - лице на умирање)

Лицето на умирање се нарекува госес. Оној што е на умирање не треба да се остави сам. Присутноста и бдеењето покрај госесот се смета за голема мицва. Кога ќе настапи смртта, синот, или некој од членовите на семејството внимателно му ги затвора очите и устата на покојникот.

Иако во Талмудот се спомнува дека “Најчесто оние што се на умирање, умираат”, дозволено е да се прекрши Шабат и да се направи обид да му се продолжи животот на лицето што е на смртна постела, па дури и во случај кога за тоа нема големи изгледи.

## 30.6. Мет мицва

Мет мицва е назив за покојникот кој нема роднини што би биле должни да се погрижат за неговото погребување. Извршувањето на дејностите околу погребот на мет мицва се смета за особено големо добро дело (мицва гедола).

## 30.7 Анинут (хебр.: анен - да бидеш во жалост)

Анинут се нарекува периодот од настапувањето на смртта до погребот на покојникот. Во тоа време ужалениот роднина се вика онен.

Оненот има посебен статус. Јаде насамо, не јаде месо и не пие алкохолни пијалоци, за да може во целост да му се посвети на покојникот и на извршувањето на работите околу погребот. Оненот е ослободен од многу верски должности, како што се: молитвите, ставање тефелин и сл. Анинут не се применува во случај на смрт на дете, кое нема наполнето триесет дена живот. Анинут престанува веднаш по погребот, кога започнува Авелут.

Во периодот на анинут има разни обичаи. Еден од нив е од куќата во која се случил смртниот случај, како и од двете соседни куќи, да се исфрли целата вода.

Некои го толкуваат ова така што сметаат дека со исфрлањето вода може на индирек-

тен начин да се објави смртниот случај, зашто Евреите одбегнуваат да бидат носители на лоши вести. Пролевањето на водата истовремено служи и како предупредување до соседите за нивните обврски кон починатиот и кон ужалените.

Постојат и многу примитивни објаснувања за таквиот обичај, како што се суеверието дека анѓелот на смртта во таа вода си го мие својот нож, или дека со тоа душата се спасува од задавување, односно дека таа вода ја пие душата што заминува.

Вообичаено е исто така, во домот огледалата да се покријат или да се свртат кон ѕидот. Меѓу народот се верува дека треба да се спречи можноста душата на покојникот да се погледа во огледало. Некои пак сметаат дека не треба да му се дозволи на ужалениот да си го види својот тажен лик во огледало, зашто тоа уште повеќе би го растажило. Има и толкување дека огледалото претставува суета, па затоа нема место за него во миговите на жалост.

## 30.8. КЕВОД АМЕТ (хебр. - укажување почит кон мртовецот)

Обичај е телото на покојникот да не се остава само. Тоа се чува преку ден, ноќ, празник или сабота. Заради значењето кое му се придава на овој чин, чуварите (шомерим) се ослободуваат од другите верски должности, како на пр. врзување тефилин и сл. Има разни толкувања за овој обичај. Освен почитувањето на традицијата, која има свои корени во Библијата, некои од суеверие мислат дека телото се чува од зли духови, додека други сметаат дека со тоа го бранат од разни штетници.

По спомнувањето на името на покојникот, обичај е да се додаде: “Алав ашалом” (Нека е мирот со него) или “Зихроно ливраха” (Нека биде за благослов сеќавањето на него). Ако бил покојникот побожен човек, тогаш се додава: “Зехер цадик ливраха” (Нека биде за благослов сеќавањето на праведникот).

Почитувањето на мртовецот има голема важност во еврејската традиција. Тоа за прв пат се спомнува во Библијата: “И се упокои Језекија кај своите татковци... и на смртта му оддадоа почест сите Јудејци и Ерусалимци” (II кн. Летописи, глава XXXII /33). Библиските личности видливо ѝ давале израз на својата болка. “И дојде Авраам да ја изжали Сара и да ја исплаче” (I кн. Мојс., XXIII/2), “и ја раскина Јаков облеката своја и се препаша со кострет за тажење и тажеше со својот син долго време” (I кн. Мојс., XXXVII/34). Возбудливо е реагирањето на Давид на смртта на на Шаул и Јонатан: “Тогаш Давид ја раскина својата облека... и липаше и плачеше и постеше до вечер за Саул и за Јонатан, неговиот син, и за народот Господов и за домот Израелов, зашто загинаа од меч”.

Во рабинската литература се забранува омаловажување или понижување на покојникот. Во Мидрашот стои дека Бог го укорил Мојсеј затоа што со омаловажување зборувал за старите од неговата генерација.

## 30.9. ТАОРА ИЛИ РЕХИЦА (хебр. - чистење или перење)

Таора или рехица е назив за ритуален обред на миење на телото на покојникот, кој се извршува пред погребот. Се заснова на библискиот цитат “...така заминува, како што дојде” (Коелет 5/15), што се толкува со тоа што човекот го мијат кога ќе се роди и затоа треба да го измијат и кога ќе умре.

Миењето по правило, го извршуваат членовите на Хевра кадиша во посебна куќа, или



во просторијата на капелата на гробиштата, а понекаде и дома. Рохацим (оние што мијат) се однесуваат кон телото со најголема почит. За време на миењето постојано гори свеќа.

Обредот на миење започнува со полагање на телото на камено лежиште, на кое се постила чаршав. Топла вода се сипува на секој дел од телото, почнувајќи од главата накај нозете. Косата се мие и се чешла, а ноктите се чистат. Чаршавот служи за сушење на одделни делови од телото, така што рацете да не го допираат телото. По миењето, телото се завиткува во чисти чаршави, добро се суши, и потоа се облекува во посмртна облека (види: тахрихим). Рехица инаку е мошне стар обред и се спомнува и во Мишната.

## 30.10. ТАХРИХИМ (хебр. Карах - завиткува)

Тахрихим е посмртна облека од бело ленено платно во која се облекува мртовецот. Според прописите, таа се состои од најмалку три дела, а се шие без рабови и јазли, со широки шевови. Побожните Евреи уште во текот на животот си ја подготвуваат својата посмртна облека. Постои обичај уште од талмудско време, покојникот да се погребува со талитот, кој го употребувал додека бил жив.

Во дамнешното минато се подготвувале луксузни погреби и се шиела скапоцена посмртна облека за да му се укаже со тоа чест на покојникот. Големите издатоци околу погребот ги доведувале сиромашните семејства во тешка положба. Затоа Рабан Гамлиел, претседател на Санедринот (60–118 година), наредил покојниците да се погребуваат во едноставни платнени облеки. Од тоа време потекнува и обичајот на скромно погребување.

До XVI век, тахриним се шиеле во разни бои: црна, бела, па и во шарена. Од XVI век почнала да се употребува само белата облека.

## 30.11. АРОН МЕТИМ (хебр. - мртовечки сандак)

Според строгите верски прописи мртовечкиот сандак се прави од рамни, необработени штици, без украси и без употребување на метални клинци. Во голем број заедници и денес се користат едноставни сандаци без украси.

Во старо време погребите се извршувале во сандаци од дрво, камен или глина, украсени со цртежи и натписи. Во Библијата се спомнува ковчегот во кој било ставено балсамираното тело на Јосеф, кој, според Талмудот, бил од метал. Во времето на Хашмонејците постоел обичај да се собираат остатоците од коските и да се ставаат во сандачиња од камен или од глина. Се чини дека во времето на Талмудот, мртовците се пренесувале на гробиштата на носилки, а сандаците се употребувале единствено за пренесување на телото на пооддалечено место. Децата на возраст до триесет дена се носеле на раце, оние до една година во ковчези, а постарите се носеле на носила.

Во средниот век немало прописи според кои погребот би се извршувал во ковчег. Во Шпанија ковчегот ретко се употребувал, а во Франција се правел од маса, која сведочела за гостопримливоста на покојникот. Рабините од источна Европа биле погребувани во ковчези направени од масата на која студирале додека биле живи. Во XVI век, надвладејало кабалистичкото гледиште дека мртовецот треба да биде во непосреден контакт со земјата, со што се исполнувала библиската изрека дека е човекот прав и дека ќе се врати во прав. Ортодоксните Евреи строго се придржувале кон ова. Таму каде што оп–

штиот закон наложувал погребување со ковчег, тие не ги прицврстувале долните штици, или ги продупчувале. Исклучок се правел само за коханим (свештениците). Нив ги погребувале во ковчези без дупки, но во ковчегот им се ставала вреќичка со земја од Ерец Јисраел. Во некои општини мртовците биле погребувани со стап во раката. Овој обичај потекнува од талмудско време, кога раби Јеремија побарал да му стават стап во раката пред да го спуштат во гробот, за да биде подготвен за одење, кога ќе пристигне веста за доаѓањето на Месијата. Во Израел покојникот се носи на носилка и се погребува без сандак, а војниците во едноставен дрвен сандак што е обичај во повеќето кибуци. Во некои краеви, а и во Босна и на југ на Србија, покојникот се носел на гробишта во необоен сандак, се кршел над гробот и се закопувал со покојникот.

## 30.12. ЛЕВАЈА (хебр. - погребна поворка)

При погребната поворка нема разлика помеѓу богатите и сиромашните, побожните и грешните. Ако има повеќе погребни поворки во еден ден, прво се погребува тој што умрел порано.

Испраќањето на покојникот до гробиштата се смета за посебно добро дело (мицва). За да се исполни оваа мицва, дозволено е да се прекине дури и со проучувањето на Тората. Ако покојникот не се истакнувал особено со побожност или мудрост, или ако погребната поворка била мошне голема, се сметало дека е доволно да се оди по поворката најмалку четири чекори.

Во талмудско време, погребната поворка на патот до гробот застанувала седум пати. И денес има обичај таа да се запира најмалку три пати.

Обичај е сите присутни да фрлат во гробот по три лопати земја. По употребувањето, лопатата не се додава од рака на рака, туку се спушта на земја, за да не се стекне впечаток дека еден му пренесува неволја на друг. Пренесувањето на лопатата од рака на рака би можело исто така да се сфати како сервилност или надмоќност (доминантност), а во присуство на смртта сите се еднакви.

По погребот се мијат рацете на самиот гроб. Не постојат прописи кои забрануваат присуствување на жени на погреб. Па сепак, во некои заедници жените не учествуваат на погреб.

Ортодоксните Евреи не дозволуваат положување на цвеќе на гробот, зашто тоа го сметаат за пагански обичај (хукат агој), иако во Талмудот има многу примери на ставање мирудии врз мртовецот.

Ексхумацијата според еврејската традиција е забранета. Исклучок се прави само во извесни случаи, како на пример, кога посмртните останки се пренесуваат во “Светата земја” или од нееврејски на еврејски гробишта и сл.

## 30.13. КЕВУРА (хебр. погребување)

Малку се знае за начинот и церемонијалот на погребување кај Евреите во старо време. Познато е само тоа дека уште од тогаш телото било ставано во земја, зашто во Библијата пишува: “Со потта на лицето свое ќе јадеш леб додека не се вратиш во земја од којашто си земен; зашто ти си прав и во прав ќе се вратиш“ (I кн. Мојс. 3,9). Старите жители на Канаан првобитно ги спалувале своите мртовци, но уште многу време пред населува-



њето на Евреите во Канаан, почнале да ги закопуваат мртовците во земја.

Првата територија што ја стекнал Авраам во ветената земја биле гробишта. Според Библијата, да не се биде погребан било најголемата несреќа што можела да го снајде покојникот. Дури и злосторникот, осуден на смрт има право да биде погребан. Во времето на Мишната вообичаено било да се држи телото во крпа, до распаѓањето, а потоа коските се собирале и се погребувале на друго место, обично во семејната гробница.

Должност на роднините е да ги погребуваат своите покојници; ако тој нема роднини, тогаш тоа е должност на еврејската заедница (види мет–мицва).

Според еврејските прописи и обичаи погребот се извршува, по можност што поскоро. Причината не е како што некои мислат, топлата клима во Палестина, туку тоа што се смета дека одложувањето претставува омаловажување на покојникот. Одложувањето на погребот е дозволено ако се работи за оддавање посебни почести, или ако треба да се дочекаат роднините и сл.

## 30.14. КАДИШ (арам. - свет)

Кадиш е прастара молитва, настаната во Палестина, од каде била пренесена во сите земји на галутот. Со исклучок на последната строфа, која е на хебрејски, изворниот јазик на Кадиш е арамејски, за да може да биде разбирлив за обичните луѓе кои не знаеле хебрејски.

Првобитно Кадиш служел како кратка молитва која се кажувала при завршувањето на проповедта, која се држела на арамејски. Подоцна е воведен како завршеток на поединечните делови на богослужењето и на крајот на јавното читање на Библијата или Талмудот. Во XII век во време на крстоносните походи, Кадиш станал молитва на ужалените. Се претпоставува дека се рецитирал Кадиш по проповедта уште пред две илјади години; неспомнувањето на Ерусалим и на разорениот Храм, како и едноставниот јазик, без мистични примеси, покажува дека е Кадиш од многу старо време. За Кадишот не се дискутира во Талмудот, веројатно затоа што сè уште не бил составен дел на богослужењето.

Има пет видови Кадиш:

1. Кадиш дерабанан (Кадиш за учените луѓе), кој се рецитира по читањето на Талмудот или Мидрашот;
2. Кадиш шалем (полн Кадиш или Кадиш титкабал), кој го рецитира предмолителот, на крајот на поголемиот дел од богослужењето;
3. Хаци Кадиш (половина Кадиш), кој го рецитира предмолителот помеѓу два дела од богослужењето;
4. Кадиш јатом (Кадиш на ужалениот), кој го рецитира ужалениот по некои псалми и на крајот на богослужењето и
5. Кадиш кој се чита на гробот по погребот (Кадиш лехадта).

Јитгадал вејиткадаш шеме раба. Беалма ди вера хирутe вејмалих малхуте вејацмах пуркане викарев мешихе. Бехајехон, увјомехон уфхаје дехол бет Јисраел, баагала увизман карив веимру Амен.

Јеe шеме раба мееврах леалам улалме алмаја јитбарах, вејиштабах, вејитпаар, вејитро-

мам, вејитнасе вејитадар, вејитале вејиталал шеме декудша берих у. Леела мин кол бирхата, ширата, тушбехата венехемата даамиран беалма веимру Амен.

Ал Јисраел веал рабанан веал талмидеон веал кол талмиде талмидеон, деаскин беораіта ди веатра аден веди вехол атар веатар. Јее лана улон хина вехисда верахаме мин кодам маре шемаја веар–а веимру. Амен.

Јее шелама раба мин шемаја хајим весава, вишуа венехама, вешезава, урфуа, угула услиха вехапара, веревах веацала лану уихол амо Јисраел веимру Амен.

Осе шалом бимромав, у верахамав јаасе шалом алену веал кол амо Јисраел веимру Амен.


יתגדל ויתקדש שמה רבא (אמן). דהוא
עתיד לחדתא עלמא. ולאחיאה מתיא.
ולשכללא היכלא. ולמפרק חייא. ולמבני
קרתא דירושלם. ולמעקר פולחנא דאליליא
מארעא ולאתבא פולחנא יקירא דשמיא
להדרה וזיוה ויקרה (אמן) בחייכון וביומיכון
ובחיי דכל בית ישראל. בעגלא ובזמן
קריב. ואמרו אמן: יהא שמה רבא מברך
לעלם ולעלמי עלמיא. יתברך וישתבח
ויתפאר ויתרומם ויתנשא ויתהדר ויתעלה
ויתהלל שמה דקודשא בריך הוא (אמן):
לעלא מן כל ברכתא שירתא תשבחתא
ונחמתא דאמירן בעלמא. ואמרו אמן:
תתקבלי חרבא וכפנא ומותנא. ומרעין
בישין יעדי מיננא ומנכון ומעל עמיה ישראל
ואמרו אמן:
יהא שלמא רבא מן שמיא. חיים ושבע.

וישועה ונחמה. ושיזבא ורפואה. וגאלה
וסליחה וכפרה. ורוח והצלה. לנו ולכל עמו
ישראל. ואמרו אמן:
עושה שלום במרומיו. הוא ברחמיו יעשה
שלום עלינו ועל כל עמו ישראל. ואמרו אמן:

Суштината на Кадишот е изјава на верност кон Бога и прифаќење на неговиот суд, во согласност со принципот дека е човекот должен да му искаже пофалба и за несреќата што ќе го снајде, како што му искажува благодарност и за доброто. Во несреќа, кога смртта ќе го погоди некое семејство, кога е болката голема, а срцето е полно со тага, синот на покојникот рецитира гласно “Јитгадал вејиткадаш шеме раба” (Нека се возвеличува и посвети Неговото име). Најважен дел од Кадишот е одговорот на верникот кој гласи: “Јее шеме раба меврах леалам улалме алмаја” (Нека биде благословено Неговото големо име во вечни векови). Околу тој одговор кој речиси до збор се наоѓа во книгата на Даниел (2,20), се развива целиот Кадиш. Кадишот се рецитира стоејќи, три пати на ден во текот на единаесет месеци во годината на жалост, како и на годишнината од смртта (види: Јарцајт), и тоа само ако има мињан (види: Мињан). Во некои општини за време на кажувањето на Кадишот сите присутни стојат. Првобитно тој се кажувал само за родителите, подоцна и за останатите роднини, а денес за секој умрен. Ќерките не го кажуваат



Кадишот, дури ни тогаш кога во семејството нема синови. Меѓутоа, имало и случаи кога го кажувале ќерките Кадишот, а на тоа не му се спротивставувале рабинските авторитети.

Кадиш во времето на жалост порано се читал дванаесет месеци, за спас на родителите од мачење во пеколот, заради мистичното верување на народот дека безбожниците престојуваат во пеколот најмалку дванаесет месеци. За да не бидат родителите изедначени со безбожници, времето на читање на Кадишот е скратено на единаесет месеци.

Кадишот има речиси мистична сила. Тој претставува верига помеѓу животот и смртта зашто ги поврзува генерациите што заминуваат, со генерациите што остануваат. Кадишот е длабоко вкоренет во свеста на Евреите и е составен дел од нивниот живот. Читањето Кадиш станало предмет на углед и израз на почитување на детето кон родителот. Обичаите можеле да се менуваат и да исчезнуваат, но Кадишот можел да се чуе насекаде каде што се собирале Евреите на молитва.

## 30.15. Ел мале рахамим (во превод: Боже, ти кој си полн со милосрдие) и Ашкава (почивање во мир)

Ел мале рахамим е молитва за покој за душата на починатите, која што кај Ашкеназите свечено се чита или се пее на погреб и на помен – Јизкор (на Јом Кипур, Шемини ацерет, на последниот ден на Песах и на вториот ден на Шавуот), на триесеттиот ден по погребот и на годишнината од смртта (Јарцајт).

Ел мале рахамим се чита или се пее и за сите еврејски жртви на геноцидот, како и за загинатите борци.

Сефардите имаат соодветна молитва која се вика “ашкава” (почивање во мир). Таа се чита на гробот, по погребот, потоа во храм и во оние денови кога се чита Тората (сабота, понеделник и четврток). Обичај е по “ашкава” роднините на покојниот да дадат прилог за храмот, за гробиштата и за добротворни цели.

## 30.16. Азкарат нешамот (помен за покојните)

Обичај е во храмот, по читањето на Тората, да се моли за душата на покојникот. Во молитвата која се вика “Јизкор” (Нека се спомне), се спомнуваат имињата на покојните членови на потесниот или поширокиот круг на семејството (на татко, мајка, брат, дете, сестри итн.), а потоа, во одредени пригоди и имињата на покојни великани и на угледни луѓе.

Овој обичај настанал во времето на крстоносните војни (XI век), кога крстоносците убиле многу илјади невини Евреи. Општините ги забележиле нивните имиња во посебни книги и ги читале во храмот помеѓу Песах и Шемини ацерет. Подоцна овој обичај се проширил и на Јом Кипур, Шемини ацерет, на последниот ден од Песах, на Шавуот и на годишнината од смртта на покојникот.

Сефардите немаат предвидено посебни денови за помени. Тие ги извршуваат при повикувањето на Тора или по враќањето на Тората во орманот (Арон акодеш).

## 30.17. КЕРИА (хебр. Кароа - кине)

Кериа е назив за еден прастар обичај на кинење на облеката во знак на жалост. Денес кериа се врши за татко, мајка, син, ќерка, брат, сестра, маж, жена или за вест за национална несреќа. Кериа се извршува стоејќи, зашто, според еврејското сфаќање, жалоста и несреќата треба да се прими стоејќи простум. Јааков ја искинал својата облека кога синовите му ја донеле облеката на Јосеф натопена со крв.

Кериа обично се врши над гробот, врз ковчегот пред погреб. За татко и за мајка облеката се кине од левата страна кон срцето, а за останатите роднини од десната страна. Облеката се кине со ноже, одгоре надолу, во должина од една педа. Кериа им се извршува и на децата под тринаесет години. Овој обичај не се врши во сабота и на празник, а во некои заедници, не се врши ни на хол–амоед (полупразник). Ако веста за смртта на роднината пристигне по триесет дена, тогаш не се врши кериа; таа секогаш се врши единствено за татко и за мајка, без разлика на тоа кога пристигнала веста за смртта.

Кинењето на облеката уште од најстаро време кај Евреите се сметало за знак на болка. Откако слушнал за смртта на својот син Авшалом, царот Давид станал и ја раскинал својата облека (Шемуел, II кн. 13,31)

## 30.18. АВЕЛУТ (хебр. -тажење, оплакување)

Авелут е начин на однесување и духовна состојба на лицето во жалост заради смртен случај во семејството. Лицето во жалост се вика авел.

Постојат прописи (дине авелут), коишто ги обврзуваат членовите на семејството да ги жалат таткото, мајката, синот, ќерката, братот, сестрите, мажот и жената.

Обичајот на оплакување на мртвите е многу стар. Во Библијата се говори за жалоста на прататкото Јаков за синот Јосеф, на Израелците за Мојсеј и Аарон, на Давид за Шаул и Јонатан итн.

Во стариот Израел во знак на жалост се раскинувала облеката, се навлекувала вреќа, главата се посипувала со прав и пепел, се седело на земја, не се вршело потстрижување, ниту бричење итн. Повеќе жалбени обичаи се применувале и при национални несреќи, како што е, на пример, разорувањето на Храмот. Во времето на Талмудот, наместо раскинување на облеката бил доволен само еден рез (засек) на неа во знак на жалост. Денес обично се засекува само дел од облеката или од долната облека (види: Кериа).

Авелут започнува од моментот на завршувањето на погребот, кога е гробот покриен со земја. Во Талмудот и во рабинската книжевност се пропишуваат четири периоди на жалост:

**анинут** – период од моментот на настапувањето на смртта, до завршувањето на погребот (види Анинут стр.183);

**шива -** период од седум дена по погребот (види Шива стр.191);

**шелошим -** период од триесет дена по погребот (види Шелошим стр.192);

**шана -** период од една година по смртта.

Посетувањето и тешењето на ужалените се смета за добро дело (мицва).



## 30.19. СЕУДАТ АВРАА (хебр. - ручек за утеха, задушна гозба)

Сеудат авраа е назив за првиот ручек кој им се подготвува на ужалените по враќањето од погребот. Ручекот го подготвуваат пријателите и соседите, во согласност со еврејските прописи, според кои им е забрането на ужалените да го подготвуваат сами првиот ручек. Овој обичај им дава можност на соседите и на пријателите да ја искажат својата грижа и сочувство.

Во Талмудот се вели дека на богатите, во старо време, им бил сервиран првиот ручек во златни и сребрени кошари, а на сиромашните во кошари од врба. Бидејќи со тоа се навредувале чувствата на сиромашните, со рабински прописи било одредено првото јадење на сите да им се носи во кошари од врба.

Првиот ручек се состои од тврдо варени јајца и леб и има симболично значење. Во старо време јајцата биле сметани за симбол на живот и на воскреснување. Освен тоа, бидејќи е јајцето целосно затворено во лушпа, тоа ги потсетува ужалените дека треба да бидат во молк и да се воздржуваат од премногу разговори. Лебот, секако е главната храна, “зашто лебот му го крепи срцето на човекот” (Пслам 104/15).

На ужалените им се принесувало и леќа, по примерот на прататкото Јааков, кој на својот татко Исак му подготвил говедска чорба со леќа за да може да го утеши за смртта на Авраам. Според толкувањата на учените луѓе, леќата е тркалезна како тркало, а тагата е тркало што се врти и, порано или подоцна, стигнува до секого. Според едно дополнително толкување, како што леќата нема уста, така ни ужалените немаат уста, зашто им е забрането да ги поздравуваат луѓето.

## 30.20. ШИВА (хебр. - седум)

Шива е период на тага кој трае седум дена по погребот на татко, мајка, брат, сестра, син, ќерка, маж, жена. Под изразот “седи шива” се подразбира обичајот ужалениот да остане дома во првите седум дена од периодот на жалост, да седи на под или на ниски клупички, необуен (бос), и облечен во мека облека. За тоа време на ожалостениот му се забранува секаква дејност, готвење, потстрижување, бричење, перење алишта, односи со жената итн., како и сè друго што им причинува задоволство на луѓето. За младата жена или девојка се применуваат поблаги критериуми. Обичај е познаниците и пријателите да ги посетуваат ужалените и да ги тешат. Шива ги обединува и ги изедначува ужалените, седум дена во заедничка жалост.

Има разни толкувања за тоа зошто првата жалост трае седум дена. Едно од нив се базира на зборовите на пророкот Амос: “И ќе ги претворам вашите празници во жалост”, празниците Песах и Сукот траат по седум дена. Мирјам, сестрата на Мојсеј била изолирана од логорот седум дена затоа што се побунила против Мојсеј (IV книга Мојсеева 12,14–15). “Зоар” дава мистично објаснување, според кое душата седум дена лута вамутаму, од куќата до гробот, тагувајќи по своето тело. Не се знае колку е стар обичајот “шива”. Еврејските мудреци сметаат дека е постар и од потопот, зашто во Библијата се спомнува: “А во седмиот ден дојде потопот на земјата” (I кн. Мојс. 7,10). Во Библијата поимот “шива” за прв пат се спомнува кога умрел Јааков: “...И Јосиф приреди жалост за својот татко која траеше седум дена” (I кн. Мојс. 50,10). Обичај е во текот на сите седум дена во куќата каде има жалост да гори свеќа или кандило.

## 30.21. ШЕЛОШИМ (хебр. - триесет)

Шелошим се триесет дена тагување по смртта на близок роднина (на татко, мајка, брат, сестра, син, ќерка, маж, жена), а почнуваат од денот на погребот. Во тој период на ужалениот му е забрането да носи нова облека, да се потстрижува и да се бричи, да учествува на забави и на свечености, па дури и на венчавања и на обрезувања и сл., освен при раѓање на сопствено дете. Исто така обичај е ужалениот во тој период да го промени своето место на седење во храмот. Големите празници (Рош–ашана) и богопоклоничките празници (Песах, Шавуот и Сукот) ги скратуваат или ги прекинуваат шелошим.

Ако веста за смртта на блискиот роднина пристигне во текот на триесет дена од настапувањето на смртта (Шемуа керова), тогаш ужалениот е обврзан да се придржува кон жалбените обврски на шива и шелошим, од денот кога пристигнала вестта. Ако пристигне таа вест по триесет дена (Шемуа рехока), тогаш шива и шелошим траат симболично само еден час.

Рабините ги одвраќале луѓето од претерано тагување. Тие говореле: "Три дена за плачење, седум дена за тагување, а триесет за воздржување од потстрижување, бричење, веселби и сл.". Во текот на триесетте дена настанува постепен премин од состојбата на тагување и оплакување кон нормален живот. Меѓутоа, ако се работи за родители, воздржувањето трае полни дванаесет месеци.

Во Библијата неколку пати се спомнува триесетдневниот период на тагување. На пример: "Плачеше сиот дом Израелов по Аарон цели триесет дена" (IV кн. Мојс. 20,29). "И плачеа синовите Израелови за Мојсеј во Моавското Поле цели триесет дена" (V кн. Мојс. 34,8).

Обичај е ужалените за време на шелошим да носат црна облека, зашто се смета црната боја за боја на жалост. Легендата вели дека Мојсеј му рекол на Јошуа: "По мојата смрт облечи се во црно!" Шомон Ацадик (Симон Праведниот), кој живеел кон крајот на IV век пр.н.е. ја претскажал својата блиска смрт. Кога го запрашале како го знае тоа, тој одговорил: "На секој Кипур при влегувањето во светилиштето над светилиштата, по мене одеше еден старец облечен во бело, но денес по мене одеше старец во црно".

Талмудот бележи дека носеле Евреите црни чевли во знак на жалост за Ерусалим. Во средниот век постоела секта на Евреите чиишто припадници постојано облекувале црно во знак на трајна жалост. Меѓутоа, денеска ортодоксните Евреи не носат црнина, а црната лента околу раката ја сметаат за пагански обичај.

Постојат објаснувања за дванаесетмесечинот период на жалост. Зоар дава мистично објаснување дека душата дванаесет месеци се врзува за телото. Талмудот, пак вели дека телото постои дванаесет месеци и дека за тоа време душата слегува во него. По дванаесет месеци телото престанува да постои, а душата се искажува и веќе не се симнува.

За посетувањето на гробиштата во периодот на жалост нема еднообразен обичај. Некои ги посетуваат почесто, некои на последниот ден од Шива, а некои, пак нарочно се воздржуваат од посетување. Меѓутоа, обичај е гробот да се посети на деветти ав, во месецот елул, помеѓу Рош–ашана и Кипур, на годишнината на смртта, или еден ден порано.



## 30.22. ГОДИШНИНА ОД СМРТТА (јарцајт - ањос или ању)

Јарцајт е назив за годишнина од смртта. Иако годишнината од смртта е позната уште од библиско време, изразот "јарцајт" за прв пат се употребува во XV век кај ашкеназите, додека сефардите за годишнина го употребувале изразот ањос или ању. На тој ден се врши комеморација за родителите, за поблиски роднини или во чест на заслужни и истакнати личности. Уште во времето на Аморејците на годишнината од смртта на некој голем човек, масовно се одело на неговиот гроб и се одржувал помен.

Во еврејскиот календар се спомнуваат три општи годишнини: 7. адар (заин адар, ден на Мојсеевата смрт), Лаг баомер, денот на смртта на раби Шимон бен Јохаја и 3. тишри (Цом Гедаља), денот кога бил убиен Гедаља бен Ахикам. Во поново време се наведени и годишнините на смртта на познати еврејски личности, како што се Херцл, Бјалик и др. Дваесет и седми нисан е одреден за ден на сеќавањето (Јом ашоа) на востанието во Варшавското гето, 1943 година, на еврејските борци паднати во борбата против фашизмот и на шесте милиони еврејски маченици – жртви на нацистичкиот терор. Еврејската општина во Сараево организирала секоја година поклоненичко одење во Столац, на гробот на покојниот рабин Моше Данон, каде што се одржува лимуд.

Во Библијата се спомнува обичајот според кој секоја година ќерките на Израел одат да ја оплакуваат ќерката на Јифтах од Гилеад (Судии 11,40). Обичај е да се оди на гроб на годишнината од смртта; во куќата гори свеќа или кандило 24 часа. Палењето на свеќа или кандило е засновано на библиската изрека: "Господово светло е душата човечка..." (Мудри Соломонови изреки, 20,27), а има и толкување според кое е светлото симбол на душата и предизвикува чувство за бесмртност на човекот.

Многу луѓе постат на годишнината на смртта. Постот е израз на каење и на себизмачување и знак на почитување на покојникот. Обичај е на тој ден да се дава милостина и да се вршат добри дела.

Хасидите имале посебни обичаи. Тие на годишнината не тагувале и не постеле, туку со гозба пееле и се веселеле.

Годишнината се одредува од денот на смртта, според еврејскиот календар. Доколку се знае датумот на смртта, ужалените можат да одберат ден, според еврејскиот календар, на кој ќе ја одржуваат годишнината секоја година.

Сефардите, по правило на годишннати одржуваат лимуд или мелдадо, најчесто во куќата на покојниот. Тогаш се читаат извадоци од Тората, книгите на пророците, Мишна, Зоара итн. Во Босна пред војната секој учесник во лимудот бил почестен со по едно колаче кое се викало локум.

Јарцајтот или ањосот, како и Кадишот се од многу голема важност и затоа многу Евреи одат во синагога најмалку еднаш годишно заради одржување на годишнини. И денес, онаму каде што е потешко да се собере мињан и каде што се синагогите затворени во текот на седмицата, луѓето се собираат за годишнини и ја отвораат синагогата за да може да се одржи служба и да им се оддаде почит на покојните.

## 30.23. МАЦЕВА (хебр. - надгробен споменик)

Мацева се нарекува камениот споменик кој се поставува над гробот на покојникот. Тој се поставува најрано по истекот на шива, а по правило, на триесеттиот ден, или на 12 месеци по смртта. Церемонијата на подигнување споменик претставува нагласена жал–

ост и, по правило, завршување на годината на жалост.

Обичајот на поставување надгробен споменик е многу стар. Според Библијата Јааков подигнал споменик над Рахелиниот гроб (I кн. Мојс. 35,20). Подоцна Авшалом си изградил споменик во долината Кидрон “за да го сочува споменот на своето име”. Многу такви споменици се сочувани до денес како на пример: гробот на царот Давид во Ерусалим, гробовите на прататковците во Хеброн, гробот на Рахела во Махпелската Пештера и др.

Во Мишната се спомнува обичајот на подигнување споменик на гробот на покојникот, додека Талмудот не препорачува на праведниците да им се подигнуваат споменици “зашто нивни споменик се нивните зборови”. Меѓутоа, Раби Исак Лурија, познатиот кабалист, смета дека спомеником има возвишено значење. Порано во Израел на саркофазите и на костурниците имало само кратки натписи со имињата на покојниот и на неговиот татко. Постепено, натписите се проширувале и бил додаван денот на смртта, како и зборови на пофалба со кои ужалените ја изразувале својата љубов и почит кон покојниот. Во средниот век тие записи на спомениците биле кратки и скромни. Раби Јонатан Ајбешиц (1690–1764), еден од најголемите познавачи на Талмудот на своето време самиот си го составил составил следниов епитаф: “Секој минувач треба да погледне што е овде врежано. Човекот кој служеше за пример, се врати во правта...”.

Од библиско време, па сѐ до периодот кога подигнувањето на споменик станало општа практика, преовладувал обичајот на гробот да се нафрла и куп камења, или покрај гробот да се постави видлив знак или столбови. Тоа било со двојна цел: телото да се заштити од дивите животни и да им се привлече вниманието на минувачите, особено на свештениците, дека тука се наоѓаат гробови. Во времето на Грците почнало да се подигнуваат полуксузни споменици. Шимон Макаби, 135 год. пр.н.е., синот на Мататја Хашмонеецот и брат на Јуда Макаби му подигнал на својот татко и на браќата величествен мавзолеј од делкан камен (I книга Макавејска 13: 27–29).

Во талмудско време кога ќе се преполнела некоја гробница, семејството ги пренесувало коските во костурницата, која наликувала на камен ковчег. Во Израел се откопани повеќе такви костурници, кои имаат натписи на хебрејски, арамејски и на грчки и на кои се врежани менори, шофар или натписи “Шалом Ал Јисраел”.

Освен во ретки случаи, Евреите во првите осум–девет века од новата ера употребувале грчки или латински јазик за натписите на надгробните споменици. Хебрејскиот, постепено ги потиснувал овие јазици и веќе во X век во Шпанија, Франција и во многу други земји имало натписи само на хебрејски.

Спомениците треба да бидат едноставни за да се истакне дека и сиромашните и богатите во смртта се еднакви. Подигнувањето на скапи споменици отсекогаш се сметало за бесмислено расфрлање.

Ашкеназите по правило ги поставувале надгробните споменици вертикално, а сефардите хоризонтално. На спомениците на потомците на Левитите често била врежувана стомна, како симбол на нивната функција во храмот, а на спомениците на потомците на Коаним често биле врежувани раце, како симбол на нивното право на давање благослов. Понекогаш, особено во постаро време на спомениците биле врежувани разни симболи со кои се претставувале професиите на покојниците. Местото на гробиштата каде што се погребувале неупотребливите верски книги се вика Гениза. Спомеником на Генизата е украсен со отворена книга од камен.

Нема изедначеност во поглед на натписите на спомениците. Во библиското време немало натписи. Во почетокот на новата ера имало кратки натписи како напр.: “Зихроно ливраха” (Нека биде за благослов неговиот спомен), “Шалом” (мир) и слично. Во средниот век, покрај името биле ставани некои оплакувања или славопои и податоци за карактерот и делата на покојникот.

На спомениците на ашкеназите обично стојат еврејските букви”пе”, “тет” или “пе”, “нун” (иницијали “По темун”, “По никбер” или “По нитман”– “Овде е закопана”, или “Овде е закопан”). Сефардите и за жените и за мажите ги ставале буквите “мем”, “коф” (“Мецевет кевура” –надгробен споменик). Денес се испишуваат кратки надгробни наслови: име, презиме, датум на раѓање и на умирање. Често со хебрејски иницијали на реченицата “Тије нишмато церура бицрор ахајим” (Нека му живее душата вечно).

## 30.24. БЕТ КАВАРОТ (хебр. - гробишта)

За еврејските гробишта постојат повеќе еуфемизирани називи, како што се: бет олам – куќа на вечноста, бет хајим – куќа на животот, бет моед лехол хај – дом на сите живи итн. Овие називи произлегуваат од верувањето дека луѓето на овој свет престојуваат само привремено, а дека вистинското и постојаното живеалиште им е на “друго место”.

Не се знае дали во библиско време постоело некое посебно место за погребување на мртвите. Во Библијата се наведува дека Авраам ја погребал својата жена Сара во Махпелската Пештера, која станала негова семејна гробница (I кн. Мојс. 23:19–20).

Царот Менаше бил закопан во градината на неговиот дом (II цар. 21,18), Девора, дадилката на Ривка, била погребана под едно дабово дрво (I кн. Мојс. 35,8), Рахел, жената на Јааков на патот близу Бетлехем (I кн. Мојс. 35,19) итн. За јудејските цареви биле градени посебни гробници (II кн. Летописи 21,20), а се спомнуваат и гробовите на “синовите на народот” (II кн. Цареви 23,6).

Често се наведуваат желбите на поединечни личности да бидат погребани заедно со останатите членови на семејството. Рут ѝ изјавува на својата свекрва: “Каде што ќе умреш ти, таму ќе умрам и јас и таму ќе бидам погребана” (Рут 1,17). Барзилај го одбил предлогот на царот да остане заедно со него на дворот со овие зборови: “Те молам да му дозволиш на својот слуга да се врати и да умре во својот град, во гробот на својот татко и на својата мајка (II Шемуел 18,38). Шест векови подоцна Нехемија го молел персискиот цар Артаксеркс да му дозволи да се врати во Месопотамија, во градот каде што биле гробовите на неговите татковци (Нехемија 2,15). Во талмудско време погребувањата се извршувале во пештери, камени гробови, саркофази и во катакомби.

По разорувањето на Храмот и расејувањето на Евреите, еврејските оштини во галутот, по правило, настојувале да имаат сопствени гробишта за членството на своите заедници. Таму каде што не било можно тоа, општините закупувале еден дел од општите гробишта, подигнувале ѕид и го оградувале еврејскиот дел од гробиштата. Се настојувало гробиштата да бидат надвор од населбите, но сепак доволно близу за да се одбегне пренесувањето на мртовецот на голема оддалеченост. Евреите саделе дрвја и им посветувале на своите гробови толку внимание, што често тие биле познати и како паркови. И гробиштата надвор од употреба се чувале и се одржувале внимателно.

Евреите ги сметаат своите гробишта за свети места и се однесуваат кон нив со должна почит. Не влегуваат гологлави, не пушат, не јадат и не пијат на гробот.

## 30.25. САМОУБИСТВО (Меабет ет ацмо ладаат)

Иако самоубиството во Мишната не се вбројува меѓу злосторствата, тоа сепак, според рабинското учење, ако е извршено свесно и со предумисла, се смета за грев кон Бога и кон човека, заради неовластеното присвојување на Божјото овластување.

Во многу случаи самоубиството се смета за последица на длабок очај. Во Библијата се спомнуваат неколку случаи на самоубиство, но секој од нив се случил во посебни околности, во моменти кога смртта од непријателот секако била неизбежна. "А Зимри (јудејски цар) кога виде како го освоија градот, отиде во царскиот двор и го запали царскиот двор врз себе и загина" (I Книга на царевите 16,18). "И Самсон (Шимшон) ги прегрна двата средни столба, на кои стоеше куќата... па тогаш рече: "Нека умрам заедно со Филистејците". И силно ги налегна и куќата падна врз кнезовите и врз сиот народ кој беше во неа (Книга на судиите 16,29–30). "И му рече Шаул на момчето коешто му го носеше оружјето: "Извади го својот меч и прободи ме, да не дојдат необрезаните и да ме прободат и да ми се потсмеваат". Но момчето што му го носеше оружјето не сакаше, зашто му беше многу страв. Тогаш Шаул го зеде мечот и се фрли врз него" (I Книга Шемуел, 31, 4). Јосеф Флавиј строго го осудува самоубиството зашто смета  дека не е благородно да се уништиш самиот себе. Рабинските учења се во целосна согласност со учењето на Јосеф Флавиј. Реченицата: "зашто ќе ги посакам вашата крв и вашите души" (I Книга Мојсеева, 9,5), тие ја толкувале: "Ќе ја побарам вашата крв, ако е пролеана со ваши раце".

Според еврејското сфаќање света должност на човекот е да го сочува и да си го продолжи животот. Меѓутоа, рабините сметале дека сите забрани во Тората може да се прекршат, ако е животот во опасност, со исклучок на идолопоклонство, неморал и убиство. Наспроти ова има многу примери на еверејско мачеништво.

Кога бил разорен Првиот храм, свештениците скокнале во пламенот и во него ја побарале својата смрт.

Три години по разорувањето на Вториот храм, хероите на Масад извршиле самоубиство бидејќи не сакале да му се предадат на непријателот. Еврејската историја е полна со слични примери, особено во средниот век, за време на прогонувањата во Русија и нацистичкиот колеж.

Според еврејските прописи, самоубиецот има ист третман при погребот како и екскомуницираното лице. За нив нема жалост, не се врши кериа и сл. За самоубиец се смета само она лице што го извршило самоубиството по сопствена волја и со предумисла. Меѓутоа, ако е тоа извршено во моменти на депресија, во афект или под нејасни околности, тогаш се зазема поблаг став. Во Талмудот се наведува пример на едно момче што извршило самоубиство зашто се плашело од казна од неговиот татко. Раби Тарфон, кој го разгледувал тој случај, заклучил дека во дадениот случај не се работело за самоубиство, туку за дело извршено од страв. Во повеќето случаи рабините ги оценувале делата на самоубијците како последица на помрачување на умот, зашто сметале дека е непоимливо еден разумен човек да направи такво неразумно дело.

Самоубијците, според еврејските обичаи, не се погребуваат според редот, или во семејните гробници, туку далеку од нив или покрај оградата.



## 30.26. СПАЛУВАЊЕ - КРЕМАЦИЈА (лат. "cremare", спалува)

Спалувањето на мртовците, кремација, било применувано уште во праисториско време кај многу стари народи. Мртовците, според хиндуистичките прописи, се изгоруваат и денес во Индија.

Во втората половина на XIX век во Италија се јавило движењето за кремација, кое се проширило во многу други земји, но кое нема ништо заедничко со традиционалните обичаи на спалувањето. Во Милано, 1876 година, друштвото "Оган" ја пропагирало кремацијата.

Кремацијата се врши во посебна просторија, крематориум, обично во печки, каде што телото на мртовецот се претвора во пепел на температура од 600–1000 степени Целзиусови. Пепелта се собира во урни кои се пренесуваат во посебни колумбариуми и розариуми, или се погребуваат. Понекаде има обичај пепелта да се просипува. Еврејската традиција е недвосмислено против кремацијата од повеќе причини. Евреите од најраните денови на своето постоење ги закопувале своите мртовци, за што сведочи и Библијата: "Во потта на своето лице, ќе го јадеш својот леб сè додека не се вратиш во земја од која си земен, зашто си прав и во прав ќе се вратиш (Берешит III /19). Додатен доказ за тоа дека закопувањето во земја е традиционален начин на погребување кај Евреите, наоѓаме во делата на римскиот историчар Тацит, кој пишува: "Тие (Евреите) повеќе сакаат да ги закопуваат своите мртви, отколку да ги запалуваат".

Еврејските мудреци сметаат дека е запалувањето навреда за човекот како најсовршена создадена форма. Според нивно мислење, телото е храм и служител на душата и треба да се чува од скврнавење. Во рабинската литература спалувањето се опишува како идолопоклонство, иако тоа се извршувало во посебни случаи. Така во првата книга на Шемуел (31,12), по гибелта на Шаул и на неговите синови во борбата со Филистјците, може да прочитаме: "И се кренаа сите храбри луѓе и одеа цела ноќ и го симнаа телото на Шаул и телата на неговите синови од ѕидините на Бет Шан, па се вратија во Јавеш и тука ги изгореа". Иако еврејските прописи строго ја забрануваат кремацијата, не постои пропис со кој би се забранило погребување на пепел на кремирано лице на еврејски гробишта.

# 31

## АЛЕФБЕТ

Еврејскиот алефбет како и оние кај другите семитски народи, се состои само од согласки. кои ги има 22. Четирите букви, алеф, е, вав и јуд имаат вредност на самогласки. Буквите каф, мем, нун, пе и цадик се пишуваат поинаку кога се на крајот од зборот.

Иако формите на буквите во старо време многу се разликувале од денешните, со хебрејското писмо секогаш се пишувало од десно на лево, а никогаш од лево на десно.

Читањето текстови без самогласки претставувало во старо време многу тешка работа. За да се прочита текстот и да се разбере неговото значење, не било потребно само познавање на буквите, туку било потребно знаење и мошне голем умствен напор. Тоа е исто како кога со кирилица напишаните консонати ВРТ мора да се прочитаат без самогласки. Тогаш тие би можеле да се прочитаат како: врат, врата, врати, врти и сл.

Паралено со развивањето на писменоста, созревала и идејата за потребата да се направи нешто што би го олеснило читањето. Значаен чекор во таа насока бил направен уште во античко време, со делумната употреба на буквите алеф, е, вав и јуд, како знаци за одредени самогласки. Сигурно е дека овие четири букви првобитно се изговарале како согласки, но со текот на времето нивниот изговор бледеел, станал нејасен, па тие почнале да се употребуваат само како самогласки.

Извесен застој во развојот на писмото настанал кога учените луѓе (хахамим) се зафатиле со утврдување на текстовите од Библијата, коишто, главно биле пишувани без самогласки.



Во времето на заклучувањето на Светото писмо, немало стравување дека неговите текстови заради недостиг на самогласки би можело да се прочитаат погрешно, зашто познавањето на светите списи било многу развиено меѓу народот, а принципите за правилно читање ги пренесувале хамамим и соферим (учени луѓе и учители) од едно колено на друго. Таквото стравување станало оправдано подоцна, кога другите светски јазици на стариот век, арамејскиот и грчкиот, почнале да го потиснуваат хебрејскиот.

Бидејќи било забрането во текстот на Тората да се додаде макар и една буква, учителите и препишувачите, заради правилно читање почнале да ставаат посебни знаци во форма на точки и цртички над, под и во самата буква. Така биле создадени разни системи на додавање на самогласки, од кои најцелосен бил “тевериjанскиот”, кој и денес се употребува.

Пунктуацијата, од нејзиното создавање се употребувала само за светите списи, додека во талмудско–рабинската и во научно–истражувачката литература и понатаму се употребувале самогласките алеф, е, вав, јуд. Денес пунктуацијата се употребува во Библијата, поезијата, детската книжевност и сл. Во секојдневниот живот во писмата, новинарството и во книжевнта проза, наместо пунктуација се употребуваат е, вав, јуд и алеф. Меѓутоа, не постои еднообразен систем во примената на тие знаци. Додека едни ги употребуваат во изобилство, други се ограничуваат во нивната примена, така што таа разновидност создава големи тешкотии во правилното читање и пишување. Затоа, Комитетот за хебрејски јазик во 1949 година ги предложил правилата со кои би се обезбедил единствен систем на писмо без пунктуација.

# СИМБОЛИ

# 32

## СИМБОЛИ

### 32.1. Мезуза

Тоа е свитокот на кој со рака се напишани два извадока од петтата книга Мојсеева: "Шема Јисраел" и "Веаја им шамоа тишмеу" ("Слушни Израеле" и "Ако се придржувате кон моите закони"). На задната страна стои ШАДАЈ, што значи СЕМОЌЕН.

Мезузата (во метална, дрвена или пластична кутивка со цевчеста форма) се прицврстува во накосена положба за горниот дел на десниот довратник и со тоа видливо се означува еврејската куќа. Таквата поставеност на мезузата е резултат на копмромисот на двата спротивставени става: на Раши (Раби Шеломо Јицхак XI век) и на Рабену Там (Раби Јааков бен Меир XIII век). Првиот сметал дека мезузата треба да стои вертикално, а другиот, хоризонтално.

Употребувањето на мезуза е многу стар обичај и се заснова на библиска одредба. Таа има за цел постојано да ги опоменува верниците на нивната приврзаност кон Бога и на моралните обврски на Евреите.

Уште во талмудскиот период, поради суеверие, на мезузата почнало да ѝ се придава значење на амулет кој заштитува од лошите духови. Во средниот век, под влијание на Кабалата, кон оригиналниот текст на мезузата биле додавани и имињата на ангелите, а зборот Шадај, бил толкуван како иницијали на реченицата Шомер далтот Јисраел, што значи "чувар на еврејските капии" (домови).

Раби Моше бен Мајмон – Мајмонидес (Рабам, XII век) ги нарекувал незнајковци и остро ги осудувал оние коишто суштината и значењето на мезузата го поврзувале со празноверие. Обичај е при излегувањето од куќата и при влегувањето во куќата да се допре мезузата со прсти и да се бакнат прстите.



### 32.2. Менора

Во времето кога било обичај ханука–светилките да се држат на улица или на влезните порти од куќата, свеќниците имале метални или стаклени штитници. Во почетокот тоа биле маслени ламби од глина со осум отвори за фитилите. Светилка или свеќник на хебрејски се вика менора. А така се викал и седмокракиот свеќник од Ерусалимскиот храм, кој рано станал еден од симболите на еврејството. Бидејќи преданието забранува да се прават менори кои целосно ќе наликуваат на онаа од светилиштето, со текот на времето се развиле две основни форми на ханука–свеќници. Едниот потсетувал на ерусалимската менора, но наместо седум, имал девет краци (осум и еден за шамашот), и бил направен од метал. Другиот бил т.н. свеќник од типот на клупичка, со канчиња за масло во едниот ред и со украсен ѕид зад таа "клупичка". Овие менори често биле ремек дело на златарството.

И на исток и на запад од Европа, и во Африка и во Азија, тие менори во текот на годината се држеле закачени на ѕидот, а во сефардските куќи обично покрај влезните врати (приближувајќи ѝ се на тој начин на талмудската традиција).

За да се разликува од храмската менора, во современиот хебрејски јазик е создадена нова именка за ханука–свеќникот – ханукија.

Менора е седмокрак свеќник, којшто го носеле Израелците низ дивите предели на Синајската Пустина. Денес менората е грб на модерната држава Израел.

Бог му го покажал на Мојсеј прототипот на менората кога му ја предал Тората на Синај. Од ногарката се извивале нагоре шест гранки, по три гранки од секоја страна, сочинувајќи на тој начин вкупно седум гранки. Тие биле исковани од едно парче злато. Тоа бил свет предмет кој смеел да се користи исклучиво во Шаторот на заветот, а подоцна во Храмот. Не смеело да се изработуваат други примероци (копии) од овој предмет. Посебниот свеќник кој се употребува на Ханука се вика "ханукија", а не менора и има осум гранки.

Изворната менора горела во Шаторот на заветот, давајќи вечна светлина. Кога го соѕидал Соломон храмот во Ерусалим, тој покрај Мојсеевата, додал уште десет златни менори. И тие како и оригиналната менора биле целосно уништени кога бил разорен првиот Храм во 586 год. пр.н.е. Бегалците кои се вратиле од вавилонското ропство, повторно го соѕидале Храмот во 516 год. пр.н.е., и, следејќи ја традицијата на Шаторот на заветот, поставиле само една менора која ја направиле според дадениот опис од Книгата на излегувањето. Антиох Епифан (цар од приказната за Ханука) ја тргнал менората во 169 година пр.н.е., а Јуда Макаби повторно ја вратил, откако го очистил Храмот. Кога Римјаните под власта на Титус 70 год од н.е. конечно го уништиле Храмот, ја носеле менората во тиумфалната поворка низ Рим. Релјефот на таа менора се наоѓа на триумфалната капија во Рим.

Евреите ја сочувале менората како свој симбол. Во текот на средниот век ја користеле за да ги украсат ракописите. Кабалистите (еврејските мистици) во неа го гледале "сефирот" (Божја еманација). Менората се појавува на Шагаловиот витраж во Ерусалим; на меморијалниот споменик во Варшавското гето се наоѓаат две големи менори, а една голема скулптура на менора од скулпторот Бен Елкан се наоѓа пред зградата на Кенесетот (Израелскиот парламент) во Ерусалим (подарок од Велика Британија).

## 32.3. Маген Давид (хебр. - Давидовиот штит)

Знак кој се состои од два еднаквострани триаголници со заедничко средиште, поставени еден врз друг, така што создаваат слика на шестокрака ѕвезда. Овој знак уште се нарекува и хексаграм. Во хебрејскиот јазик за него уште постои и термин маген Давид т.е. Давидовиот штит.

Употребата на овој симбол е стара и широко распространета. Првобитно овој знак немал ништо заедничко со јудеизмот. Во времето на Вториот храм, користењето на овој симбол, главно како украс, било вообичаено како меѓу Евреите, така и меѓу неевреите. Подоцна овој знак се појавувал во синагогите и на разни предмети, но само како декоративен елемент.

Шестокраката ѕвезда се појавувала и на римските градби, на рановизантиските и на многу средновековни христијански цркви.

На хексаграмаот, а подоцна на "ѕвездата", му се припишувало магично значење. Порано овој знак бил познат под називот "Соломонов печат" и се верувало дека има магична моќ да ги ослободува и да ги штити луѓето од зли духови. Од таа причина, овој знак се појавува, како во еврејството, така и во исламот, а подоцна и во христијанството. Давидовата ѕвезда често се врежувала на печатните прстени и на печатите токму поради верувањето дека има магична моќ и дека може да пружи заштита пред демонските сили.

Во Талмудот, маген Давид за прв пат се спомнува во книгата на Караиќанецот Јеуда Адаси, во средината на XII век.

Дури во 1750 година, Давидовата ѕвезда се толкувала како симбол на царевите на Израел и на Јудеја.

Во средниот век овој знак исто така имал митолошко значење. Употребата на маген Давид како маѓиски знак и заштитна амајлија, станала вообичаена во Кабалата во раниот XIV век. Според Кабалата, маген Давид бил симбол на видливиот и на невидливиот свет. Исто така се сметала за симбол на системот од седум планети.

Според Кабалата, шестоаголниот средиштен дел, како совршена фигура, го симболизирал Шабатот, а шесте триаголници околу него ги означувале останатите шест дена во неделата. Четирите паралелограми издвоени од таа фигура ги симболизирале четирите страни на светот. Тој знак се сметал и за месијански симбол. Тој го претставувал соѕвездието на рибите, во чијшто знак се очекувал Месијата.

Маген Давид бил симбол на Евреите во дијаспората. Од крајот на XV век, маген Давид служел како трговски симбол на еврејските печатници во Прага, Италија и во Амстердам, а во исто време Евреите со тој знак почнале да ги украсуваат своите надгробни споменици. Првите такви споменици се појавиле во Прага. Евреите од Прага веќе во 1354 година го истакнале маген Давид на знамето на прашката еврејска општина. Веќе во тоа време, тој таму станал и официјален симбол на јудеизмот. Во истото значење, од почетокот на XIX век почнуваат да го употребуваат и Евреите од другите земји. Наскоро, покрај менората, свеќникот со седум краци, маген Давид, станал основен симбол на јудаизмот и знак за идентификација, кој го претставувал еврејството на истиот начин, како што крстот го претставува христијанството. Тоа придонело маген Давид да почне да се користи на еврејските обредни објекти, на печатите, на гробовите, на вратите од синагогите, молитвениците, еврејските учебници, посмртниците, надгробните споменици, талитите и сл. Ционистите во 1897 година го прифатиле маген Давид за свој знак, како симбол на еврејската нација.



Нацистите од Давидовата ѕвезда направиле знак на срам и презир. Во 1934 година тие издале наредба со која ги натерале Евреите, заради нивната идентификација, да си го пришијат на своите облеки знакот маген Давид, знакот на еврејскиот народ. По Втората светска војна, маген Давид за Евреите станал симбол на гордост и на нова национална свест, осветен со маки и страдања.

По основањето на државата Израел, маген Давид бил прифатен како симбол на знамето на државата Израел и, со додатокот од меч и маслинова гранка, како симбол на "Цаал" (Цева агана лејисраел – одбранбена војска на Израел).

# 33

# ДРУГИ ПОИМИ

## 33.1. Сенхедрин

Назив за претставниците на народот и на Големиот суд (Бит дин агадол) во времето на Вториот храм. Потекнува од грчкиот збор синедрион, кој значи совет.

Имало два совети: Сенхедрин гедола (Големиот совет) од 71 член и Санедрин кетана (Мал совет) од 23 члена.

На чело на Големиот санедрин стоеле претседател (наси) и неговиот заменик, т.н. татко на судот (ав бет дин). Третиот по ранг бил главниот судија, стручњакот што се нарекувал муфла. Седиштето на Сенхедринот било во Ерусалим.

За време на првите владетели на династијата на Хашмонејците, претседател на Санедринот бил големиот свештеник – коен гадол, чијашто функција била поврзана за кнезот или за царот. Во тоа време и повеќето членови на Сенхедринот им припаѓале на редот на кнезовите и свештениците. Со текот на времето Сенхедринот ја загубил својата теократско–аристократска физиономија и предноста ја добиваат хахамим (учените луѓе), кои се занимавале со проучувањето на Тората.

Според талмудската традиција, за членови на Сенхедринот биле избирани лица со убав изглед, висока става, кои, освен тоа, се истакнувале и со мудрост, зрелост и со познавањето на јазикот.

За време на државната самостојност под Хашмонејците и подоцна, Сенхедринот бил највисок државен, управен и судски орган. Неговата главна задача била автентично да ги толкува Мојсеевите закони и прописи, да донесува одлуки за "секоја тешка работа" и да ги решава политичките, кривичните и државните спорови од поголема важност.

Со оглед на тоа што целото еврејско законодавство се засновало на Тората, која не смеела да се прекрши, задачата на Сенхедринот била теоретски да ги објаснува законите и да донесува прописи според дадени животни ситуации. Тоа, всушност, значело и



создавање нови прописи во изменетите општествени услови.

За помалку важните прашања заседавал и донесувал одлуки малиот Сенхедрин од 23 члена. Во времето на римските наместници, Сенхедринот имал карактер на своевидна самоуправа, а по разорувањето на Храмот, ја изгубил секоја функција. Кога околу 80 година танаитите (види: танаим стр.169) го обновиле, Санедринот го претставувале хахамим (учените луѓе) кои биле мошне способни учители и толкувачи на законот. Во таа форма Санедринот се одржал до X век.

Во XVI век бил направен обид за обновување на Сенхедринот во Палестина. На иницијатива на Наполеон Бонапарта, на почетокот на XIX век во Париз повторно бил свикан Санедринот, за територијата во која владеела Франција, заради донесување заклучоци за ставот на Евреите кон државата по нејзината "емнаципација".

По прогласувањето на државата Израел во 1948 година, повторно се поставило барањето за обновување на Сенхедринот, но тоа прашање до денес не е решено.

## 33.2. Мињан

Мињан е група од 10 мажи постари од 13 години кои го сочинувале неопходниот збир потребен за извршување на одредени заеднички молитви и некои други верски обреди. Без мињан на пример, не може да се чита Тората, Кадишот и некои други молитви.

Богослужењето што се извршува заеднички се нарекува "Тефила бецибур" (групна молитва). Во некои традиционални еврејски општини, каде што во работен ден било тешко да се состави мињан, било обичај да се ангажираат неколку постари невработени лица за да се овозможи извршувањето на заедничката молитва. Тие лица добивале одредена награда за присуствувањето на утринската и на вечерната молитва во храмот.

Мињанот во услови на дијаспората одиграл голема улога во одржувањето на еврејството.

## 33.3. Шема (Кериат шема)

Назив за три дела од Тората кои е должен Евреинот да ги чита секое утро и секоја вечер. Тоа се: "Шема Јисраел" – "Слушни Израеле, Господ е наш Бог, Господ е еден", (V кн. Мојсеева 6,4–9)

"Веаја им шамоа тишмеу" – "Затоа ако добро ги послушате заповедите кои денес ви ги заповедам" (IV кн. Мојсеева 11, 13–21).

"Вајомер Адонај ел Моше лемор" – "И му рече Бог на Мојсеј говорејќи" (IV кн. Мојсеева 15, 37–41).

Според почетниот збор на првиот оддел, сите три оддели се нарекуваат "шема". Од II век н.е. воведен е обичајот на читање на "шема" и по трет пат на ден, и тоа навечер во постелата пред спиење.

"Шема" ја сочинува основата на еврејската вера. Во еврејската религија таа ја претставува највисоката потврда на единствениот Бог. Првобитно"шема" требало да ја истакне разликата помеѓу монотеизмот и многубоштвото, односно помеѓу едниот Бог и паганските богови.

Според легендата, Раби Акива, кого го осудиле Римјаните на смрт поради учество во во–

станието на Бар Кохба, читал “шема” пред извршувањето на пресудата. Познато е дека многу еврејски маченици заминувале во насилна смрт со “шема” на усните. Такви случаи имало и за времето на геноцидот во Втората светска војна.

## 33.4. Шемита (одрекување, напуштатње)

Шемита е назив за секоја седма година во циклусот од педесет години на еврејскиот календар, која според прописите на Тората, е година на одмор на земјата, како и Шабат, денот за одмор на човекот. “Кога ќе дојдете во својата земја која ви ја давам, шест години сејте и берете ги нејзините плодови, а седмата година оставете ја да остане необработена. Нека се хранат од неа сиромашните луѓе на вашиот народ, а она што ќе остане по нив, нека го изедат животните и шумските ѕверки. Тоа направете го со своето лозје и со својот маслиник” (Шемот 23,10–11).

Плодовите од полињата не смеат да се продаваат, а не е дозволено ни да се создаваат залихи: сè додека се наоѓаат плодовите на поле, тие се достапни за секого. Но секој може да зема само онолку колку што му е потребно за хранење.

Во годината Шемита, Тората забранува четири основни вида земјоделски активности: сеење, косење, кроење на дрвјата и на лозјето и берба на грозјето. Рабините ја прошириле забраната и на останатите полски работи, а ги дозволиле само оние што се неопходни за одржување на растенијата.

Тората налага и отпишување на долговите секоја седма година:

“Секој нека му го прости на должникот своето побарување, нека не го изнудува наплатувањето на долгот од својот ближен, ниту од својот брат” (V кн. Мојсеева 15, 1–34). Во земјоделската заедница кога ќе се задолжеле луѓето, заемот се земал само во случај на нужда или несреќа, а се сметал повеќе за чин на добра волја, отколку за деловна трансакција.

Кога станал посложен економскиот живот, долговите од деловните односи добивале поинаква форма и веќе не било правично едноставно да се отпишуваат. Поради страв дека ќе бидат отпишани долговите, луѓето почнале да го одбегнуваат одобрувањето на заеми, а за да се спречи сето тоа Илел (I век пр.н.е.) ја вовел правната новина, според која заемите заверени на суд се изземаат од примената на Шемита.

Овој правен инструмент, кој се нарекува “просбол”, му давал право на судот да ги наплатува долговите во кое било време на име и по налог на заемодавецот.

Поделени се мислењата околу прашањето дали треба да се применува Шемита и во денешно време. Ова прашање било особено значајно кога почнале да се основаат земјоделските населби во Израел.

Постоеле сомнежи дека примената на Шемита ќе биде причина за пропаѓање на младото земјоделство. Некои рабини се залагале за строга примена, додека други биле за олеснување. Бил воведен принципот “етер Шемита”, според кој било дозволено да се работи во годината Шемита врз основа на фиктивна продажба на земјата на неевреи. Многу луѓе ја користат оваа дозвола и работат за време на Шемита на сопствената земја како наемни работници. Таквата постапка има многу противници. Ортодоксните земјоделци строго се придржуваат до прописите на Шемита.

Многу мислители сметаат дека Шемита и Јовел (в. Јовел) спаѓаат меѓу најнапредните општествени реформи во историјата. Тие две институции на еврејското библиско законодавство, го штитат општеството од многу зла на феудалните и тоталитарните системи. Законот за времено ограничување на сопственоста, според кој, по одредено време, продадената земја мора да му се врати на нејзиниот поранешен сопственик го спречува трајното осиромашување, а правото на секој поединец да се врати во својата куќа и семејство го оневозможува трајното ропство.



## 33.5. Јовел

Јовел е назив во Тората за секоја педесетта година, која доаѓа по седум пати по седум години (Шемити) од претходниот Јовел. Називот потекнува од хебрејскиот збор јовел, што значи овенов рог – шофар, во кој дувале свештениците на десетти тишри за да го назначат почетокот на Јовел.

Годината на јовел имала посебно значење за општествениот живот на Израелците. Таа се заснована на истиот принцип како саботната година, во која земјата треба да мирува за да се покаже дека земјата не е ексклузивна сопственост на човекот. Оттука произлегува и прописот: “Земјата не може да се продаде засекогаш, зашто земјата е моја, а вие сте на неа само странци и мои закупци” (III кн. Мојс. 25 и 23).

Шемита почнувала на први тишри, а годината Јовел на десетти тишри.

Освен обврските што морале да се извршуваат во годината Шемита (в. Шемита стр.208), како што се целосна забрана на земјоделските активности, помош на сиромашните и опростување на долговите, во јубилејната година требало да им се вратат сите имоти на првобитните сопственици кои, можеби заради осиромашување или од нужда, морале да ги продадат во изминатиот период, а еврејските робови и нивните семејства добивале слобода без откуп. Јубилејната година се оценува како значаен социјален закон, зашто го спречува создавањето големи поседи во сопственост на неколкумина и влијае на рамномерната распределба на имотите на разни општествени класи.

Според податоците од Талмудот, Израелците од влегувањето во ерец Јисраел до изгонувањето на првите племиња имале 17 Јовели, а во времето на Вториот храм, според Мајмонидес, не се придржувале кон Јовел, иако го броеле заради одржувањето одбележувањето на Шемита.

## 33.6. Лекет - Ших’ха - Пеа

Тората наредува да ѝ се помага дискретно на сиромаштаијата и да се одбегнува давање милостина на понижувачки начин, од рака во рака. Суштината на таа наредба се состои во обврската на земјоделецот да одделува дел од целокупниот принос од својот посед во полза на сиромашните, вдовиците, сирачињата и туѓинците.

“Кога ја жнееш својата нива, не смееш да ја ожнееш до крај, и не смееш отпосле да го собираш класјето што останало. Исто така не смееш до крај да го обереш своето лозје, ниту да ги собираш гроздовите што паднале. Тоа мораш да му го оставиш на сиромашниот и на туѓинецот...” (III кн. Мојсеева 19,9–10). Има три начини на ваква помош; Лекет, Шиххха и Пеа.

## 33.6.1.

Класјето што ќе испадне од рацете на жнејачите за време на собирањето класје им припаѓа на сиромашните и сопственикот на полето не смее да ги собира. Тоа е право на сиромашните, зашто Тората наредува: "Не ги присобирај остатоците по жетвата" (III кн. Мојсеева 19,9). Под овој пропис потпаѓаат отпаднувањето на еден или два класа, но не и на три. Што се однесува до грозјето, се мисли на поединечните гроздови кои ќе испаднат за време на бербата. Овој пропис за присобирање е изнесен и во Повторените закони (Деварим, V Книга Мојсеева), каде се пропишува еден сличен пропис кој се однесува на маслиниците: "...кога еднаш ќе ги затресеш маслинките од дрвото не смееш повторно да го тресеш. Остави му на странецот, на сирачето, на вдовицата. Кога собираш грозје, не смееш да го прегледуваш лозјето по втор пат: она што останало, остави им го на странецот, на сирачето, на вдовицата".

Сопственикот на полето не смеел да му дава никому предност при вршењето на поберокот. Се сметало дека ги поткрадува сиромашните ако чува кучиња на полето што ги плашат сиромашните и ги спречуваат да влезат во полето и да вршат поберок. Меѓутоа, ако во околината немало сиромашни луѓе, сопственикот не бил обврзан да ги бара и можел во тој случај да си го задржи поберокот за себе.

## 33.6.2. Ших'ха (хебр. заборавање)

Снопот што е заборавен во полето им припаѓа на сиромашните. На сопственикот на полето му е забрането да се врати за да го собере. "Кога на својата нива ја жнееш летината, ако заборавиш некој сноп на нивата не се враќај да го земеш, нека му остане на дојденецот, на сиромашниот, на вдовицата..."(V кн. Мојс. 24, 19).

## 33.6.3. Пеа (хебр.: крај, агол)

За да биде сигурно дека сиромашниот ќе има сигурен и достоинствен извор на приходи, Тората  му наредила на земјоделецот да не го жнее својот посед до крај, зашто краевите и аглите им припаѓаат на сиромашните. "Кога на својата земја ја жнеете жетвата, не ја жнејте до крај..., туку оставете им го тоа на сиромашните и на странците" (III кн. Мојсеева 19,9). Иако Тората не прецизира колкава е мерата на приносите кои треба да бидат одвоени за сиромашните, Мишната се повикува на традицијата, според која, сопственикот на полето е должен да одвои најмалку една шеесетина  од целокупниот принос.

Пеа е уште еден пример за грижа за сиромашните, на што често се наидува во прописите на Тората.

Прописите Лекет, Шихѫха и Пеа се применуваат само во Израел.

## 33.7. Корбанот (хебр. жртви)

Принесувањето жртви од дамнешно време било вообичаено кај Евреите. Тоа, покрај молитвата претставувало главен верски обред со којшто се изразувало благодарност и приврзаност кон Бога, покајување и самоодрекнување заради гревот или вината.

Зборот корбан во Танахот се појавува околу осумдесет пати, најмногу во книгите Вајикра и Бамидбар (III и IV кн. Мојсеева).

Основната смисла на зборот корбан–жртва, која настанала од коренот К Р В (се приближува), е средство за приближување кон Бога. Мирисот на чадот од жртвата кој се издигнува кон небото, е природен симбол на молитва кој се издигнува до Господа, како што е тоа многу убаво изразено во псалмот: "Мојата молитва нека се издигне како благопријатен мирис пред Твоето лице" (141,2).

Според Танахот, првиот човек што му принел жртва на Бога е Адам. Кога по заоѓањето на сонцето почнало да се стемнува, тој си помислил дека нешто згрешил и дека поради тоа светот се враќа во бездна и во темнина. Но кога утрото сонцето повторно се појавило и осамнал ден, тогаш тој сфатил дека е тоа правилото на светот и дека така мора да биде, па затоа принел за жртва еден вол.

Адамовиот син Каин му принел на Бога жртва од плодовите на земјата, а неговиот брат Евел (Абел), од првините на својата стока.

Ноах (Ное) направил жртвеник кога излегол од ковчегот по потопот и му принел на Бога жртви палленици од животни и птици, за кои се сметало дека се чисти, според Тората.

Жртви принесувале и нашите пратaтковци во разни пригоди – по излегувањето од Египет, при примањато на Тората на ридот Синај итн.

Во еврејската држава до изградбата на Храмот во Ерусалим, се принесувале жртви на разни места, на жртвениците што ги подигнувале поединци. Главното место за жртвени обреди бил градот Шило, каде што Израелците заминувале на годишните празници, а потоа Бет Шемеш, Мицпа, Рама и Гилгал.

По изградбата на Храмот, принесувањето жртви било дозволено само во Храмот. Мајмонидес (Рамбам), објаснил дека обредот на принесување жртви, онака како што е пропишан во Тората, е смислен со цел да го одврати народот од паганските обичаи на соседните народи.

Тората точно ја одредила постапката при жртвените обреди во разни околности и видовите на животни и птици кои се сметаат за чисти, и кои можеле да се принесуваат за жртви. Тоа се: кравата, волот, телето, јунецот, козата, јарецот, овенот, срната, овцата, јагнето, гулабот и грлицата (Шемот 29; Вајикра 1–7).

Верските обреди кај Евреите во старо време во суштина биле општествени настани, па и принесувањето жртви претставувало јавен обред којшто го извршувале поединци во Храмот на годишните гозби на празниците.

Во времето помеѓу празниците, тие се задоволувале со заветите кои ќе ги исполнат во времето на тие гозби. Тогаш огромна маса народ од сите делови на земјата со песна се движела кон Храмот, носејќи со себе леб и вино за почетокот на гозбата и во знак на гостопримство. Ниедно жртвување не се извршувало без присуство на гости. Деловите од жртвата им биле понудувани и на богатите и на сиромашните од кругот на познаниците и на пријателите.

Убивањето на животните заради храна била ретка појава и тоа се вршело само при подготвување на семејни гозби. Се сметало дека вообичаеното подготвување на месо за јадење имало жртвен карактер и дека тоа треба да се извршува само во светилиште. Крвта се сметала за седиште на душата и главен носител на живот и затоа се употребувала исклучиво во свети обредни цели. Со текот на времето заедно со жртвените обреди сè повеќе растело значењато на проучувањето на Тората (Талмуд Тора) и вршењето добри дела (Гемилут хасадим). Учителите и мудреците почнале повеќе да ги ценат од не–

уките свештеници, па дури и повеќе од големиот свештеник, ако тој бил необразован. Кога, при крајот на Вториот храм жртвените обреди почнале да ги извршуваат и неуки свештеници без углед, членовите на "Големото собрание" (Анше Кенесет Агедола) вовеле молитви наместо обред. Учените луѓе му објаснувале на народот дека изучувањето на Тората има предност над принесувањето жртви и дека нив не мора да ги принесува оној што се занимава со Тората. Во основа жртвите можат да се поделат во три групи: зевахим, минхот и несахим.

Зевахим се жртви што се принесуваат од животни или од птици, кои се сметаат за чисти според Тората, минхот се приноси од некои видови житарици, а несахим се течни жртви од масло или вино со кои се залеваат жртвите паленици и жртвите за помирување (жртви на мир во знак на сојузот помеѓу човекот и Бог).

На Сукот за време на молитвата за повикување дожд (Тикун агешем), жртвеникот се залевал со вода. Корбанот цибур се јавни жртви во кои спаѓаат корбан тамид и корбан мусафин. Корбан тамид е дневна жртва која обично се принесувала во исто време, секое утро и секоја вечер, и го претставувала сигурното ветување на Израел за верност кон Бога. Мусафим се додатни жртви, кои се принесувале во Сабота, на празник и на Рош-ходеш. Под јавни жртви се подразбираат и прилозите од половина шекел годишно, кои секој Израелец задолжително ги давал за купување жртви, за поправка на Храмот и на светилиштето.

Корбанот ајахид се жртви кои морал да ги принесува поединецот заради опростување на гревовите и очистување од нечистотијата. Во оваа група спаѓале и доброволните жртви од поединци.

Месото на некои од животните им припаѓало на свештениците, од некои други на сопствениците, со тоа што се издвојувал по еден дел за сопствениците, а некои жртви цели се изгорувале на жртвениците.

Корбан ола е жртва паленица. Се сметала за најсвета жртва, зашто претставувала симбол на издигнување на душата кон Бога. Таа се изгорувала цела без кожата, а со жртвената крв се попрскувал олтарот и неговата околина. Се принесувала секое утро и попладне, потоа во сабота, на Рош-ходеш, при посветување на свештениците, за очистување на родилките, на лепрозните, на болните од полови и кожни болести и при давањето завет за назир (назиреја). Корбан хова е задолжителна жртва во која спаѓаат Корбан хатат и Корбан ашам. Корбан хатат се принесувала заради окајување на гревот направен кон Бога и во случаи на ненамерно прекршување на верските прописи, кога при тоа никој не претрпел штета, а Корбан ашам заради вина кон човек, на пример, во случај на враќање на украдените работи и сл.

Корбан тода е жртва-подарок, која ја принесувал поединецот во знак на благодарност кон Бога. Дел од жртвуваното животно се изгорувал, а остатокот го јаделе свештениците и народот, што со текот на времето се претворало во гозби.

Корбан вадај е жртва која се принесувала заради очистување од гревовот кој бил сигурно направен, а Корбан талуј заради очистување од гревот за кој не е утврдено со сигурност дека е направен.

Корбан оле вејоред е жртва која се принесувала доброволно од животни по сопствен избор, во зависност од материјалната состојба на оној што принесувал.

Бикурим се земјоделски производи што се принесувале на празникот Шавуот во Храмот (пченица, јачмен, смокви, грозје, маслинки итн.). Според оваа жртва и празникот Шавуот го носи називот Хаг абикурим, што значи Празник на првините.



Колкаво било значењето на жртвените обреди се гледа и по тоа што дневните жртви, и покрај немаштијата и гладта, се принесувале за целото време на римската опсада на Ерусалим, сè до пробивањето на одбранбените ѕидини на Храмот на 17. тамуз. Тогаш поради недостиг од јагниња и квалификувани свештеници, било прекинато принесувањето на дневните жртви.

По разорувањето на Храмот на деветти ав, системот на принесување жртви е заменет со молитви. Во некои молитви се внесени делови што се однесуваат на описот на жртвените обреди во Храмот, како на пр. Езеу мекоман во Шахарит и Седер аавода во Мусафа на празникот Јом кипур.

## 33.8. ШАХАРИТ - ШАХРИТ (хебр. шахар - зора)

Шахарит е секојдневна утринска молитва. Време за оваа молитва е периодот од осамнување, до третината на денот. Била воведена наместо жртвата која секојдневно се принесувала во ерусалимскиот Храм.

Се дели на пет дела:

1. Бирхот ашахар (утрински благослови);
2. Песуке дезимра (псалми);
3. Кериат шема (читање на Шема Јисраел - Слушни, Израеле!);
4. Шемоне есре-Амида (осумнаесет благослови, кои се читаат стоејќи);
5. Таханум (молба, заклетва).

Главните делови на Шахаритот се Шамата со благослови и Шемоне есре-Амида. Амидата се состои од 18 благослови на обичните денови, а од седум во сабота и на празници. Верникот ги чита тивко во себе, стоејќи, а потоа хазанот ги чита гласно додавјќи го и Кедушот (третиот од 18 благослови).

Таханум се испушта во сабота, на празници и во други свечени пригоди.

Во сабота попладне и во понеделник и четврток наутро, на Шахарит се чита Тората. Читањето на Тора (кериат атора) го вовело Големото собрание (Анше Кенесет Агедола) во времето на просветителот Езра, во половината на V век пр.н.е.

Според преданието, на секој од трите наши прататкoвци му се припишува по една молитва. Шахарит му се припишува како дневна молитва на прататкото Авраам, зашто во Тората е запишано: "Вајакшем Авраам бабокер..." "И Авраам утрината порани" (I кн. Мојсеева 22, 9).

## 33.9. МИНХА (хебр. жртва подарок, попладневна молитва)

Тефилат Минха е попладневна молитва, една од трите кои ги извршуваат Евреите секој ден. Востановена е наместо жртвата која се принесувала во ерусалимскиот Храм секој ден попладне во 12,30 часот. Затоа времето за оваа молитва е одредено од 12,30 часот до заоѓањето на сонцето.

Изразот Минха во Танахот се сретнува со значење подарок и жртва. Единствено во тал-

мудската литература овој збор значи поладневно богослужење. Овој збор се спомнува и во Книгата на Даниел (6–11).

Минхата која се извршува во првите часови попладне се вика Минха гедола (голема Минха), а Минхата која се извршува пред заоѓањето на сонцето се вика Минха кетана (мала Минха). Оваа молитва во XIX век од практични причини била поместена многу блиску до времето на заоѓањето на сонцето, за да може, по краток одмор, да се премине на тефилат Арвит (вечерна молитва).

Во сабота по одреден редослед кон молитвата се додава и читање на Тората. Се чита првиот извадок од Сидра, која е на ред за следната сабота наутро. Во читањето се повикуваат Коен, Леви и Јисраел. На празник попладне на Минха не се чита Тората. Во деновите на постот се чита Тората. Се повикуваат Коен, Леви, Јисраел и Мафтир. Минхата му се припишува на прататкото Јицхак.

## 33.10. Арвит - Маарив (вечерна молитва)

Арвит или Маарив е една од трите молитви кои ги извршуваат Евреите секој ден. Времето за извршување на оваа молитва започнува од моментот кога се видливи три ѕвезди на небото и трае до полноќ, а во посебни случаи и до осамнување.

Во ерусалимскиот Храм се принесувале жртви два пати дневно: наутро и попладне. По разорувањето на Храмот, наместо жртви биле воведени молитви: Шахарит наутро и Минха попладне. Вечерната молитва Арвит или Маарив не соодветствува ниту на една жртва која своевремено се принесувала во Храмот. Таа е воведена наместо парчињата жртви кои понекогаш останувале на жртвеникот и биле изгорувани во текот на ноќта. Заради тоа во почетокот оваа молитва не била задолжителна, но со текот на времето и таа била прифатена како обврска.

Во почетокот било дозволено да се извршува оваа молитва дома без мињани. Подоцна Рабан Гамлиел II, во Јавена, пропишал дека секој верник е должен да ја моли заедно со заедницата во синагогата. Кон овој пропис имало приговори, зашто синагогите во тоа време биле надвор од градот и било опасно да се движиш навечер сам. Меѓутоа надвладеала одлуката на Рабам Гамлиел.

Во синагогата обично Арвит следи по Минха, за да се одбегне повторно собирање на мињаните.

Во петок навечер на Арвит му претходеле “Кабалат шабат” (дочек на Саботата), кој се состои од шест псалми, како симбол на шест работни дена, и од псалмот 92 “Мизмор шир лејом хашабат”, во чест на саботата.

По истекувањето на саботата (Моцае шабат), на Арвитот му претходат псалмите 144 и 68. Во псалмот 144, меѓу останатото, се изразува чудење поради тоа што Бог, кој е толку велик, ги удостојува грижите на човекот, кој е толку мал и безначаен, а во псламот 67 се изнесува идејата дека Бог му се открива не само на народот на Израел, туку и на сите народи.

Тефилат арвит му се припишува на прататкото Јаков.



## 33.11. Мусаф (хебр. додатен)

Мусаф е назив за додатна молитва, која ја воведе рабините по разорувањето на Храмот во знак на сеќавање на жртвите, кои се принесувале во Храмот во Сабота, на празник и на Рош–ходеш. Покрај пропишаните попладневени и утрински жртви, кои се принесувале секој ден во ерусалимскиот Храм, Тората предвидела и принесување на додатни жртви–мусафим на празници, вклучувајќи ги Рош–ана и Јом кипур.

Мусаф е составен дел на утринското богослужење на шахарит на празниците во Сабота и се моли веднаш по читањето на Тората. Се состои од три заклучни благослови од Амидот. Во средината е молитвата со која се опишува соодветната празнична жртва во ерусалимскиот Храм. На крајот на Мусаф се објавува благослов од свештеникот (Биркат акоаним).

Мусафот, кој се извршува на Рош–ашана е најдолгата молитва од сите Амидот (молитви). Содржи девет благослови и три главни дела кои се нарекуваат Малхујот, Зихронот и Шофарот. Секој од овие три дела содржи по десет библиски цитати, кои се однесуваат на Божјото царство, провидение и откровение.

На првиот ден на Песах, Мусаф започнува со молитва за роса (Такун атал), а на Шемини ацерет (осмиот ден од Сукот) со молитва за дожд (Такун агешем).

Мусафот за Јом кипур го содржи редоследот на обредот којшто го објавувал големиот свештеник на Јом кипур во Ерусалим (Седер аавода).

## 33.12 Амен (хебр. така е, така нека биде)

Обредниот израз “амен” има повеќе значења: согласност  со содржината на молитвата или благословот, со обврските за спроведување на одредени прописи, желба да се оствари нешто итн. Со “амен” се изразува и согласноста со исказот на друго лице. Лицето што при заклетва ќе одговори со “амен”, се смета дека  и самото тоа се заколнало. Во текот на времето се зацврстил обичајот изјавувањето на секоја добра желба да се заврши со изразот “амен”.

Во времето кога немало молитвеници, а и многу луѓе не знаеле како да се молат, верниците со одговорот “амен” биле ослободени од обврската самите да кажуваат молитва.

Рабините говореле дека е позаслужен оној што одговара”амен”, отколку оној што ја извршува молитвата и дека со тој одговор се продолжуваат деновите од животот.

Верникот што завршува некоја молитва не си дава одговор “амен” на самиот себе. Исклучок од ова е третиот став во благословот по јадењето (Биркат амазон), кој се завршува со “амен”.

Во Танахот “амен” се сретнува 14 пати, како израз на потврда и согласност. Во времето на Вториот храм, овој израз служел како одговор на молитва надвор од Храмот. Во Храмот наместо “амен” се одговарало: “Барух шем кевод малхуто леолеам ваед” (Нека е довека благословено Неговото славно царство). Од Мишната дознаваме дека свештениците и народот така одговарале кога Коен Гадол (големиот свештеник) го изговорувал името Божје.

Денешниот одговор на верниците во синагогата “Амен јехе шеме раба” (Нека е благословено Неговото големо име) е комбинација на одговорот кој се давал надвор од Храмот и одговорот во Храмот. Со тоа се објаснува и големото значење на “амен” во синагогална–

та литургија. Во Талмудот се спомнува дека шамашот во синагогата во Александрија со знаме ѝ давал знак на групата дека хазанот ја завршил одредената молитва и дека треба да се каже "амен".

Одговарајќи "амен", слушателот се поистоветува со молитвата на предмолителот и ѝ се подредува на неа. Кога ги примиле Израелците законите од Мојсеј, рекле "амен". Со тоа ја изразиле не само согласноста, туку и прифаќањето на сите последици што произлегуваат од тоа. Според Талмудот, "амен" ги содржи иницијалите на реченицата "Ел мелех нееман" (Бог е вистинскиот цар).

Многу луѓе сметаат дека е "амен" најпознатиот збор во човековиот говор. Овој збор им е близок и на Евреите и на христијаните и на муслиманите.

## 33.13. Аава вереут - љубов и пријателство

"Веаавта лереаха камоха – возљуби го својот ближен како самиот себе" (III Кн. Мојсеева, 19,18). Тоа е универзална библиска заповед, која се применува за секого. Во 34 реченица од истата глава, оваа заповед се проширува и кон туѓинци: "Возљуби го туѓинецот како самиот себе, зашто сите вие сте биле туѓинци во египетската земја" (19–34), што е императив на етичкото однесување.

Рамбам (Раби Моше бен Мајмон – Мајмонидес) ја објаснува смислата на изреката "возљуби го својот ближен како самиот себе": "Значи дека ќе го почитуваш онака, како што би сакал и ти да бидеш почитуван. Секој што ликува понижувајќи го другиот нема да има свое место на оној свет".

"Вие нема да го мразите вашиот брат во своето срце" (Вајикра 19,17), значи дека не смеете молчејќи да ја поднесувате омразата на грешникиот, туку отворено да го прашате. Зошто ми го направи тоа?"Ако се покае тој и побара од вас опростување, тогаш вие немојте да бидете непопустливи и простете му. Ако видите дека тој прави престапи, тогаш мора да го убедите дека греши. Но тоа треба да го правите незабележливо и благо. Никогаш не го нарекувајте со погрдно име и не му кажувајте нешто што би можело да го повреди.

Еднаш во една пригода, дошол некој незнабожец кај големиот научник Хилел и потсмевајќи му се, побарал од него набрзина, додека стои на една нога, да го подучи и да му ја објасни Тората. Хилел живеел во Ерусалим за време на владеењето на Херод од династијата на Хашмонејците и бил познат по својата услужливост и трпеливост. Хилел тогаш му рекол: "она што ти самиот го мразиш, немој да му го правиш на другиот. Тоа е суштината на Тората, а сѐ друго е коментар. Оди и учи!"

Вистинската љубов се проверува со искреноста. Таа не треба да биде пречка за да се изрази прекор или осуда, или да се прифати критиката... "Укори го мудриот човек и тој ќе те засака" (Мишле 9,8).

Омразата предизвикува судири, а љубовта ги прикрива навредите. Тој што ја заборава навредата, бара љубов.

Стекнувањето пријател е вистински подвиг. Силен е оној човек што успева да направи пријател од непријателот. Се препорачува само искреното пријателство, а лажното се осудува: "Стојте понастрана од влијанието на властодршците што ви се прават пријатели кога сте им потребни, а нема да ви помогнат кога сте во неволја" (Авот, 2,3).

Искреноста е особено важна во самоиспитувањето. Без длабока искреност нема вистински суд за себе. Самољубието ќе го заслепи нашето расудување. Самољубието често предизвикува кај човекот чувство на претерана важност, неувидување на сопствените недостатоци, при што недостатоците на другите се гледаат сосема јасно. Во самокритичноста би требало да се обидеме да го отстраниме или барем да го намалиме самољубието, а исто така за себе да судиме на истиот начин на кој судиме за другите.



Познатиот раби Елијау Гаон од Вилна (1720–1797), прочуен по својот чеден и скромен живот, во едно писмо до своето семејство го напишал следново: "Однесувајте се со почитување и љубезност кон сите луѓе. Настојувајте да ја одбегнувате неслогата и потрудете се да завладее братство и љубов. Проштевајте си едни со други и живејте во пријателство заради Бога".

## 33.14. Аава раба

"Ааава раба" (голема љубов) и "Ааават олам" (вечна љубов) е благослов, кој ѝ претходи на утринската и на вечерната молитва "Шема Јисраел" (Чуј Израеле!).

Според ашкенашкиот обичај, благословот започнува "Ааава раба", а според сефардскиот со зборовите "Ааават олам".

"Ааава раба" е една од најубавите литургиски молитви. Таа е мошне стара молитва, која веројатно ја вовело Големото собрание (Анше Кенесет Агедола) во раниот период од Вториот храм. Длабоката љубов кон Бога и Тората, кон неговата наука, одекнува во оваа молитва во која верниците со сето срце му се обраќаат на својот милосрден Отец небесен да им даде светлина на очите и да им го просветли разумот за да можат да го сфатат неговото учење.

Како што во псалмот 19 се изразува благодарност кон Бога најпрвин за сонцето, а потоа за Тората која го просветлува разумот, така и ние во овие две молитви пред Шема, најпрвин изразуваме славопој за природната светлост (биди благословен Создателе, на светлоста), а потоа и славопој за духовното просветлување.

Еве неколку изрази од молитвата "Аава раба": "Оче наш, Оче милосрден, сожали се на нас и вдахнови нѐ да разбираме и да разликуваме, да учиме и да подучуваме и со радост да ги исполнуваме сите слова на Тората. Просветли ги нашите очи со Твојата наука за да ни се припојат срцата со заповедите Твои".

Поимите "да учиме" и "да подучуваме" се наведуваат како највозвишени идеали.

## 33.15. Љубов кон човекот (човекољубие)

Љубовта кон човекот е во целосна согласност со етиката на еврејството, чиишто извори се во Библијата, особено во Петтокнижието и во книгите на пророците. За да се согледа тоа совпаѓање, еве неколку примери:

"Не можеш да бидеш среќен, ако е твојот ближен несреќен. Затоа помогни му, па и двајцата ќе бидете среќни. Не можеш да бидеш радосен, ако тагува твојот сосед. Затоа утеши го, тоа ќе те направи радосен".

Универзалноста на текстовите за љубовта кон човекот ги изедначува сите луѓе, без оглед на бојата на кожата, на верата и народноста. Таа потврдува дека се сите луѓе синови и браќа на еден Створител (Создател).

Во еврејството верата и моралот се сврзани во нераскинлива целина. Молитвите говорат за тоа дека љубовта кон Бога не е целосна без љубов кон човекот. Оваа мисла го чува човекот од тоа да не го унесреќи својот ближен, или да му нанесе болка, страдање, штета, да дојде во судир со него, да ѝ потклекне на тиранијата и на општествената нееднаквост.

Основите на јудеизмот се отсуство на насилство, братство на човечката раса и светост на животот и слободата. Растурен по сите делови на светот, еврејскиот народ е поврзан со заедничка историја и со чувство за меѓусебна одговорност. Идејата за поврзаноста и меѓусебната одговорност на Евреите доминира во еврејските молитви и во еврејската традиција. Кога поединецот на празникот на проштевањето му се обраќа на Севишниот, молејќи за опростување на гревовите што ги направил, тој говори во множина: не вели грешев, туку грешевме, зашто се смета целата заедница за одговорна за престапите на поединецот, кои не можеле да бидат спречени.

Библиските прописи ја истакнуваат заинтересираноста на заедницата за воспитувањето на децата. Кога е беспомошен авторитетот на родителот, тогаш заедницата треба да помогне. Во случај кога е синот непоправлив, тогаш вината не може да се фрли само врз него, ако неговите родители не можеле да влијаат врз детето заради ментален или физички недостаток, или заради недостиг на слога и меѓусебна љубов.

Почитувањето на Бога е тесно поврзано со добрите дела како што се милосрдието и добродетелството, кои произлегуваат од човековото срце. Како што ги облекол Бог Адам и Ева, така и човекот мора да го облече оној што е гол. Како што Бог му дошол во посета на Аврам кога бил болен, така и човекот треба да оди на посета кај болниот. Како што го погребал Бог починатиот Мојсеј, така и човекот треба да го погребе починатиот човек. Како што Бог ги теши ожалостените, така и човекот мора да ги теши оние што се во жалост. Ова учење го содржи принципот дека човекот секогаш треба да го има за пример Божјото милосрдие.

Јудеизмот смета дека свирепоста кон животните спаѓа во тешките престапи:

● “Саботата е ден за одмор кога треба да се одмораат и волот и мазгата, исто како и човекот”.

● “Ако натовареното животно на твојот непријател лежи исцрпено под товарот, не смееш да го оставиш без помош, туку мораш да му помогнеш“.

● “Забрането е заедно да се впрегнат вол и мазга зашто тие многу се разликуваат по својата сила и големина”.

● “Вистинскиот човек се грижи за своето животно, додека лошиот е немилосрден кон него”.

Ловот никогаш не бил популарен кај Евреите. Еврејската традиција никогаш не била наклонета кон личностите од Библијата  кои го сакале ловот, како Нимрод, Јишмаел и Есав. Хајнрих Хајне, чијшто однос кон еврејството бил променлив, вака говорел за ловот: “Моите предци не им припаѓале на оние што ловеле, туку на оние што биле ловени”. Валтер Ратенау, филозоф и политичар кого го убиле германските антисемитисти во 1922 година, изјавил: “Кога ќе каже Евреинот дека оди на лов заради разонода, тогаш тој лаже”.

Познатиот учен Раби Акива, кој бил духовен водач во бунтот на Бар Кохба против Римјаните, сметал дека најдлабока содржина има прописот на Тората: “Возљуби го ближниот свој, како самиот себе”. Рабинот Бен Азаја, современик на Раби Акива, ја проширува мислата за единството на човечкиот род и вели: “ни црн, ни бел, ни голем, ни мал – туку



само човек”. Бидејќи според Библијата, Адам бил предок на целото човештво, “сите луѓе се браќа, деца со исто потекло”.

Талмудско–мидрашката литература содржи голем број добри совети во форма на афоризми и на пословични изреки. Еве неколку примери:

● “Лесно е да се стекне непријател, но тешко е да се стекне пријател”.

● “Оној што ќе го претвори својот непријател во пријател, тој е најголем јунак”.

● “Колку што е поголем човекот, толку е тој поскромен”.

● “Кој не работи ништо, бргу умира”.

● “Човекот може за две години да го заборави она што го научил за дваесет”.

● “Посвети им посебно внимание на децата на сиромашните зашто од нив ќе дојде знаењето”.

● “Треба да се биде внимателен со жените и да не им се даде причина да плачат зашто Бог ги брои нивните солзи”.

● “Човекот ги забележува недостатоците на другите, а своите не ги забележува”.

● “Тој што бара пријател без недостатоци, ќе си остане без пријатели”.

● “Учтивоста е почеток и крај на Тората (науката)”.

● “Ако побараат двајца луѓе помош од тебе, а едниот од нив е твој непријател, помогни му најнапред на непријателот”.

● “Кога умираат добрите луѓе, тие не се сосема мртви зашто живеат нивните дела”.

Следниве пораки јасно ја покажуваат моралноста на средновековните еврејски учители:

● “Исфрли ги зависта и омразата од твоето срце”.

● “Не прави ништо поради што би можел да се срамиш“.

● “Не влегувај со никого во конфликт. Смирувај ги луѓето секогаш кога ќе можеш“.

● “Никогаш не зборувај бесмислени зборови”.

● “Ако си богат, немој да се издигнуваш над твојот сиромашен брат. И ти и твојот сиромашен брат сте дојдени голи на овој свет и на крајот сите заедно ќе почивате во прав”.

● “Научи како да бидеш љубезен кон сите во секое време”.

● “Ако си побогат и помудар од другиот мора да знаеш дека врз тебе лежи поголема одговорност”.

● “Прочисти ги своите мисли и размисли пред да одговориш“.

● “Почитувањето на Бога е ѓердан, на кој како бисери се редат човековите дела. Ако се раскине овој ѓердан, и бисерите ќе се растурат на сите страни  и ќе се загубат еден по еден”.

●”Биди прв кој ќе го поздрави својот познаник; повикај го на своите веселби, не ги откривај неговите тајни, заштитувај ги неговите интереси кога е на пат, не му замерувај за недостатоците и прости му; моли се за него и посакај му среќа”.

Еврејскиот молитвеник е преполн со благослови упатени кон Царот на вселената: "Кој им ги отвора очите на слепите, ги облекува голите, ги ослободува заробените, ги подигнува понижените, им дава сила на исцрпените". Има околу стотина вакви и слични други благослови, кои го потсетуваат човекот на неговите обврски кон ближниот, зашто сите својства што му се припишуваат на Бога, таткото на милосрдието, имаат за цел да влејат во нас чувство за обврска кон другиот. Затоа верникот постојано и ревносно ќе ги повторува молитвите сосредоточувајќи се на нивното суштинско значење и содржина.

Во еврејската верска книжевност често се сретнува поимот милосрдие. Псалмот 136 се разликува од другите псалми по тоа што секој од неговите 26 стиха завршува се рефренот "Неговата милост е вечна" (Ки леолам хасдо). Слично, и поимот на светоста, кој често е изразен во формулата "ашер кидешану" (кој не посветил), ги вклучува поимите на правдата, добрината, мудроста и вистината.

Смислата на животот на Евреинот е во упорното и постојано учење и проучување. Тоа е изразено во благословот кој гласи: "Благословен да си Ти кој си нè посветил со своите прописи и си наредил да ја проучуваме Тората (науката)". Возвишениот идеал за пренесување на знаењето кон другите е изразен во благословот, со кој и самиот Бог се нарекува учител. Еден рабин од XIII век пишува дека е вистинската мудрост несебична, така што таа сака да биде пренесувана од еден на друг. Вистински мудриот човек ќе го пренесува понатаму она што го примил самиот.

Храбриот и чесен човек нема да поткленкне под заканата и заплашувањето, туку храбро и без страв ќе ги кори на истиот начин и силните и слабите.

## 33.16. ЦЕДАКА (добродетелство - милостина)

Прописите на Тората им наложуваат на луѓето да бидат милосрдни и да им помагаат на сиромашните.

"Ако кај тебе има некој сиромашен помеѓу браќата твои во некое твое место, во земјата која ти ја дава Господ Бог твој, не допуштај да ти се закорави срцето твое и да ја стисне раката твоја кон твојот сиромашен брат. Туку отвори ја својата рака и позајми му со драго срце колку што му треба во неговата нужда..." (V кн. Мојсеева 15,7–8);... "и прифати го, па макар да е и туѓинец или дојденец и нека поживее кај тебе" (III кн. Мојсеева 25,35).

• Ако здогледа некој сиромашен човек кој бара милостина и ги одврати своите очи од него за да одбегне да му ја пружи, таквото лице ја крши библиската заповед.

• Должност на секој Евреин е да го нахрани и да го облече сиромашниот, како Евреинот, така и неевреинот.

• Секое лице дава цедек според своите можности. И сиромашниот кој прима милостина (или кој живее од социјална помош) треба да му даде милостина на друг сиромашен човек кој е во потешка положба од него, па дури и ако е малку тоа што може да му го даде. Малата сума што ја издвоил сиромашниот има подеднаква вредност со големите суми што ги даваат во доброволен прилог богатите луѓе. Но ако сиромашниот има само толку со што едвај може да си го одржи голиот живот, тој не е обврзан да дава милостина зашто мора прво да се нахрани себеси, па потоа другиот.

• Милостината треба да се дава радосно, со многу добра волја. Ако дарителот на непријатен и груб начин, со намуртен израз на лицето, дава дури и голема сума пари, тој ја крши заповедта на Тората која вели: "Подај му рака и нека не жали твоето срце кога



му даваш; зашто Господ Бог твој ќе те благослови тебе за тоа дело во секоја твоја работа и во сè за што ќе се зафатиш со својата рака" (V кн. Мојсеева 15,10.)

• Забрането е да се укорува сиромашниот или да се крева гласот кон него, зашто неговото срце веќе е здробено и духот му е скршен.

• Голема доблест и заслуга е да се биде пример и да се инспирираат другите луѓе во значењето на добродетелството. Во Танахот пишува: ..."и кои многумина ги приведоа кон правичноста, ќе сјаат како ѕвезди секогаш и вечни векови"(Даниел , 12,3).

Сите наведени обврски се однесуваат на лицето што дава милостина и прави добри дела. Има исто така и прописи што се однесуваат на можните приматели на милостината.

• Човекот мора да се бори да не им биде на товар на другите или да не стане зависен од другите. Дури и угледниот научник или угледното лице кое осиромашило, мора да најде физичка работа, па макар и земјоделска, пред да стане зависен од милостината на другите.

• Ако некој не може да опстане без цедек, не треба да се колеба да го прифати. Ако е горд и го одбие цедекот, се споредува со оној што си го одзема животот и така прави грев.

• Религиозна должност (мицва) е да му се позајмат пари на сиромашното лице. Позајмувањето пари на сиромашно лице е поголема мицва од давањето милостина на оние што молат за неа. Зашто овие последниве се приморани да бараат милостина, додека на оние првите треба да им се помогне додека сè уште не стасале до таква состојба.

• Мицва е да му се помогне и на богатиот човек кога се наоѓа во ситуација кога мора да позајми пари.

Забрането е да се врши притисок за враќање на долгот ако ни е познато дека должникот сè уште не е во можност да го врати долгот. Тората вели: "Кога му даваш на заем пари на мојот народ, на сиромашниот кој е кај тебе, немој да бидеш како лихвар, и не му пресметувајте камата за заемот" (II кн. Мојсеева 22,24) На должникот, од друга страна, му се забранува да го одложува враќањето на парите ако има средства да го подмири долгот.

• • • • • • • • • • • • • •

Постојат повеќе степени на вршење добри дела од кои секој степен е на повисоко од другиот:

**Осмиот и најнискиот степен** е кога правиме добро дело, но со тешко срце.

**Седмиот степен** е кога даваме помалку од она што ни дозволуваат можностите.

**Шестиот степен** е кога му ја даваме милостината на сиромашниот отпосле, а не во моментот кога ни ја побарал.

**Петтиот степен** е кога му даваме милостина на сиромашниот и тогаш кога тој не ја бара.

**Четвртиот степен** на давање е посредно давање. Примателот знае кој е давателот, но давателот не го знае примателот.

**Третиот степен** е кога давателот го знае примателот, но примателот не го знае давателот.

**Вториот степен** е кога ниту давателот, ниту примателот не знаат кому даваат, ниту од кого примаат милостина. Прилозите во добротворните институции спаѓаат во категоријата на таквото давање милостина.

**Највисокиот степен на добродетелство** е кога ќе му помогнеме на загрозениот пред да осиромаши целосно, давајќи му значаен материјален подарок на таков начин на кој тој ќе си го зачува неговото достоинство, или кога ќе му подариме соодветна сума пари со отворен или мошне растеглив рок на враќање. За највисок степен на добродетелство се смета и помошта на загрозениот да најде вработување, или помошта за негово целосно осамостојување, овозможувајќи му повеќе да не зависи од никого.

(Мајмонидес, Мишне Тора, Илхот Матентот анијим гл.10)

## 33.17. Сидур атефила (Молитвеник) - скратено Сидур

Сидур е збирка од молитви наменети првенствено за обичните денови и за Сабота, и од најважните делови на празничните молитви. Самиот збор значи уредување. Редоследот на молитвите во Сидурот е речиси ист и во старите и во новите изданија. На прво место се молитвите за трите дневни служби: Шахарит (утринска), Минха (попладневна) и Арвит (вечерна). Понекогаш се додаваат и други литургиски текстови: Теилим (псалми), Пирка авот (Изреки на татковците), Пизмоним лешабат (саботни песни), Шираширим (Песна над песните). Во дневниот молитвеник се внесени и молитви за одредени пригоди како на пример за: Берит мила (обрежување), Пиѓон абен (откуп на првороденецот), Нисуим векдушим (венчавање), Буиркат амазон (благослов по јадење), Кериа шема ал амита (молитва пред спиење) итн. Некои молитвеници содржат и извадоци од Тората, кои се читаат во понеделник, четврток и во сабота на Минха, некои за пости и за Ханука, а некои содржат и објаснувања на разни прописи. Содржината и редоследот на Сидурот зависи од тоа дали е составен според сефардски или според ашкенашки обичај.

Се вели дека ниедна религија не може да се сфати целосно ако не се земе предвид нејзиното дневно богослужење, зашто во него најдобро може да се почувствува пулсот на секоја религија. Тоа особено се однесува на јудеизмот кој се одразува во Сидурот, таа најпопуларна книга во еврејскиот секојдневен живот. Ако има некоја книга која може да ни каже што значи да се биде Евреин, тогаш тоа е секако книгата Сидур – дневниот молитвеник кој ги овоплотува тежнеењата, страдањата и радостите на многу генерации. Во неа се согледува и развојот на еврејскиот дух низ вековите. Еден значаен дел од еврејскиот молитвеник ги содржи и филозофските остварувања на многубројни познати и непознати творци. Во неговиот текст се втакени многу цитати од Библијата, Талмудот и Зоарата. Минувајќи го долгиот процес на својата еволуција, Сидурот се развивал на тој начин што му овозможува на секој верник да се запознае со разните форми на еврејското учење и на религиското изразување. Неговото разновидно авторство покажува дека многу Евреи имаат удел во неговото подготвување; за речиси две илјади години, еврејските молитви го сочувале хебрејскиот јазик и придонеле за зачувување на еврејскиот идентитет.

Треба да се истакне дека хебрејскиот во молитвите отсекогаш бил веригата, која ги поврзувала Евреите ширум светот. Обидите да се замени хебрејскиот со мајчиниот или со некој друг јазик никогаш не се завршувале успешно. Тоа е можеби така затоа што изразите и зборовите од поранешните векови се веќе застарени во однос на денешниот начин на изразување. Меѓутоа еврејските молитви, пеени или читани на традиционален начин на хебрејски јазик може да се повторуваат речиси во секоја пригода, а при тоа да не создаваат монотонија. Задржувањето на старите изрази и молитви има големо значење за зачувување на долгиот континуитет на еврејското богослужење и традиција. Еврејските мудреци постојано ја истакнуваат важноста за еднообразност во синагогалната служба, за да се спречи формирањето на одвоени религиски заедници. Тие тежнееле да се усогласи службата во храмовите, настојувајќи да ги поврзат во хармонична целина со цел да се намали опасноста од основање секти и слабеење на единството на народот. Текстот на Сидурот, со распоредот на молитвите за цела година, во првобитна форма, според обичаите на вавилонските Јешиви, им го испратил Рав Амрам Гаон на Евреите во Шпанија во IX век.

Рав Сааѓа Гаон (882–942), кој бил еден од првите составувачи на систематскиот молитвеник со упатства, напишал во својот увод: “Одлучив во оваа книга да ги соберам изворните молитви, песни и благослови во нивната оригинална форма, такви, какви што биле пред и по заточеништвото”. Во настојувањето да им послужи неговиот молитвеник како средство за обединување на сите Евреи, Рав Сааѓа се обидел да ги сведе под заеднички именител сите локални обреди.

## 33.18. Махазор - Махзор (хебр. циклус)

Денешен назив за молитвениците за празници. Содржи збирка од молитви и напеви за Јамим нораим (Рош–ашана и Јом кипур) и за Шалош регалим (Песах, Шавуот и Сукот).

Во почетокот изразот Махазор се употребувал во астрономијата, подразбирајќи одреден циклус на движење на небесните тела: Махазор гадол е големиот, соларен циклус од 28 години, а Махазор катан е малиот, лунарен циклус од 19 години.

И Мојсеевото Петтокнижие (Ханиша Хумше Тора) понекогаш се нарекувало Махазор, затоа што читањето на неговите делови се повторувало секоја година во одредено време. На тој начин настанал и Махазорот како распоред на молитвите за празниците, кои исто така се повторуваат секоја година. Изразот Махазор е вообичаен и кај сефардите и кај ашкеназите. Денешниот Махазор се разликува од древниот Махазор. Порано постоел Махазор шенати – годишен Махазор, кој ги опфаќал молитвите и напевите за сите празници, за сабота и за обичните денови. Со зголемувањето на бројот на празничните молитви и напеви, од Махазорот биле испуштени молитвите и напевите за обичните денови и за сабота. И тие влегле во Сидурот.

Со текот на вековите и преселбите, со промената на местата и средините, се променила и содржината на Махазорот и неговата тематика. Во него биле внесувани или испуштани напеви, по избор, или според локалните обичаи на секоја општина, така што многу заедници имаат различни текстови.

Постојат разни верзии на Махазорот, во зависност од разликите и обичаите во поединечни земји. Еден од најстарите Махазори бил “Махазор Витри” (1208 година), наречен според името на авторот Рабен Симха бар Шемуел од Витри, ученик на Раши (XI век). Неговиот молитвеник содржи молитви и напеви за цела година. Сидурот, кој го подготвил Рав Амрам Гаон во IX век, донесен од Вавилонија во Шпанија, послужил како образец за Махазорот. Врз основа на овој образец во 1524 година бил отпечатен првиот Махазор.

Изворниот ашкенашки Махазор од 1521 година послужил како образец за текстовите во сите ашкенашки општини.

Порано сите верници за време на молитвата немале пред себе Махазор, туку само ”шалиах цибур” (предмолителот) и некои угледни поединци. Со појавата и со развојот на пе-

чатењето, Махазор можел да го набави секој верник. Некаде биле отпечатени пет Махазори – за секој празник посебно, а некаде само два: еден за Шалош регалим (Песах, Шавуот и Сукот), а еден за Јамим нораим (Јом кипур и Рош–ашана). Денес се употребуваат, главно, три вида Махазори: за Рош–ашана, за Јом кипур и за Шалош регалим. Махазорот содржи мал дел од 35 000 мелодии, кои ги создавале околу 2 840 автори. Најголемиот дел од синагогалните напеви ги компонирале талентираните хазаним или пак, им давале на верниците преку песната секогаш нови форми на верско изразување. На тој начин службата, збогатувана со песна и со нејзиниот глас, кој замолкнал по разорувањето на Храмот, повторно се слушнал во еврејските храмови.

Махазорот поминал долг процес на развој сè додека конечно не станал антологија на класичната верска книжевност. Тој ги отелотворува визиите и стремежите, жалоста и радоста на безброј генерации. Преку неговите страници може да се доживее целокупната историја на Евреите. Литургиските поети го позајмиле јазикот на Танахот и црпеле граѓа од Талмудот и Мидрашот (Збирка на рабински толкувања на светите списи).

Махазорот го одразува развојот на еврејскиот дух низ вековите. Поетските и филозофските дела на могубројни познати и непознати творци го претставуваат составниот дел на молитвеникот. Ниедна друга книга не ја изразува толку многу целината на творештвото на еврејскиот народ, ниту ги обединува толку Евреите, расеани насекаде по светот.

Пијутим (напеви) се додадени кон старите текстови на молитвите во желба да се изразат со нив чувствата и тежнеењета кон единство на народот. Тие го откриваат еврејското срце пред Бога и сите негови расположенија: покајание, страв, успеси и победи. Заради тоа што се разновидни како и самиот живот, нивната свежина за верниците никогаш нема да овенее.

## 33.19. Хедер

Еврејско училиште во кое се стекнува првиот степен на традиционалното еврејско образование. Називот го добило според зборот хедер (соба) зашто наставата се одржувала во собата на учителот и на неговото семејство. До XIII век таквото училиште се нарекувало “Бет–рабан” (куќа на рабинот), а учениците “тинокот шел бет рабан” (бебиња на рабиновата куќа). Изворниот збор “тинок” доаѓа од коренот “јанок” (дои) и се однесува на доенчето. Обичајот да се учи во куќата на рабинот е многу стар и потекнува од раниот период на еврејската историја. Вакви образовни институции биле основани во 63 год. пр.н.е. во Јудеја, а иницијатор за тоа бил Раби Јеошуа бен Гамла. Тој ја вовел обврската да се одберат учители за децата од седум години во секоја покраина и во секој град. Подоцна, сè до војната во хедерот доаѓале деца и помлади од седум години. Наставата во хедерот траела цел ден, од рано наутро, до осум или девет часот навечер. Момчињата за три месеци можеле да го научат хебрејското писмо. Четвртиот месец почнувале да го читаат Хумашот (Тората), потоа Мишната и Талмудот. Наскоро делови од Хумашот биле преведувани на мајчиниот јазик на момчињата. Најнапредните ученици што ќе го завршеле хедерот, го продолжувале школувањето во јешива, каде што ги стекнувале основните знаења од Талмудот и од рабинската книжевност. Хедери имало во секоја општина. Иако ги авторизирала општината, тие во извесна смисла биле приватни училишта зашто учителите добивале хонорар од родителите. Минимум еврејско образование стекнувале и послабите ученици. Освен хедерот, постоело и општинско училиште “Талмуд Тора” за сиромашните ученици чиишто родители не можеле да плаќаат школарина. Благодарение на фондовите кои биле основани за таа цел, еврејското образование било широко распространето.



Секојдневното богослужење, утринско и вечерно, исто така било поврзано со формите на еврејското учење. Пред или по молитвите се проучувале коментарите на Раши, се толкувале Тората, Талмудот, прописите и обичаите (“Раши”– Раби Шеломо Јицхаки, најдобриот толкувач на Библијата и на Талмудот, XI век).

Големиот број хедери го подигнале нивото на образованието меѓу Евреите на значително повисок степен од образованието на нивните нееврејски соседи. Воспитниот систем ја поттикнувал кај ученикот смислата за дискусија и ги развивал способностите за самостојно расудување.

Но, и покрај многуте предности, школувањето во хедерот имало и недостатоци, кои произлегувале од застарените гледишта за воспитување на децата, како и од условите на живеење и живот на Евреите, како на пример: премногу часови настава, претерано, заморно и неудобно седење, недоволно игра и забава, негрижа за основните услови на хигиена, како и примена на физичко казнување заради влевање страв кај непослушните и заостанатите ученици.

Од крајот на XVIII век, хедерот престанал да биде единствена форма на основно образование кај Евреите. Во земјите на западна Европа, Евреите почнале да ги испраќаат децата и во нееврејски училишта, чиешто ниво било подигнато и подобрено, или самите основале училишта по угледот на нееврејските. Во источна Европа, каде што била поразвиена еврејската традиција, хедерот се одржал како главно место за образование сè до Првата светска војна.

## 33.20. Јешива

Висока еврејска верска школа. Изразот “јешива” во Талмудот се употребувал за најстарата еврејска установа посветена првенствено на проучувањето на Тората, Талмудот, еврејските прописи и на развивањето на еврејската мисла. Овој назив изворно значи состанок, заседание, советување на учените луѓе, со кое претседавал избраниот “Рош Јешива” – старешината на јешивата.

Називот “јешива”, што на хебрејски значи седење, настанал во почетокот според постарите, понапредни ученици кои седеле пред својот рабин, за разлика од почетниците кои стоеле.

Најстарата јешива била востановена во Јудеја во времето на Вториот храм со седиште во Ерусалим. По разорувањето на Храмот, била преместена во Јавне. Додека траела опсадата на Ерусалим, Раби Јохана бен Закај успеал со лукавство да се извлече од опсednatiot град и од командантот на римските легии, Тит, да издејствува основање на свое училиште во Јавне. Така со негова заслуга се одржало еврејството и по пропаѓањето на државата. Од Јавне подоцна јешивата се селела и во други градови на Израел.

Во периодот на Талмудот и Гаонот (назив за старешините на вавилоските јешиви од VI до XI век), јешивите постоеле во Израел и во Вавилонија. Познати јешиви во Палестина биле оние во Уши, Сефорис и во Тибераис. Од III век духовното водство на народот го презеле двете познати јешиви во Вавилонија: Јешивата во Сура (219–1038) и Јешивата во Пумбедита, која се одржала до 1040 година. На почетокот на X век, овие две јешиви ги преместиле своите седишта во Багдад, новата престолнина на Вавилонија.

Учениците на јешивите седеле во полукружни редови додека старешината им држел предавање. Тие поставувале пршања, а тој им одговарал и ги поттикнувал на дискусија. За секое прашање и за секој збор во Тората биле водени разговори до најситни по-

дробности, а се нарекувале “пилпул”. За учествување во дискусиите не било доволно само познавање на материјата, туку била потребна и остроумност и способност за самостојно размислување, расудување и донесување заклучоци. Така, со текот на времето настанала “Гемарата”, која ја бележеле учените луѓе, но не ја ширеле меѓу народот во писмена форма, туку ја пренесувале само усно. Плод од тие дискусии водени во периодот од III до V век е “Палестинскиот Талмуд – Талмуд Јерушалми” и “Вавилонскиот Талмуд – Талмуд Бавли”. По редакцијата на Талмудот, јешивите се насочиле кон обработувањето и толкувањето на мошне обемниот материјал на алахата (верски прописи). Со слабеењето на центрите за проучување на Тората во Израел и Вавилонија, се востановиле јешиви и во еврејските центри во Египет, северна Африка, Шпанија, Франција и во други земји на Европа, во Полска и Литванија. Јешивите основани во средновековна Европа биле директно продолжување на дејностите на јешивите, кои цутеле во времето на талмудскиот период и периодот на Гаонот во Палестина и Вавилонија. Во модерно време, сè до Втората светска војна, главниот центар на јешивите бил во источна Европа. Имало познати јешиви во Краков, Лублин, Воложин итн. Јешивата во Воложин за време на прочуениот раби–Берлин имала речиси 400 студенти, кои доаѓале од сите страни на светот.

Системот на јешиви, едноставно бил пресаден во Америка, каде што првата јешива за изучување на Талмудот “Ец ајим – Дрво на животот”, била организирана во 1886 година во Њујорк. Универзитетот Јешива (Jeshiva Universuty) од Њујорк води потекло од Јешивата “Ец Хајим” и Теолошкиот семинар на Раби Исак Екхан, основан 1896 година. Откако овие две школи биле споени во една во 1915 година, најпрвин настанал Колеџот Јешива (1928), а потоа Универзитетот Јешива (Jeshiva University, 1945).

Во денешно време светски центар на јешивите е Израел.

Од XIX век била намалена мрежата на јешивите во Европа заради прогонствата и погромите, но и како последица на ширењето на хаскалата (духовно и општествено движење меѓу Евреите, настанато под влијание на просветителското движење во Европа во XVIII век).

За време на големото страдање на Евреите 1941–1945, биле уништени сите јешиви во Европа. Истовремено биле основани голем број јешиви во Израел и во САД, а во помал обем и во некои други земји во кои учеле десетина илјади ученици. Меѓу нив се развил и новиот тип на “средна” јешива, која во наставниот план ги вклучува и општите предмети предвидени за полагање на испит на зрелоста. Неколку високошколски установи ја вклучиле во своите настави и програмата на јешивата, како на пример Универзитетот Јешива во Њујорк и Високата школа за технологија во Ерусалим.

На Универзитетот во Бар Илан (Израел), има “Бет амидраш“, (висока школа – универзитет), на кој, покрај знаењето на Талмудот, се стекнува и академско образование. Во поново време, разни верски групи основаат свои јешиви, особено во Израел и САД.

За сето време на своето постоење, јешивата вршела главна и одлучувачка улога во духовниот живот на еврејскиот народ. Внатре меѓу своите ѕидови се богател и се продлабочувал творечкиот дух на заедницата и на поединецот и од неа излегувале духовни водачи, рабини и учители, кои го насочувале народот за време на животот во Галутот.

Учењето во јешива не е временски ограничено, и може да трае доживотно.



## 33.21. Кисуј Рош - Покривање на главата и Гилуј Рош - Откривање на главата

Гологлавоста, според еврејската традиција се смета за форма на разголеност, а разголеноста за паганска непристојност. Зборот “ерва” (голотија) во Тората се толкува како разголување, како непристојно однесување. Во библиско време немало обичај да се покрива главата, освен при вршење на богослужењето. Ожалостените тоа го правеле во тага, младоженецот за време на венчавањето. Коаним (потомците на Арон, братот на Мојсеј, според свештеничката хиерархија над Левитите) ја покривале главата со чалма. Симнувањето на чалмата се сметало за знак на непочитување на Бога.

Иако во Талмудот нема строга забрана да се оди или да се моли гологлав, покривањето на главата во талмудско време се сметало за знак на побожност. Врз основа на талмудските изјави може да се заклучи дека мудреците поради почит кон Бога не изодувале ни четири чекори гологлави. Има мислење дека Евреите го прифатиле обичајот на покривање на главата во Вавилонија, каде што се покривала главата пред големци, стари луѓе или пред учени луѓе. Оттука настанал и обичајот на покривање на главата и за време на молитва. Со текот на времето тој обичај се проширил и се вкоренил толку многу, што станал посебен симбол. Тој станал строг до таа мера, што некои ја прекриваат главата и за време на спиење. Во “Шулхан аруху” (Зборник на верски прописи), било пропишано дека главата треба секогаш да се покрива, зашто тоа е обичај на побожните луѓе.

Од Тората може да се заклучи дека и жената мора пред светот да се појавува со покриена глава (Бемидбар 5,18). Рабините оваа обврска многу ја заостриле и пропишале дека мажената жена која се појавува пред светот со откриена глава го крши Мојсеевиот закон и дека мажот заради тоа може да ја отпушти и без кетуб (кетуб е брачен договор кој ѝ го дава мажот на жената).

Жената дома може да биде гологлава, но поради пристојност се препорачувало и дома да ја покрива главата.

Во Мишната се спомнува дека еден човек на улица ѝ ја открил главата на некоја жена. Раби Акива заради тоа му наредил да ѝ плати на жената 400 сребреници како оштета заради непријатноста што ѝ ја причинил. Во Талмудот пишува дека на Бога му е најодвратен човекот кој се појавува на улица гол.

Во некои еврејски општини, побожните жени по венчавањето ја стрижат косата и носат перика. Тоа се смета за закон на скромноста. За употребувањето на перика кај мажените жени, мислењата се поделени. Повеќето сметаат дека периката доволно ја покрива природната коса. Меѓутоа, бидејќи периката понекогаш е поубава од природната коса и привлекува повеќе внимание, некои препорачуваат да не се користи таа.

Имајќи го предвид верското значење кое му се придава на јадењето, а секое јадење е поврзано за соодветна молитва или благослов, разбирливо е зошто станало обичај да се покрива главата и за време на јадење и за време на молитва.

Во денешно време за покривање на главата, наместо шапка, вообичеано е капчето “кипа” (хеб), кое е карактеристично обележје на побожниот Евреин. Некои ја нарекуваат капеле или кепеле (од итал. “capello”– шапка) или јармулке (збор од словенско потекло).

## 33.22. Минаг (хебрејски - обичај)

Обичаите минагим се општо усвоени обичаи (религиска практика, прописи, начин на однесување и сл.), кои со усно предание биле пренесувани од едно поколение на друго. Тие не се базираат на Библијата, туку со поинаква примена станале задолжителни и стекнале сила на закон. Затоа е прифатено правилото дека обичајот кај народот има сила на закон (“Минаг Јисраел Тора”).

Понекогаш обичајот има предност над законот, според принципот “Минаг окер халаха” (обичајот го укинува законот). Така на пример, ако еден судија се колеба во поглед на толкувањето на некој закон, нему би му советувале да ја донесе пресудата во согласност со народните обичаи.

Некои обичаи, како на пример берит мила или забрана за употребување на крв во храната, потекнуваат уште од времето на еврејските пратататковци; некои се од понов датум, а некои се одомаќиниле под влијание на други народи.

Еврејските обичаи неизбежно навлегуваат во областа на религијата, зашто религијата кај Евреите не е само верување, туку и начин на живот, кој наоѓал свој одраз во секојдневните активности.

Секој обичај има некаква смисла, која често не сме во можност да ја откриеме бидејќи не ги познаваме условите под кои настанал тој обичај. Затоа Рамбам (Раби Моше бен Мајмон – Мајмонидес) советува да се направи обид да се разбере смислата на еден обичај, зашто секој од нив има во себе нешто привлечно и претставува составен дел од животот и минатото на еврејскиот народ.

Еврејската историја е полна со немили настани, а смртта била нејзин постојан придружник. Со текот на времето се создале многубројни жалбени и посмртни обичаи, кои навлегувале во сите пори на еврејскиот живот (види: Авелут).

Раби Моше Исерлиш – Рама (1520– 1572) собрал голем број обичаи и во форма на објаснувања ги додал кон познатиот кодекс “Шулхан арух”, чијшто автор е Раби Јосеф Каро.



# 34

# ПИРКЕ АВОТ - ВОВЕД

Според еврејското верување, Мојсеј на Синај освен напишаната Тора (Тора шебихтав), примил и разни додатни објаснувања на библиските прописи (Тора шехбеал пе), кои по пат на усно предание се пренесувале од едно колено на друго (Тората, на пример забранува работење во сабота, а усното предание објаснува што сè се смета за работење, и кои видови работни активности не смеат да се извршуваат на Шабат).

Мишната е концизна збирка од прописи на усното предание кои, од времето на Мојсеј, па со понатамошниот тек на времето, значително се зголемиле. Санедринот, на пример вовел многу нови одредби и прописи, кои и самите се менувале во согласност со промените на општествените околности и потреби. Разните школи и насоки повторно ги ставале под знак прашање овие прописи, па затоа било потребно да се донесе конечна одлука за тоа, што може да се отфрли и кон што мора да се придржуваат Евреите. Затоа требало да се собере, да се обработи и да се систематизира целиот тој материјал, напластуван во текот на многу векови. Тоа го направиле Раби Јеуда Анаси и неговите соработници, на почетокот на третиот век од новата ера.

Најголемата заслуга на Раби Јеуда Анаси е во тоа што тој ја собрал, одбрал и извршил конечна редакција на Мишната. Со тоа тој создал единствена подлога за целокупната усна наука. Како основа ја зел Мишната на Раби Акива (136–30 год. пр.н.е), а според предавањата на Раби Меир, ученикот на Раби Акива, го испитал секое поединечно мислење и донел одлука врз основа на утврдените принципи.

Раби Јеуда Анаси ја поделил Мишната на шест вида (седер–седарим), секој вид во трактати (масехет–масехтот), секој трактат на поглавја, глави (перек–пераким), а секоја глава на параграфи (саиф–сеифим). Секој параграф го носи истото име како и целото дело – Мишна.

Трактатот “Авот” (“Масехет Авот”), ги обработува принципите кои ги поставиле татковците на еврејската традиција во периодот кој траел повеќе од пет века, а се завршил кон крајот на вториот век.

## 34.1. Авот (Пирке Авот, буквално “Поглавје на татковците”)

Обично се преведува како “Поука на татковците” или “Изреки на таковците”. “Пирке Авот” е трактат од Мишната кој ја содржи античката збирка на мудри изреки, етички принципи и религиски прописи, кои, по пат на усно предание, ги пренесувале великаните на Тората. Трактатот зрачи со мудрост и убавина и наликува на бисери и скапоцени камења кои ретко може да се најдат во книжевностите на другите народи.

Заради големото морално значење и заради тоа што е добро прифатен меѓу народот, делови од Пирке Авот биле приклучени кон еврејските молитви. Се читаат или се пејат во оригинал или во превод пред попладневната молитва – инха, некаде секоја сабота, а некаде само преку лето, во зависност од локалниот обичај.

Ашкеназите читаат по една глава од Пирке Авот од првата сабота по Песах, до Рошашана, а Сефардите од саботата по Песах, до саботата наспроти Шавуот. Кај Сефардите, делови од Пирке Авот се пееле на јазикот ладино.

Пред читањето на секоја глава се изговара речениците: “Кол Јисраел јеш лаем хелек леолам аба...”, што значи “Целиот Израел (сите Евреи прим. авт.) има дел во идниот свет”.

Како што е речено: “А твојот народ – сите се праведници, до века ќе ја чува во наследство земјата, изданокот на моите посеви”.

На крајот од читањето на главата, се додава и реченицата: “Раби Ханања бен Акашја омер...”– Раби Ханања бен Акашја вели: “Нека биде свет и благословен, зашто (Бог) сакал Израел да стекне заслуги и затоа му дал многу науки  и прописи”.

Како што е речено: “Вечниот сака заради својата правда да ја возвеличи Тората и да ја возвиши”.

Последната реченица не е од Мишната,  но е вметната во неа заради нејзиниот убав завршок.

Првите четири глави на Пирке Авот содржат изреки на еврејски мудреци од период од речиси пет века (од 300 год пр.н.е до 200 год. н.е.).

Во своите изреки мудреците ги изнесуваат своите етички и философски ставови и погледи на живот, истовремено давајќи целосен приказ на духовниот и општествениот живот на човекот од тоа време. Тие зборуваат за теми кои биле во центарот на еврејскиот свет од тоа време, како што се – љубовта кон Тората, љубовта кон човекот, љубовта кон Бога.

### 34.1.1. Некои изреки од Пирке Авот

• Светот се темели на три нешта: на Тората, на служењето на Бога и на добрите дела.

• Не бидете како слугите што му служат на господарот само заради награда. Бидете како слугите што му служат на господарот, не очекувајќи награда. Богобојазливоста нека биде во вас.

• Домот нека ти биде собиралиште на мудрите. Седни до нивните нозе и жедно впивај ги нивните зборови.

• Куќата нека ти биде ширум отворена, а сиромашните нека ти бидат како членови на твоето семејство.



• Обезбеди си за себе учител и најди си за себе другар, а секого проценувај го благонаклонето.

• Држи се далеку од лошиот сосед, не се дружи со злосторник и не очајувај ако те снајде неволја.

• Темелно испитувај ги сведоците, внимавај што зборуваш за да не се научат на лага од твоите зборови.

• Сакај ја работата, мрази го господарењето и одбегнувај да бидеш забележен од власта.

• Биди како учениците на Арон. Сакај го мирот и стреми се кон мир. Сакај ги луѓето и приближи ги кон Тората.

• Оној што не си го зголемува своето знаење, го намалува.

• Ако не сум за себе кој е за мене, и ако не сакам за себе, кој ќе сака за мене. И, ако не сега – кога?

• Учењето нека ти биде вообичаена навика. Зборувај малку, а прави многу и љубезно примај го секој човек.

• Не сум нашол ништо подобро за човекот од молчењето. Не е главна науката, туку делото. Секој што зборува многу, греши.

• Рабан Шимон бен Гамалиел вели: “На три нешта стои светот: На вистината, на законот и на мирот. Зашто е речено: Вистината, правдата и мирот судете ги во своите капии” (Захарја 8,16).

• Убаво е да се занимаваш со наука, а при тоа да ја работиш секоја работа, зашто секоја наука без работа е осудена на пропаст.

• Не се одвојувај од заедницата. Не осудувај го својот ближен, додека не се најдеш во неговата положба. Не вели: “Ќе учам кога ќе бидам слободен”, зашто можеби никогаш нема да бидеш слободен.

• Кој се срами не може да учи, а нетрпеливиот не може да подучува.

• Колку повеќе ненаситност, толку повеќе црви, колку повеќе посед, толку повеќе грижи. Многу жени, многу блудност, многу послуга, многу кражби. Многу школо, многу мудрост. Многу правда, многу мир.

• Кој се здобил со добро име, го здобил за свое добро, кој се здобил со науката на Тората, се здобил со живот вечен.

• Не е твоја обврска да ја дотераш до крај работата, но не смееш ни да ја прекинеш. Ако многу си ја изучувал Тората, ќе добиеш голема награда. Знај дека наградата на праведникот е во идниот свет.

• Внимавај на три нешта за да не погрешиш: Не заборавај од каде си дојден, каде одиш и пред кого ќе поднесеш сметка. Од каде си дојден? Од нечиста капка. Каде одиш? Во местото на правта, распаѓањето и црвите. Пред кого треба да поднесеш сметка? Пред Светиот Цар над Царевите, нека е благословен.

• Моли се за благосостојбата на државната власт, зашто ако нема страв од неа, луѓето меѓусебно ќе се проголтаат живи.

• Секој што им се допаѓа на луѓето, му се допаѓа и на Бога, оној што не им се допаѓа на

луѓето, не му се допаѓа ниту на Бога.

● Биди услужлив кон постарите, благ кон помладите и прими го радосно секој човек.

● Сè е веќе предвидено, но одлуката му е препуштена на човекот. Според добрината му се суди на човека, и тоа според големината на делото.

● Таму каде што нема Тора, нема ни добри обичаи. Каде што нема добри обичаи, нема Тора. Каде нема леб, нема наука, а каде нема наука, нема леб.

● Кој е мудрец? Тој што учи од секој човек.

● Кој е јунак? Тој што го воздржува својот нагон.

● Кој е богат? Тој што е задоволен со она што го има.

● Кој е почитуван? Тој што ги почитува другите луѓе.

● Побрзај да направиш макар и едно мало добро дело, а бегај од прекршоци. Зашто доброто дело води кон добро дело, прекршокот – кон прекршоци. Награда за доброто дело е добро дело, а казна за прекршокот е прекршок.

● Не презирај никого, и не отфрлај ниедно мислење, зашто нема човек што нема свој миг и нема мислење што нема свое место.

● Биди многу понизен, зашто последната човечка надеж се црвите.

● Кој ќе направи едно добро дело, си стекнува бранител; кој ќе направи еден прекршок, си стекнува тужител.

● Честа на твојот добар ученик нека ти биде мила како твојата сопствена чест.

● Поздравувај го секого прв! Подобро биди опаш од лав, отколку глава од лисица.

● Зависта, алчноста и честољубивоста го уништуваат човекот и му го скратуваат животот.

● Кој учи за да може да подучува, ќе може и да учи и да подучува; а кој учи за да може да извршува, ќе може да учи, да подучува, да чува и да извршува.

● Не го смирувај својот другар во мигот на неговиот бес, и не теши го во мигот додека лежи неговиот умрен пред него.

● Не радувај се на падот на твојот пријател, а кога се лизнува, нека ти затрепери срцето твое.

● На што наликува оној што подучува дете? На мастило што пишува на чиста хартија. На што наликува оној што подучува старец? На мастило што пишува на бришена хартија.

● Кој се учи од децата, наликува на оној што јаде зелено грозје. Кој се учи од постарите, наликува на оној што јаде зрело грозје и пие старо вино.

● Не гледај во стомната, туку во она што е во неа. Има нови стомни, полни со старо вино и стари стомни, во кои нема ни младо вино.

● Седум особини има глупавиот човек и седум мудриот. Мудриот не зборува пред помудар од себе и не му го зема на другиот зборот, не брза со одговорот, одговара по ред, поставува прашања и дава одговори поврзани за темата за која се расправа. Најпрвин зборува за првата точка, а на крајот за последната. За она што не го знае вели: јас не сум го учел тоа и така ја признава вистината. Глупавиот човек ги има спротивните



особини.

● Има четири видови карактери: Оној што лесно се лути и лесно се смирува – таквиот има толку штета, колку и полза. Оној што тешко се лути и тешко се смирува – на таквиот ползата му е иста колку и штетата. Оној што тешко се лути, а лесно се смирува, тој е светец, а оној што лесно се лути, а тешко се смирува, тоа е зол човек.

● Има четири видови ученици: таков што брзо учи и брзо заборава – ползата му е иста колку и штетата; таков што тешко сфаќа и тешко заборава – има толку штета, колку и полза; таков што брзо сфаќа и тешко заборава – тој е редок талент и оној што тешко сфаќа, а брзо заборава – тој има сериозен недостаток.

● Љубовта од интерес исчезнува тогаш штом ќе исчезне интересот. Чистата и искрена љубов трае вечно.

● Биди храбар како тигар, лесен како орел, силен како лав, за да ја исполнуваш волјата на твојот Отец на небесата.

● Проучувај ја Тората секогаш повторно, и повторно и не се одделувај од неа, додека не станеш сед, зашто во неа ќе најдеш сè. Нема ништо што ја надминува.

● Според трудот и платата.

● На пет години момчето почнува да учи Тора, на десет Мишна, на тринаесет е верски полнолетен и одговорен за извршување на прописите, на петнаесет го проучува Талмудот, на осумнаесет е зрел за брак, на дваесет почнува да се грижи за себе, на триесет е во полна сила, на четириесет постигнува остроумност, на педесет може да дава совети, на шеесет слабее, на седумдесет добива седи влакна, на осумдесет влегува во полна старост, на деведесет е згрбавен, на сто е веќе како да умрел и како веќе да го нема на овој свет.

● Прелиствувај ја Тората и повторно прелиствувај ја, зашто сè е во неа. Во неа ќе ја најдеш вистината и со неа ќе остарееш. Не одвојувај се од Тората, зашто од неа нема ништо подобро.

● Кој се занимава со Тора заради самата Тора ќе има успех во многу нешта. Тората го прави да биде скромен и богобојазлив, го оспособува да биде праведен, побожен, чесен и верен и го оддалечува од гревот. Тората му дава сјај и власт, разбирање на законите и му ги открива тајните на светот. Таквиот човек е како жив извор што не секнува никогаш, чеден е и трпелив и ги простува нанесените навреди. Таквиот човек се издигнува и се возвишува над сè.

● Кој од својот другар ќе научи една глава или еден пропис, една реченица или изрека, или макар една буква, должен е нему да му ја оддаде својата почит.

● Ова е патот на Тората: Јади леб и сол, пиј вода мерена со мали канчиња, спиј на земја, живеј го макотрпно животот, но занимавај се со Тората. Ако правиш така, ти си блажен и ќе ти биде добро. Блажен ќе си на овој свет, а ќе ти биде добро и на идниот свет.

Раби Јосе бен Кисма го раскажал следново:

Еднаш додека одев по патот ме сретна некој човек. Тој ме поздрави, а јас му возвратив поздрав. Ме праша: “Од кое место си?”

“Од големиот град каде има многу научници и книжевници”.

Тој ме праша: “Раби, дали би се согласил да живееш со нас во нашето место, а јас ќе ти дадам милион златници и скапоцени камења?”

Јас му одговорив “И да ми го дадеш сето сребро, злато, бисери и сите скапоцени камења на овој свет, јас не би живеел нигде освен во местото на Тората. А во Книгата на псалмите е напишано: “Помило ми е учењето од твојата уста, отколку илјада златници и сребреници (Псалми 119,72)”.

И не само тоа: “во часот на смртта човекот не го следат ни среброто, ни златото, ни бисерите, ни скапоцените камења, туку само Тората и добрите дела”.



# 35

# ПОЗДРАВУВАЊЕ, ЧЕСТИТАЊЕ И ИСКАЖУВАЊЕ ПОЧИТ КАЈ ЕВРЕИТЕ

Евреите во своите бесконечни лутања по светот го усвојувале јазикот на земјите во кои живееле, но секогаш настојувале да ги сочуваат барем традиционалните форми на поздравување и честитање, било на хебрејски, на јидиш или на јазикот ладино (јудео–еспањол, еврејско–шпански), а повремено и на арамејски. Додека некои форми од тие поздрави претставуваат прилагодени облици од стиховите на Библијата, други се преземени од литургијата, а многу се само израз на некое чувство, изразено на хебрејски или на јидиш и немаат никаков извор во книжевноста.

## 35.1. Начини на поздравување

Начините на обраќање при сретнувањето на познаникот се утврдени. Кај древните Евреи, формата на поздравот зависела од тоа во каков однос се лицата што се поздравуваат. Со него се искажувало интерес, симпатија, благонаклонетост, восхитување или почитување. Тука спаѓаат и поздравите како што се прегрнување, бакнување, благословување и поклонување, клечење, паѓање ничкум, како и поздравите со кои се изразува интересот за нечие здравје.

Библиски податоци: Јосеф ги поздрави своите браќа кои претпоставувале дека тој е странец. “А тој ги запраша како се, и рече: Како е вашиот стар татко за кој што ми раскажувавте и дали е сè уште жив?” (Вајишал лаем лешалом, вајомер, ашалом авихем азакен ашер амартем, аодену хај”? (I кн. Мојсеева 43,27)

Давид му испратил порака на Навал од Кармел во која го поздравува на следниов начин: (“Мир на тебе и на твојот дом, и мир на сè што имаш...” “Веата шалом, уветеха шалом, вехор ашер леха шалом...”) (Шемуел 25,6).

Пророкот Елија го испратил својот слуга Гехазија во пресрет на Шунамита да ја поздрави и да ја праша како е, како е нејзиниот маж и како е нејзиното дете. Меѓутоа кога Гехазија брзал да појде во нејзината куќа и да го врати нејзиното дете во живот, тогаш Елија му рекол: “Оди по својот пат и ако сретнеш некого, немој да го поздравуваш, а ако тебе некој те поздрави, не одговарај” (Мелахим II 4,39). Во толку итни и важни работи како што биле спасување на животот, не смеело да се губи време.

Поинтимна форма на посакување добредојде било прегрнувањето и бакнувањето, како што тоа го направил Лаван кога го дочекал Јаков: “И му притрча во пресрет, го прегрна и го бакна” (Берешит, I кн. Мојсеева 29,13).

Давид и Јонатан се бакнале кога скришно се состанале во полето (Самуел 22,41).

Бакнувањето жена на јавно место се чини дека не бил вообичаен начин на поздравување. Меѓутоа бакнувањето рака се спомнува кај Ијов (31,27).

Посебно почитување се изразувало со поклонување, како што им се поклонил Авраам на своите таинствени посетители. “Штом ги подигна своите очи и погледна, и еве, тројца луѓе стоеја пред него. Здогледувајќи ги, им притрча во пресрет пред вратата на својот шатор и им се поклони до земја” (Берешит XV,III – 2).

И Јаков му оддал почит на својот брат Есав, поклонувајќи му се седум пати додека му приоѓаше (Берешит XXXIII,3).

## 35.2. Благослов

Родителите ги благословувале своите деца во одредена пригода или во значајни околности со”Јеварехеха Адонај вејишмереха”.

При сретнување со принц или со крал, било обичај да се даде благослов, како што Малкицедек, царот на Шалем го благословил Авраам, а Јаков го благословил фараонот (Берешит XIV, 19-47-7). Тој обичај се задржал до денешен ден. За време на Конференцијата на европските рабини во Амстердам во 1984 година, холандската кралица Беатриса ги примила во кралската палата учесниците на Конференцијата. Во таа пригода врховниот рабин на Велика Британија, д–р Јакобовиц, ја благословил кралицата.

## 35.3. Поздрави

Анѓелот го поздравил судијата Гидеон со зборовите: “Адонај имеха гибор ехајил” (Бог да се со тебе, храбар јунаку) (Шофетим VI– 12). Боаз ги поздравил своите работници со поздравот “Адонај имахем” (Бог нека е со вас), а тие му одговориле”Јеварехеха Адонај” (Бог да те благослови) (Рут XI-4).

Во рабинската литература во”Изреките на татковците” (“Пирке авот”) Раби Матја бен Хавош вели: “Поздрави го прв секој човек” (Авот IV,20). Поздравувањето на странци и неевреи е пат кој води кон мир. Раби Јоханан бен Закај обично прв поздравувал и така го испреварувал секого што ќе го сретнел на улица, дури и неевреите и незнабошците.

Раби Јеуда Анаси ги поздравувал туѓинците кои биле на работа со “ахазику” (бидете силни), Рав Шешет едноставно со “Ашарта” (успех) , а Рав Каана со “Шалом адони” (“Шалом господине”).



Достоинството на учителот не смее да се намалува при поздравување или со одговор на неговиот поздрав на вообичаен начин. Учителот треба да се поздрави со “Шалом леха мори” (Мир со тебе учителе), а на неговиот поздрав треба да се одговори со “Шалом леха раби умори”.

Наспроти гледиштето на палестинските рабини, вавилонските рабини сметале дека не е пристојно да се поздравува човек поугледен од себе пред да се биде препознаен од истиот.

Раби Јеошуа бен Леви одржал час со очигледна настава, раскажувајќи ја следнава легенда: “Кога Мојсеј се искачил на небото го видел Семоќниот како го крунисува словото на Законот. Мојсеј не го поздравил, па Бог му рекол: “Зарем не носиш поздрави од својот град?”. Мојсеј одговорил: “Дали смее слугата да го поздравува својот Господар?”, а на тоа му возвратил Бог “Сепак би било пристојно да ми посакаш успех”. На тоа Мојсеј рекол: “А сега јас Те молам да порасне моќта Господова, како што рече говорејќи...” (Бамидхар XIV –17).

Има и други правила:

Навечер не смее да се поздравува човек кој не можеме да го препознаеме.

Не смее да се поздравува човек во јавна бања или клозет.

Човекот, кој е занесен во работата, не мора ни да ги поздравува другите, ниту да одговара на поздрав.

Бидејќи Аба Хилкија, внукот на Хони Амеагел бил многу побожен, рабините за време на една суша му испратиле двајца свои претставници со молба да го моли Бога за дожд. Тие го сретнале додека тој ја орал нивата и го поздравиле, но тој ни главата не ја завртел кон нив. Потоа се извинил, објаснувајќи дека, бидејќи е наемен работник, не сакал да го троши времето на својот господар.

## 35.4. Начини и форми на поздравување

Рабините не го одобрувале бакнувањето во уста или во образ, тие обично се бакнувале во чело. Раби Акива рекол дека е за него поприфатлив обичајот на Медијците, кои го бакнуваат само надворешниот дел од дланката. Кога се вратил Ула дома од рабинската академија ги бакнал сестрите во гради, а според едно друго тврдење, им ја бакнал раката. Жената на Раби Акива, кога се сретнувала со него по подолго отсуство, го бакнувала по колено, а истото го направил и неговиот тест Калба Шавуа.

Паѓањето ничкум на земја се сметало за форма на поздрав со кој се изразува најголема почит. Се прикажува дека Рабан Шимон бен Гамлиел, паѓал ничкум, закопувајќи ги ножните палци во земја и, длабоко поклонувајќи се, ја бакнувал земјата. Немало друг човек кој би можел да го изведе истототo такво поклонување. Рав Леви, кој бил атлетски развиен, се обидел да го изведе тоа, но при тоа тешко се повредил.

При разделувањето со некоја важна личност, било обичај да се оди три чекори station наназад, и при тоа со секој чекор да се направи поклонување најпрвин десно, потоа лево, и најпосле на средина. Таа форма на поклонување се применува секогаш и на крајот на молитвата “Шемоне Есре” небаре верникот да се разделува од Семоќниот Цар, изговарајќи: “Осе шалом бимромав, у берахамав, јаасе шалом алену веал кол амо Јисраел”. (Оној што дава мир во висините, со својата милост нека ни подари мир и нам и на целиот свој народ Израел).

## 35.5. Поздрави и честитање

Има многубројни изрази за поздрави и честитање на хебрејски, јидиш, ладино и на арамејски, кои потекнуваат од многубројни дијалекти и разни средини во кои живеел еврејскиот народ. Во понатамошниот текст ќе ги наведеме највообичаените форми на поздравување, честитање, изразување добри желби итн.

По завршувањето на молитвата, посветена на Новиот месец (Биркат алевана), верниците меѓусебно се поздравуваат со "Шалом алехем" на што се добива одговор "Алехем шалом", што е и поздрав кој се кажува при враќање од пат или при сретнување со туѓинец.

Шалом (хебр. мир) е општ поздрав, исто како "Здраво", "Збогум", "Добар ден". Оттука "Шалом леха" или "Шалом алеха" (мир со тебе). "Шалом алехем" (мир со вас), а одговорот е "Алехем шалом" (мир со вас). "Деришат шалом" е вообичаен срдечен поздрав кој се упатува до некого. "Бокер тов"(добро утро) е вообичен дневен поздрав. Навечер не се вели "Ерев тов" (добра вечер), зашто се смета дека е ноќта злокобна, но затоа се вели "Лајла тов" за "лека ноќ".

Во Ерусалим и на исток меѓу сефардите, има обичај мажите пред утринската молитва меѓусебно да се поздравуваат со "Бокер тов адони" (добро утро, господине). Поучените сефарди во Босна пред утринската молитва меѓусебно се поздравувале со поздравот на арамејски "Цафра демаре тава", што има исто значење како "Бокер тов адони". По утринската молитва, поздравот бил "Шалом", а одговорот "Шалом бераха ветова" (мир, благослов и добро). "Барух аба" (благословен е оној што доаѓа, или добре дојде) е општ поздрав со кој се поздравува човекот при влегувањето во нечија куќа. Така се поздравува и детето донесено на берит–мила (обрежување), како и невестата и младоженецот, кои му пристапуваат на балдахинот за венчавање.

Одговорот на овој поздрав е "Барух анимца" (благословен е оној што е присутен). "Бару ајошев" (благословен е оној што седи). Го употребува гостинот ако го затекне домаќинот седнат на маса.

"Хазак" (биди силен) и "Хазак уварух" (биди силен и благословен) им се упатуваат во сефардските синагоги на лицата што се враќаат на своето седиште, откако ги извршиле литургиските функции.

"Хазак веемац" (биди јак и моќен) е честитка за успех и за некое достигнување. Се упатува и до момчето кое станало "Бар мицва" откако го завршило читањето на Тората или афтарата.

"Јишер кохаха" (хебр.) или "јашер коах" (јидиш) (нека ти биде снагата права, во смисла нека ти расне снагата) е честитка за успех или за некакво достигнување. Во синагогите така се нарекуваат лицата, кои се повикуваат на читање на Тората.

"Бис хундрет унд цванцик"(јидиш) или "ад меа веесрим" (хебр.) (да живееш 120 години) е честитка за роденден и желба за долг живот.

Во последно време во Израел се одомаќинил изразот "ад меа кеесрим", со кој се изразува желбата кога ќе наполни сто години, човекот да се чувствува исто како да има дваесет.

"Ци гезунт"(јидиш), "ливриут" или "лабериут" (хебр.) (на здравје), се кажува по јадење или на лицето што кивнало или пак на некој што заздравува по некоја болест.

"Рефуа шелема" (хебр.), "рефуо шлемо" (според ашкенашкиот изговор) – целосно оздравување – желба за оздравување на болниот човек.



"Бераха веацлаха" (хебр.) – благослов и успех, се користи во сите ситуации, особено кога се посакува при започнувањето на некоја работа.

"Шана това адони"(хебр.) (пријатно спиење, господине) е форма за поздрав навечер пред разделување.

## 35.6. Поздрави на Шабат и на празници

"Шабат шалом" (хебр.) е поздрав во сабота кај сефардите, "Гут Шабес" или "Гит Шабес" (јидиш) е поздрав во сабота кај ашкеназите, во зависност од дијалектот, а одговорот е "Шабат шалом умворах" (мирен и благословен Шабат).

Во сабота навечер, по завршувањето на Шабат, се посакува добра седмица. Сефардите се поздравуваат со "Шавуа тов" (добра седмица) или "Шавуа тов умворах" (добра и благословена седмица). Одговорот е "Алехем веалену" (и вам, и нам). Ашкеназите се поздравуваат на јидиш со "а гуте вох" или "гит вох"(добра седмица).

"Гут хојдеш" (добар Нов месец) е поздрав на Рош–ходеш кај ашкеназите.

"Гут јонтев"или "Гит јонтев" (добар празник), "Хаг самеах" (хебр. весел празник) се поздрави за празници кај ашкеназите.

"Моадим лесимха" (празниците се за веселење) се поздрави кај сефардите на празниците Песах, Шавуот и Сукот. Одговорот е "Хагим узманим лесасон" (празниците и свеченостите се за радост). Сефардите употребувале и честитки на шпански како: буенус ањус (добри години), ањус мучус (за многу години), буен муед (добар празник), буен Пурим (добар Пурим) итн.

"Веајта ах самеах" (ќе имаш само радост) е поздрав при влегувањето во нечија сука.

## 35.7. Поздрави за Рош-ашана и Јом акипурим

### 35.7.1. Ашкенази

"Шана това" (добра година), "Лешоно тојво" "Лешана това тикатеву ветехатему", "Лешоно тојво тикосеву весехосему" (Биди запишан и запечатен за добра година, со други зборови, во книгата на животот).

### 35.7.2. Сефарди

"Тизке лешаним работ" (да доживееш многу години), а одговорот е "Тизке ветхије ветаарих јамим" (да заслужиш да доживееш и да си ги продолжиш деновите на животот).

### 35.7.3. Заеднички поздрави на сефардите и на ашкеназите денес

"Кетива кова" (добар упис во книгата на животот).

"Хатима това" (печат за добро) на Јом кипур или "Гемар хатима това" (добро конечно за–

печатување), може да се употребува како поздрав сè до Ошана раба.

До крајот на XIX век се зацврстил обичајот на познаниците да им се испраќаат новогодишни честитки, во разни форми, бои и написи.

Поздрави и желби во радосни пригоди и семејни свечености.

“Мазал тов” (добра среќа, среќно) е ашкеназшка честитка за радосни  настани, особено за раѓање на дете, веридба, венчавање, бар мицва итн.

“Бесиман тов” (исто што и “Мазал тов”) е сефардска честитка.

“Барух тије” (Биди благословен) или “Хазак уварух тије” (Биди јак и благословен) е одговорот за поздравот “Мазал тов”.

“Лехајим” (на здравје) е желба при наздравување со пијалок, обично алкохолен.

“Лехајим товим улшалом” (за добар живот и мир) е поопширна форма за”Лехајим”.

“Каминос ди лечи мјел” (пат од мед и млеко) е желба за среќен пат кај сефардите!

## 35.8. ЗА ВРЕМЕ НА ЖАЛОСТ

“Мин ашамајим тенухану” (бидете утешени од небесата, т.е. Бог нека ве утеши) или “Барух дајан ајемет”, според ашкенашкиот изговор “Борух дајан аемес”, се изјави за сочуство кон ожалостениот.

“Амакон јенахем етхем бетох авеле Цијон Вирушалајим” (Нека ве утеши Господ меѓу ожалостените во Цијон и Ерусалим) е израз за сочувство во текот на “шива” (седум дена жалост).

“Ад биад агоел” (до доаѓањето на Месијата) се изјавува на годишнината на смртта на роднината. Се употребува меѓу германските Евреи.

Некои изрази во писмена форма се бележат само како иницијали. На пример: Зајин ламед = Зивроно ливраха (нека биде благослов сеќавањето на него). Се употребува по името на угледен покојник.

Зајин јуд ајин = Зехуто јаген алену (нека не штитат неговите заслуги). Се употребува по името на угледен покојник, обично кај Хасидите.

Ајин е = Алав ашалом (мир нему) или Алеа ашалом (мир на неа).

Побожните Евреи често ги употребуваат изразите: “Барух ашем” (Фала му на Бога) и “Беезрат ашем” (Со божја помош), дури и тогаш кога зборуваат на јазик кој не е ниту јидиш, ниту хебрејски. Слично на тоа, често се служат со фразите “Хас вешалом” и “Хас вехалила”, во смисла “Чувај, Боже”.

“Ло алехем” (не на вас) е израз во смислата на “таква неволја никогаш да не ве снајде”. Се употребува по соопштувањето на  лоши вести.

Ќе наведеме и уште некои изрази што се употребуваат во многубројните домашни  јазици на еврејскиот народ:

“Шалош регалим” (Три поклоненички празници: Песах, Шавуот и Сукот).

“Јамим Нораим” (страшни денови: Рош–ашана и Јом кипур).



“Асерет јеме тешува” (Десет дена покајание: од 1. до 10. тишри, т.е. од Рош–ашана до Јом кипур).

“Ерев Шабат”(наспроти Шабат).

“Ерев Јом тов” (ден наспроти празник).

“Моцае Шабат” (Вечер по истекот на Саботата).

“Моцае Јом тов” (Вечер по истекот на празникот).

“Рош–ходеш“ (Нов месец).

“Хол амоед” (полупразник: четири дена по Песах и пет дена по Сукот).

“Рибоно шел олам” (На Господарот на светот).

“Лемаан ашем” (Заради Бога).

“Беезрат ашем” (Со Божја помош).

“Кидуш ашем (Маченичка смрт, страдање).

“Хилул ашем” (Сквернавење на Божјото име).

“Јират Шамајим” (Богобојазливост).

“Кибуд ав ваем” (Почит кон татко и мајка).

“Бикур холим” (Посета на болните).

“Ахнасат орехим” (Гостопримство).

“Пикуах нефеш“ (Спасување живот).

“Месират нефеш“ (Пожртвуваност).

“Алвај”(Дај Боже да биде така).

“Јимах шемо вешем зихро” (Нека се избрише неговото име и сеќавањето на него).

# МОЛИТВЕН ДОДАТОК

# 36

## ДОДАТОК СО МОЛИТВИ

### 36.1. Шема Јисраел

שְׁמַע יִשְׂרָאֵל יְהוָֹה אֱלֹהֵינוּ יְהוָֹה | אֶחָד׃

בָּרוּךְ שֵׁם כְּבוֹד מַלְכוּתוֹ לְעוֹלָם וָעֶד׃

וְאָהַבְתָּ אֵת יְהוָֹה אֱלֹהֶיךָ בְּכָל־לְבָבְךָ
וּבְכָל־נַפְשְׁךָ וּבְכָל־מְאֹדֶךָ׃ וְהָיוּ הַדְּבָרִים
הָאֵלֶּה אֲשֶׁר אָנֹכִי מְצַוְּךָ הַיּוֹם עַל־לְבָבֶךָ׃
וְשִׁנַּנְתָּם לְבָנֶיךָ וְדִבַּרְתָּ בָּם בְּשִׁבְתְּךָ בְּבֵיתֶךָ
וּבְלֶכְתְּךָ בַדֶּרֶךְ וּבְשָׁכְבְּךָ וּבְקוּמֶךָ׃ וּקְשַׁרְתָּם
לְאוֹת עַל־יָדֶךָ וְהָיוּ לְטֹטָפֹת בֵּין עֵינֶיךָ׃
וּכְתַבְתָּם עַל־מְזוּזֹת בֵּיתֶךָ וּבִשְׁעָרֶיךָ׃

Шема Јисраел , Адонај елоену, ехад!

Барух Шем Кевод Малхуто леолам ваед: (се чита во себе)

Веаавта ет Адонај Елоеха бехол леваваеха увхол нафшеха увхол меодеха. Веају адеварим аеле ашер анохи мецавеха ајом ал левавеха, вешинатам леванеха ведибарта бам башивтеха беветеха увлехтеха вадерех увшовбеха увкумеха. Укшарта леот ал јадеха веају летотафот бен енеха. Ухтавтам ал мезузот бетеха увишареха.



Слушни, Израеле, Господ е наш Бог, Господ е еден! (Нека е благословено во вечни векови името на Неговото славно царство!)

Возљуби го својот Господ Бог, со сето срце свое, со сета душа своја и со сета сила своја! Зборовите што ти ги наложувам денес, нека ти бидат во срцето твое! Всади им ги на синовите свои и говори им за нив во куќата своја, кога си на пат, кога легнуваш и кога стануваш. Приврзи ги за својата рака како знак и нека бидат како украс меѓу очите твои! И запиши ги на довратниците од вратите на куќата своја и на портите свои!

### 36.2. Молитви за помен

### 36.2.1. Ашкава за маж (според сефардски обичај)

Ашре аиш јаре, ет Адонај, бемицвотав хавец меод. Тов шем мишемен тов, вејом, амавет мијом иваледо. Менуха нехонабишива ељона, вехемла ваханина милифне цур шохен меона, вехулака тава, нишмато лехаје аолам аба. Шам теe менат умхицат вишиват, нефеш ашем, атов аикар умоле кеар ..... (името и презимето на покојниот).

Руах Адонај тенихену беган еден. Берахамав јерахем алав, бихлал арахамим веаселихот, вехен јеи рацон веномар амен!

### 36.2.2. Ашкава за жена (според сефардски обичај)

Ешет хајил ми јимца, верахок мипениним михра, тену ла мипери јадеа вилаелуа башеарим маасеа. Рахамана дерахаманута диле и, увмемре јеамар лемеал кодамои, духран нефеш аиша акевода веанехбедет марат... (името и презимето на покојната)

Руах Адонај тенихену беган еден.

Берахамав јерахем алеа, бихлал арахамим веаселихот, вехен јеи рацон веномар амен!

### 36.2.3. За татко

Јизкор Елоим нишмат ави мори (име на таткото) шеалах леоламо баавур шеани нодер цедака, баадо бисхар зе теe нафшо церура бицрор ахајим им нишмот Авраам, Јицхак ве Јааков, Сара, Ривка, Рахел, веЛеа веим шеар цадиким вецидканијот шебеган еден веномар Амен.

Во Тебе, Семоќен, ги вперувам насолзените очи, го насочувам трогнатово срце и усрдно молам: Премилостив Боже! Го спомнувам пред Тебе својот мил покоен татко, во детска љубов и верност. Во моето срце е неизбришливо врежана онаа голема добрина, со која постојано ме прегрнуваше, онаа бескрајна пожртвуваност со која за мене се грижеше и ме негуваше, она здушно настојување да ме упати во чесен и честит живот. Додели ѝ на неговата душа невозматен мир, небесно блаженство и сите благодети што си им ги ветил на своите побожни. Прими го под Своја закрила, осветли го со Своето светло, и нека пребива во Твојата близина. И додека му блеска душата во сјајот на Твојата милост, нека му почива телото спокојно во земното легло. Услиши ја оваа искрена молитва што избива од дното на моето срце, од длабочините на моите детски чувства, заради Твојата преголема милост. Амен.

Предобар Боже! Услиши ги молитвите на нашите мили покојници кои се молат за нас. Смилуј ни се заради Твоето големо име и заради оние што ѕверски беа убиени заради Светоста на Твоето име, што беа изгорени во оган, удавени во вода и гасни комори, зашто ти останаа верни Тебе, та подели ни долг и среќен живот. Амен.

## 36.2.4. ЗА МАЈКА

Јизкор Елоим нишмат ими морати (името на мајката) шеалеха леолама, баавур шеани нодер цедака, баада, увисхар зе тее нафша церура бицрор ахајим им нишмот Авраам, Јицхак, ве Јааков, Сара, Ривка, Рахел, велеа веим шеар Цадиким вецидканијот шебеган еден веномар Амен. Во Тебе, Семоќен, ги вперувам насолзените очи, го насочувам трогнатово срце и усрдно молам: Премилостив Боже! Ја спомнувам пред Тебе својата мила покојна мајка, во детска љубов и верност. Во моето срце е неизбришливо врежана онаа голема љубов, со која ме грееше; онаа бескрајна грижливост; нежноста со која ме одгледуваше и воспитуваше, ме чуваше и ме пазеше и настојуваше да всади во моето срце добри и благородни никулци. Додели ѝ на нејзината душа невозматен мир, небесно блаженство; сите благодети што си им ги ветил на своите побожни. Прими ја под Своја закрила, осветлувај ја со Своето светло, и нека пребива во Твојата близина. И додека ѝ блеска душата во сјајот на твојата милост, нека ѝ почива телото спокојно во земното легло. Услиши ја оваа искрена молитва што избива од дното на моето срце, од длабочините на моите детски чувства, заради Твојата преголема милост. Амен.

## 36.2.5. ЗА ЖРТВИТЕ НА ФАШИСТИЧКИОТ ТЕРОР

Ми јитен роши мајим, веени мекор дим–а, веевке јомам валајла, ет халеле бат ами.

Ел мале рахамим, шохен бамеромим, јифкод берахамим, ахасидим веатемимим, анееавим веанеимим, бехајеем увмотам, ааругим ал јаадутам ал једе апераим, аахазарим, анораим, бемитот мешунот вејисурим кашим наар везакен таф венашим рабим сарефу беахазаријут хема, верабим шахату кабеема, рабим каверу хајим, верабим емиту беедим арсијим, векама вехама, халеле раав вецама. Јизкот Елоим нишматам, вејинком никматам. Ел кано венокем Адонај! Неком никмат амеха, ааругим ал шемеха, јивада багојим лееннену бекаров, никмат дам авадеха ашафух ларов, веашев леојевену шиватајим ел хекам, удвар Адонај ло јашув рекам, какатув бекоратеха акедоша: Арнину гојим амо ки дам авадав јиком,венакам јашив лецарав, вехипер адмато амо. Удивре невиеха катув: Веникети дамам ло никети. Вадонај шохен бецијон. Увлитве акодеш неемар: Ки дореш дамим отам захар ло шахах цаакат анавим, веомер: јадин багојим мале гевијот, махац рош ал ерец раба.

Ав арахамим!
Зихве цон кадашим метав ацон
јаалу ал мизбахаха лерацон
кеола вехалил укторет асамим
лереах нихоах мин кол раше весамим:
Увисхар мотам ал Елое авотам
бехавод јануху ал мишкевотам
венафшам тит–анаг берум хевјон
бееден ган елоим аелјон: Амен.



Ех, кога би ми била главата водна река, а очите мои извори на солзи, та да можам дење и ноќе да ги оплакувам убиените од мојот народ (Јеремија 8,23).

Ав арахамим – Оче премилостив! Ти, кој седиш на престолот во небесните височини! Сети се во неизмерното Свое милосрдие на нашите добри родители, на нашите мили дечиња, на нашите драги браќа; на сестрите и на сите наши мили, паднати како жртви на свирепите џелати, кои се нафрлија на своите жртви како разбеснети ѕверови, ги мачеа, ги колеа, ги убиваа, живи ги закопуваа, старо и младо, машко и женско, мајки и деца, без милост и чувство. Срцето ни се растреперува при помислата под какви ужасни маки и грозни страдања го завршија животот нашите најмили, само заради тоа што беа Твои верници и што беа Евреи.

Ел некамот Адонај, Ел некамот офиа – О, силен Боже Адонај! О, силен Боже, објави се! Воздигни се, судијо на светот, казни ги дрзниците според вината нивна, та сите да знаат за Твојата одмазда заради излејаната невина крв на Твоите слуги – како што си рекол: “Арнину гојим амо ки дам авадм јиком”– Кликтете племиња на Неговиот народ, зашто Тој ќе ја одмазди крвта на своите слуги, и тешката одмазда Божја ќе ги достигне непријателите нивни, “Веникети дамам, ло никети, Вадонај шохен бецијон”– Нема да преминам, нема да преминам преку нивната крв, вели Вечниот кој седи на престолот во Цијон.

Милостив Боже! Ти којшто не го забораваш липањето на угнетените, биди со нас и штити нѐ, и дај во светот да завладее духот на слогата и на љубовта, па сите наши народи да живеат мирно и среќни, а со нив и ние, народот Твој, Израел.

Направи го тоа заради сите оние маченици кои ги дале своите животи за посветување на Светото име Твое. Направи го тоа заради сите оние што трпат и страдаат заради нашата вера во Тебе. Направи го тоа заради Светото име свое. Амен.

А пак, на душите на оние на кои ние се сеќаваме со натажено срце, дај им, о Боже, да се науживаат во небесното блаженство, во Твојата возвишена близина, нека се вивнат во длабоките и спокојни предели на небесното царство, и таму нека најдат награда и спас за сите беди и маки што ги претрпеле овде, нека се науживаат во вечната небесна сладост во ган–еден, во раскошниот рај, во сјајот на Твојот величствен престол. Амен.

Руах Адонај тенихем беган еден, берахамав јерахем алеем. Амен.

Предобар Боже! Услиши ја молитвата на нашите мили покојници кои се молат за нас. Смилуј ни се, заради Своето големо име и заради оние што ѕверски биле убиени поради Светоста на Твоето име, што биле изгорени во оган, удавени во вода и гасни комори, зашто ти останаа верни Тебе, та додели ни долг и вечен живот. Амен.

## 36.2.6. ЗА ТАТКО (скратена верзија)

Јизкор Елоим нишмат ави мори (име на таткото) шеалах леоламо баавур шеани нодер цедака, баадо бисхар зе теје нафшо церура бицрор ахајим им нишмат Авраам, Јицхак ве Јааков, Сара, Ривка, Рахел, веЛеа веим шеар цадиким вецидканијот шебеган еден веномар Амен.

Сети се, Боже, на душата на мојот почитуван и возљубен татко... (името на таткото) кој замина во вечна почивка, а јас давам завет дека за него ќе правам добри дела. Ти се обраќам Тебе со оваа скрушена молитва, да не го заборавиш и неговата душа да ја вброиш меѓу душите на нашите пратατковци и прамајки, како и меѓу душите на останатите праведници и праведнички, кои во својата милост си ги наградил со вечно блаженство во рајската населба. Амен.

## 36.2.7. ЗА МАЈКА (скратена верзија)

Јизкор Елоим нишмат ими морати (името на мајката) шеалеха леолама, баавур шеани нодер цедака, баада, увисхар зе тее нафша церура бицрор ахајим им нишмот Авраам, Јицхак, ве Јааков, Сара, Ривка, Рахел, веЛеа веим шеар Цадиким вецидканијот шебеган еден веномар Амен.

Сети се, Боже, на душата на мојата почитувана и возљубена мајка... (името на мајката), која замина во вечна почивка, а јас давам завет дека за неа ќе правам добри дела. Ти се обраќам Тебе со оваа скрушена молитва, да не ја заборавиш и нејзината душа да ја вброиш меѓу душите на нашите прататковци и прамајки, како и меѓу душите на останатите праведници и праведнички, кои во Својата милост си ги наградил со вечно блаженство во рајската населба. Амен.

## 36.2.8. ЗА ЖРТВИТЕ НА ФАШИСТИЧКИОТ ТЕРОР

Јизкор Елоим ет нишмот абену бене Јисраел акедошим веатеорим, шенафелу биде ароцехим венишпеху дамам: Бе–Јасеновац. Стара Градишка, Паг, Ѓаково, Лоборград, Брчко, Јадовно, Бањица, Нови Сад, Сајмиште, Варшава, Бергенбелцен, Аушвиц. Треблинка, Дахау, увишар ашмада беевропа, шеумету вешенеергу, вешенишхату, вешенисрефу, вешенитбеху, вешенехнеку ал кидуш ашем.

Баавур шеанаху бенеем увнотеем, ахеем веахотеем, нодерим цедака беад азкарат нишмотеем. Беган еден теe менухатам. Лахен баал арахамим јастирем бестер кенафав леоламим, вејицрор бицрор ахајим ет нишмотеем. Адонај унахалатам вејануху бешалом ал мишкавам, веномар амен.

## 36.2.9. ЕЛ МАЛЕ РАХАМИМ (според ашкенаски обичај)

Ел мале рахамим шохен бамеромим, амце менуха нехона ал канфе ашехина, бемаалот кедошим уторим, кезоар аракиа меирим умазирим, ленишмат (се вметнуваат имињата на покојните или на покојничките) улнишмот кол кероваj укровотај ен мицад ави веен мицад ими шеалеху леоламам. Баавур шебели недер етен цедака беад азкарат нишматам, беган еден теe менухатам. Лахен баал арахамим јастирем бестер кенафав леоламим, вејицрор бицрор ахајим ет нишматам Адонај у нахалатам вејануху бешалом ал мишкавам, веномар амен.

## 36.2.10. МОЛИТВА ПРИ ПОСЕТА НА ГРОБОТ НА ПОКОЈНИОТ

Адонај, ма Адам? О, Боже, што е човекот? Адам лаевел дама– Човечкиот живот е како здив, Јамал кецел овер – Неговите денови се како минлива сенка. Милостив Боже! Во овој тажен миг лутаа моите очи по оваа тивка пољана, каде се наредени хумки и нанижани гробови, еден по друг. Под нив сонуваат вечен сон нашите покојници кои во нашето битие внеле светлина, ведрина, радост и веселост, а кои студената рака на смртта ги одзеде од нашата средина. Ликовите на нашите покојници лебдеат во овој час пред нашите очи, оживувајќи ни ги спомените на деновите и годините што заедно ги поминавме во радост, впивајќи ја од нивните лица благоста и добрината. Затоа е тешка нашата жалост што ги нема повеќе во нашата средина. Само Ти, о Боже, можеш да ја сфатиш нашата тешка болка и само Ти си во состојба да ги видиш нашите рани со Својата неизмерна добрина. Во својата тага го вперуваме кон Тебе нашиот ужален поглед, милостив Боже, барајќи утеха во Твојата милост. Милостив Боже! Заради заслугите на сите покојни што почиваат овде, заради заслугите на нашите свети прататковци што почиваат во Хеброн, заради заслугите на сите праведници и побожни, смилуј се и одбрани нè од секој иден злосреќен настан. Зачувај им ги на децата грижливите родители, на родителите милите деца и на секого неговиот најмил. А нам, предобар Боже, додели ни долг и среќен живот, исполнет со веселба и радост, живот во мир и благосостојба. Амен.

Пресилен Боже! Ти, кој си Господар на сите души, на сите духови и на сите созданија. Ти, кој си полн со милост и добрина, смилуј им се на душите на Твојот народ, Израел, и истовремено сврти ја својата милост кон покојниот (името на покојниот) кој почива во овој гроб, постапувај со него милостиво и милосрдно, прогласи го за праведен пред Твоето возвишено седиште, и додели му светло место во Твоите небесни височини, па да ужива во вечните небесни наслади, во сјајот на Твојот величествен престол, душата вечно нека му пребива во мир и во вечно блаженство, како што е напишано: “Јаво шалом јануху ал мишкевотам...”. Оној што одел по патот на праведникот, влегува во небесното спокојство и мирно почива во своето земно легло, под закрилата на Божјото величество.

Почивајте во мир, спијте во мир, додека не дојде часот да ве повика Адонај во нов живот. Амен.

Ставајќи ја левата рака на надгробниот камен, се изговара оваа молитва:

“Веханаха, Адонај тамид, веисбиа бецахцахот нафшеха веацмотеха јахалиц веајита кеган раве ухмоца мајим ашер ло јехазеву мемав, Амен.

## 36.2.11. КАДИШ

Јитгадал вејтикадаш шеме раба. Беалма ди вера хир–уте вејамлих малхуте вејацмах пуркане викарев мешихе. Бехајехон, увјомехон ухваје дехол бет Јисраел, баагала увизман карив веимру Амен.

Јее шеме раба меварах леалам ул–алме, алмаја, Јитбарах вејиштабах, вејитпаар, вејитроман, вејитнасе, вејит–адар, вејит–але вејит–алал шеме декудша берих у. Леела мин кол бирхата, ширата, тушбехата, венехемата даамиран беалма веимру Амен.

Ал Јисраел веал рабанан веал талмидеон веал кол талмиде талмидеон, дејатвин веаскин беорајта кадишта ди веатра аден веди вехол атар веатар. Јее лана ул–он хина вехисда верахаме мин кодам маре шемаја веар–а веимру Амен.

Јее шелама раба мин шемаја хајим весава, вишуа, венехама вешезава, ур–фуа, уг–ула услиха вехапара, веревах веацала лану улхол амо Јисраел веимру Амен.

Осе шалом бимромав, у верахамав јаасе шалом алену вaел кол амо Јисраел веимру Амен.

וְאוֹמֵר הַחַזָּן קַדִּישׁ עַל יִשְׂרָאֵל.

יִתְגַּדַּל וְיִתְקַדַּשׁ שְׁמֵהּ רַבָּא (אָמֵן). בְּעָלְמָא דִּי־בְרָא כִרְעוּתֵהּ. וְיַמְלִיךְ מַלְכוּתֵהּ. וְיַצְמַח פּוּרְקָנֵהּ. וִיקָרֵב מְשִׁיחֵהּ. (אָמֵן) בְּחַיֵּיכוֹן וּבְיוֹמֵיכוֹן וּבְחַיֵּי דְכָל בֵּית יִשְׂרָאֵל בַּעֲגָלָא וּבִזְמַן קָרִיב וְאִמְרוּ אָמֵן:

יְהֵא שְׁמֵהּ רַבָּא מְבָרַךְ לְעָלַם וּלְעָלְמֵי עָלְמַיָּא. יִתְבָּרַךְ וְיִשְׁתַּבַּח וְיִתְפָּאַר וְיִתְרוֹמַם. וְיִתְנַשֵּׂא וְיִתְהַדָּר וְיִתְעַלֶּה וְיִתְהַלָּל שְׁמֵהּ דְּקוּדְשָׁא בְּרִיךְ הוּא (אָמֵן). לְעֵלָּא מִן כָּל בִּרְכָתָא. שִׁירָתָא. תֻּשְׁבְּחָתָא. וְנֶחֱמָתָא. דַּאֲמִירָן בְּעָלְמָא וְאִמְרוּ אָמֵן:

עַל יִשְׂרָאֵל וְעַל רַבָּנָן. וְעַל תַּלְמִידֵיהוֹן. וְעַל כָּל תַּלְמִידֵי תַלְמִידֵיהוֹן דְּיָתְבִין דְּעָסְקִין בְּאוֹרַיְתָא קַדִּישְׁתָּא דִּי בְאַתְרָא הָדֵין וְדִי בְכָל אֲתַר וַאֲתַר. יְהֵא לָנָא וּלְהוֹן חִנָּא וְחִסְדָּא וְרַחֲמֵי מִן קֳדָם מָרֵהּ שְׁמַיָּא וְאַרְעָא וְאִמְרוּ אָמֵן:

יְהֵא שְׁלָמָא רַבָּא מִן שְׁמַיָּא חַיִּים וְשָׂבָע וִישׁוּעָה וְנֶחָמָה וְשֵׁיזָבָא וּרְפוּאָה. וּגְאֻלָּה וּסְלִיחָה וְכַפָּרָה. וְרֶוַח וְהַצָּלָה. לָנוּ וּלְכָל עַמּוֹ יִשְׂרָאֵל וְאִמְרוּ אָמֵן:

עוֹשֶׂה שָׁלוֹם בִּמְרוֹמָיו. הוּא בְּרַחֲמָיו יַעֲשֶׂה שָׁלוֹם עָלֵינוּ וְעַל כָּל עַמּוֹ יִשְׂרָאֵל וְאִמְרוּ אָמֵן:

